**Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 242, 15 ноември 2019 година

**ноември 2019 година**
**Штип**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**С О Д Р Ж И Н А**


5. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНДОДОНЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ

17. РЕФЕРАТЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОТЕТИКА (30407) – ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

31. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

38. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

64. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

69. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА ХИРУРГИЈА (30408) – ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

84. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ДЕЛОВО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

104. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 64000 МАКЕДОНИСТИКА И 64018 ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА И СИНТАКСА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

124. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ХЕМИЈА И АНАЛИТИЧКА БИОХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

130. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

157. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ ФИЗИОЛОГИЈА (30104) И ПАТОФИЗИОЛОГИЈА (30118) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

161. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК насловен доцент/насловен вонреден професор ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

172. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

182. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА И ГЕРИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

197. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА РОМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

216. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ТЕОРИЈА НА НОВИНАРСТВО И СИСТЕМИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„-ШТИП

244. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

258. РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „МУЛТИМЕДИЈА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА МИЛЕВА И ДОЦ. Д-Р ДОНЕ СТОЈАНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

260. РЕЦЕНЗИЈА НА ПРАКТИКУМ СО НАСЛОВ „Е-БИЗНИС” ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

262. РЕЦЕНЗИЈА НА СКРИПТА СО НАСЛОВ „Е-БИЗНИС” ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

264. РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ НА СКРИПТА „ГЕОМЕХАНИКА“ ОД ДОЦ. Д-Р ЃОРГИ ДИМОВ И ПРОФ. Д-Р ВОЈО МИРЧОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

268. РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА НАУКА ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ И ТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО” ОД ПРОФ. Д-Р АЦО ЈАНЕВСКИ И ПРОФ. Д-Р ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

270. П Р Е Г Л Е Д на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата

271. П Р Е Г Л Е Д на наслови на теми за изработка на докторски дисертации одобрени од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2

272. ИСПРАВКА НА РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА СО ПРИНЦИПИ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА (30506) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНДОДОНЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002- 179/16 од 30.9.2019 година донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, и Решение бр. 2002-179/82, 83 и 84, определени сме за членови на Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Ивона Ковачевска**, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- **д-р Лидија Поповска**, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“;
- **д-р Наташа Лонгурова**, доцент за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

За избор на асистент за област ендодонција (30400) – еден извршител на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 6.9.2019 година и во предвидениот рок се пријавија:

- д-р Верица Тонева Стојменова;
- д-р Зоран Нонкуловски.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

***Биографски податоци за д-р Верица Тонева Стојменова***

**Д-р Верица Тонева Стојменова** е родена во 1991 година во Штип. Основното училиште го завршува во ОУ „Тошо Арсов” - Штип со одличен (5,00) просек. Средното образование го завршува во Гимназијата „Славчо Стојменски“ - Штип, со одличен (5,00) успех. Во текот на основното и средното образование учествува на бројни регионални и државни натпревари и активности. Дипломира на Факултетот за медицински науки, студиска програма Стоматологија, интегрирани студии од прв и втор циклус, со просек 9,61 (како најдобар студент на генерација) и по јавната одбраната на дипломски труд со оценка 10 на 14.9.2015 год. се здобива со 300 ЕКТС и стручен назив дипломиран доктор стоматолог. По полагањето на стручниот, државен испит во Стоматолошката комора на Македонија се стекнува со активна лиценца за работа од 23.12.2016 год.

Активно се служи со англиски јазик, солидно ја познава групата на јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски), а разбира и германски јазик. Исто така, располага и со владеење на сите алатки од MS Office пакетот (MS Word, Power Point, Excel Publisher, Corel DRAW, Paint) и поседува бројни организациони способности. Активно користи интернет, електронска пошта, алатки за видеоконференции и вебинари.

Кандидатката д-р Верица Тонева Стојменова е дипломиран доктор стоматолог, има завршено академски прв и втор циклус интегрирани студии, 300 ЕКТС, со среден успех 9,61.

Поседува сертификат за активно познавање на англиски јазик, ја познава групата на јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски), а разбира и германски јазик.

Има препорака од двајца професори од обласtа на ендодонцијата и има доставено список на трудови за рецензирање.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Верица Тонева Стојменова***

Кандидатката д-р Верица Тонева Стојменова, како стручен соработник од пракса, во академската 2016/2017 година, а потоа во 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година, како и тековно, учествува во реализацијата на практичната настава на Студиската програма по стоматологија/дентална медицина и на стручните студии за забен техничар и протетичар, и тоа на предметите: Претклиничка кариологија, Претклиничка ендодонција, Мобилна протетика (парцијална протеза) и Мобилна протетика (тотална протеза), Клиничка кариологија 1, Медицинска етика, Менаџмент во стоматологијата, Орално здравје, Орално здравје во

бременост, Орална патологија со пародонтологија. При реализација на нејзините активности во практичната настава, д-р Верица Тонева Стојменова е целосно достапна за студентите, им помага во совладување на претклиничките како и клиничките стручни вежби, што е огромен придонес во едукацијата на идните генерации доктори по дентална медицина. Не помалку важна е и нејзината подготвеност за комуникација и соработка со вработените на Факултетот за медицински науки, колегите воопшто, односно таа е омилен колега, соработник, човек од доверба со високи хумани, стручни и научни квалитети. За време на нејзината ангажираност како стручен соработник од пракса на Факултетот за медицински науки има учествувано во организација на бројни работилници, симпозиуми и конгреси.

Како млад истражувач е вклучена во научноистражувачки студентски проект финансиран од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со наслов „Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен", каде што главен истражувач е проф. д-р Ивона Ковачевска (Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Longurova, Natasa and Arsova, Natasa and Kitanovska, Emilija and Toneva, Verica and Toneva, Aleksandra (2017) *Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен.* [Project] ).

Д-р Верица Тонева Стојменова е добитник на следниве награди и признанија за научни постигнувања:

1. Стипендија тип А (највисоко ниво); континуиран стипендист на земање на стипендија поради просек 9.61 за време на студии, доделена од Министерство за образование на Македонија.

2. Пофалница за најуспешен студент од Стоматолошка комора на Македонија и награда бесплатно полагање на државен испит;

3. Второ место за постер презентација на Симпозиумот за трудот: Kocovski D, **Toneva V,** Dimova C, Apostoloski P. (2015) Oral Hygiene Level Maintenance among Dental Medicine Students. International Symposium at Faculty of Medical Sciences "Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research", 24 Nov 2015, Stip, Macedonia.

Д-р Верица Тонева Стојменова уште како студент активно учествува на меѓународни конгреси на студентите по стоматологија како автор на две студентски теми, а коавтор на една:

- „Директна реставрација на фрактурирани максиларни централни инцизиви" - презентирана на 21. Интернационален стоматолошки студентски конгрес, кој се одржал 9-11 мај 2014 г. во Охрид;

- „Фактори поврзани со незадоволството од чувството за вкус кај возрасни пациенти со тотални протези", презентирана на 21. Интернационален стоматолошки студентски конгрес, кој се одржал 9-11 мај 2014 г. во Охрид.

– „Observation assessment in clinical dental subjects“. Regional Higher Education Conference Quality of Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education, 20 June 2014, Tetovo, Macedonia.

Ментор е на повеќе студентски теми презентирани на бројни домашни и интернационални студентски конгреси. Д-р Верица Тонева Стојменова е автор/ коавтор на 16 труда публикувани во домашни и во интернационални научни и стручни списанија. Учествува како автор и коавтор на бројни интернационални конгреси во земјава и во странство. Во прилог на документите д-р Верица Тонева го доставила следниов список на трудови за рецензија:

1. Kocovski D, **Toneva V,** Dimova C, Zlatanovska K, Naskova S. (2017) Oral hygiene level maintenance of dental medicine students. Journal of Hygienic Engineering and Design, 20 (3). pp. 75-81. ISSN 1857- 8489.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд е прикажан степенот на одржување на оралната хигиена кај студентите на Дентална медицина. Правени се испитувања кај студентите и според добиените резултати одреден е степенот на одржување на оралната хигиена. *Трудот има научна важност.*

2. Kovacevska I, **Toneva V**, Toneva Nikolova A, Atanasova S, Kocovski D. (2017) Oral hygiene care for patients with gastrointestinal disease. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20 (4). pp. 1913-1917. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прикажани гастроинтестиналните заболувања кои имаат влијание врз оралното здравје. За тоа каква орална хигиена треба да одржуваат пациентите кои имаат гастроинтестинални заболувања со цел подобрување на оралното здравје кај овие пациенти. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

3. Longurova N, Kovacevska I, Denkov N, Zlatanovska K, **Toneva V.** (2017) Dental characteristic in bulimic patients. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative, 20 (4). pp. 1741-1744. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Оралните, но пред сè промените на забите се од особено значење кај пациентите кои имаат булимија. Затоа во трудот се укажува на последиците кои се сретнуваат на нив. *Трудот е со стручен придонес.*

4. Naskova S, Atanasova S, **Toneva V.** (2017) Prevention and dental treatment of patients with epilepsy. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative, 20 (4). pp. 1945-1950. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Пациентите со епилепсија се посебна група на стоматолошки пациенти кои треба да бидат третирани претпазливо, со големо внимание, но пред сè да знае да се заштити стоматологот, но и да го заштити и пациентот од повредување. *Трудот е од стручна важност.*

5. **Toneva V**, Nashkova S, Atanasova S, Toneva A. (2018) Oral health benefits of vitamin C. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 22 (5). pp. 1301- 1304. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Систематските бенефити врз организмот на витамин Ц се плејада поволности на кои се надоврзува и нејзиното влијание во оралната средина. *Трудот е од апликативна важност.*

6. Atanasova S, Nashkova S, **Toneva V,** Zlatanovska K. (2018) Oral health changes during pregnancy. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 22 (5). pp. 1305-1308. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Бременоста е посебна физиолошка состојба во која има различно ниво на хормони кои доведуваат до орални промени, како гингивитис, пародонтопатија, различни израстоци итн. Ова укажува дека е потребна посебна и внимателна нега на целата орална средина. *Трудот е од практична и стручна важност.*

7. Toneva Nikolova A, **Toneva V,** Kovacevska I, Kocovski D, Longurova N. (2018) Oral manifestation due to tobacco addiction. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers 22 (5). pp. 1309 – 1311. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Авторите на овој ревијален труд ги прикажуваат влијанијата на тутунот и производите на тутунот врз оралното здравје кај луѓето. *Трудот има акцент на стручна и апликативна важност.*

8. **Тонева В,** Кочовски Д, Тонева Николова А, Ковачевска И. (2018) Влијанието на плунката врз ретенцијата на тоталните протези. Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип. (27) pp. 28 – 29. ISSN 1857-5994

**Евалуација на трудот:** Темата на трудот ја обработува способноста на протеините од плунката да помагаат при ретенцијата на протезите. Начинот на кој протезите се ретинираат во усната празнина ја опишува кохезијата и атхезивниот ефект на плунката. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

9. Atanasova S, Kovacevska I, Nashkova S, **Toneva V,** Zlatanovska K, Longurova N. (2018) Side effects of orthodontic treatment. Knowledge - International Journal Scientific Papers, Scientific and Applicative Papers, 23 (2). pp. 665-672. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Пред да се пристапи на ортодонтски третман треба пациентот да биде запознаен со системските и локалните несакани ефекти од него кои можат да бидат или транзиторни или дефинитивни. Овој труд укажува токму на тоа. *Трудот е од апликативна и стручна важност.*

10. Longurova N, Zlatanovska K, Kovacevska I, Denkov N, Atanasova S, **Toneva V.** (2018) Knowledge and attitudes of the parents of 7-12 year old children regarding the need for interventions of the first permanent molar. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23 (2) pp. 535-538. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** За целта на овој труд беше спроведено истражување кај родители на пациенти од 7 до 12-годишна возраст, со цел да се согледаат со кои размислувања и знаења располагаат тие во врска со првиот траен молар. *Трудот има стручно и научно значење.*

11. Naskova S, Atanasova S, **Toneva V,** Zlatanovska K, Lazarova Lj. (2018) Dental care for children with autism. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23 (2) pp. 467-472. ISSN 2545-4439.

**Евалуација на трудот:** Аутистичните деца се пациенти кај кои е потребна посебна орална грижа, но пред сè голема грижа на забалото. Целта на трудот е да се укаже на ова, но и да се нагласи нејзината важност. *Трудот е од практична и стручна важност.*

12. Kocovski D, **Toneva V,** Zlatanovska K, Atanasova S, Longurova N, Rogoleva S (2018) Denture Hygiene. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2) pp. 473 - 476. ISSN 2545-4439.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дадени насоки и упатства за одржувањето на оралната хигиена кај пациентите со мобилни протетски помагала со цел подобрување на оралното здравје кај овие пациенти и превенција од орални заболувања. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

13. Toneva Nikolova A, **Toneva V,** Kovacevska I, Longurova N, Kocovski D, Rogoleva S. (2018) Helicobacter Pylori as Reason in Oral Diseases and GIT Diseases. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2) pp. 509 - 512. ISSN 2545- 4439

**Евалуација на трудот:** Helicobacter Pylori е најчестата бактерија која може да се најде во ГИТ и предизвикува низа патолошки состојби на него. Последователно е и да се укаже на промените кои може да ги предизвика во оралната средина и како такви да опстојуваат во неа. Затоа цел е да се укаже дека постои ризик од оваа бактерија не само да предизвика гастроинтестинални, туку и орални промени. *Трудот е од стручна и апликативна важност.*

14. **Toneva V,** Toneva Nikolova A, Nashkova S, Atanasova S, Kovacevska I, Rogoleva S, Kocovski D. (2018) Risk Factors Associated with Musculosceletal Disorders in Dentistry. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2) pp. 639 - 643. ISSN 2545 – 4439.

**Евалуација на трудот:** Мускулоскелетните нарушувања се чести состојби со кои се среќаваат стоматолозите и здравствените работници. Како такви потребно е да се знае кои ризик фактори доведуваат до нив, кои се тригер точки на болка, која е симптоматологијата и како да се превенира и третира. *Трудот е од практична и стручна важност.*

15. Rogoleva S, **Toneva V,** Toneva Nikolova A, Kocovski D, Atanasova S, Velkova A. (2018) The use of artificial bones and membranes for the treatment of jaw bone deformities and defects. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2) pp. 713 - 717. ISSN 2545 – 4439

**Евалуација на трудот:** Авторите во овој труд имаат направено ретроспектива на повеќе трудови и прикажани се можностите за третман на виличните коскени дефекти со биоматеријали, вештачки коски и графтови. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

16. Atanasova S, Kovacevska I, Naskova S, **Toneva V,** Zlatanovska K, Longurova N. (2018) Oral higiene during orthodontic treatment. Knowledge - International Journal, Scientific and applicative papers, 26 (4). pp. 1341-1346. ISSN 2545-4439.

**Евалуација на трудот:** Ортодонтските апарати бараат посебен начин на одржување на хигиена, пред сè за да се избегне создавање на секундарни промени и на забите и на апаратурата. *Трудот има и практична и стручна важност.*

*Учество на меѓународни и домашни стручни собири и конгреси*

Д-р Верица Тонева Стојменова како инструктор учествува во 3 работилници и активно учествува на 1 работилница:

1. Kovacevska Ivona, Longurova Natasa, Atanasova Sandra, **Toneva Verica.** (2018) Guta-Perha root sealing tehniques. Dental Summer School 2018, 13-16 Sept 2018, Ohrid, Macedonia.
2. Kovacevska Ivona, Longurova Natasa, Atanasova Sandra, **Toneva Verica.** (2018) Техники на апликацција на гутаперка. Digital vs Analogical in Dental Medicine- First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
3. Nashkova Sanja, **Toneva Verica.** (2018) Одржување на оралната хигиена во домашни услови. Digital vs Analogical in Dental Medicine- First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
4. „Оралнохируршки процедури во менаџментот на флап-дизајн: резенки, инструменти и техники на шиење-основно ниво", 20.4.2018 – Штип.

***Усни и постер презентации***

17. **Тонева В,** Чуркоска Д, Ковачевска И, Фотева К. (2014) Директна реставрација на фрактурирани максиларни централни инцизиви. 21 International Dental Student's scientific congress, 9-11 May 2014, Ohrid, Macedonia.

18. **Тонева В,** Чуркоска Д, Златановска К. (2015) Фактори поврзани со незадоволството од чувството за вкус кај возрасни пациенти со тотални протези. 22 International Dental Student's scientific congress, 22-24 May 2015, Ohrid, Macedonia.

19. Kocovski D, **Toneva V,** Dimova C, Apostoloski P. (2015) Oral Hygiene Level Maintenance among Dental Medicine Students. International Symposium at Faculty of Medical Sciences "Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research", 24 Nov 2015, Stip, Macedonia.

20. Kovacevska I, Angelovska B, **Toneva V,** Toneva A, Georgiev Z, Kovacevski I. (2016) Assessment in antibiotics self-medication in dental patients. VI-ти Конгрес по фармация с международно участие под мотото "PharmaceutiQoL Challenges and Avenues", 13-16 Oct 2016, Sandanski, Bugarija.
21. Kocovski D, **Toneva V,** Dimova C, Zlatanovska K, Naskova S. (2016) Oral Hygiene Level Maintenance of Dental Medicine Students. Conference on Food Quality and Safety, Health and Nutrition – "NUTRICON 2016", 1-2 Dec 2016, Skopje, Macedonia.
22. **Toneva V,** Toneva A, Ristova-Stojanova A, Petrovski M, Ristov O. (2017) Dental calculus in relation to idiopathic nephrolithiasis. 22nd Bass Congress, Contemporary Challenges in Dentistry, 4-6 May 2017, Thessaloniki, Greece.
23. Ковачевска И, **Тонева В,** Тонева А, Атанасова С, Кочовски Д. (2017) Орално-хигиенска грижа за пациенти со гастроинтестинални заболувања. Fifteenth International Scientific Conference "Knowledge in Practice" 15-17 Dec 2017, Bansko, Bulgaria.
24. Лонгурова Н, Ковачевска И, Денков Н, Златановска К, **Тонева В.** (2017) Дентални промени кај пациенти со булимија. Fifteenth International Scientific Conference "Knowledge in Practice" 15-17 Dec 2017, Bansko, Bulgaria.
25. **Тонева В,** Нашкова С, Атанасова С, Тонева А. (2018) Бенефити во оралното здравје од витамин Ц. XVI International Scientific Conference "Knowledge without borders" 16- 18.03.2018, Vrnjacka Banja, Serbia.
26. Kocovski D, Papakoca K, **Toneva V,** Zlatanovska K, Zarkova – Atanasova J. (2018) Prevalence of Temporomandibular Disorders in Complete Dentures Wearers. 23rd BaSS Congress "Dental Medicine of the Younger vs. Elderly Patients" 10 – 12 May 2018 Iasi, Romanija.
27. Naskova S, Zlatanovska K, **Toneva V,** Atanasova S, Longurova N. (2018) Saliva antioxidant capacity and dental caries in children between the age 4 to 6. BaSS 2018, 23th Congress of the Balkan Stomatological Society, 10-12 May 2018, Jasi, Romania.
28. Kocovski D, Zlatanovska K, Lazarova Lj, **Toneva V,** Atanasova S. (2018) All Ceramics Bridge for Perfect Smile (Case Report). V kongres stomatologa BiH sa međunarodnim učešćem, 11- 12.05.2018 Teslić, Banja Vrućica, Bosna and Hercegovina.
29. Атанасова С, Ковачевска И, Нашкова С, **Тонева В,** Златановска К, Лонгурова Н. (2018) Несакани ефекти од ортодонтски третман. XVII International Scientific Conference "The teacher of the future" 24-27 2018 May, Budva, Montenegro.
30. Лонгурова Н, Златановска К, Ковачевска И, Денков Н, Атанасова С, **Тонева В.** (2018) Знаења и ставови на родителите на 7-12 годишни деца во врска со потреба за интервенции на прв траен молар. XVII International Scientific Conference "The teacher of the future" 24-27 May 2018, Budva, Montenegro.

31. Тонева А, **Тонева В,** Ковачевска И, Лонгурова Н, Кочовски Д, Роголева С. (2018) Helicobacter Pylori како причинител за орални и ГИ заболувања. XVII International Scientific Conference "The teacher of the future" 24-27 May 2018, Budva, Montenegro.
32**. Тонева В,** Тонева Николова А, Нашкова С, Атанасова С, Ковачевска И, Роголева С, Кочовски Д. (2018) Ризик фактори кои се поврзани со мускулоскелетни заболувања во стоматологијата. XVII International Sciwntific Conference "The teacher of the future" 24-27 May 2018, Budva, Montenegro.
33. Kocovski D, **Toneva V,** Zlatanovska K, Atanasova S, Longurova N, Rogoleva S. (2018) Denture Hygiene. Seventeenth International Scientific Conference "The teacher of the future" 24-27 May 2018, Budva, Montenegro
34. Rogoleva S, **Toneva V,** Toneva Nikolova A, Kocovski D, Atanasova S, Velkova A. (2018) The use of artificial bones and membranes for the treatment of jawbone deformities and defects. "The teacher of the future" 24-27 May 2018, Budva, Montenegro.
35. Kocovski D, Naskova S, Zlatanovska K, Zarkova J, **Toneva V.** (2018) Flexible Dentures for Children – Case Report. II Kongres Preventivne Stomatologije "Prevencija Oralnih Oboljenja – Buducnost Savreme Stomatologije" 02 – 03. November 2018, Belgrad, Serbia.
36. Longurova N, Kovacevska I, Zlatanovska K, Atanasova S, **Toneva V.** (2019) Influence of saliva in the development of dental erosion. 24th Congress of Balcan Stomatological Society Bass 9-11th May Tirana, Albania, 9-11 May 2019.
37. Atanasova S, Carceva-Salja S, Naskova S, Longurova N, and **Toneva V.** (2019) Orthodontic treatment in adult patients. 24 th BaSS Congress, 9-11 May 2019, Tirana, Albania.
38. Kocovski D, Papakoca K, Zarkova J, Zlatanovska K, **Toneva V.** (2019) Color stability of artificial teeth. 24th Congress of Balcan Stomatological Society Bass 9-11th May Tirana, Albania, 9-11 May 2019.
39. **Toneva Stojmenova V,** Kovacevska I, Longurova N, Atanasova S, Kocovski D. (2019) The most common reasons for dental check-up. 24th Congress of Balcan Stomatological Society Bass 9-11th May Tirana, Albania, 9-11 May 2019.

Д-р Верица Тонева Стојменова била ментор/коментор на следниве студентски усни и постер презентации и тоа:

– Georgieva Z, Talevska S, Longurova N, **Toneva V.** (2018) Use of the teeth whitening procedure by dental medicine students. First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.

– Dejkoska M, Petrusovski A, Naskova S, Dimova C, **Toneva V,** Kocovski D. (2016) Types of toothbrushes. First International student symposium of medical sciences, Celebrating achievements in medicine, promoting health and sharing knowledge, 20 April 2016, Stip, Macedonia.

– Coneva S, Cetanoski O, **Toneva V,** Rogoleva S. (2017) Evaluating the DMFT index in dental medicine students. 24 International Dental Student's scientific congress, 19-21 May 2017, Ohrid, Macedonia.

– Ilievski S, Dejkoska M, Rogoleva S, **Toneva V.** (2017) Laser biostimulation gingivitis treatment-case report. 24 International Dental Student's scientific congress, 19-21 May 2017, Ohrid, Macedonia.

– Lazareva T, Kocovski D, **Toneva V,** Atanasova S, Petrovska-Terzieva O. (2017) Oral health status of children with special health care needs in Shtip. First international symposium for traditional chinese therapy "The Body Is Your Temple-Keep It Pure And Clean For The Soul To Reside In", 6 December 2017, Stip, Macedonia.

– Kostova O, Naskova S, **Toneva V,** Atanasova S. (2017)Traumatic dental injury in primary teeth. First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip, Macedonia.

– Proseva Lj, Atanasova S, **Toneva V,** Kocovski D, Lazarova Lj. (2017) Clinical examination of direct restorations in dental medicine students. First international symposium for traditional chinese therapy "The Body Is Your Temple-Keep It Pure and Clean for The Soul to Reside In", 6 December 2017, Stip, Macedonia.

– Coneva S, Spasova I, **Toneva V,** Toneva A, Atanasova S, Kocovski D. (2017) Gastroesophageal reflux and dental consequences. First international symposium for traditional chinese therapy "The Body Is Your Temple-Keep It Pure and Clean for The Soul to Reside In ", 6 December 2017, Stip, Macedonia.

– Tuneva T, **Toneva V,** Toneva A. (2017) Adverse drug reactions in the oral cavity. First international symposium for traditional chinese therapy "The Body Is Your Temple-Keep It Pure and Clean for The Soul To Reside In ", 6 December 2017, Stip, Macedonia.

- Markoska A, Brsakoska I, **Toneva V,** Rogoleva S. (2017) Menagment of patients with dental anxiety and phobia. First international symposium for traditional chinese therapy "The Body Is Your Temple-Keep It Pure And Clean For The Soul To Reside In", 6 December 2017, Stip, Macedonia.

– Angova L, Gorgieva N, **Toneva V,** Rogoleva S. (2018) Ефекти од лошата орална хигиена врз целото тело. Прв конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај 2018, Stip, Makedonia.

– Trajkova M, Dimevska N, **Toneva V,** Toneva Nikolova A. (2018) Орална манифестација на дијабетес. Прв конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај 2018, Штип, Македонија.

– Kocovska, N, Tasevski G, Toneva Nikolova A, **Toneva V.** (2018) Орални промени при радиотерапија. Прв конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај 2018, Штип, Македонија.

– Lazareva, T, Spasova A, Kocovski D, **Toneva V.** (2018) Орално-мукозни лезии поврзани со мобилните протетски помагала. Прв конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај 2018, Штип, Македонија.

– Dejkoska M, Tileva S, Kocovski D, **Toneva V.** (2018) Digital vs analog dental impression. First International Students Congress in Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Spasova P, Spasova I, Rogoleva S, **Toneva V.** (2018) Edelweiss veneers for perfect Hollywood smile- Case Report. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Koceva M, Trajkovska A, Atanasova S, **Toneva V.** (2018) Hand tracing vs. digital methods of cefalometric analysis. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Gjorgieva Z, Talevska S, Longurova N, **Toneva V.** (2018) Use of the teeth whitening procedure by dental medicine students. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Gorgieva N, Angova L, **Toneva V,** Atanasova S. (2018) The most common reasons for toothache. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Sulev S, Stojkov A, Naskova S, **Toneva V.** (2018) The anatomo-morphological differences between primary and permanent teeth. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Trajkova M, Kozuharova Z, **Toneva V,** Toneva Nikolova A. (2018) Oral manifestation of GERD and Crohn’s disease. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Efremova L, Dejanoska M, Toneva A, **Toneva V.** (2018) The most common used painkillers. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine. 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

– Crngarova A, Mitevska S, **Toneva V,** Rogoleva S. (2018) Assessment of oral hygiene additional supplements among dental students. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

- Talevska S, Gjorgieva Z, **Toneva V,** Kocovski D. (2018) Oral hygiene maintenance in patients with denture. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital Vs Analogical In Dental Medicine, 28.03-29.03.2018, Stip, Macedonia.

***Д-р Зоран Нонкуловски***

Кандидатот д-р Зоран Нонкуловски се пријавил на Конкурсот за избор на асистент за научната област ендодонција (30400) – еден извршител и Рецензентската комисија констатира дека неговата документација не е целосна, а согласно со пропозициите и барањата на Конкурсот, а и според приложеното Уверение за положени испити од прв циклус студии, неговиот среден успех е 7,22. Согласно со ова, не ги исполнува условите пропишани во Конкурсот и Комисијата за рецензија одлучи да не прави евалуација за д-р Зоран Нонкуловски.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката д-р Верица Тонева Стојменова ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во наставно-научно и соработничко звање асистент.

Нејзиниот придонес во реализацијата на практичните наставни содржини, базично на Студиската програма за дентална медицина, како и кај студентите на Студиската програма за забен техничар протетичар, е со енормен потенцијал и го карактеризира едноставност, достапност и секогаш во секое време подготвеност да им излезе во пресрет на студентите, не штедејќи го своето време, знаење и искуство.

Квалитативните перформанси на д-р Верица Тонева Стојменова, како во наставната така и во научната сфера, за кое сведочат бројните публикации во домашни и меѓународни журнали, но и нејзината стручност и професионалност во областа на ендодонцијата претставуваат доказ за нејзината еволутивна подготвеност да биде избрана во соработничко звање асистент.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката ***д-р Верица Тонева Стојменова* *да биде избрана* *за асистент за научната област ендодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ивона Ковачевска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Лидија Поповска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Наташа Лонгурова, доцент, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОТЕТИКА (30407) – ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-179/15 од 30.9.2019 година донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *асистент за научната област протетика (30407)* – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Катерина Златановска, доцент за наставно-научната област протетика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип – претседател;
- д-р Ерол Шабанов, редовен професор во пензија за наставно-научната област протетика – член;
- д-р Софија Царчева-Шаља, доцент за наставно-научната област ортодонција, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ на 6.9.2019 година и во предвидениот рок се пријавија: д-р Љубица Прошева, д-р Филип Тантуровски, д-р Верица Тонева Стојменова и д-р Зоран Нонкуловски.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ на 6.9.2019 година се пријавија четворица кандидати и тоа: д-р Љубица Прошева, д-р Филип Тантуровски, д-р Верица Тонева Стојменова и д-р Зоран Нонкуловски.

**I. Кандидатка д-р Љубица Прошева:** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката д-р Љубица Прошева, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Љубица Прошева доставила

комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите документи од кандидатката.

***Биографски податоци за д-р Љубица Прошева***

**Д-р Љубица Прошева** е родена на 27 август 1994 година во Штип, каде што го завршува своето основно и средно (гимназиско) образование со одличен успех во сите четири години.

Во учебната 2013/2014 година се запишува на Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на интегрирани академски студии од прв и втор циклус. За време на своето студирање активно учествува на студентски конгреси и летни школи, воедно земајќи и активно учество во нивната организација.

На 4.9.2018 година го презентира својот дипломски труд со тема „Застапеност на дентален кариес кај училишни деца и негова превенција", работен под менторство на доц. д-р Сања Нашкова и се стекнува со називот доктор по дентална медицина со просек 8.39.

Од 7.9.2018 година го започнува својот приправнички стаж за стекнување на работна лиценца. Истовремено со стажот е ангажирана да учествува во изведување на вежби по одделни делови на наставниот предмет, како и други интелектуални услуги на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на студиските програми за Дентална медицина и стручните студии за Забен техничар – протетичар.

Успешно се служи со групата на јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски) и активно се служи со англискиот јазик.

Одлично владее со сите алатки од MS Office пакетот (MS Word, Power Point, Excel Publisher, Corel DRAW, Paint); активно користи интернет, електронска пошта, алатки за видео конференции. Поседува возачка дозвола – Б категорија.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Љубица Прошева:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено соодветно образование (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар) – има;
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии со просек од студиите 8.39 – има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – има;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – има;
- По еден примерок од трудовите – има;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;

- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – има;
- Уверение за државјанство – има.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Љубица Прошева***

Во 2018 година веднаш по дипломирањето д-р Љубица Прошева е ангажирана да учествува во изведување на вежби по одделни делови на наставните предмети на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за реализација на практичната настава на студиската програма Стоматологија и на стручните студии Забен техничар-протетичар и да учествува во изведување на вежбите по група предмети од областа на протетика и сродни предмети на студиските програми Дентална медицина и Стручните студии за забен техничар - протетичар и тоа:

- Анатомија на вилици и дентална морфологија (Дентална медицина и Забен техничар-протетичар);
- Апарати и инструменти во забна техника (Забен техничар-протетичар);
- Мобилна протетика – тотална протеза 1 (Забен техничар-протетичар);
- Стоматолошка керамика (Забен техничар-протетичар);
- Превентивна стоматологија (Дентална медицина);
- Дентална имплантологија (Дентална медицина);
- Дентална трауматологија (Дентална медицина).

Д-р Љубица Прошева има активно место во организацискиот одбор на симпозиуми, активно учествува во студентските конгреси (на првиот студентски конгрес на студентите по Општа медицина се претставува со орална презентација со тема „Биопечатење во медицината", каде што е избрана за најиновативна тема), како и во организација на првата студентска дентална летна школа Dental summer school во функцијата заменик претседател.

На втората Дентална летна школа учествува како инструктор во практичниот дел во две работилници, како и учество во организација на целата школа.

Д-р Љубица Прошева досега има објавено 2 (два) труда во домашни и меѓународни списанија, како и активно учество на научни конференции, меѓународни симпозиуми, конгреси, промоции. Во прилог на документите го доставила следниов список на трудови за рецензија:

1. Atanasova S, Carceva Salja S, Naskova S, Zarkova-Atanasova J, **Proseva Lj**. (2018) *Oral hygiene behavior during treatment with fixed orthodontic appliances.* IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 17 (11). ISSN 2279-0853. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20838

**Евалуација на трудот:** Одржувањето на добра орална хигиена, како и редукцијата на дентален плак е од исклучително значење за пациентите, а особено кај пациенти кои се подложени на ортодонтски третман. Целта на оваа студија била да се утврдат навиките за орална хигиена кај пациенти во тек на ортодонтски третман со фиксни апарати. Биле испитани вкупно 102 ортодонтски пациенти (65 женски и 37 машки) кои носеле фиксни апарати. Сите испитаници пополниле структуриран прашалник за одржување на орална хигиена после поставувањето на фиксни ортодонтски апарати. Авторите заклучиле дека се неопходни инструкции за одржување на орална хигиена во текот на целиот ортодонтски третман. Пациентите кои подлегнуваат на ортодонтски третман треба да бидат едуцирани и мотивирани да одржуваат орална хигиена на повисоко ниво. *Трудот поседува научна, стручна и апликативна вредност.*

2. Atanasova S, Carceva-Salja S, **Proseva Lj**. (2019) *Indications for molar extraction during orthodontic treatment.* Knowledge - International Journal Scientific Papers. 31 (4) pp. 873-877. ISSN 2545-4439. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22236

**Евалуација на трудот**: Ортодонтскиот третман, особено во текот на периодот на активен раст, може значително да влијае на развој на вилиците и забите. Третманот со екстракција на моларите е посложен бидејќи просторот кој е потребно да биде затворен е поголем од премоларните простори и самото време на лекување ќе биде подолго. Меѓутоа во случаите каде имаме недостаток на простор, протрузија на забите или пак асиметрија на денталниот лак и е индицирана екстракција на трајни заби, оштетените молари треба да бидат прва опција за екстракција кога премоларите се во подобра состојба односно имаме здрави молари. Индикациите за екстракција и избор на заби кој треба да се извадат зависат од специфичните аспекти на малоклузијата. Затоа е потребно ортодонтите да ја подигнат свеста кај пациентите за овие последици, во контекст на ортодонтското лечење. *Трудот поседува стручна и апликативна вредност*.

**Учество на меѓународни и домашни стручни собири и конгреси**

**Усна презентација**

1. **Proseva Lj**, Apostoloski P. (2018) *Bioprint in medicine.* In: First International Students' Symposium of Faculty of Medical Sciences "Celebrating achievements in medicine, promoting health and sharing knowledge", 20 Apr 2016, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20580

**Постер презентации**

2. **Proseva Lj**, Atanasova S, Toneva V, Kocovski D, Lazarova Lj. (2017) *Clinical examinations of direct restorations in dental medicine students.* In: First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20669

3. **Proseva Lj**, Atanasova S, Naskova S. (2018) *Traumatic injury caused by a toothbrushing: A case report.* In: Digital vs Analogical in Dental Medicine - First International Students Congress in Dental Medicine, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20665

Д-р Љубица Прошева била ментор/коментор на следнава студентска постер презентација:

- Sulev S, Atanasova S, **Proseva Lj**, Bikovski Lj. (2019) *Несакани ефекти поврзани со болка за време на почетната фаза на ортодонтски третман со фиксни апарати.* In: Втор конгрес на студенти по општа медицина, 09-10 May 2019, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22460

***Сертификати*:**

Д-р Љубица Прошева во прилог на документите ги доставила следните сертификати:

1. Сертификат за учество на International Symposium at Faculty of Medical Science "Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research", 24 Noe 2015, Stip, Macedonia;
2. Сертификат за учество на First International Students' Symposium of Faculty of Medical Sciences "Celebrating achievements in medicine, promoting health and sharing knowledge", 20 Apr 2016, Stip, Macedonia;

3. Сертификат за учество на Симпозиум „Неправилности, грешки и пропусти и нивно санирање при стоматолошки интервенции“, 11.11.2017, Штип;
4. Сертификат за активно учество на Симпозиум за традиционална кинеска медицина, 6.12.2017, Штип;
5. Сертификат за активно учество на Првиот студентски конгрес на Дентална медицина, „Digital vs Analogical in dental Medicine“, 2018, Штип;
6. Сертификат за учество на Прва стоматолошка летна школа, УГД, 2018 година;
7. Сертификат за учество на курсот “Basic concept of DSD digital smile design” на Првата стоматолошка летна школа, УГД, 2018 година;
8. Сертификат за активно учество на Првиот конгрес на студенти по општа медицина, УГД, 2018 година;
9. Сертификат за учество на Симпозиум „Стоматолошка наука и пракса – денес и тука“, 24.3.2018, Штип;
10. Сертификат за учество на Симпозиумот “Dermatology 2020”, УГД, 2019, Штип;
11. Сертификат за учество на Симпозиум „Мултидисциплинарен пристап во стоматолошката практика”, 6.4.2019, Штип;
12. Сертификат за активно учество на Вториот конгрес на студенти по општа медицина, УГД, 2019, Штип;
13. Сертификат за публициран труд: Oral Hygiene Behavior during Treatment with Fixed Orthodontic Appliances. IOSR: Journal of Dental and Medical Science (IOSR-JDMS), 17 (11). ISSN 2279-0853.

**II. Кандидатот д-р Филип Тантуровски:** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатот д-р Филип Тантуровски, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Филип Тантуровски доставил документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа истите.

***Биографски податоци за д-р Филип Тантуровски***

Д-р Филип Тантуровски е роден во 1988 година во Скопје, каде што го завршува основното образование со одличен успех. Средно образование завршува во СУГ „Раде Јовчевски - Корчагин” - Скопје, исто така со одличен успех.

На 21.6.2012 година ги завршува дипломските студии на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје со просек 8.88 и се стекнува со звање дипломиран доктор по стоматологија.

Во јули 2013 година со полагање на стручниот испит се стекнува со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Р. Македонија.

По дипломирањето д-р Филип Тантуровски се запишува на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и истите ги завршува постигнувајќи просек 10,00. Магистерскиот труд под наслов „*Состојбата на хигиената во оралната празнина кај пациенти со фиксни и со мобилни протетски помагала*" го брани на 22.9.2014 година стекнувајќи се со звањето магистер по стоматолошки науки.

Д-р Филип Тантуровски активно се служи со англискиот и германскиот јазик, има познавање и од албански и турски јазик.

Одлично владее со сите алатки од MS Office пакетот (MS Word, Power Point, Excel Publisher), Corel DRAW, Adobe Photoshop; поседува способност за користење на интернет мрежа. Поседува возачка дозвола – Б категорија.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Филип Тантуровски:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено соодветно образование - еден примерок од дипломата оригинал – нема, и три копии заверени кај нотар – има;
- Диплома за завршен втор циклус на студии - еден примерок од дипломата оригинал – нема, и три копии заверени кај нотар – има;
- Уверение за положени испити на прв циклус на студии со просек од студиите 8.88 – има;
- Уверение за положени испити на втор циклус на студии со просек од студиите - 10.00 – има;
- Еден примерок од магистерскиот труд – има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – нема, доставен е само еден примерок;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – има;
- По еден примерок од трудовите – има;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;
- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – има;
- Уверение за државјанство – има.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Филип Тантуровски***

Д-р Филип Тантуровски е автор на 3 труда публикувани во интернационални научни и стручни списанија. Учествува како автор и коавтор на интернационални конгреси во земјава и во странство. Во прилог на документите го доставил следниов список на трудови за рецензија:

1. Bundevska J, Kapusevska B, **Tanturovski F**. (2016) *Using of mathematical module "Molari" (custom made) for determining the position of the upper and lower molars*. IJSR International journal of science and research. 5 (9): 1680-1683

**Евалуација на трудот:** Математичкиот модул „Molari" е направен со цел да го поедностави и избегне мерењето на сите оние праметри кои се користат при одредување на локацијата на горни и долни молари. Со негова помош доволно е да се измери само еден параметар и од таа добиена вредност, базирано на корелација, да се пресмета вредноста на другите параметри. Авторите на овој труд заклучиле дека математичкиот модул „Molari" може да најде примена во ортодонцијата, па со апликација на вредност на некој од параметрите може да се следи настанатата промена. *Трудот поседува научна, стручна и апликативна вредност.*

2. Bundevska J, **Tanturovski F**. (2016) *Forced progeny position and its prothetic solution.* IJSR International journal of science and research. 5 (11): 790-791

**Евалуација на трудот:** Протетичката рехабилитација кај возрасни пациенти со проген загриз, кои не биле претходно соодветно третирани, бара покомплексна терапија и тимска работа. Методолошкиот пристап на авторите кон протетичката рехабилитација на оваа ортодонтска аномалија се состоела од: 1. Поставување на точна дијагноза базирана на претходно направен клинички преглед и ртг анализа; 2. Реконструкција на меѓувиличните односи и изработка на привремена протеза која пациентот ја носел 3-6 месеци, за адаптација на ТМЗ; 3. Изработка на фиксна и мобилна протетичка конструкција по периодот на адаптација. *Трудот поседува стручна и апликативна вредност.*

3. Bundevska J, **Tanturovski F**. (2017) *Nutritional adaptation of patients with total and partial dentures.* IJSR International journal of science and research. 6 (4): 2036-2039

**Евалуација на трудот:** Авторите на овој труд ја обработуваат адаптацијата на пациентите на парцијални и тотални протези и нивното влијание врз процесот на мастикација, како и навиките во исхраната. Испитувањето е базирано на пребарување на трудови и податоци

од научни списанија, магазини и артикли од експерти кои ги испитувале прехранбените навики кај пациенти носители на тотални и парцијални протези. Авторите заклучиле дека регуларна и нормална диета е возможна кај носители на парцијални и тотални протези, но бара подолг период на адаптација. *Трудот поседува стручна и апликативна вредност*.

**Учество на меѓународни и домашни стручни собири и конгреси:**

Кандидатот д-р Филип Тантуровски го има доставено следниов список за учество на меѓународни и домашни стручни собири и конгреси, но без нивно целосно документирање. Немаме примерок ниту сертификат за долунаведениве:

1. Карактеристики на денталните лакови кај пациенти со малоклузија II/1 и II/2. 18. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологја. 2011.
2. Одонтогени цисти. 19. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологја. 2012.
3. Значењето на физиолошко мирување за одредување на меѓувиличните релации кај пациенти со тотална беззабост. 19. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологја. 2012.
4. Ставрева Н, Капушевска Б, **Тантуровски Ф**. (2015) Циркуларни мостови – естетско и функционално решение – приказ на случај. VII конгрес на МСД.
5. Употреба на Ca, P и витамин $D_3$ кај пациенти од трето доба носители на протези. Фармацевтска основа на современа стоматологија – АЛБСТОМ.
6. Бундевска Ј, Ковачевска Г, Спировска А, Вујасин С, **Тантуровски Ф.** (2016) Минимална парцијална протеза - да или не? 1. конгрес на Здружение на специјалисти по протетика при МСД со меѓународно учество.
7. Бундевска Ј., Панчевска С., БогКовачевска Г., Спировска А., Вујасин С., Тантуровски Ф. (2016) Минимална парцијална протеза - да или не? 1. конгрес на Здружение на специјалисти по протетика при МСД со меѓународно учество.

***III. Кандидат д-р Верица Тонева Стојменова:*** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката д-р Верица Тонева Стојменова, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Верица Тонева Стојменова доставила документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа истите.

***Биографски податоци за д-р Верица Тонева Стојменова***

**Д-р Верица Тонева Стојменова** е родена во 1991 година во Штип. Основно училиште завршува во ОУ „Тошо Арсов" – Штип со одличен просек. Средното образование го завршува во Гимназија „Славчо Стојменски" – Штип, со одличен успех. Дипломира на Факултетот за медицински науки, студиска програма Стоматологија, со просек 9,61 и по јавната одбрана на дипломскиот труд со оценка 10 на 14.9.2015 година се здобива со стручен назив дипломиран доктор стоматолог. Во период од 30.6.2015 до 15.7.2015 г. има стручен престој на Самарскиот медицински факултет во Самара, Руска Федерација.

Од 1.6.2018 година ѝ е одобрена специјализација по ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Активно се служи со англиски јазик, а разбира германски јазик. Исто така, располага и ги владее сите алатки од MS Office пакетот.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Верица Тонева Стојменова:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено соодветно образование (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар) – има;
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии со просек од студиите 9.61 – има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – има;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – има;
- По еден примерок од трудовите – има;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;
- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – една препорака од областа и три препораки од други стоматолошки области;
- Уверение за државјанство – има.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Верица Тонева Стојменова***

Д-р Верица Тонева Стојменова, како стручен соработник од пракса, во академската 2016/2017 година, а потоа во 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020 година учествува во реализацијата на практичната настава на студиската програма Стоматологија/дентална

медицина и на стручните студии за забен техничар и протетичар, и тоа на следниве предмети: Претклиничка кариологија, Претклиничка ендодонција, Мобилна протетика (парцијална протеза) и Мобилна протетика (тотална протеза), Клиничка кариологија 1, Медицинска етика, Менаџмент во стоматологијата, Орално здравје, Орално здравје во бременост, Орална патологија со пародонтологија.

Додека била студент, д-р Верица Тонева Стојменова е автор на две студентски теми, а коавтор на една и тоа:

- „Директна реставрација на фрактурирани максиларни централни инцизиви" – презентирана на 21. Интернационален стоматолошки студентски конгрес, кој се одржал 9-11 мај 2014 година во Охрид;

- „Фактори поврзани со незадоволството од чувството за вкус кај возрасни пациенти со тотални протези", презентирана на 21. Интернационален стоматолошки студентски конгрес, кој се одржал 9-11 мај 2014 година во Охрид;

- „Observation assessment in clinical dental subjects". Regional Higher Education Conference Quality of Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education, 20 June 2014, Tetovo, Macedonia.

Како млад истражувач учествува во научноистражувачки проект „Процена на корелација на реналната калкулоза со забниот камен". Ментор е на повеќе студентски теми презентирани на бројни домашни и интернационални студентски конгреси.

Д-р Верица Тонева Стојменова е автор/коавтор на 2 труда публикувани во домашни и во интернационални научни и стручни списанија. Учествува како автор и коавтор на бројни интернационални конгреси во земјава и во странство.

Во прилог на документите д-р Верица Тонева Стојменова го доставила следниов список на трудови за рецензија:

1. **Toneva V**, Toneva Nikolova A, Naskova S, Atanasova S, Kovacevska I, Rogoleva S, Kocovski D. (2018) *Risk factors associated with musculoskeletal disorders in dentistry.* Knowledge – International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2) pp. 639 – 643. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Мускулоскелетните нарушувања се чести состојби со кои се среќаваат стоматолозите и здравствените работници. Како такви е потребно да се знае кои ризик фактори доведуваат до нив, кои се тригер точки на болка, која е симптоматологијата и како да се превенира и третира. *Трудот е од практична и стручна важност.*

2. **Тонева В**, Кочовски Д, Тонева Николова А, Ковачевска И. (2018) Влијанието на плунката врз ретенцијата на тоталните протези. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип. (27) pp. 28-28. ISSN 1857-5994

**Евалуација на трудот:** Темата на трудот ја обработува способноста на протеините од плунката да помагаат при ретенцијата на протезите. Начинот на кој протезите се ретинираат во усната празнина ја опишува кохезијата и атхезивниот ефект на плунката. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

**Постер презентации**

1. **Тонева В**, Чуркоска Д, Ковачевска И, Фотева К. (2014) Директна реставрација на фрактурирани максиларни централни инцизиви. 21 International Dental Student's scientific congress, 9-11 May 2014, Ohrid, Macedonia.

2. **Тонева В**, Чуркоска Д, Златановска К. (2015) Фактори поврзани со незадоволството од чувството за вкус кај возрасни пациенти со тотални протези. 22 International Dental Student's scientific congress, 22-24 May 2015, Ohrid, Macedonia.

3. Kovacevska I, Angelovska B, **Toneva V**, Toneva A, Georgiev Z, Kovacevski I. (2016) *Assessment in antibiotics self-medication in dental patients.* In: VI-ти Конгрес по фармация с международно участие под мотото "PharmaceutiQoL Challenges and Avenues", 13-16 Oct 2016, Sandanski, Bugarija.

4. **Toneva V**, Toneva A, Ristova Stojanova A, Petrovski M, Ristov O. (2017) *Dental calculus in relation to idiopathic nephrolithiasis.* In: 22nd Bass Congress, Contemporary Challenges in Dentistry, 4-6 May 2017, Thessaloniki, Greece.

5. Kocovski D, Lazarova Lj, Zlatanovska K, **Toneva V**, Atanasova S. (2018) *All Ceramics Bridge for Perfect Smile (Case Report).* In: V kongres stomatologa BiH sa međunarodnim učešćem, 11-12 May 2018, Teslić, Banja Vrućica, BiH.

6. **Тонева В**, Тонева Николова А, Нашкова С, Атанасова С, Ковачевска И, Роголева С, Кочовски Д. (2018) Ризик фактори кои се поврзани со мускулоскелетни заболувања во стоматологијата. 17 International Scientific Conference "The teacher of the future" 24-27 May 2018, Budva, Montenegro.

7. Kocovski D, Naskova S, ZLatanovska K, Zarkova J, **Toneva V**. (2018) Flexible Dentures for Children – Case Report. II Kongres Preventivne Stomatologije "Prevencija Oralnih Oboljenja – Buducnost Savremene Stomatologije", 2-3.11.2018, Belgrade, Serbia.

8. **Toneva Stojmenova V**, Kovacevska I, Longurova N, Atanasova S, Kocovski D. (2019)*The most common reasons for dental check-up*. In: 24th Congress of Balcan Stomatological Society Bass 9-11th May Tirana, Albania, 9-11 May 2019.

Д-р Верица Тонева Стојменова била ментор/коментор на следниве студентски усни и постер презентации и тоа:

- Dejkoska M, Tileva S, Kocovski D, **Toneva V**. (2018) Digital vs analog dental impression. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital vs Analogical in Dental Medicine, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
- Talevska S, Gjorgieva Z, **Toneva V**, Kocovski D. (2018) Oral hygiene maintenance in patients with denture. First International Students Congress in Dental Medicine, Digital vs Analogical in Dental Medicine, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.

Д-р Верица Тонева Стојменова е добитник на следниве награди и признанија за научни постигнувања:

1. Пофалница за најуспешен студент од Стоматолошка комора на Македонија и награда за бесплатно полагање на државен испит.
2. Второ место за постер презентација на Симпозиумот за трудот: Kocovski D, Toneva V, Dimova C, Apostoloski P. (2015) Oral Hygiene Level Maintenance among Dental Medicine Students. International Symposium at Faculty of Medical Science "Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research", 24 Noe 2015, Stip, Macedonia.

***IV. Кандидат д-р Зоран Нонкуловски.*** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од д-р Зоран Нонкуловски, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Зоран Нонкуловски не ја доставил потребната документација што е предвидена со објавениот Конкурс.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Зоран Нонкуловски:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено прв циклус на студии (соодветно образование) - еден примерок од дипломата оригинал – нема и три копии заверени кај нотар – доставена е една копија заверена кај нотар;
- Уверение за положени испити на прв циклус на студии со просек од студиите 7.22 – има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – има;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – нема;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;
- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – нема;
- Уверение за државјанство – има.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатите **д-р Љубица Прошева, д-р Филип Тантуровски и д-р Верица Тонева Стојменова ги исполнуваат сите законски услови, сите општи услови и критериумите за избор во звањето асистент за научната област протетика (30407)** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Кандидатот **д-р Зоран Нонкуловски не ја доставил потребната документација.**

Кандидатката **д-р Верица Тонева Стојменова е во постапка за избор на асистент во друга област.**

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, а согласно со Законот за високо образование, како и според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Univeritetot „Гоце Делчев“ во Штип, како и поради способноста за изведување на наставно-научна дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство **да му предложи на Наставно-научниот совет д-р Љубица Прошева да биде избрана за асистент во научната област протетика (30407)** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Катерина Златановска, доцент, претседател, с.р.

Д-р Ерол Шабанов, редовен професор, член, с.р.

Д-р Софија Царчева-Шаља, доцент, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2002-179/11 од 30.9.2019 година донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за научната област *фармакологија* (30107) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- д-р Марија Дарковска-Серафимовска, доцент (наставно-научна област фармаколија со токсикологија), претседател;
- д-р Андон Чибишев, редовен професор (наставно-научна област токсикологија), член;
- д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор (наставно-научна област фармацевтска хемија), член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за избор на еден извршител – асистент за научната област фармакологија, објавен на 6.9.2019 година во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: Дино Карпичаров, магистер по фармација.

Пријавата е во целост разгледана и утврдивме дека кандидатот Дино Карпичаров уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи:

1. Диплома за завршени интегрирани студии (прв и втор циклус на студии) (еден оригинален примерок и три копии заверени кај нотар);
2. Уверение за положени испити (просечен успех 9,80) (еден примерок оригинал и една копија заверена кај нотар);
3. Уверение за државјанство – еден примерок оригинал;

4. Кратка биографија, во четири примероци;

5. Потврда за успешно завршен курс по англиски јазик (степен Б2) – оригинал;

6. Препораки од двајца професори – оригинали;

7. Список на објавени трудови и по еден примерок од трудовите;

8. Примерок од дипломска работа.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Дино Карпичаров** е роден на 21 август 1994 година во Штип, Република Македонија. Основно образование завршува во Штип, со континуиран одличен успех. Четиригодишно средно стручно образование завршува во СОУ „Јане Сандански“ – Штип на образовниот профил Фармацевтски – лабораториски техничар, со континуиран одличен успех. Во периодот од 2011 до 2013 година е избран за претседател на Медицинската младинска организација при СОУ „Јане Сандански“ – Штип. По завршувањето на средното образование се запишува на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на студиската програма Фармација (интегриран прв и втор циклус студии). За време на своите студии активно учествува во неколку студентски симпозиуми. Во јули 2017 година заминува на двонеделен студиски престој – летна практична настава на Фармацевтскиот факултет при Државниот медицински универзитет „СамГМУ“ во Самара, Руска Федерација.

На 4.10.2018 година го брани својот дипломски труд на тема „Механизам на дејство и карактеристики на одредени антисептици и дезинфициенси во корелација со нивната активност врз селектирани микроорганизми“, под менторство на д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, и се стекнува со академски назив магистер по фармација, со просечен успех при студирањето – 9,80.

На 26.6.2019 година го положува државниот испит за здравствени работници со високо образование од областа на фармацијата. Од јуни 2019 година станува член на Фармацевтската комора на Македонија. Од останатите квалификации има познавање на работа со компјутери и активно познавање и користење на англискиот јазик.

***Професионална активност***

Во 2017 година, уште за време на студиите, м-р Дино Карпичаров е ангажиран како универзитетски демонстратор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за предметите: Фармакологија 1, Фармакологија 2, Аналитика на лекови 2 (студиска програма Фармација); Фармакологија со токсикологија 1, Фармакологија со токсикологија 2 (студиска програма Општа медицина); Фармакологија (студиска програма Дентална медицина, медицински сестри, акушерки, медицински лаборанти). По завршувањето на студиите, односно од октомври 2018 година, м-р Дино Карпичаров е ангажиран како надворешен соработник – стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за предметите: Аналитика на лекови 1, Аналитика на лекови 2, Општа биохемија, Клеточна биохемија, Стабилност на лекови, Регистрација на лек, Добра лабораториска практика (студиска програма Фармација); Клеточна биохемија, Добра лабораториска практика (студиска програма Медицински лаборант).

Покрај активното учество на домашни, во текот на неговиот ангажман на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, активно учествува со усни презентации на меѓународни конференции во Република Бугарија и во Република Србија.

***Научна и стручна активност***

| **Реден број** | **Автор / автори** | **Наслов на трудот** | **Конференција / списание (година)** |
|---|---|---|---|
| **1** | Gjorgjeska, Biljana and **Karpicarov, Dino** | Анализа на механизмот на дејство и антимикробната активност на одредени антисептици и дезинфициенси врз *Bacillus spp*., *Acinetobacter spp*., *Klebsiella spp*., *Serratia marcescens* и *Candida spp*. како едни од најчестите предизвикувачи на интрахоспиталните инфекции | XX International Scientific Conference: Knowledge without borders, 29 – 31 March 2019, Vrnjacka Banja, Serbia / Knowledge – International Journal, Scientific Papers, 30 (4). pp. 740–745. ISSN 2545–4439 (2019) |

| Реден број | Автор / автори | Наслов на трудот | Конференција / списание (година) |
|---|---|---|---|
| 2 | Gjorgjeska, Biljana and **Karpicarov, Dino** | Механизам на дејство и карактеристики на одредени антисептици и дезинфициенси во корелација со нивната активност врз селектирани микроорганизми | Knowledge in Practice, XIX International Scientific Conference, 14–16 December 2018, Bansko, Bulgaria / Knowledge – International Journal, Scientific Papers, 28 (2). pp. 423–428. ISSN 2545–4439 (2018) |
| 3 | Gjorgjeska, Biljana and Janeva, Andonela and Iceva, Ivana and **Karpicarov, Dino** and Velkova, Antonela and Krzovska, Viktorija and Dimitrova, Ana and Delipetrova, Natali | Structure and physicochemical properties of antiseptics and disinfectants in relation to their activity | Nutricon 2017 Food Quality and Safety Health and Nutrition, 5–7 October 2017, Skopje, Macedonia / Journal of Hygienic Engineering and Design, 23. pp. 3–7. ISSN 1857–8489 (2018) |
| 4 | Gjorgjeska, Biljana and Koceva, Andonela and Iceva, Ivana and **Karpicarov, Dino** | Relation between Quantity of Disinfectant and Antiseptics Used and Appearance of Intra–Hospital Infections in the Region of Eastern Macedonia | 17th International Symposium and Summer School on Bioanalysis, 2 – 8 July 2017, Ohrid, Macedonia / International Journal of Healthcare and Medical Sciences, 4 (1). pp. 1–10. ISSN 2414–2999 (2018) |

[1] Gjorgjeska, Biljana and **Karpicarov, Dino** (2019) *Анализа на механизмот на дејство и антимикробната активност на одредени антисептици и дезинфициенси врз Bacillus spp., Acinetobacter spp., Klebsiella spp., Serratia marcescens и Candida spp. како едни од најчестите предизвикувачи на интрахоспиталните инфекции*. Knowledge – International Journal, Scientific Papers, 30 (4). pp. 740–745. ISSN 2545–4439.

Во овој труд се претставени механизмите на дејство на формалдехидот, етанолот, борната киселина, водородниот пероксид, бензалкониум хлоридот и повидон јодот, како едни од најчесто употребуваните антисептици и дезинфициенси во болнички услови. Испитуваните антисептици и дезинфициенси се употребени во концентрација во која се комерцијално достапни како биоцидни средства, а нивната антимикробна активност е испитувана врз изолирани соеви на микроорганизми од пациенти и тоа: Bacillus spp., Acinetobacter spp., Klebsiella spp., Serratia marcescens и Candida spp. Како метод на работа е користена Kirby–Bauer диск дифузионата метода и врз основа на добиените резултати авторите даваат насоки за избор на најсоодветно средство за ерадикација на ваквите причинители на интрахоспиталните инфекции.

[2] Gjorgjeska, Biljana and **Karpicarov, Dino** (2018) *Механизам на дејство и карактеристики на одредени антисептици и дезинфициенси во корелација со нивната активност врз селектирани микроорганизми*. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 28 (2). pp. 423–428. ISSN 2545–4439.

Во овој труд се претставени механизмите на дејство и карактеристиките на формалдехидот, етанолот, борната киселина, водородниот пероксид, бензалкониум хлоридот и повидон јодот, како едни од најчесто употребуваните антисептици и дезинфициенси во болнички услови. Испитуваните антисептици и дезинфициенси се употребени во концентрација во која се комерцијално достапни како биоцидни средства, а нивната антимикробна активност е испитувана врз изолирани соеви на микроорганизми од пациенти и тоа: Staphylococcus epidermidis, Staphylococcus aureus, Escherichia coli и Pseudomonas aeruginosa. Како метод на работа е користена Kirby–Bauer диск дифузионата метода и врз основа на добиените резултати, авторите даваат насоки за избор на најсоодветно средство за ерадикација на ваквите причинители на интрахоспиталните инфекции.

[3] Gjorgjeska, Biljana and Janeva, Andonela and Iceva, Ivana and **Karpicarov, Dino** and Velkova, Antonela and Krzovska, Viktorija and Dimitrova, Ana and Delipetrova, Natali (2018) *Structure and physicochemical properties of antiseptics and disinfectants in relation to their activity*. Journal of Hygienic Engineering and Design, 23. pp. 3–7. ISSN 1857–8489.

Во овој труд е направена анализа на структурата и физичко-хемиските карактеристики на едни од најчесто употребуваните антисептици и дезинфициенси: етанол, повидон јод, формалдехид и водороден пероксид. Имајќи ги предвид структурните белези на овие соединенија, авторите поставуваат корелација помеѓу структурата или делови од структурата со антимикробната активност на соединенијата.

[4] Gjorgjeska, Biljana and Koceva, Andonela and Iceva, Ivana and **Karpicarov, Dino** (2018) *Relation between Quantity of Disinfectant and Antiseptics Used and Appearance of Intra–Hospital Infections in the Region of Eastern Macedonia*. International Journal of Healthcare and Medical Sciences, 4 (1). pp. 1–10. ISSN 2414–2999.

Во овој труд се претставени најзначајните карактеристики на интрахоспиталните инфекции, а преку анализа на годишните извештаи за потрошувачката на антисептиците и дезинфициенсите во клиничките болници и болниците на територијата на Источна Македонија, поставена е корелација помеѓу количеството на употребени антисептици и дезинфициенси и појавата на интрахоспиталните инфекции.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната активност на кандидатот Дино Карпичаров, магистер по фармација, може да се заклучи дека кандидатот има искуство во реализација на практичната настава како универзитетски демонстратор и надворешен соработник – стручњак од пракса, а исто така има приложено и список на трудови од кој може да се заклучи за неговата стручна и научна активност. Од неговата посветеност кон истражувањето може да се заклучи дека трудовите имаат значајна теоретска и практична вредност во својата област.

Од неговата ангажираност во реализација на практичната настава по предметите: Фармакологија 1 и 2, Фармакологија со токсикологија 1 и 2, Фармакологија, Аналитика на лекови 1 и 2, Општа биохемија, Клеточна биохемија, Добра лабораториска практика, Стабилност на лекови и Регистрација на лек на студиските програми: Општа медицина, Дентална медицина, Фармација, Медицински сестри, Акушерки и Медицински лаборанти, може да се заклучи дека м-р Дино Карпичаров се покажа како многу успешен соработник. Темелниот пристап кон работата му овозможил да постигне забележителни резултати во изведувањето на практичните вежби со студентите.

Врз основа на изложеното, имајќи ги предвид неговите постигнувања и сите факти што се наведени во овој Извештај, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да го избере м-р Дино Карпичаров во звање асистент во научната област фармакологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Дарковска-Серафимовска, доцент, претседател, с.р.**

**Д-р Андон Чибишев, редовен професор, член, с.р.**

**Д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, на својата редовна 230. седница, одржана на 30.9.2019 година, донесе Одлука бр. 2002-179/9 за формирање на Рецензентска комисија за избор на *наставник во сите звања* за наставно-научната област *ортодонција (30404)* во следниов состав:

- д-р Јулијана Ѓоргова (претседател) - редовен професор во пензија за наставно-научна област ортодонција, врз основа на Решение бр. 2002-179/61 од 30.9.2019 година.

- д-р Лидија Кануркова (член) - редовен професор за наставно-научна област ортодонција, вработена на Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, врз основа на Решение бр. 2002-179/62 од 30.9.2019 година;

- д-р Ана Миновска (член) - редовен професор за наставно-научна област пародонтологија, вработена на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, врз основа на Решение бр. 2002-179/63 од 30.9.2019 година.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" на 6.9.2019 година. Во предвидениот рок се пријави д-р Софија Царчева-Шаља, доктор на стоматолошки науки од областа ортодонција и доцент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија до Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Софија Царчева Шаља** е родена на 16.2.1978 година во Скопје, каде што завршува основно образование со одличен успех.

Средно образование запишува во средното медицинско училиште МУЦ „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје во учебната 1992/1993 година. Во 1993 година е прогласена за најдобар

ученик на ниво на Град Скопје и од Собранието на Град Скопје е пратена на седумнеделен престој во Соединетите Американски Држави во градот Темпи Аризона.

Во учебната 1996/1997 година се запишува на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршува во септември 2002 година со просечен успех 9,97 и се стекнува со диплома доктор на стоматологија.

Како првенец на генерацијата дипломирани студенти, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е прогласена за најдобар студент во генерацијата, додека од страна на Македонското лекарско друштво ѝ е доделена диплома за најдобар студент во учебната 2001/2002 година.

Во септември 2002 година се вработува на Клиниката за ортодонција при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар во Скопје како клинички лекар. Во декември 2007 го ползува специјалистичкиот испит од обласа на ортодонција и се здобива со титулата специјалист по ортодонција.

Постдипломски студии запишува во 2002 година на Стоматолошкиот факултет при УКИМ и истите ги завршува во 2005 година со среден успех 10.00. Во јануари 2009 година ја брани магистерската теза под наслов „Карактеристики на краниофацијалната морфологија кај атрактивни и неатрактивни лица“ и се здобива со титулата магистер на стоматолошки науки.

Од 1 февруари до 20 февруари 2009 година д-р Софија Царчева Шаља престојува на Клиниката за ортодонција BERNHARD GOTTLIEB UNIVERSITY CLINIC OF DENTISTRY во Виена, Австрија, кај Hans-Peter Bantleon, при што се запознава со најновите техники и достигнувања во полето на ортодонцијата, што се однесуваат пред сè на микроимплантите во ортодонцијата и техниката на работа со самолигирачки брекети, како и примената на интерцептивниот ортопедски третман кај малоклузија III класа од што произлезе и идејата за поставување теза за изработка на пријава за докторската дисертација.

Кандидатката има завршено постдипломски студии со просек 10,00, а додипломските студии ги завршува на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ со просек 9.97. Д-р Софија Царчева Шаља завршува специјализација од обласата ортодонција.

На 28 мај 2014 година ја брани докторската дисертација под наслов „Влијанието на возраста врз скелетните антеро-постериорни промени кај пациенти со малоклузија III класа при ортопедска максиларна протракција“ и се здобива со звање доктор по стоматолошки науки.

Како доктор специјалист има завршено повеќе курсеви од обласата на ортодонцијата во реномирани европски центри.

Д-р Софија Царчева Шаља е доктор по стоматолошки науки, а нејзината научноистражувачка работа е од областа на ортодонцијата, превентивата и интерцептивата и е главно фокусирана на ортопедската максиларна протракција кај пациенти со малоклузиија III класа, лицевата естетиката, како и значењето на првите трајни молари (улогата на превенцијата) како стожери на оклузијата.

Исто така, кандидатката има доставено копии од најмалку објавени пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Sofija Carceva Salja, Sandra Atanasova, | Influence of growth in treated class III growing patients with face mask therapy and untreated patients | Knowledge international Journal, Vol.31, No.4 | 2019, Issn 2525-4439, Issn 1857-923x,Global Impact and Qualitiy Factor 1.822(2017) |
| 2 | Sofija Carceva Salja, Sandra Atanasova, Mihajlo Petrovski | Difference in craniofacial characteristics in attractive male and female faces | Knowledge international Journal, Vol.31, No.4 | 2019, Issn 2525-4439, Issn 1857-923x,Global Impact and Qualitiy Factor 1.822(2017) |
| 3 | Sandra Atanasova, Sofija Carceva Salja, Ljubica Prosheva | Indications for molar extraction during orthodontic treatment | Knowledge international Journal, Vol.31, No.4 | 2019, Issn 2525-4439, Issn 1857-923x, Global Impact and Qualitiy Factor 1.822(2017) |
| 4 | Radeska – Panovska A., Jankulovska M., Gjorgievska E., Carcheva – Shalja S. | Application of iotn and dai indices for assessment in need of orthodontic treatment. | Macedonian Dental Review | 2019, ISSN 2545-4757,; 42 (1-2): 54-59 |
| 5 | Mihajlo Petrovski , Olivera Terzieva - Petrovska , Sofija Caceva-Salja, Ivana Ristova | DENTAL MEDICINE STUDENTS AND THE USAGE OF ADDITIONAL SUPPLEMENTS FOR BETTER ORAL HYGIENE | British Journal Of Medical and Health Research | 2018, ISSN 2394-2967, Impact factor 1.7 |
| 6 | Sandra Atanasova, Sofija Carceva Salja,Sanja Naskova, Julija Zarkova Atanasova, Ljubica Prosheva | Oral Hygiene behaviour Treatment with fixed Orthodontic appliances | IOSR Journal of Dental and Medical Sciences,Vol. 17, Issue 11 ver.2 | 2018, e- issn:2279-0853 |
| 7 | Jusifi G, Petrovska J, Kanurkova L, Cekovska S, Carceva – Salja S, Xhelili A, Jusufi O, Lazarevska B, Jankulovska M. | Salivary fluride concentration during orthodontic treatment using two types of adhesives | Macedonia dental review | 2018, Issn 2545-4757 |
| 8 | Getova Biljana, Pavlevska Meri, | Prevalence of first Permanent Molar Caries Among Children at | Research Journal of | September-October 2018 ISSN: 0975- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Sofija Carceva Shalja | Age 12 in Republic of Macedonia | Pharmaceutical, Biological and Chemical Sciences | 8585 |
| 9 | Mihajlo Petrovski, Ivona Kovacevska Olivera Terzieva - Petrovska , Kiro Papakoca, Sofija Caceva-Salja, Ana Minovska, Sofija Carceva Salja | ORAL HEALTH ASSESSMENT AMONG ELDERLY IN LONG TERM RESICENCE | Knowledge international Journal, vol. 26, no.4 | 2018, issn 2545-4439 |
| 10 | Sofija Carceva Salja | REDUCTION OF DMFT INDEX AFTER IMPLAMENTATITON OF THE NATIONAL STRATEGY FOR PREVENTION OF ORAL DISEASES OF CHILDREN AGED 0-14 YEARS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA FROM 2008 - 2018 | Knowledge international Journal, vol. 26, no.4 | 2018, issn 2545-4439 |
| 11 | Alexander Spassov, Bernard Braun, Sofija Carceva-Salja, Hartmut Bettin &Dragan Pavlovic | Decision aids against overuse of orthodontic services | Journal of Orthodontics | 2017, ISSN: 1465-3125 (Print) 1465-3133 (Online) |

Се јавува и како коавтор на повеќе **прифатени апстракти за постер презентации објавени во книгите на апстракти** и тоа:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | *Carceva-Salja, Sofija and Papakoca, Kiro and Jusufi GazmendIn:* | *Maxillary response after facial orthopedic treatment in Class III patients in early and late mixed dentition* | *Sofia Dental Meeting 2018,* | *27-30 Sept 2018, Sofia, Bulgaria.-(постер презентација)-* |
| 13 | Getova Biljana, Getov Gjorgi, | Retention of a glass ionomer used a fissure sealant on the | Abstracts Book, 24th Congress of | 2019, ISSN 2308-5290 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Javevska Sevdalina, Pavlevska Meri, Carceva-Shalja Sofija | first permanent molars | Balkan Stomatological Society | |
| 14 | Mihajlo Petrovski, Olivera Terzieva-Petrovski, Ana Minovska, Ivona Kovacevska, Sofija Carceva Salja | Laser application in periodontal therapy-evaluation of patients knowledge and acceptance | Abstracts Book, 24th Congress of Balkan Stomatological Society | 2019, ISSN 2308-5290 |
| 15 | Sandra Atanasova, Sofija Carceva Salja, Sanja Nahkova, Natasha Longurova, Verica Toneva | Orthodontic treatment in adult patients | Abstracts Book, 24th Congress of Balkan Stomatological Society | 2019, ISSN 2308-5290 |
| 16 | Ristova I., Spassov A. , Carceva Salja S. | PROVISION OF ORTHODONTIC SERVICES IN THE PUBLIC HEALTH CARE SYSTEMS OF MACEDONIA AND CROATIA | 3RD CONGRESS OF THE BALKAN ASSOCIATION OF ORTHODONTIC SPECIALISTS 4TH CONGRESS OF THE MACEDONIAN ORTHODONTIC SOCIETY | 2019 |
| 17 | Petrovski M., Terzieva-Petrovska O., Carceva Salja S., Atanasova S., Papakoca K. | PERIODONTAL INDEXES AMONG PATIENTS WITH ORTHODONTIC RETAINERS | 3RD CONGRESS OF THE BALKAN ASSOCIATION OF ORTHODONTIC SPECIALISTS 4TH CONGRESS OF THE MACEDONIAN ORTHODONTIC SOCIETY | 2019 |
| 18 | Atanasova S, Petrovski M., | THE INFLUENCE OF ORTHODONTIC METAL | 3RD CONGRESS OF THE | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Carceva Salja S., Papakoca K., Terzieva-Petrovska O. | BANDS OR TUBES ON PERIODONTAL HEALTH STATUS | BALKAN ASSOCIATION OF ORTHODONTIC SPECIALISTS 4TH CONGRESS OF THE MACEDONIAN ORTHODONTIC SOCIETY | |
| 19 | Terzieva-Petrovska O., Papakoca K., Petrovski M., Atanasova S., Carceva Salja S. | PATIENTS PERCEPTION AND SATISFACTION FROM ORTHODONTIC MINI IMPLANTS | 3RD CONGRESS OF THE BALKAN ASSOCIATION OF ORTHODONTIC SPECIALISTS 4TH CONGRESS OF THE MACEDONIAN ORTHODONTIC SOCIETY | 2019 |
| 20 | Carceva Shalja S., Papakoca K., Atanasova S., Petrovski M. | FACIAL ORTHOPEDICS AS A TREATMENT OPTION IN CLASS III GROWING PATIENTS | 3RD CONGRESS OF THE BALKAN ASSOCIATION OF ORTHODONTIC SPECIALISTS 4TH CONGRESS OF THE MACEDONIAN ORTHODONTIC SOCIETY | 2019 |

Кандидатката има доставено и **сертификат за владеење со англиски јазик.**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Софија Царчева Шаља е избрана во соработничко звање - асистент на Катедрата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет при УКИМ во септември 2009 година.

**Со Одлука бр. 2002-97/11 од 2.4.2015 година е избрана во звање доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во наставно-**

**научната област ортодонција. Со Одлука бр. 2002-284/3 од 20.12.2018 година е избрана за наставник во звање доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во наставно-научната област ортодонција.**

**Д-р Софија Царчева Шаља е ментор на повеќе од десет дипломски теми од областа на ортодонција, како и член на комисии за одбрана на дипломски трудови, како и на магистерски трудови.**

Коментор е на магистерски труд од областа на ортодонција на Стоматолошкиот факултет при УКИМ**.**

Од доставените биографски податоци на д-р Софија Царчева Шаља се гледа дека таа учествува на голем број конгреси, курсеви и работилници од областа на стоматологијата, поточно ортодонцијата, превентивата и интерцептивата што биле одржани во Италија, Австрија, Англија, Хрватска, Шпанија, стекнувајќи се со неопходното искуство за примена на здобиените практични знаења од доменот на самолигирачките брекети, интерцептивниот ортопедски третман и лингвалната ортодонтска техника кои се применети на пациентите од Клиниката за ортодонција во Скопје. Покрај тоа, д-р Софија Царчева Шаља учествува и на други научни манифестации од областа на нејзините истражувања.

**Во последните пет години е учесник во следниот меѓународен проект:**

1. **НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРАЛНИТЕ ЗАБОЛУВАЊЕ КАЈ ДЕЦАТА ОД 0-14 ГОДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2008 ДО 2018 ГОДИНА (ISNB 978-608-4518-06-8).**

Сознанијата добиени преку мониторинг на здравјето, како и сознанијата добиени од целни и селективни студии, покажале дека состојбата на оралното здравје, а посебно состојбата на денталниот кариес е сериозен здравствен проблем кај сите возрасти на населението. Особено загрижувачка е високата преваленција на забниот кариес, ортодонтските аномалии и заболувањата на пародонтот во детска возраст.

Студијата на пресек реализирана од експертски тим определен од Министерството за здравство во 2008 година како реално мерлив индикатор и стандард определен од СЗО го пресметал КЕП-индексот (просечен број на кариозни пломбирани и екстрхирани заби) кој покажал вредност од 6.88 кај 12- годишни деца, што се смета за екстремно висок според препораките на СЗО за орално здавје (КЕП помал од 3). Авторите на националната стратегија исто така укажуваат на високата преваленција на ортодонтските аномалии (кај децата од 6

години 28.17% и 48% кај децата од 12 години) и на лошата состојба на пародонталното здравје (кај 15-годишни деца присутно гингивално крварење во 5 секстанти). Националната стратегија има за цел подобрување и унапредување на оралното здравје кај населението во Р. Македонија прку дефинирани програмски цели и стратешки области на делување.

Покрај тоа, до денот на апликацијата за Конкурсот, д-р Софија Царчева Шаља е автор на повеќе трудови публикувани во реномирани меѓународни научни списанија. Согласно со законските услови кандидатката во последните пет години објавува 7 (седум) научноистражувачки трудови и 3 (три) со импакт фактор но нејзината научноистражувачка дејност бележи почетоци уште од 2009 година, па затоа ќе се приложи евалуација на сите трудови, а посебен осврт ќе се направи на издадените во последните пет години.

Во прилог следи евалуацијата на трудовите на д-р Царчева Шаља хронолошки.

Објавени трудови во целост:

1. **Sofija Carceva Salja**, Sandra Atanasova, Influence of growth in treated Class III growing patients with face mask therapy and untreated patients. Knowledge international Journal, Vol.31, No.4. 2019, Issn 2525-4439, Issn 1857-923x,

Во трудот е направена компарација на влијанието на растот на орофацијалниот систем кај пациенти со малоклузија III класа каде што постои максиларен ретрогнатизам, кај пациенти каде што при спроведување на интерцептивен ортопедски третман и кај нетретирани пациенти со истата аномалија. Авторите на овој труд ја опишуваат малоклузија III класа како аномалија која го афектира денто-фацијалниот изглед, испитувајќи ги притоа краниофацијалните промени и меѓувиличниот однос кај пациенти со малоклузија III класа третирани со Делерова лицева маска (28 пациенти) и нетретирани пациенти (21 пациент) кои ја претставуваат контролната група, сите на просечна возраст од 9 години. Кај испитаниците биле направени телерендгенски анализи направени пред и по третманот и истите ги компарираат со резултатите добиени од кефалометриските анализи на нетретираната група на пациенти (1 година период на опсервација). Авторите на овој труд преку добиените резултати во оваа студија покажуваат антериорно поместување на максила (SNA $p<0.05$), зголемување на максиларната должина (Co-A $p<0.05$), корекција на меѓувиличниот однос (ANB $p<0.05$) кај третираната група на пациенти и влошување на аномалијата кај контолната група составена од нетретирани пациенти со малоклузија III класа кои се во фаза на активен раст. Според авторите резултатите добиени во оваа студија покажуваат дека третманот на максиларна поротракција

кај пациенти со малоклузија III класа обезбедува нехируршка алтернатива во третманот на истата, како и подобрување на психо-социјалното постоење и лицев баланс кај пациентите, што е од огромна важност во тинејџерскиот период.

Трудот има стручно и научно значење.

2. **Sofija Carceva Salja**, Sandra Atanasova, Mihajlo Petrovski. Difference in craniofacial characteristics in attractive male and female faces. Knowledge international Journal, Vol.31, No.4. 2019, Issn 2525-4439, Issn 1857-923x,

Авторите во овој труд даваат осврт на човековото лице кое отсекогаш побудувало голем интерес и било предмет на многу испитувања, објаснувајќи ги различните лицеви агли и линеарни мерења кои се користат во ортодонцијата претставувајќи одличен водич во планирањето на ортодонтскиот третман, како и во планирањето на хируршки корекции онаму каде што се потребни за постигнување на лицев баланс. Во овој труд се испитува влијанието на полот врз краниофацијалните карактеристики кај привлечни машки и женски лица, преку одредување на сагиталениот виличен однос, профилниот конвекситет и вертикалниот виличен однос кај 54 атрактивни индивидуи (18 од машки пол и 36 од женски пол) на возраст од 18 до 25 годишна возраст. Авторите преку добиените резултатите од извршените анализи укажуваат на фактот дека кај атрактивните машки индивидуи постои поантериорна поставеност на мандибулата со проминенција на брадата ($p<0.001$ za SNB i $p<0.05$ za SNPg), додека кај атрактивните женски индивидуи постои поконвексен профил (NSPg $p<0.001$ и NsSnPgs $p<0.001$), што од своја страна го потврдува постоењето на разлики во краниофацијалните карактеристики помеѓу атрактивните машки и женски лица.

Трудот има стручно и научно значење.

3. Atanasova,Sandra and **Carceva-Salja, Sofija** and Proseva, Ljubica (2019) <u>*Indications for molar extraction during orthodontic treatment.*</u> Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439,

Третманот со екстракција на моларите е посложен, бидејќи просторот кој е потребно да биде затворен е поголем од премоларните простори и времето на лекување ќе биде подолго. Меѓутоа во случаите каде што има недостаток на простор, протрузија на забите или пак асметрија на денталниот лак и е индицирана екстракцијата на трајни заби, оштетените молари треба да бидат прва опција за екстракција кога премоларите се во подобра состојба, односно имаме здрави премолари. Авторите во оваа ревијална студија го објаснуваат значењето на третите молари, односно нивната афектираност во тек на ортодонтска терапија. Екстакцијата на третиот молар од ортодонтски причини е оправдана кога тој ја спречува ерупцијата на

вториот молар или на друг начин влијае на соседните заби. Индикациите за екстракција и избор на заби кои треба да се извадат зависат од специфичните аспекти на малокузијата. Премоларите се забите кои обично се екстрахираат од ортодонтски причини, меѓутоа тоа не е правило и зависи од индивидуалните потреби за третман. Одлуката за коригирање на малоклузијата со екстракција на забите треба да се базира на односот на големината на денталниот лак со големината на забите, изгледот на лицето и други фактори кои произлегуваат од дијагнозата. Со преглед на литература авторите ги издвоиле најчестите индикации за екстракција на третите молари во текот на ортодонтскиот третман, збиеност во пределот на инцизивите во долната вилица, потоа како индикација се спомнува и доколку тие на некој начин претставуваат препрека за спроведување на третманот, како и при примена на ортогнатна хирургија.

Трудот има стручно и научно значење.

4. *Radeska – Panovska A., Jankulovska M., Gjorgievska E., Carcheva – Shalja S.***Application of iotn and dai indices for assessment in need of orthodontic treatment.**Macedonian Dental Review. ISSN 2545-4757, 2019; 42 (1-2): 54-59

Авторите во овој труд го прикажуваат значењето на убавата и избалансирана насмевка зад чие барање и свесност кај пациентите стојат модерните и високи естетски стандарди кои се наметнуваат во денешно време. Поради сè почесто барање на пациентите за подобрување на нивната насмевка во секојдневната клиничка пракса терапевтите се соочуваат со високи естетски барања на пациентите од една страна и функционалната рамнотежа на целиот фацијален дел од друга страна. Преку ова истражување авторите го покажуваат самооценувањето на испитаниците во построги рамки и критериуми во однос на добиениот објективен наод, при што се потврди позитивна корелација помеѓу DH IOTN и DAI индексот, но исто така се покажа дека степенот на малоклузија оценет со DH компонентата од ITON не колерира со степенот на самооценување на испитаниците преку AC (естетска) компонента од ITON. Важен сегмент во самооценувањето на испитаниците за нивната „ортодонтска аномалија“ беше образованието на родителите.

Трудот има стручно и научно значење.

5. Mihajlo Petrovski , Olivera Terzieva - Petrovska, **Sofija Caceva-Salja**, Ivana Ristova, DENTAL MEDICINE STUDENTS AND THE USAGE OF ADDITIONAL SUPPLEMENTS FOR BETTER ORAL HYGIENE, British Journal Of Medical and Health Research, 2018, ISSN 2394-2967 со Impact factor 1.7;

Во трудот е направена презентација на употребата на дополнителните средства за одржување на оралната хигиена од страна на студентите по дентална медицина. Истражувањето ги опфатило сите студенти на дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. За реализација на поставената цел авторите користеле соодветно изработен прашалник. Резултатите покажале дека 74,25% од студентите користеле дополнителни средства. Најмногу од нив 66,26% забен конец, 16,12% интердентални четки, а само 8,2% нивна комбинација. 67,64% од испитаните студенти користеле водички за плакнење на устата. Според авторите ваквиот висок процент има двоен бенефит, и за оралното здравје на студентите и за понатамошниот ефект за пренесување на знаењата од страна на студентите.

Трудот има стручно и научно значење.

6. Atanasova, Sandra and Carceva Salja, Sofija and Naskova, Sanja and Zarkova-Atanasova, Julija and Proseva, Ljubica (2018) *Oral hygiene behavior during treatment with fixed orthodontic appliances.* IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 17 (11). ISSN 2279-0853

Одржувањето на добра орална хигиена со редукција на присуството на дентален плак во устата претставува важен дел за оралното здравје на пациентот, особено кај пациенти со ортодонтски третман. Авторите во оваа студија вклучиле 102 пациенти кои биле третирани со фиксни протези. Врз основа на прашалник кој бил пополнет од страна на пациентите авторите дошле до следниве резултати: 65.68% од пациентите ги четкале забите двапати на ден, најголем дел од нив користеле ортодонтска четка за заби (68.63%) и паста за заби со флуориди (78.43%). Интерденталните четки биле користени кај 33.33% од пациентите и 81.37% од нив користеле водички за испирање. Редовната употреба на денталниот конец била 7.84%. Инструкции за правилно одржување на хигиена се неопходни во текот на целиот третман и пациентите треба да бидат едуцирани и мотивирани за одржување на својата орална хигиена на високо ниво.

Трудот има стручно и научно значење.

7. Jusifi G, Petrovska J, Kanurkova L, Cekovska S**, Carceva – Shalja S**, Xhelili A, Jusufi O, Lazarevska B, Jankulovska M. Salivary fluride concentration during orthodontic treatment using two types of adhesives. Macedonia dental review. 2018, Issn 2545-4757

Оралната хигиена кај пациенти кои носат фиксни ортодонтски апарати претставува обврска а воедно и предизвик, бидејќи брекетите и прстените кои се користат во фиксната

ортодонтска техника претставуваат ретејнери на дентален плак и го зголемуваат ризикот од деминерализација на емајловата површина на забот. Авторите во овој труд ја мерат концентрацијата на флуориди во плунката кај пациенти кои се во активен ортодонтски третман со метални брекети со користење на два ортодонтски адхезиви - композитни и смолести модифицирани глас-јономер цементи. Преку резултатите во оваа студија тие покажуваат дека пациентите кај кои е користен смолесто модифициран глас-јономерен атхезив го ослободува флуоридот еден ден по поврзувањето на протезите, додека кај пациентите со композитен адхезив постои бавно намалување на концентрацијата на флуориди.

Трудот има стручно и научно значење.

8. Getova Biljana, Pavlevska Meri, **Sofija Carceva Shalja**, Prevalence of first Permanent Molar Caries Among Children at Age 12 in Republic of Macedonia, Research Journal of Pharmaceutical, Biological and Chemical Sciences, September-October 2018 ISSN: 0975-8585,

Авторите во овој труд го дефинираат денталниот кариес како една од најпревалентните хронични болести, која најчесто ги афектира првите перманентни молари првенствено поради нивната морфологија и функционални карактеристики. Тие преку користење на DMFT индексот (препорачан од СЗО) ја одредуваат состојбата на првите трајни молари кај децата на 12-годишна возраст во Република Македонија кај кои се спроведени превентивни мерки регулирани преку Националната превентивна стратегија. Авторите на овој труд преку добиентите резултати покажуваат намалување на DMFT индексот кај децата родени во периодот на 2002-2004 година, кој оди во прилог на тоа дека континуираното спроведување на превентивните мерки содржани во Националната стратегија влијае на подобрувањето на оралното и денталното здравје кај децата, а воедно и на овозможување на правилен раст и развој на нормална оклузија.

Трудот има стручно и научно значење.

9. Petrovski Mihajlo, KovacevskaIvona, Terzieva-Petrovska, Olivera, Papakoca, Kiro, Minovska, Ana, Sofija Carceva Salja, ORAL HEALTH ASSESSMENT AMONG ELDERLY IN LONG TERM RESICENCE, Knowledge international Journal, 2018

Во трудот е направена проценка на оралното здравје кај долготрајно институционализирани стари лица. Со оглед на лошото орално и дентално здравје кај старите лица сместени во центрите за долготрајно згрижување, формирана е и целта на ова истражување - да се утврдат различните состојби на оралното здравје и хигиена кај претходно

дефинираната популациона група. За реализација на претходно поставената цел, авторите направиле истражување во пензионерскиот дом „Зафир Сајто“ во Куманово, кое опфатило вкупно 40 испитаници на возраст над 60 години, кои се згрижени во овој дом подолго од една година. Забележано е дека доминираат лицата кои поседуваат помалку од пет заби и тоа со 90% од испитаниците. Кај повеќе од две-третини од испитаниците (поточно 67,5%) отсуствувало какво било протетско помагало и покрај негова потреба, што лесно може да се процени преку просечниот број на преостанати заби меѓу испитаниците. 62.5% од испитаниците укажале дека не одржуваат орална хигиена. Авторите заклучиле дека врз основа на лошото орално здравје и хигиена кај овие лица претставено преку губиток на голем број заби, отсуство на протетски помагала и голема количина на дентален плак неминовно се наметнува потребата од создавање на протокол за подобрување на оралното здравје кај старите лица сместени во установи за долготрајно згрижување.

Трудот има стручно и научно значење.

10. Sofija Carceva Salja, REDUCTION OF DMFT INDEX AFTER IMPLAMENTATITON OF THE NATIONAL STRATEGY FOR PREVENTION OF ORAL DISEASES OF CHILDREN AGED 0-14 YEARS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA FROM 2008 - 2018, Knowledge international Journal, 2018;

Авторите во овој труд го нагласуваат негативниот импакт од предвременото губење на млечните и перманентните заби, особено моларите што може да доведе до нарушување на нормалниот раст и развој на денталните лакови и дентофацијалните структури. Поради овие причини, како и поради високиот ДМФТ индекс од 6.88, „Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0-14 год. во РМ 2008-2018“ е изработена и покрај повеќето примарни превентивни мерки особен приоритет е даден на залевањето на јамичките и фисурите на првите перманентни молари. По десетгодишна имплементација на овие мерки авторите ја прикажуваат евалуацијата која покажува импресивни резултати - намалување на ДМФТ индексот (од 6.88 на 1.93). Авторите на овој труд укажуваат на значењето на примарните превентивни мерки од националната стратегија, главно поддржани од голем број на меѓународни студии кои покажуваат ефективност во превенција на забниот кариес и последователното орално здравје кај младата популација.

Трудот има стручно и научно значење.

**11.** Alexander Spassov, Bernard Braun, Sofija Carceva-Salja, Hartmut Bettin & Dragan Pavlovic, Decision aids against overuse of orthodontic services Journal of Orthodontics 2017, ISSN: 1465-3125 (Print) 1465-3133 (Online)

Авторите на оваа студија го прикажуваат огромното значење на развојот на FADA (First appliance decision aid) во подобрување на квалитетот на ортодонтската грижа, а воедно и можноста да се зајакне автономијата на пациентот која претставува фундамент за биоетиката и професионалната етика. Како заклучок се осврнуваат на фактот дека во ортодонцијата и ортодонтската грижа, каде што можноста за недоволна информираност и последователен прекумерен третман се многу честа појава, FADA може да претставува многу вредна стратегија за надминување на овие проблеми кои може да доведат до непотребно оптоварување и финансиски трошоци на пациентите и општеството.

Што се однесува до **постер презентациите**, рецензиите за истите се:

12. **Carceva-Salja, Sofija** and Papakoca, Kiro and Jusufi Gazmend(2018)*Maxillary response after facial orthopedic treatment in Class III patients in early and late mixed dentition* In: Sofia Dental Meeting 2018, 27-30 Sept 2018, Sofia, Bulgaria (постер презентација)

Менаџирањето на третманот на оваа скелетна аномалија и денес продолжува да претставува огромен предизвик за ортодонтите, првенствено поради можноста за модификација на растот на вилиците, како и поради генетската индуцираност на оваа аномалија. Од овие причини, авторите во овој труд си поставуваат за цел да испитаат кога и колку рано треба да се започне со третман на малоклузија III класа? Одговорот на ова прашање е поврзан со многу контроверзии, кои од една страна ја прикажуваат ползата од рано започнатиот третман, додека, од друга страна, ги прикажуваат недостатоците на третманот кој понекогаш може да биде многу долг и со неочекувани резултати во поглед на естетиката на лицето. Преку добиените резултати во оваа студија авторите сугерираат дека најдобро време за започнување на третман на максиларната протракција кај пациенти со малоклузија III класа е периодот на рана мешовита дентиција.

13. Getova Biljana, Getov Gjorgi, Javevska Sevdalina, Pavlevska Meri, Carceva Shalja Sofija, *Retention of a glass ionomer used a fissure sealant on the first permanent molars* Abstracts Book, 24th Congress of Balkan Stomatological Society, 2019, ISSN 2308-5290

Во оваа студија авторите го нагласуваат значењето на првите трајни молари во функцијата на стоматогнатиот систем, како и во правилниот раст и развој на нормалната оклузија. Залевањето на оклузалните јамички и фисури е докажан метод за превенција на

појава на оклузален кариес. Додека ретенцијата на залевачот е есенцијална за неговата ефикасност. Авторите преку оваа студија ја испитуваат ретенцијата на глас јономерите кои се користат како залевчи на оклузалните јамички и фисури на првите трајни молари.

14. Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Minovska, Ana and Kovacevska, Ivona and **Carceva-Salja, Sofija** (2019) *Laser application on periodontal therapy-evaluation of patients' knowledge and acceptance.* In: 24th BASS Congress, 9-11 May 2019, Tirana, Albania.

Прекуанкета, авторите на овој труд се обиделе да направат проценка на знаењето на пациените во однос на употребата на ласерската светлина во пародонталниот третман. Во анкетата учествувале 96 испитаници. Над 75% од испитаниците немале никакво познавање за можностите на ласерот во третманот на пародонтопатијата. Очекувано најголем број на информации за третманот со ласер потекнувале од интернет. Место заклучок авторите дале предлог за зголемен трансфер на информации до пациентите за бенефитите во користењето на ласерската светлина во третманот на пародонтопатијата.

15. Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija and Naskova, Sanja and Longurova, Natasa and Toneva, Verica (2019) Orthodontic treatment in adult patients. In: 24 th BaSS Congress, 9-11 May 2019, Tirana, Albania.

Во оваа студија авторите вклучиле 22 возрасни пациенти. Главната цел на оваа студија била да се утврдат причините за ортодонтски третман кај возрасни пациенти која всушност во најголем процент била неправилната положба на забите (36.4%). Исто така, била евалуирана и причината за одбивање на индикациите за овој третман во млада возраст, каде што најголем процент (59. 1%) ги одбиле иницијалните индикации поради долгиот временски период на овој третман.

16. Ristova I., Spassov A., **Carceva Salja S.**, PROVISION OF ORTHODONTIC SERVICES IN THE PUBLIC HEALTH CARE SYSTEMS OF MACEDONIA AND CROATIA, 3RD CONGRESS OF THE BALKAN ASSOCIATION OF ORTHODONTIC SPECIALISTS 4TH CONGRESS OF THE MACEDONIAN ORTHODONTIC SOCIETY, 2019

Авторите на трудот имаа за цел да го анализираат и споредат овозможувањето на ортодонтските услуги во јавните здравствени системи во Република Македонија и Република Хрватска, и тоа пристапот за третман, контролата на квалитетот и методите на плаќање. По

извршените анализи, пред сè на регулаторната рамка регулирајќи ја одредбата на ортодонтските услуги во јавното здравство, и исто така размената на информации со одлучувачките лица со цел подобро да се разбере регулаторната рамка, авторите заклучуваат: и во двете земји, Македонија и Хрватска, бесплатен третман со ортодонтски услуги добиваат лицата до 18-годишна возраст, со таа разлика што во Македонија одлуката за третман ортодонтот ја носи врз база на субјективни критериуми, додека во Хрватска, само врз база на докажан индекс на ортодонтски третман граде 4 или 5. И во двете земји, бесплатен третман следува само за основниот пакет на ортодонтска услуга. Недостатокот на инструменти за контрола на квалитетот на услугите е детерминиран во двете земји.

17. Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and **Carceva-Salja, Sofija** and Atanasova, Sandra and Papakoca, Kiro (2019) *Periodontal indexes among patients with orthodontic retainers.* In: 3rd Congress of BAOS & 4th Congress of MOS, 12-15 Sept 2019, Ohrid, North Macedonia.

Главната цел на ова истражување е да се направи проценка на пародонталното здравје преку користење на пародонталните индекси кај пациенти носители на ретеинери. Користени се гингивалнен индекс, пародонтален индекс, одредувано е присуството на рецесијата и мерена е длабочината на пародонталните џебови во моментот на поставување и по дванаесет месеци. Од резулатите може да се забележи дека постои зголемување на сите индекси, со тоа што зголемувањето е сигнификантно само за плак индексот. Зголемување на димензиите на гинивалната рецесија кај овие пациенти на е забележано.

18. Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo and **Carceva-Salja,** Sofija and Papakoca, Kiro and Terzieva-Petrovska, Olivera (2019) *The influence of orthodontic metal bands or tubes on periodontal health status.* In: 3rd Congress of BAOS & 4th Congress of MOS, 12-15 Sept 2019, Ohrid, North Macedonia.

Главната цел на оваа студија била да се утврдат промените кои настануваат на пародонтот по поставувањето на ортодонтските метални прстени и туби. Добиените резултати покажале зголемено присуство на крварење при сондирање, три месеци по поставувањето на металните прстени, додека пак во однос на длабочината на пародонталниот простор нема значајни промени кај двете групи на испитаници на почетокот и 3 месеци по третманот.

19. Terzieva-Petrovska, Olivera and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Atanasova, Sandra and **Carceva-Salja, Sofija** (2019) *Patients perception and satisfaction from orthodontic mini implants.* In: 3rd Congress of BAOS & 4th Congress of MOS, 12-15 Sept 2019, Ohrid, North Macedonia.

Авторите со желба да дадат придонес во одредувањето на перцепцијата и задоволството на пациените кај кои се користат имплантите направиле истражување кое вклучило вкупно 12 испитаници. Според резултатите забележано е дека најчести компликации поврзани со носењето на миниимплантите е присуството на болка, отежната орална хигиена и дискомфорт. Врз основа на истражувањето забележано е дека не постојат значителни негативни последици од употребата на миниимплантите.

20. *Carceva Shalja S., Papakoca K., Atanasova S., Petrovski* M. FACIAL ORTHOPEDICS AS A TREATMENT OPTION IN CLASS III GROWING PATIENTS 3RD CONGRESS OF THE BALKAN ASSOCIATION OF ORTHODONTIC SPECIALISTS 4TH CONGRESS OF THE MACEDONIAN ORTHODONTIC SOCIETY 2019

Модификацијата на растот на вилиците и лицевите коски во склоп на интерцептивната лицева ортопедија сè уште претставува прашање на многу контраверзии и дебати. Авторите во овој труд го покажуваат ефектот на ортопедска максиларна протракција кај пациенти со малоклузија III класа при што врз основа на добиените резултати заклучуваат дека кај пациентите со малоклузија III класа постои огромна мотивација за ортодонтски третман, бидејќи нивниот денто-фацијален изглед девира од општествено културните норми. Тие нагласуваат дека важна улога во прифаќањето на овој вид на третман на модификација на лицевиот раст е обезбедување на нехируршка алтернатива во третманот и подобрување на психо-социјалното постоење и изглед кај пациентите во најосетливиот период во животот, во периодот на пубертетот.

Д-р Софија Царчева Шаља е автор и коавтор и на други трудови кои меѓу кои:

1. **S. Carceva Salja.** Карактеристики на лицевиот профил кај атрактивни женски лица со нормална оклузија, *Македонски стоматолошки преглед,* Година XXXII бр.1-2 ISSN 0350-8129

   **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ број 143 од март 2015 г.**
2. **Carceva Salja.**Сагитални промени при ортопеска максиларна протракција кај пациенти со малоклузија III класа и максиларен ретрогнатизам, *Македонски стоматолошки преглед*, Година XXXII бр.1-2 ISSN 0350-8129-

   **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ број 143 од март 2015 г.**

3. **S.Carceva Salja.** Влијание на половиот диморфизам врз атрактивноста на изгледот кај машки и женски индивидуи. *Стоматолошки преглед*. Година XXXIV бр3-4, 2010 ISSN 0350-8129

   **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ број 143 од март 2015 г.**

4. **S.CarcevaSalja** Differences in sagital jaw relationship and profile convexity between attractive and nonattractive male faces *Apolonia*No26 Noemvri 2011 ISSN1857-60

   **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ број 143 од март 2015 г.**

5. O.Sarakinova, M.Carcev, B.Getova, **S.Carceva Salja,** S.Janevska. National strategy for prevention of oral diseases in children from 0 to 14 years old age in Republic of Macedonia for the period 2008-2018.MANU CONTRIBUTIONS.Sec.Med.Sci.,XXXIV 2,2013 ISSN 0351-3254

   **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ број 143 од март 2015 г.**

6. M.Carcev, B.Getova, O. Sarakinova, H.Petanovski, **S.Carceva –Salja** Sealing of Fissures and Pits of First Permanent Molar at Children with High Caries Risk. Balkan Journal of Stomatology Volume 16 No 3 November 2012 ISSN 1107-1141

   **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ број 143 од март 2015 г.**

7. **S.Carceva Salja.**Profile convexity changes after maxillary protraction therapy in patients with Class III mallocclusion.Balkan Journal of Dental Medicine Vol .17 No1 March 2013 ISSN 1107-1141

   **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ број 143 од март 2015 г.**

**Д-р Софија Царчева Шаља** е **автор на „Ортопедија на заби и вилици-скрипта“ и „Ортопедија на заби и вилици – практикум“** чии ракописи кои со одлуки на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се прифататени (Одлука бр. 2002-157/11 од 27.08.2019 и Одлука бр. 2002-157/10 од 27.8.2019).

Д-р Софија Царчева Шаља учествува и на голем број конгреси и научни манифестации, каде што презентира 19 трудови во вид на усни предавања или постер презентации. Насловите на трудовите се дадени во следната листа:

**Листа на трудови презентирани на конференции, симпозиуми**

1. Gjorgova J., Simonovski N., Raptis T., Carceva-Salja S. „TREATMENT OF REMINERALISATION DURING AND AFTER THE OTHODONTIC TREATMENT", have acitve participation on the 11 th Congress of the Bass, Sarajevo, May 11-14, 2006 (постер презентација)
2. Rare case of hyperodontic molars- Gavrilovic I; **Carceva-Salja S;**Simonovski N-11 Congerss of the BaSS, Sarajevo 2006 (Abstract Book 87) (постер презентација)
3. Craniofacial Morfology in children with transverse discrepancy- L.Kanurkova; N.Tosevska; N.Simonovski, **S. Carceva-Salja**, A. Redzepi- 82 Congress of the Europian orthodontic society, Viena 2006 (Abstract book, 131) (постер презентација)
4. Ортодонтско хируршки третман кај пациенти со билатерален расцеп. Царчева Шаља С, Ѓоргова Ј, Кануркова Л, Ристова В, Гаврилович И- IV конгрс на стоматолозите од Македонија (Зборник на апстракти), Охрид, Македонија, 2006-29 (постер презентација)
5. Dentoalveolar changes in Patients with Class II division 1 and ClassII division 2 malocclusion- I.Gavrilovic; J.Gjorgova; **S.Carceva-Salja**; N.Simonovski – 12 Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, Turkiye 2007- (усна презентација)
6. Characteristics of the mandibular morphology (gonial angle) assosiated with vertical disorders- B.Bogdanovska; S.Bogdanovski; I.Gavrilovic; **S. Carceva- Salja**- 12 Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, Turkiye 2007(Abstract book 145)-(постер презентација)
7. Characteristics of craniofacial morphology in atractive females with normal occlusion- **S.C.Salja**; I.Gavrilovic, B.Bogdanovska- 13 Congress of BaSS, Limassol, 1-4 May 2008 (Abstract book 065) - (усна презентација)
8. Lip position and profile convexity in attractive Macedonian females with normal occlusion. **Царчева Шаља С**, Ѓоргова Ј, Гаврилович И, Богдановска Б. Прв ортодонтски македонски конрес 2009 (постер презентација)
9. Carceva-Salja S. Sagittal jaw relationship and profile preferences among Macedonian adolescents. S.Carceva-Salja. 2nd International Congres of Wholealbanian Stomatology 20-22 October 2011 Kosovo (усна презентација)

**10.** Sali F,Muratovska I,Daci A**, Carceva- Shalja S**, Najdenovska S,Petrusevska M. Bringing Impakted Secondary Mandibular Premolars in Occlusion18th Congres of the Balcan Stomatological Society (BaSS) Skopje,25-28 April 2013 (STRANA 340, poster 274) (постер презентација)

**11.** Treatment effect on antero-posterior jaw relationship after maxillary protraction therapy in patients with Class III malocclusion.**S.Carceva-Salja** 2nd International Congres of Croation Society in Orthodontics, Zareb 24-27 September, 2014. SEJODR Vol.1 No1 Page 30. 2014 ISSN:1849-5249 **-** (усна презентација)

Трудови презентирани на **конгреси конференции и симпозиуми** од други интердисциплинарни области во стоматологијата:

1. Carceva-Salja Sofija. Gjorgova Julijana, Simonovski Nenad, Irena Gavrilovic, „EFFECTS OF CHEWING GUM ON PLAQUE ACCUMULATION AND INDEX OF GINGIVAL BLEEDING IN ORTHODONTIC PATIENTS, have active participation during the 12 th Congress of the Bass, Istanbul, Turkiye 12-14 april 2007 (усна презентација)

2. B Getova, M Carcev,**S Carceva- Shalja**,S Janevska, O Sarakinova.National strategy for oral preventivention among children in Republik of Macedonia.International Conference of Asian Academy of Preventtive Dentistrry, Ulaanbaater, Mongolia, Septembar 14-16, 2012 (постер презентација)

**3.** **Carceva S**,Carcev M, Getova B, Sarakinova O,Petanovski H. Pit and fissure sealing of first molars in sikx year olds-prevention of tooth decay in the Republic of Macedonia.Addressing Common Challenges in Europe: Pan European Working in Suport of Oral Health, London 15-18 November 2012 (усна презентација)

**4.** Getova B,Carcev M, Pavlevska M, Janevska S, **Carceva –Shalja S**. First Permanent Molars condition in Children at age 8 in SoutEstern Region in RM. 18thCongres of the BalcanStomatological Society(BaSS)Skopje,25-28 April 2013 (постер презентација)

5. Д-р Sofija Carceva Salja, „ORAL HEALTH ASSESSMENT AMONG ELDERLY IN LONG TERM RESICENCE", 18 th international scientific conference The power of knowledge, AgiaTriada, Greece, september 27-29 2018

6. Д-рSofijaCarcevaSalja, „REDUCTION OF DMFT INDEX AFTER IMPLAMENTATITON OF THE NATIONAL STRATEGY FOR PREVENTION OF ORAL DISEASES OF CHILDREN AGED 0-14 YEARS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA FROM 2008 - 2018", in knowledge international Journal Vol.26, with Global Impact factor 1.322 (2016), AgiaTriada, Greece, september 27-29 2018(имало и презентација на истиот) (усна

презентација)

7. Papakoca, Kiro and Carceva-Salja, Sofija and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Minovska, Ana and Kovacevska, Ivona (2018) *Patients' knowledge about dental implants as an option in replacing missing teeth.* In: Sofia Dental Meeting 2018, 27-30 Sept 2018, Sofia, Bulgaria (постер презентација)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Софија Царчева Шаља е член е на повеќе здруженија и тоа: European Association of Dental Public Health (EADPH), Македонско стоматолошко друштво, Македонско ортодонтско друштво, Стоматолошка комора на Македонија.

Во февруари 2009 година има престој и професионален ангажман на Клиниката за ортодонција BERNHARD GOTTLIEB UNIVERSITY CLINIC OF DENTISTRY во Виена, Австрија, кај проф. Hans-Peter Bantleon. Ангажманот се однесува на следното: техники и достигнување во полето на ортодонцијата, што се однесуваат на микроимплантите во ортодонцијата и техниката на работа со самолигирачки брекети како ипримената на интерцептивниот ортопедски третман кај малоклузија III класа.

Д-р Софија Царчева Шаља во ноември 2012 година учествува во работата на Пан-европскиот собир за поддршка на оралното здравје во Лондон (BASCD/EADPH Scientific Meeting), при што заедно со уште 5 учесници на конгресот од други европски земји добива награда од организаторот.

Трудот на д-р Софија Царчева Шаља со наслов „PROFILE CONVEXITY CHANGES AFTER MAXILARY PROTRACTION THERAPY IN PATIENTS WITH CLASS III MALOCCLUSION" испечатен во Balcan Journal of Stomatology 2013 год. го привлекува вниманието на познатиот светски издавач Lambert Accademy, при што нуди соработка што ќе финализира со издавање на книга поврзана со темата на нејзината докторска дисертација.

Посебни достигнувања кои д-р Софија Царчева Шаља ги постигнува во својот образовен процес се прогласување за првенец на генерацијата дипломирани студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (најдобар студент во генерацијата) и доделување на диплома за најдобар студент во учебната 2001/2002 година доделена од Македонското лекарско друштво.

Д-р Софија Царчева Шаља е коавтор на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата од 0 до 14-годишна возраст во Република Македонија за период 2018 - 2028 година, Министерство за здравство – Сектор за стоматолошка здравствена

заштита. Исто така се јавува како Коавтор на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата од 0-14-годишна возраст во Република Македонија за период 2008-2018. – Министерство за здравство – Сектор за стоматолошка здравствена заштита.

Кандидатката ги исполнува условите за ментор и истата работи со кандидатите-специјализанти пријавени на Конкурсот од УГД за специјализација во областа.

Д-р Софија Царчева Шаља во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност придонесува со учество на следните курсеви од областа:

1. Certificate, d-r Sofija Carceva Salja, „ORAL HEALTH ASSESSMENT AMONG ELDERLY IN LONG TERM RESICENCE", 18 th international scientific conference The power of knowledge, Agia Triada, Greece, september 27-29 2018
2. Certificate, d-r Sofija Carceva Salja, „REDUCTION OF DMFT INDEX AFTER IMPLAMENTATITON OF THE NATIONAL STRATEGY FOR PREVENTION OF ORAL DISEASES OF CHILDREN AGED 0-14 YEARS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA FROM 2008 - 2018", in knowledge international Journal Vol.26, with Global Impact factor 1.322 (2016), Agia Triada, Greece, september 27-29 2018
3. Certificate, d-r Sofija Carceva Salja, the poster presentation session, „MAXILLARY RESPONSE AFTER FACIAL ORTHOPEDIC TRETMENT IN CLASS III PATIENTS IN EARLY AND LATE MIXED DENTITION", at the 11th international „Sofia dental meeting", 27 th-30th september 2018, Sofia, Bulgaria
4. „2D LINGUAL ORTHODONTICS COURSE", Speaker Dr Vittorio Cacciafesta, Foresta dent german precision in orthodonitics, Skopje, 27-28.04.2018
5. „LESSONS LEARNED CLINICAL EFFICIENCY", Barcelona, Spain 22-23 september 2017
6. „ORTHODONTIC TECHNIGUES AND PROTOCOLS APPLICABLE IN YOUR OFFICE", Organized by BCNOrtho, 20-21 march 2015
7. Forestadent practical two day course"Biomechanics in orthodontics" conducted by dr Vittorio Cacciafesta, 7-8 Март 2014
8. „THE BORDERLINE CASE: WHAT WOULD YOU DO?, Organized by BCNOrtho, AXA Auditorium, Barcelona, Spain, 12-13 april 2013
9. Forestadent Course for lingual self legating technique in orthodontics conducted by dr Vittorio Cacciafesta, 2012
10. Forestadent Course „Changes in the treatment mechanics by the implementation of modern brackets designes, conducted by dr Vittorio Cacciafesta, 30-31 март 2012
11. Ormco Course „Getting to grips With the Damon Philosophy by Dr Pieter Van HeerdenBChD, MChD 2011
12. DAMON SYSTEM "Passiv self-ligating orthodontics" – Dr.Dwight Damon, DDS, MSD, 29.04-01.05.2011 Дубровник, Хрватска
13. Typodont Course „Straight Arch Wire Technique I" naDentaurum, Ноември 2004

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од изнесените податоци за кандидатот д-р Софија Царчева Шаља Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката **ги исполнува условите за избор во вонреден професор предвидени во Законот за високо образование.** Д-р Софија Царчева Шаља со својата досегашна посветеност на образованието и науката, како **доцент од областа ортодонција,** покажа дека станува збор за квалитетна, трудољубива и одговорна личност која покажува интерес за сопствено надградување и усовршување, а во име на придонес во образовниот процес. Кандидатката дава особен придонес во научноистражувачкиот процес и наставно-образовниот процес преку целокупниот свој ангажман. Континуиранато вложување во сопственото образование и надградување го покажува преку континуиран процес на надградување и постигнување на научноистражувачки резултати.

Истото се потврдува со **просечната оценка на завршените додипломски студии на Стоматолошкиот факултет при УКИМ 9.97, просечната оценка на завршените постдипломски студии 10.00** и со одбраната на докторски труд со што се стекнува со научен степен **доктор на стоматолошки науки** во област во која се надградува од почетокот на нејзиниот ангажман во високото образование. Нејзината научноистражувачка работа е од областа на ортодонцијата и е главно фокусирана на интерцептивната ортодонција (ортопедската максиларна протракција) кај пациенти со малоклузија III класа и лицевата естетика. Покрај тоа, кандидатката има дадено значаен придонес во дефинирањето на клиничкиот протокол за одредување на оптималното време на започнување на ортодонтско ортопедски третман кај пациентите со малоклузија III класа, што е усогласен со ставовите на повеќето водечки светски авторитети од областа на ортодонцијата.

Д-р Софија Царчева Шаља објавила **најмалку 5 (пет) научноистражувачки трудови во меѓународни списанија**. Исто така, има објавено две рецензирани скрипта и практикум од соодветната област.

Учествувала во повеќе научноистражувачки проекти, како и значајни достигнувања во примената на научноистражувачки резултати.

Д-р Софија Царчева Шаља има особен придонес во оспособувањето ја помлади наставници, како и несебичното вложување во изведување на разни видови на високообразовна дејност.

Д-р Софија Царчева Шаља е исклучително талентиран специјалист и научен работник од областа на ортодонцијата. Според евалуираните параметри, кандидатката има 195 поени од сите активности што се бодуваат според Правилникот на УГД (НО+НИ+САОР).

Врз основа на претходно изнесеното, во согласност со распишаниот Конкурс, а во врска со условите за избор предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, како и според целата приложена документација, може да се констатира дека кандидатката д-р Софија Царчева Шаља ги исполнува формалните и суштинските критериуми и го надминува потребниот квантум за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

На крајот, Рецезентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, **согласно со позитивните прописи да ја избере д-р Софија Царчева Шаља во звање вонреден професор во наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор,

претседател, с.р.

Д-р Лидија Кануркова, редовен професор,

член, с.р.

Д-р Ана Миновска, редовен професор,

член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА**

**д-р Софија Царчева Шаља**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| 1. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1. | **Учесник во научен проект во земјава** | 1 | 5 | | | **5** |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Трудови со број:1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 | 2 x 3 | 6 | 3x9<br>1x6<br>5x3 | 27<br>6<br>15 | 54 |
| 3. | Студиски престој во странство | | | | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **67** |
| | | | | | | |
| **Р. Бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1. | **Скрипта** | 2 | 20 | | | **40** |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>Постер презентација во земјава 16,17,18,19, 20<br>Постер презентација во странство 12, 13,14,15, | 5 x 1 | 1 | 4 x1.5 | 9 | 10 |
| 3. | **Стручни награди и признанија**<br>**-кандидатката е добитник на две домашни стипендии и на една интернационална стипендија** | 2x4 | 8 | 1 | 8 | **16** |
| 4. | **Член на факултетски орган, комисија** | 12 | 2 | | | **24** |
| 5. | **Член е на European Association of** | 4 | 2 | | | **8** |
| | **Dental Public Health (EADPH), Македонско стоматолошко друштво, Македонско ортодонтско друштво, Стоматолошка комора на Македонија** | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **98** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО, НИ, САОР)** | | | | | **195 поени** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-204/11 од 29.10.2019 година донесена на 232. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 29.10.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за научната област *молекуларна биологија* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- **д-р Дарко Бошнаковски**, редовен професор за наставно-научната област молекуларна биологија и фармакогенетика, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- **д-р Невенка Величкова**, вонреден професор за наставно-научната област цитологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- **д-р Бистра Ангеловска**, редовен професор за наставно-научната област социјална фармација и фармацевтска технологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- м-р Дијана Мицева, стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Дијана Мицева** е родена на 19.2.1992 година во Штип. Завршува основно образование во ОУ „Димитар Влахов“ во Штип и средно во ДСМУ „Јане Сандански“ во Штип од 2006 до 2010 година, како фармацевтски техничар со одличен успех (5,00).

Од 2010 до 2015 година студира на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Фармација, каде што дипломира во 2015 година стекнувајќи се со академско звање м-р по фармација, со просечен успех 9,44 и освоени 300 кредити со дипломскиот труд со наслов „Фармакоекономска евалуација на антибактериските лекови во постоперативен третман на ортопедија". По полагањето на стручниот, државен испит во Фармацевтската комора на Македонија, се стекнува со активна лиценца за работа од 15.11.2016 година. Активно го познава англискиот јазик.

Во септември 2019 година се запишува на специјализација фармацевтска технологија на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Во однос на работното искуство **м-р Дијана Мицева** по дипломирањето стажира во Штип, во Аптека „Хигија". Веднаш по дипломирањето во август 2015 г. е ангажирана прво како волонтер, а потоа како стручњак од пракса на Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, за одржување на практичната настава.

**Општи услови за избор**

- Просечен успех на интегрирани студии од прв и втор циклус (300 кредити) - 9,44;
- Научен степен – магистер по фармација;
- Нема претходен избор во звање;
- Има објавено еден научен труд во референтна научна публикација

Atanasova, Dijana and Petrova, Aleksandra and Drakalska, Elena and Atanasova, Marija and Angelovska, Bistra (2016) *Analysis of consumption of insulin in the municipality of Stip from 2011 to 2014.* Macedonian Pharmaceutical Bulletin. pp. 79-81. ISSN 1409 – 8695;

- Има потврда за познавање на англиски јазик;
- Покажува способност за изведување на високообразовна дејност;
- Има препорака од двајца професори.

**Посебни услови**

- Активно учествува во проектот финансиран од Научно истражувачкиот фонд на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип:

Angelovska, Bistra and Drakalska, Elena and Cvetkovski, Aleksandar and Ivanovska, Verica and Atanasova, Dijana and Micevska, Angela (2017) *Придонес на фармацевтите во контрола на резистентноста на антибиотиците.* [Project]

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

М-р Дијана Мицева по завршувањето на студиите од септември 2015 година е ангажирана како демонстратор/волонтер на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Од септември 2016 продолжува во одржување на практичната настава како стручњак од пракса.

Во периодот од нејзиното вклучување во практичната настава за студентите на Факултет за медицински науки, па до денес, таа реализира активности по повеќе предмети од областа на биомедицинските и фармацевтските науки (Фармацевтска технологија 1, Фармацевтска технологија 2, Фармацевтска технологија 3, Фармацевтски грижи, Биохемија, Општа хемија).

Исто така, кандидатката м-р Дијана Мицева во изминатиов период додека е ангажирана и ја изведува практичната настава на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, активно е вклучена и во делот за техничка поддршка за организација и реализација на сите предмети, извршувајќи ги своите обврски целосно, одговорно и посветено, со што ја издвојуваме како соработник кој е целосно достапен за студентите и кој покажува тенденции за постојано надоградување и усовршување.

Активно учествува во проектот финансиран од Научноистражувачкиот фонд на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип:

Angelovska, Bistra and Drakalska, Elena and Cvetkovski, Aleksandar and Ivanovska, Verica and Atanasova, Dijana and Micevska, Angela (2017) *Придонес на фармацевтите во контрола на резистентноста на антибиотиците.* [Project]

**Научна евалуација на научните трудови на кандидатката м-р Дијана Мицева**

1. Atanasova, Dijana and Angelovska, Bistra and Lazarova, Bilijana (2015) *Pharmacoeconomic evaluation of the antibiotic prophylaxis in orthopedic surgeries.* In: International Symposium at Faculty of Medical Sciences “Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research”, 24 Nov 2015, Stip, Macedonia

Инфекциите во ортопедската хирургија се голем проблем во медицината и се присутни ширум светот. Целта на оваа студија била да се процени потрошувачката и цената на антибиотиците во Клинички центар-Штип, во делот на Ортопедија во споредба со антибиотска терапија за ортопедска профилакса, препорачана од Упатствата за медицина базирана на докази, објавена од Министерството за здравство. Кај ортопедски пациенти била спроведувана ретроспективна фармакоекономска анализа. Статистички користените податоци покажуваат четири пати повисока цена во Клиничкиот центар - Штип - Ортопедија од трошоците за

антибиотска терапија препорачана од податоците добиени од медицина базирана на докази. Оваа нерационална употреба на антибиотици доведува до заменување на истата со поскапа и поефикасна терапија како одговор на препораките на МБД. Трудот има научна и апликативна вредност.

2. **Atanasova Dijana**, Joseva Marija and Arsova-Sarafinovska, (2016) Optimization and Verification of the Method for Determination of Antioxidant Enzyme Catalase in Vitro

Целта на оваа студија е да се утврди активноста на еритроцитната каталаза кај хемолизатот со употреба на модифицирана и оптимизирана УВ спектрофотометриска метода на Аеби (1984). Методот ја следи брзината на распаѓање на водороден пероксид (H2O2) на бранова должина од 240 nm. Верификацијата на ефикасноста на методот била оценета преку утврдување на линеарноста и репродуктивноста. Резултатите докажаа дека методот е линеарен во опсегот на концентрација од 0,01 KU/ml - 0,04 KU/ml. Со овој оптимизиран метод е утврдена активноста на еритроцитната каталаза кај хемолизат од 23 здрави доброволци. Резултатите од активност на каталаза биле во опсег од 82,2 до 156,7 KU/ml хемолизат. Добиените резултати биле слични и споредливи со оние претходно објавени во литературата, кои докажуваат дека овој метод е сигурен и затоа може да се користи за рутинско мерење на активноста на катализата на еритроцитите. Трудот има научна и апликативна вредност.

3. Atanasova, Dijana and Petrova, Aleksandra and Drakalska, Elena and Atanasova, Marija and Angelovska, Bistra (2016) *Analysis of consumption of insulin in the municipality of Stip from 2011 to 2014.* Macedonian Pharmaceutical Bulletin. pp. 79-81. ISSN 1409 - 8695

Дијабетот е болест која се карактеризира со хронична хипергликемија и нарушување на метаболизмот на јаглехидрати, протеини и масти поврзана со недостаток на секреција на инсулин или дејство на инсулин. Целта на овој труд била да се направи анализа и проценка на потрошувачката на инсулин во ЈЗУ Клиничка болница - Штип според типот на најчесто користени видови на инсулин, ленти за мерење на шеќер во крвта, инсулин игли, пенкала и китови во центарот за дијабетичари во Штип, од 2011 до 2014 година. Со статистичка обработка на сите податоци заклучено е дека потрошувачката на инсулин во 2011, 2012, 2013 и 2014 г. во ЈЗУ Клиничка болница - Штип континуирано расте. Највисока била потрошувачка на инсулин со брзо дејство, додека потрошувачката на инсулини со средно - долго дејство во последните две години целосно заменето со инсулин средно - долго дејство комбинирано со долго дејство; зголемување на употребата на ленти за мерење на шеќер во крвта и апарати за мерење на ниво на гликоза во крвта, што делумно се должи на зголемениот број дијабетичари, а дел како резултат на програмата за централизирана набавка на инсулински ленти воведена од Владата на Република Македонија.

Со следење на потрошувачката на инсулин се обезбедува континуирано снабдување со квалитетен инсулин. Трудот има научна и апликативна вредност.

Учество на конгреси, семинари и работилници

1. International symposium at Faculty of medical sciences – Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, Штип, 24 ноември 2015 год.
2. Workshop "From Molecules to Functionalized Materials" Scientific module "Optical and Electronic Devices " MatCatNet-International Master and Postgraduate Programme in Materials Scince and Catalysis DAAD, 1-5 септември 2016, Охрид.
3. 6th Congress of Pharmacy in Macedonia with international participation, Охрид, 1-5 јуни 2016 год.

**Членство во професионални здруженија и асоцијации**

Член е на Фармацевтска комора на Македонија и EPSA (European Pharmaceutical Student Association).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на наведените податоци во извештајот и оценките за научно-стручната дејност на кандидатката м-р Дијана Мицева, нејзината целокупна активност и искуството стекнато во наставната дејност, Рецензентската комисија констатира дека истата го исполнува условот за избор во звањето асистент од областа на молекуларна биологија.

Таа покажува способност за научноистражувачка, стручно-уметничка и организациско-развојна активност што се гледа од нејзините објавени научни и стручни трудови и учество во проекти и научни конференции.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката **м-р Дијана Мицева да биде избрана за асистент за научната област молекуларна биологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дарко Бошнаковски, редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Невенка Величкова, вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Бистра Ангеловска, редовен професор, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА ХИРУРГИЈА (30408) – ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-179/80 од 30.9.2019 година донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *асистент за научната област орална хирургија (30408)* – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Цена Димова, редовен професор за наставно-научната област орална хирургија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- д-р Оливер Димитров, редовен професор за наставно-научната област орална хирургија, вработен на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје – член;
- д-р Киро Папакоча, вонреден професор за наставно-научната област имплантологија вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 6.9.2019 година и во предвидениот рок се пријавија: д-р Соња Роголева, д-р Љупка Лазарова, д-р Спиро Спасовски и д-р Зоран Нонкуловски.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ на 6.9.2019 година се пријавија четворица кандидати и тоа: д-р Соња Роголева, д-р Љупка Лазарова, д-р Спиро Спасовски и д-р Зоран Нонкуловски.

**I. Кандидатка д-р Соња Роголева:** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката д-р Соња Роголева, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Соња Роголева доставила комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите документи од кандидатката.

***Биографски податоци за д-р Соња Роголева***

**Д-р Соња Роголева** е родена во Радовиш во 1992 година, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. Во 2011 година се запишува на студиската програма Стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што дипомирала во 2016 година со јавна одбрана на дипломски труд од област орална хирургија на тема „Современ оралнохируршки третман кај радикуларни цисти" со оценка 10 и се стекнува со 300 ЕКТС, интегриран прв и втор циклус на студии со среден успех 9,72 и се стекнува со звањето дипломиран доктор на стоматологија.

Во текот на студирањето има студиски престој на Самарискиот медицински универзитет во Самара, Русија (Samara State Medical University) од 30.6.2015 до 15.7.2015 год. Во текот на 2016 - 2017 година го поминува задолжителниот стаж и на 28.9.2017 година го положува стручниот испит пред испитна комисија на Стоматолошката комора на Македонија и се стекнува со Лиценца за работа со важност до 10.3.2025 година. Од 1.0.2018 година ѝ е одобрена специјализација по специјалност орална хирургија. Активно се служи со англиски јазик (потврдено од Едукативен центар за странски јазици и Сертификат за познавање на јазикот на B2 ниво).

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Соња Роголева:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено соодветно образование (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар) – има;
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии со просек од студиите 9.72 – има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – има;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – има;
- По еден примерок од трудовите – има;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;
- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – има;
- Уверение за државјанство - има.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Соња Роголева***

Во академската 2016/2017 година, веднаш по дипломирањето д-р Соња Роголева е ангажирана како стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за реализација на практичната настава на студиската програма Стоматологија и на Стручните студии за забни техничари – протетичари и учествува во изведување на *вежбите по група предмети од областа на орална хирургија и сродни предмети*

на студиските програми Дентална медицина и Стручните студии за забни техничари - протетичари и тоа:

- Претклиничка орална хирургија,
- Орална хирургија 1,
- Орална хирургија 2,
- Ургентни состојби во стоматологијата,
- Профилакса на орални болести,
- Орална хирургија,
- Ергономија,
- Превентивна стоматологија и
- Орална хигиена.

Во текот на студиите, д-р Соња Роголева е автор на две студентски теми и тоа:

*- Имплементација на е-учење и современите информатички технологии во наставниот процес на дентална медицина* на 21. Меѓународен научен студентски стоматолошки конгрес од 9 до 11 мај 2014 во Охрид, Р. Македонија, (http://eprints.ugd.edu.mk/9947/), а следната година како автор на постер презентација на тема:

*- Локализација на апикален форамен кај горни и долни молари на* 22. Меѓународен научен студентски стоматолошки конгрес од 22 до 24 мај 2015, Охрид, Македонија. http://eprints.ugd.edu.mk/13217/

Во 2017 година е на обуката „Оралнохирушки процедури во менаџментот на флап-дизајн: резенки, инструменти и техники на шиење-основно ниво", а потоа како инструктор зема активна партиципација во реализацијата на четири работилници за студенти: две работилници во март и септември 2018 година и две работилници во мај 2019 година.

Член е во Стоматолошка комора на Македонија. Д-р Соња Роголева има активно учество во организацијата на научни симпозиуми од страна на Факултетот за медицински науки – Дентална медицина. Исто така, член е на Организациски одбор на Првиот и Вториот студентски конгрес на студентите по дентална медицина, како и Првата стоматолошка летна школа, во 2018 и 2019 година, од страна на Факултетот за медицински науки.

Како млад истражувач учествува во состав на научниот тим за изработка на научниот проект под наслов *„Значење на соодветната орална хигиена за состојбата на оралното здравје кај студенти на медицинските науки/ Significance of proper oral hygiene for oral health condition of medical science students“,* каде што главен истражувач е проф. д-р Цена Димова.

Д-р Соња Роголева до сега има објавено шест труда во домашни и во меѓународни списанија, има активно учество на научни конференции со усни и постер презентации, меѓународни симпозиуми, конгреси, промоции и има активно учество како инструктор на четири работилници од областа на орална хирургија.

Во прилог на документите го доставила следниов список на трудови:

1. Papakoca K, **Rogoleva S**, Lazarova L, Terzieva-Petrovska O, Petrovski M. (2017) Surgical trauma cause for marginal bone resorption around dental implants previous to prosthetic: Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20 (4). pp. 2035-2040. ISSN 1857-92. http://eprints.ugd.edu.mk/20813/

   Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.222-4 од 3.12.2018 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

2. Kocovski D,Toneva V, Zlatanovkska K, Atanasova S, Longurova N, **Rogoleva S.** (2018) Denture Hygiene: Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2). pp 473-476. ISSN 2545-4439 http://eprints.ugd.edu.mk/20746/

   Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.222-4 од 3.12.2018 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

3. Toneva Nikolova A, Toneva V, Kovachevska I, Longurova N, Kocovski D, **Rogoleva S.** (2018) Helicobacter Pylori as reason in oral diseases and git diseases : Knowledge -International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2). pp 509-512. ISSN 2545-4439.

   Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.222-4 од 3.12.2018 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

4. Toneva V, Toneva Nikolova A, Nashkova S, Atanasova S, Kovacevska I, **Rogoleva S,** Kocovski D. (2018) Risks factors associated with musculoskeletal disorders in dentistry: Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2). pp 639-644. ISSN 2545-4439. http://eprints.ugd.edu.mk/21117/

   Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.222-4 од 3.12.2018 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

5. **Rogoleva S,** Toneva V, Nikolova-Toneva A, Kocovski D, Atanasova S, Velkova A (2018) Употреба на вештачки коски и мембрани при третман на вилични коскени дефекти. The use of artificial bones and membranes for the treatment od jawbone deformities and defects**:** Knowledge-International Journal, Scientific and Applicative Papers 23 (2). pp. 713-718. ISSN 2545-4439. http://eprints.ugd.edu.mk/20885/

   Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.222-4 од 3.12.2018 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

6. Papakoca K, **Rogoleva S.** (2018) The Importance Of The Surface Layer Of Dental Implants For Successful Tissue Integration: A Clinical Case Report. IOSR: Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), (17): pp 06-12. ISSN 2279-0853,online. http://eprints.ugd.edu.mk/20160/

   Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.222-4 од 3.12.2018 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Учество на меѓународни и домашни стручни собири и конгреси**

**Работилници:**

1. Dimova C, **Rogoleva S,** Kocovski D, Hadzi-Vasileva M. (2018) *Needles, suture materials and knots used in oral surgery procedures.* Digital vs Analogical in Dental Medicine" First International Student Congress- Students' Workshop, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19892/

2. Димова Ц, Роголева Соња, Хаџи-Василева М. (2018) *Игли, конци и сутури во оралната хирургија.* Dental Summer School 2018, 13-16 септ. 2018, Охрид, Македонија. http://eprints.ugd.edu.mk/20508/

3. Dimova C, **Rogoleva S.** (2019) *Alternative mandibular anesthesia - first students' workshop.* Dental summer school & Second International Student's Congress in Dental Medicine 2019, 23-26 May 2019, Ohrid, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/22418/

4. Dimova C, **Rogoleva S** (2019) *Needles, suture materials and knots used in oral surgery procedures - third students' workshop.* Dental summer school & Second International Student's Congress in Dental Medicine 2019, 23-26 May 2019, Ohrid, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/22417/

**Усна презентација**

5. Papakoca K, Dimova C, Lazarova Lj, Atanasova S, **Rogoleva Sonja** (2018) Digital Vs. Analog X-ray Images and Their Application in Dentistry Then and Now. Digital vs Analogical in Dental Medicine- First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/20753/

**Постер презентации**

6. Kocovski Darko, Naskova Sanja, Julija Zarkova- Atanasova, **Sonja Rogoleva** (2019) *Vizuelizacija plaka kao preventivni metod. Prolećni Simpozijum Dečijih Stomatologa, 30 Mart 2019, Beograd, Srbija.*

7. ***Rogoleva S,*** *Koleva Gudeva L, Aleksandrov M (2019) Ефикасност при употребата на хербални препарати во третман на воспаленија на оралната лигавица. Конгрес на студенти по општа медицина, 09-10 May 2019, Stip, Macedonia.* http://eprints.ugd.edu.mk/22046/

Д-р Соња Роголева била ментор/ коментор на 16 студентски усни и постер презентации и тоа:

1. Илиевски С, Дејкоска М. Ласерска биостимулација како тераписка постапка при санирање на гингивитис. 24. Меѓународен научен студентски стоматолошки конгрес, 19-21 мај 2017, Охрид, Р. Македонија.

2. Цонева С, Цветаноски О. Проценка на КЕП индекс кај студентите на студиската програма Дентална медицина. 24. Меѓународен научен студентски стоматолошки конгрес, 19-21 мај 2017, Охрид, Р. Македонија.
3. Markoska A, Brsakoska I. Menagement of patients with dental anxiety and phobia. First International Symposium for Tradicional Chinese Medicine, 06 Dec,2017,Stip, Macedonia.
4. Dejkoska M, Ilievski S. Adhesive EverStick bridge-a single solution for lost tooth. “Digital vs Analogical in Dental Medicine” First International Student Congress, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
5. Stoimenov M. Application of combined fixed - mobile prosthetic allowances. “Digital vs Analogical in Dental Medicine” First International Students Congress in Dental Medicine - 28-29 March 2018.
6. Ilievski S, Sulev S. The use of soft tissue laser in everyday modern dental practice. “Digital vs Analogical in Dental Medicine” First International Student Congress, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
7. Sasova P, Spasova I. Edelweiss veneers for perfect Hollywood smile-case report. “Digital vs Analogical in Dental Medicine” First International Student Congress, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
8. Vojvodik M, Georgieva S. Oral manifestations in patients with iron deficiency anemia. “Digital vs Analogical in Dental Medicine” First International Student Congress, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
9. Vojvodik M, Georgieva S. Oral manifestations in patients with diabetic disease. “Digital vs Analogical in Dental Medicine” First International Student Congress , 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
10. Crngarova A, Mitevska S. Assessment of oral hygiene additional supplements among dental students. “Digital vs Analogical in Dental Medicine” First International Student Congress, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.
11. Младеновска К, Тасева Т. Промени во крвниот притисок предизвикани од дејство на локална анестезија користена во стоматологија. Прв студентски конгрес на студентите по општа медицина, 9-10 мај 2018, Штип.
12. Дејкоска М, Тилева С. Иновативни материјали во медицината и стоматологијата. Прв студентски конгрес на студентите по општа медицина, 9-10 мај 2018, Штип.
13. Ангова Л, Горгиева Н. Ефекти од лошата орална хигиена врз целото тело. Прв студентски конгрес на студентите по општа медицина, 9-10 мај 2018, Штип.
14. Дејкоска М, Илиевски С. Епинефринот во локалниот анестетик применуван во стоматологијата кај пациенти со коронарна артериска болест. Прв студентски конгрес на студентите по општа медицина, 9-10 мај 2018, Штип.

15. Kitanova M, Ilievski S. Efficiency of fissures filling in caries prevention. Dental summer school & Second International Student’s Congress in Dental Medicine 2019, 23-26 May 2019, Ohrid, Macedonia.
16. Stojanovska Valerija, Stojanovska Viktorija. Xerostomia and Causative Consequences. Dental summer school & Second International Student’s Congress in Dental Medicine 2019, 23-26 May 2019, Ohrid, Macedonia.

***Сертификати*:**

Д-р Соња Роголева во прилог документите ги доставила следните сертификати:

1. Сертификат за активно учество на 21. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес, 9-11 мај 2014, Охрид, Македонија.
2. Сертификат за учество на 22. Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија, 22-24 мај 2015, Охрид, Македонија.
3. Сертификат за престој на Самарискиот државен медицински универзитет во Самара Русија, 30.6.2015-15.7.2015.
4. Сертификат за учество на Симпозиум „Естетски концепти за функционална оклузална рехабилитација“, 7.11.2015, Штип.
5. Сертификат за учество на Симпозиум „Дентофацијална естетика - современи пристапи и решенија“, 5.11.2016, Штип.
6. Сертификат за обавена обука за **„**Оралнохируршки процедури во менаџментот на флап-дизајн: Резени, инструменти и техники на шиење – основно ниво“, 10.4.2017, Штип.
7. Сертификат за учество на Симпозиум „Неправилности, грешки и пропусти и нивно санирање при стоматолошки интервенции“, 11.11.2017, Штип.
8. Сертификат за учество на Симпозиум за традиционална кинеска медицина, 6.12.2017, Штип.
9. Сертификат за учество на Првиот студентски конгрес на дентална медицина, „Digital vs Analogical in dental Medicine“, 2018, Штип.
10. Сертификат за учество на Симпозиум „Стоматолошка наука и пракса – денес и тука“, 24.3.2018, Штип.
11. Сертификат за учество на Прва стоматолошка летна школа, УГД, 2018 година.
12. Сертификат за учество на Симпозиум „Нови трендови во денталната медицина“, 26.5.2018, Куманово.
13. Сертификат за публициран труд: The Importance of The Surface Layer of Dental Implants for Successful Tissue Integration: A Clinical Case Report. IOSR: Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), (17): pp 06-12. ISSN 2279-0853,online.

***Пофалници и награди:***

Д-р Соња Роголева добила две пофалници и една награда:

- Пофалница од Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во знак на признание за постигнат најдобар успех во студирањето – студент на генерацијата 2016 година, со највисок среден успех на Факултет за медицински науки;

- Пофалница од Стоматолошка комора на Македонија за најдобар студент за 2016 година на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- Трето место за постер презентација на Конгресот (Дејкоска М, Тилева С, Кочовски Д, Роголева С. Иновативни материјали во стоматологијата и медицината. Прв конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај 2018 – Штип, Македонија.

**II. Кандидатка д-р Љупка Лазарева:** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката д-р Љупка Лазарева, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Љупка Лазарева доставила документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа истите.

***Биографски податоци за д-р Љупка Лазарова***

**Д-р Љупка Лазарова** е родена во 1992 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со одличен успех. Дипломира на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип во 2016 година со изработување на дипломската работа на тема „Современи хируршки сетови за поставување на дентални импланти” со оценка 10 и се стекнува со 300 ЕКТС, интегриран прв и втор циклус на студии со среден успех 8,97. Како стипендист на програмата Еразмус плус во 2015 година д-р Љупка Лазарова го поминала шестиот семестар од нејзините студии на Универзитетот во Сплит - Хрватска, Оддел за дентална медицина. Таму се здобила со практично искуство во областа на орална хирургија, детска стоматологија, фиксна протетика и пародонтологија.

Во периодот од 1.9.2011 година до 31.8.2016 година работи како админстративен работник во „БАУ инженеринг“ ДООЕЛ Штип, а од 15.9.2016 година до 28.2.2018 година работи во Стоматолошката ординација ПЗУ „Дентал арт студио“ во Штип.

Од 1.5.2018 година ја започнува специјализацијата по орална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Член е на Здружението на имплантолози во Македонија. Активно се служи со англиски, хрватски, српски, бугарски и германски јазик.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Љупка Лазарева:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено соодветно образование (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар) – има;
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии со просек од студиите 8.97 – има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – има;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – има;
- По еден примерок од трудовите – има;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;
- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – една препорака од областа и три препораки од други стоматолошки области;
- Уверение за државјанство – има.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Љупка Лазарова***

Од 1.9.2016 г. и академската 2016/2017 година до денес д-р Љупка Лазарова е ангажирана како стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип и тоа учествува во изведувањето на практичната настава по предметите:

- Стоматолошка протетика,
- Имплантологија,
- Гнатологија,
- Вовед во стоматолошка протетика,
- Естетска стоматологија.

Д-р Љупка Лазарова има активно учество на научни конференции со усни и постер презентации, меѓународни симпозиуми, конгреси и собири во земјава и во странство. Во прилог на документите д-р Љупка Лазарова го доставила следниов список на трудови:

1. **Лазарова Љ,** Трајкоска Е, Папкоча К. (2015) Употреба на диодниот ласер во френектомијата - приказ на случај. 22nd International Dental Students' Scientific Congress 22-24 May 2015, Ohrid, Macedonia.
2. Papakoca K, **Lazarova Lj**, Naskova S, Atanasova S. (2017)Side effects of local anesthetic when placing the implants“ (Researching in Dental Offices in City of Stip) International Journal Scientific Papers.
3. Papakoca K, **Lazarova Lj**, Petrovski M. (2018) One abutment- Onetime, best solution for implants prosthetics treatment”- A series case reports   Article.

4. Papakoca K, **Lazarova Lj**, Petrovski M, Rogoleva S, Terzieva O. (2018) Surgical trauma cause for marginal boneresorption around dental implants previous to prosthetic appliances. International Journal Scientific Papers.
5. **Lazarova Lj,** Papakoca K, Dimova C, Atanasova S, Rogoleva S. (2018) Digital VS Analogical x-ray Images and Their Application in Dentistry Then and Now. Digital VS Analogical in Dental Medicine – First International Students Congress in dental Medicine, 28-29March, Stip, Macedonia.
6. Papakoca K, Petrovski M, **Lazarova Lj.** (2018) Basic Implantology Theoretical and practical concept" – Workshop. Dental Summer School Ohrid, Macedonia.
7. Kocovski D, **Lazarova Lj**, Atanasova S, Zlatanovska K, Toneva V. (2018) All Ceramics Bridges for Perfect Smile (Case report). V International Congress in Dental Medicine, BiH 2018.

Д-р Љупка Лазарова била ментор/коментор на следниве студентски постер презентации и тоа:

1. Trajkoska E, Lazarova Lj, Papakoca K. (2016) Mandibular Supraprosthetic Retained by Dental Implants. First International Students Symposium of Medical Science "Celebrating Achievements in Medicine, promoting health and sharing knowledge." 20 April 2016, Stip, Macedonia.
2. Proseva Lj, Atanasova S, **Lazarova Lj**, Kocovski D, Toneva V. (2017) Clinical Examinations of direct restauration in dental medicine students. First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip Macedonia.
3. Фејзуловски С, Најдовски А, Лазарова Љ. (2017) Превенција на орален карцином. International Dental Students' Scientific Congress 22-24 May 2017, Ohrid, Macedonia.
4. Taseva T, Mladenovska K, **Lazarova Lj**, Nashkova S. (2018) „Application in fluoride in children" (advantages and disadvantages). Digital VS Analogical in Dental Medicine – First International Students Congress in dental Medicine, 28-29 March, Stip, Macedonia.
5. Stoimenov M, **Lazarova Lj**, Rogoleva S. (2018) Application of combined fixed and mobile prosthetic allowances. Digital VS Analogical in Dental Medicine – First International Students Congress in dental Medicine, 28-29March, Stip, Macedonia.
6. Sajkarova V, Lazarova Lj, Atanasova S. (2018) Composite laminates for a perfect smile. Digital VS Analogical in Dental Medicine – First International Students Congress in dental Medicine, 28-29 March, Stip, Macedonia.

Во прилог на документите за овој конкурс ги приложила следниве сертификати:

1. Сертификат за учество на 21. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес, 9-11 мај 2014, Охрид, Македонија.

2. Сертификат за учество на 22. Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија, 22-24 мај 2015, Охрид, Македонија.
3. Сертификат за учество на Симпозиум „Естетски концепти за функционална оклузална рехабилитација“, 7.11.2015, Штип.
4. Сертификат за учество на Првиот меѓународен студентски симпозиум на Факултетот за медицински науки, 20.4.2016, Штип.
5. Сертификат за учество на Симпозиум „Дентофацијална естетика - современи пристапи и решенија“, 5.11.2016, Штип.
6. Сертификат за обука за „Оралнохируршки процедури во менаџментот на флап-дизајн: резени, инструменти и техники на шиење – основно ниво“, 3.11.2017, Штип.
7. Сертификат за учество на Симпозиум „Неправилности, грешки и пропусти и нивно санирање при стоматолошки интервенции“, 11.11.2017, Штип.
8. Сертификат за учество на Симпозиум за традиционална кинеска медицина, 6.12.2017, Штип.
9. Сертификат за учество на Симпозиум „Стоматолошка наука и пракса – денес и тука“, 24.3.2018, Штип.
10. Сертификат за учество на Прв македонски педодонтски конгрес „Здрави заби – среќно детство“, Скопје, Македонија.
11. Сертификат за учество на Прва стоматолошка летна школа, УГД, 2018 година.
12. Сертификат за учество на Првиот студентски конгрес на дентална медицина, „Digital vs Analogical in dental Medicine“, 2018, Штип.
13. Сертификат за учество на Симпозиум „Мултидисциплинарен пристап во стоматолошката пракса“, 6.4.2019, Штип.
14. Сертификат за активно учество (6 дена/72 часа) „Advance Grafting procedures in implants surgery and implants placement”, 1-6.4.2019, Bucharest, Romania.

***III. Кандидат д-р Спиро Спасовски***. При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од д-р Спиро Спасовски, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Спиро Спасовски доставил документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа истите.

***Биографски податоци за д-р Спиро Спасовски***

***Д-р Спиро Спасовски*** е роден во 1988 година. Во јуни 2012 година завршува Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со просечна оценка 9.55 и вкупно 300 кредити и се стекнува со стручен назив *дипломиран доктор по стоматологија*.

Во 2013 година се стекнува со Лиценца за работа за вршење на стоматолошка здравствена дејност од областа на примарна здравствена заштита.

Во мај 2015 година ги завршува постдипломските студии (втор циклус студии) исто така на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со просечна оценка 10.00 и вкупно 60 кредити, а со јавната одбрана на магистерскиот труд со наслов „*Тераписки ефекти на субдоза – Doxysycline во третманот на пародонталната болест*“ на 5.5.2015 година се стекнува со научен назив *магистер на стоматолошки науки*. Од 18.7.2018 година го полага специјалистичкиот испит по специјалноста орална хирургија и се стекнува со звање *специјалист по орална хирургија.*

Д-р Спиро Спасовски е вработен во приватна стоматолошка ординација ПЗУ „Д-р Спасовски“ во Скопје.

Активно се служи со англискиот јазик.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Спиро Спасовски:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено прв циклус на студии (соодветно образование) - еден примерок од дипломата оригинал – нема, и три копии заверени кај нотар – има;
- Диплома за завршен втор циклус на студии - еден примерок од дипломата оригинал – нема, и три копии заверени кај нотар – има;
- Уверение за положени испити на прв циклус на студии со просек од студиите - 9.55 – има;
- Уверение за положени испити на втор циклус на студии со просек од студиите - 10.00 – има;
- Еден примерок од магистерскиот труд- има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – има;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – има;
- По еден примерок од трудовите – има;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;
- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – има;
- Уверение за државјанство – има.

***Научноистражувачка и стручна дејност за д-р Спиро Спасовски***

Д-р Спиро Спасовски како студент добил награда - трето место за постер презентација на 17. Стоматолошки студентски конгрес во Охрид. Учествува на две обуки: Peroidontology 2015 – базичен курс и работен курс за Oral surgery 2016.

Д-р Спиро Спасовски до сега има објавено седум труда во домашни и во меѓународни списанија и еден кој е во постапка за печатење. Д-р Спиро Спасовски учествува како

автор/коавтор на неколку интернационални конгреси и собири во земјава и во странство. Во прилог на документите, д-р Спиро Спасовски го доставил следниот список на трудови:

1. Popovska M, Risteski M, Atanasovska -Stojanovska A, Minovska A, Radojkova-Nikolovska V, Kapusevska B, Mitic K, Zendeli-Bedzxheti, **Spasovski S**. (2013). Conventional versus laser-assisted therapy with aggressive periodontitis. Romanian Journal of oral rehabilitation.5(2):49-54.
2. Popovska M, Minovska A, Radojkova-Nikolovska V, Muratovska I, Kapusevska B, Aleksova P, **Spasovski S**. (2015) Promene pljuvacke kod osoba sa buloznim lihen planusom. Acta stomatologica Naissi. 31(1)1493-1503.
3. Bogdanoska LJ, **Spasovski S**, Popovska M, Gjoseva S, Goracinova K, Nakov N, Zafirova M, Dimitrovska A, Petkovska R. (2016). Development and validation of RP-HPLC-FLD method for determination of doxyxyxline in gingival crevicular fluid and saliva. Macedonian pharmaceutical bulletin. 62(suppl) 183-184.
4. **Spasovski S**, Belazelkoska Z, Popovska M, Atanasovska-Stojanovska A, Radojkova-Nikolovska V, Muratovska I, Tosevska Spasova N, Dzipunova B, Nikolovski B. (2016).Clinical therapeutic effects of the application doxycucline in the treatment of periodontal disease. Open Access Maced J Med Sci. 15;4(1):152-7.
5. Menceva Z, Dimitrovski O, Popovska M, **Spasovski S**, Spirov V, Petrusevska G. (2016). Free gingival graft versus mucograft: histolocical evaluation. OAMJMS. 6(4):675-679.
6. Фидоски Ј, Стаматоски А, Кипровски М, **Спасовски С**. (2016). Ксеростомијата и нејзиното влијание врз оралното здравје на нашите пациенти. Vox dentarii 6(3):33-37.
7. Ivanovska M, Popovska M, Dimova C, Simjanovska Lj, **Spasovski S**, Radojkova-Nikolovska V, Mitic K, Tasevska A. (2018). Comparisonof root surfaces induced by hand and ultrasonic instrumentation on treated molars:an vitro study, International journal knowledge.26(4):1335-1340. http://eprints.ugd.edu.mk/20505/
8. Dimova C, Popovska M, Evrosimovska B, Zlatanovska K, Papakoca K, Petrovski M, Ivanovska-Stojanovska M, **Spasovski S**. Various suturing material and wound healing processafter oral surgery procedure- A review pang process after oral surgery procedure – A review paper. Journal of Hygienic Engineering and Design *(во печат).*

**Учество на меѓународни и домашни стручни собири и конгреси (усни и постер презентации)**

9. Popovska M, Radojkova-Nikolovska V, Grcev A, Kapusevska B, Atanasovska-Stojanovska A, **Spasovski S**. (2014).Serum Immune Mechanisms in the pathogenesis of oral lichen planus. Third Balkan congress for maxillofacial surgery. Second national congress of MAMFS.

10. Поповска М, Радојкова-Николовска В, Атанасовска- Стојановска А, Капушевска Б, **Спасовски С**. (2014). Tissue humoral immune response in patients with juvenile and rapidly progressive periodontitis. Book of abstracts, Belgrad, Serbia.

11. Сахмедин С, Поповска М, Радојкова-Николовска В, **Спасовски С**, Фидоски Ј. (2015). Компаративна анализа на микробната квантификација при промена на Perio-Chip chlorhexidine glukonat кај хроничната пародонтопатија. 7. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни.

12. **Спасовски С**, Белазелкоска З, Радојкова-Николовска В, Поповска М, Сахмедин С. (2015). Клинички ефекти од примената на doxycycline во третманот на пародонталната болест. 7. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни.

13. Popovska M, Radojkova-Nikolovska V, Nikolovski B, Zendeli-Bexheti, **Spasovski S**, Mitic K. (2017). Oral findings in patients with dyspeptic disturbances. FDI, World Dental congress, Madrid, Spain, 29 August -1 September.

14. **Spasovski S**, Popovska M, Atanasovska LJ, Petkovska R, Radojkova-Nikolovska V. (2019). Effect of doxycycline in the treatment of periodontal diseazse. 24$^{th}$ BASS Congress, FDI, Tirana, Albania,162.

***IV. Кандидат д-р Зоран Нонкуловски.*** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од д-р Зоран Нонкуловски, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека д-р Зоран Нонкуловски не ја доставил потребната документација што е предвидена со објавениот Конкурс.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот доставени од д-р Зоран Нонкуловски:***

- Пријава – има;
- Диплома за завршено прв циклус на студии (соодветно образование) - еден примерок од дипломата оригинал – нема и три копии заверени кај нотар – доставена е една копија заверена кај нотар;
- Уверение за положени испити на прв циклус на студии со просек од студиите – има;
- Кратка биографија (во четири примероци) – има;
- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – нема;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици – има;
- Препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот – нема;
- Уверение за државјанство – има.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, кандидатите: **д-р Соња Роголева, д-р Љупка Лазарова и д-р Спиро Спасовски ги исполнуваат сите законски услови, сите општи услови и критериумите за избор во звањето асистент за научната област орална хирургија (30408)** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Кандидатот **д-р Зоран Нонкуловски не ја доставил потребната документација.**

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, а согласно со Законот за високо образование, како и според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универитет „Гоце Делчев“ во Штип и врз основа на личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија има чест и задоволство **да му предложи на Наставно-научниот совет д-р Соња Роголева да биде избрана за асистент за научната област орална хирургија (304008)** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Цена Димова, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Оливер Димитров, редовен професор, член, с.р.

Д-р Киро Папакоча, вонреден професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-152/5 од 29.10.2019 година донесена на 185. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 29.10.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *деловно право (50824)* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **д-р Марко Андонов** - претседател, редовен професор на Факултет за правни науки, Американ колеџ - Скопје, наставно-научна област деловно и финансово право;
- **д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ** - член, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област деловно право;
- **д-р Зоран Михајлоски**, член, насловен вонреден професор на Факултет за правни науки, Американ колеџ - Скопје, наставно-научна област деловно право.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Лајм“ на 9.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Кристина Мишева, доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област деловно право.

Кандидатката уредно, навремено и во целост ја има доставено соодветната документација.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Кристина Мишева** е родена на 11.4.1980 година во Штип, каде што завршува основно образование (ОУ „Ванчо Прке“) и средно гимназиско образование (Гимназија „Славчо Стојменски“ – општа насока) со континуиран одлучен успех.

Во академската 2002/2003 година дипломира на Правен факултет „Јустинијан Први”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје со просечен успех 8,48 и се стекнува со звање **дипломиран правник** (граѓанско-правна насока).

Во академската 2003/2004 година се запишува на постдипломски студии по деловно право на Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје и истите ги завршува со просечен успех 9,40 заклучно со 18.10.2005 година.

Во 2006 година кандидатката Кристина Мишева положува *правосуден испит* при Министерство за правда на Република Македонија.

Во 2010 година магистрира на тема „Инвестициски фондови - правни аспекти" на Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје и се стекнува со академски степен **магистер на правни науки од областа на деловното право**.

Во 2011 година е на двомесечен истражувачки престој на Правен факултет во Загреб како стипендист на Министерството за образование и наука на Р. Македонија и Р. Хрватска.

На 14.2.2015 година успешно ја одбранува докторска дисертација под наслов „Супервизија и контрола на институционални инвеститори" на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со што се стекнува со научен степен **доктор на правни науки**.

Со Одлука бр. 1102-149/6 од 5.5.2015 година е избрана за **доцент** во областа *деловно право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Од 2016 година е избрана за **раководител на Катедрата по деловно право** на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

***Општи услови за избор:***

*Доцент од научната област во која се избира*

Кандидатката д-р Кристина Мишева има остварено просечен успех од најмалку 8 на студиите на прв и на втор циклус за секој циклус посебно. Има диплома за магистратура од област деловно право на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и диплома за доктор на правни науки, област деловно право на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Со Одлука бр. 1102-149/6 од 5.5.2015 година е избрана за **доцент на Катедрата по деловно право на Правен факултет** при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

1. *Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор*

Во изборниот период, кандидатката д-р Кристина Мишева има објавено 11 труда од соодветната областа во референти меѓународни научни публикации и меѓународни научни списанија и тоа:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Години на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Misheva, K**., Ampovska, M., Todorova, B **(2019)** | CHALLENGES AND OPPORTUNITIES OF THE MACEDONIAN PENSION SYSTEM ACCORDING THE EU RECOMMENDATIONS (LEGAL, FINANCIAL AND SOCIAL ASPECTS) | Proceeding ECLIC International Scientific Conference “EU and Member States – legal and economic issues“ Faculty of Law, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek. https://www.pravos.unios.hr/eclic-2019 | 2017 |
| 2 | **Misheva, K.** **(2018)** | CONTEMPORARY TRENDS AND CHALLENGES OF THE CURRENT SYSTEM OF MANAGING AND FINANCING THE PUBLIC HEALTHCARE SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA | Collection of papers "Universally and Particularity at Law". Faculty of Law, Kosovska Mitrovica, R. Srbia, ISBN 978-86-6083-054-0 | 2016 |
| 3 | Andonov, Marko and **Miseva, Kristina** and Mihajloski, Zoran (2018) | THE POSITION OF LICENSED INDUSTRIES WITH SPECIAL EMPHASIS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA | 6-th International OFEL Conference on Governance, Management and Entrepreneurship. Split, R. Hrvatska, ISSN 2459-6434, | 2012 |
| 4 | **Miseva, Kristina** and Dimic, Suzana (2018) | *АПОРИИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕТО НА ЦРКВИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ДАНОЦИ – ПРИМЕРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И Р. СРБИЈА.* | Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција на Правен факултет – УГД - „Општествените промени во глобалниот свет“. ISSN ISBN 978-608-244-548-9 | 2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **Misheva, Kristina** and Latif, Samir **(2017)** | *ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ* | Зборник на трудови, Четврта меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ - Правен факултет – УГД, ISBN 978-608-244-423-9 | 2014 |
| 6. | Petkukjeski, Ljupco; Andonov, Marko**;** **Miseva, Kristina** and Mihajloski, Zoran (2017) | *EMPLOYEES' PARTICIPATION IN THE MANAGEMENT AND DECISION MAKING IN PUBLIC ENTERPRISES AND INSTITUTIONS – THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA* | Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. ISSN ISBN 978-608-244-423-9 | 2014 |
| 7 | **Misheva, K. (2017)** | *THE INFLUENCE OF THE EU HEALTH POLICY ON THE PROCESS OF PUBLIC HEALTH SYSTEM REFORMS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA* | Proceeding; Jean Monnet International Scientific Conference "Procedural aspects of EU Law", EU and Comparative law issues and challenges, Faculty of Law – University of Osijek, Croatia | 2017 |
| 8 | Marko Andonov and **Misheva, Kristina (2016)** | *THE SPECIFICS OF THE PRIVATE PLACEMENT OF SECURITIES IN THE MACEDONIAN SECURITIES LAW* | Third International scientific conference "Social change in the global World", Faculty of Law –UGD, Stip. ISBN 978-608-244-353-9 | 2016 |
| 9 | **Miseva, K.,** Tusevska, B. and Kosevaliska, O. (2016) | *STUDENT PRACTICAL TRAINING AS PART OF LAW FACULTIES THROUGH THE PRISM OF THE PUBLIC AND PRIVATE SECTOR IN MACEDONIA* | PONTE International Scientific Researchers Journal, 72 (11). ISSN 0032-6356 | 2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Tusevska, B., **Miseva, K.,** and Kosevaliska, O. (2015) | *THE PERSONNEL CAPACITIES AND NEEDS OF SMALL AND MEDIUM TRADE COMPANIES SEEN THROUGH THE TRAINEESHIP IN REPUBLIC OF MACEDONIA* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). ISSN 2307-4531 | 2009 |
| 11. | **Miševa, Kristina** and Duić Dunja (2015*)* | *THE EU RESTRICTIVE MEASURES – WHAT IF THE COURT OF JUSTICE OF EUROPEAN UNION FINDS THEM NOT BEING LEGAL: CASES IN CROATIA AND REPUBLIC OF MACEDONIA* | Balkan Social Science Review, No.6. ISSN 1857-8799 | 2013 |

2. Кандидатката има познавање од англиски јазик за што има доставено АПТИС сертификат од British Council - Skopje, со освоени 185 поени од 200.

3. Кандидатката активно е вклучена во реализирање на наставата на прв и на втор циклус студии на Правен факултет. Активно учествува во креирање на студиските програми на Правен факултет, како и во креирање предметни курикулуми од областа на деловното и финансовото право.

**Посебни услови:**

Кандидатката д-р Кристина Мишева ги исполнува потребните услови и тоа:

1. Во периодот од 2015 до 2018 година учествува како истражувач во еден научноистражувачки проект под назив „Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во Источно-планскиот регион", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

2. Кандидатката д-р Кристина Мишева има рецензирана скрипта и рецензиран практикум под назив Финансово право, за истоимен назив на предмет, кој се изучува како задолжителен предмет на прв циклус студии на Правен факултет. Учебните помагала се рецензирани и објавени во е-библиотеката на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

3. Од 2015 година до денес била ментор на дипломски работи и член на комисии за одбрана на дипломски работи. Била ментор на магистерски тези и повеќе пати член на комисии за одбрана на магистерски трудови на Правен факултет - УГД. Има дадено неколку препораки за меѓународна мобилност на студенти преку програмата ЕРАЗМУС +, како и на студенти кои продолжиле со своето образование/ дообразование надвор од државата.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2.6.2007 година со Одлука на Матична комисија на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Кристина Мишева е избрана во соработничко звање помлад асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. На 2.6.2010 година е избрана во соработничко звање асистент во научната областа деловно право на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со Одлука број од 1602-60/18 од 2.6.2010 г. Во 2013 година повторно е избрана за асистент во научната област деловно право на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со Одлука број 1602-81/24 од 15.5.2013 г. За изборните периоди асистирала (реализирала вежби) на следниве предмети: Теорија на државата и правото (од академската година 2007/2008-2013/2014 г.), Право на друштвата (од академската година 2008/2009 г. до денес), Финансово право (од академската година 2009/2010 г. до денес), Трудово право (од академска година 2012/2013 г. до денес), Регулација на финансиски пазари и институции (од академска година 2013/2014 г. до денес), Стечај и стечајна постапка (од академска година 2013/2014 г. до денес), Право на интелектуална сопственост (академската 2014/2015 г.), Управни спорови (академската 2014/2015 година), Административно право и административна постапка (академската 2014/2015 година). Предметите се содржани во студиските програми на Правниот факултет во наставните центри Кочани, Штип и Струмица. Со Одлука бр. 1102-149/6 од 5.5.2015 е избрана за **доцент на Катедрата за деловно право на Правен факултет** при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Од 2016 г. е избрана за **раководител на Катедрата по деловно право** на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Од 2015 година активно е вклучена во предавања во **зимскиот и во летниот семестар на првиот циклус на студии**. Предава Финансово право, Право на друштвата и Банкарско право како задолжителни предмети на прв циклус студии, како и Регулација на финансиски пазари и институции како изборен предмет во првиот циклус студии.

Кандидатка активно е вклучена и во наставата на **вториот циклус на студии на Правниот факултет**, каде што ги предава следниве предмети: Европско деловно право, Меѓународно финансово право, Европско финансово право и право на друштвата, Корпоративно управување, Даночно право на едногодишните и двегодишните студии на насоките Деловно право, Европско право, Граѓанско право на вториот циклус на Правниот факултет.

Во периодот 2015-2019 година кандидатката континуирано учествува на многубројни меѓународни конференции организирани од правните факултет во регионот (Србија, Косовска Митровица), како и во светот (Дубаи, Турција). Во 2018 година, по покана, учествува на тркалезна маса на Правниот факултет во Вороњеж, Русија, и во 2019 г. на Правниот факултет во Санкт Петерсбург, Русија. Во меѓувреме иницира и неколку меѓународни соработки со факултетите и универзитетите каде што присуствува.

Кандидатката во периодот од 2015 до 2019 година се јавува како автор и коавтор на 12

труда, коавтор на една монографија, автор на две учебни помагала, и учесник на многубројни домашни, регионални и меѓународни конференции.

***За изборниот период кандидатката д-р Кристина Мишева ги има објавено следниве трудови (1-15):***

1. **Miseva, Kristina** and Ampovska, Marija (2019) *Правни положај чланова обавезних пензијских фондова у Републици С. Македонији с акцентом на накнаду штете.* Радно и социјално право часопис за теорију и праксу радног и социјалног права, 2. pp. 185-201.
2. **Misheva, K.**, Ampovska, M., Todorova, B. (2019) CHALLENGES AND OPPORTUNITIES OF THE MACEDONIAN PENSION SYSTEM ACCORDING THE EU RECOMMENDATIONS (LEGAL, FINANCIAL AND SOCIAL ASPECTS), ECLIC International Scientific Conference "EU and Member States – legal and economic issues" Faculty of Law, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek. https://www.pravos.unios.hr/eclic-2019
3. **Misheva, K.** (2018) CONTEMPORARY TRENDS AND CHALLENGES OF THE CURRENT SYSTEM OF MANAGING AND FINANCING THE PUBLIC HEALTHCARE SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA. Collection of papers "Universally and Particularity at Law". Faculty of Law, Kosovska Mitrovica, R. Srbia, ISBN 978-86-6083-054-0
4. Andonov, M., **Misheva, K**. and Mihajloski, Zoran (2018) THE POSITION OF LICENSED INDUSTRIES WITH SPECIAL EMPHASIS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA. 6-th International OFEL Confrence on Governance, Management and Entrepreneurship. Split, R. Hrvatska. ISSN 2459-6434, https://www.econstor.eu/handle/10419/179978?offset=20
5. **Miseva, Kristina** and Dimic, Suzana (2018) *АПОРИИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕТО НА ЦРКВИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ДАНОЦИ – ПРИМЕРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И Р. СРБИЈА.* Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". ISSN ISBN 978-608-244-548-9
6. **Misheva, Kristina** and Latif, Samir (2017) *ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ.* Зборник на трудови, Четврта меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" - Правен факултет – УГД , ISBN 978-608-244-423-9
7. Petkukjeski, Ljupco; Andonov, Marko**; Miseva, Kristina** and Mihajloski, Zoran (2017) *EMPLOYEES' PARTICIPATION IN THE MANAGEMENT AND DECISION MAKING IN PUBLIC ENTERPRISES AND INSTITUTIONS – THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA*. Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". ISSN ISBN 978-608-244-423-9
8. **Misheva, K.:***THE INFLUENCE OF THE EU HEALTH POLICY ON THE PROCESS OF PUBLIC HEALTH SYSTEM REFORMS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA*, Jean Monnet

International Scientific Conference “Procedural aspects of EU Law“, EU and Comparative law issues and challenges, Faculty of Law – University of Osijek, Croatia, 6-7 April 2017.

9. Marko Andonov and **Misheva, Kristina** (2016) *THE SPECIFICS OF THE PRIVATE PLACEMENT OF SECURITIES IN THE MACEDONIAN SECURITIES LAW.* In: Third International scientific conference “Social change in the global World”, 1-2 September 2016, Faculty of Law –UGD, Stip. ISBN 978-608-244-353-9, pp. 19-34

10. **Miseva, K.,** Tusevska, B. and Kosevaliska, O. (2016) *STUDENT PRACTICAL TRAINING AS PART OF LAW FACULTIES THROUGH THE PRISM OF THE PUBLIC AND PRIVATE SECTOR IN MACEDONIA.* PONTE International Scientific Researchers Journal, 72 (11). ISSN 0032-6356

11. Tusevska, B., **Miseva, K.,** and Kosevaliska, O. (2015) *THE PERSONNEL CAPACITIES AND NEEDS OF SMALL AND MEDIUM TRADE COMPANIES SEEN THROUGH THE TRAINEESHIP IN REPUBLIC OF MACEDONIA.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). ISSN 2307-4531

12. **Miševa, Kristina** and Duić Dunja (2015*) THE EU RESTRICTIVE MEASURES – WHAT IF THE COURT OF JUSTICE OF EUROPEAN UNION FINDS THEM NOT BEING LEGAL: CASES IN CROATIA AND REPUBLIC OF MACEDONIA.* Balkan Social Science Review, No.6. ISSN 1857-8799

***Објавена монографија - коавторство***

13. Tuevska, Borka; **Miseva, Kristina** and Kosevaliska, Olga (2017) *ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА НА СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА СТУДЕНТИТЕ ОД ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ* – Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, научна книга, УГД. https://e-lib.ugd.edu.mk/652#

***Рецензирани скрипта и практикум***

14. **Мишева Кристина** (2019) Финансово право - скрипта.
15. **Мишева Кристина** (2019) Практикум по Финансово право.

***Во прилог е кратка научна евалуација на трудовите:***

***Евалуација на трудот под реден број 1***

*ПРАВНИ ПОЛОЖАЈ ЧЛАНОВА ОБАВЕЗНИХ ПЕНЗИЈСКИХ ФОНДОВА У РЕПУБЛИЦИ С. МАКЕДОНИЈИ С АКЦЕНТОМ НА НАКНАДУ ШТЕТЕ. Радно и социјално право часопис за теорију и праксу радног и социјалног права.*

Во овој труд авторите се фокусираат на правната положба на членовите на задолжителните пензиски фондови согласно со македонското позитивно право. Целта е да се укаже на правата и обврските на членовите на задолжителните пензиски фондови со акцент на

правото за надомест на штета и неговото регулирање согласно со одредбите за посебна одговорност. Реформирањето на македонскиот пензиски систем создаде основа за посебен правен статус на членовите на задолжителните пензиски фондови, што драстично се разликува од оној статус кој го имаа членовите до воведувањето и преструктурирањето на македонскиот пензиски систем. Авторите укажуваат на правата и обврските на членовите на задолжителните пензиски фондови акцентирајќи го правото на надомест на штета на членовите и одговорноста на друштвата за управување со задолжителните пензиски фондови.

***Евалуација на трудот под реден број 2***

*CHALLENGES AND OPPORTUNITIES OF THE MACEDONIAN PENSION SYSTEM ACCORDING THE EU RECOMMENDATIONS (LEGAL, FINANCIAL AND SOCIAL ASPECTS) In: ECLIC International Scientific Conference "EU and Member States – legal and economic issues".*

Овој коавторски труд ги анализира новите состојби предизвикани од реформирањето на македонскиот пензискиот систем и импликациите настанати на финансиско, правно и социјално ниво. Новонастанатите состојби укажуваат на значително влијание на ЕУ препораките во оваа сфера, но и укажуваат на недоследностите во примената и имплементирањето на неопходните институти за евентуално подобрување на финансиската, правната и социјалната рамка на реформираниот пензиски систем. Авторите укажуваат дека постоечкиот пензиски фонд е под сериозен предизвик во однос на неговата ефикасност и одржливост на краток рок. Со што овој труд е прифатен за публикување во зборник на трудови чии апстракти се индексирани во WoS.

***Евалуација на трудот под реден број 3***

CONTEMPORARY TRENDS AND CHALLENGES OF THE CURRENT SYSTEM OF MANAGING AND FINANCING THE PUBLIC HEALTHCARE SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA. In: Collection of papers "Universally and Particularity at Law"

Заштитата и промоцијата на јавното здравје е круцијална цел на секој социо-економски систем. Авторката укажува на тоа дека секоја заедница треба да се стреми кон флексибилен и одржлив здравствен систем кој ефикасно и ефективно ќе ги вмрежува примарното, секундарносто и терцијалното здравство. Понатаму дека менаџирањето во секундарното здравство, особено на јавните здравствени институции треба да придонесе за зајакнување на организацијата и олеснување на нејзините активности. Дел од трудот го анализира и начинот на финансирање на овие институции. Авторката укажува на предностите и негативните страни на финансирањето од постоечките извори на финансирање, но дава и сугестии за подобрување на финансиската состојба на болниците. Поради ова, трудот е оценет како оригинален истражувачки труд.

***Евалуација на трудот под реден број 4***

*THE POSITION OF LICENSED INDUSTRIES WITH SPECIAL EMPHASIS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA* In: *6-th International OFEL Confrence on Governance.*

Во овој труд авторите ја елаборираат позицијата и потребата од регулираните професии кои обезбедуваат услуги на јавноста согласно со македонското законодавство. За да се обезбеди квалитет на услугите и да се заштитат интересите на корисниците, неопходно е регулирање на професионалните активности. Оваа обврска произлегува од потребата за усогласување на националното законодавство со одредбите на ЕУ за меѓусебно признавање на професионални квалификации. Воспоставувањето баланс помеѓу интересот што треба да биде постигнат со регулирањето и потребата да се овозможи конкуренција е повеќе од очигледно. Сепак, дали овие принципи кои се основа на развиените економии можат долседно да бидат применливи и во т.н. „мали“ економии и на ограничените пазари. Авторите ја анализираат преку три регулирани професии: правници, сметководители и архитекти. Овој труд е оценет како значаен професионален труд.

***Евалуација на трудот под реден број 5***

АПОРИИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕТО НА ЦРКВИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ДАНОЦИ – ПРИМЕРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И Р. СРБИЈА. Во *Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*

Црквите и останатите верски заедници од памтивек биле изземени од даночна јурисдикција на државата. Додека некои даваат оправдувања дека црквите треба да бидат даночно ослободени со цел да се задржи и заштити верската слобода, други мислења се дека црквите треба да бидат оданочени бидејќи даваат услуги и остваруваат приход, а трети дека физичките и правни лица треба да плаќаат црковен данок. Дали црквите и верските заедници, нивните објекти и услуги се јавно добро односно јавни услуги и се од јавен интерес? Или тоа се општествени принципи и активности кои се премногу важни и вредни за да било кој субјект се меша во нивниот идентитет и самостојност. Дали тоа се субјекти со право изземени од фискалниот систем на државата или се нејзини „миленици“? Дали црковните лица треба да бидат даночни обврзници како и секој граѓанин? Дали тие ужуваат само права од државата или за нив постојат и одредени обврски? И покрај сензитивноста на оваа тема авторите ќе се обидат да дадат одговор на дел од многубројните дилеми, согледано преку историски и компаративни методи и согласно со современите практики во македонскиот и српскиот правен поредок. Со што овој труд е оценет како оригинален труд.

***Евалуација на трудот под реден број 6***

ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ. *Во Зборник на трудови, Четврта меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*

Во овој труд се дефинираат законските и договорните права, обврски и одговорности на членовите на органот на управување (директорите) на јавните здравствени установи во Р. Македонија. Имено, согласно со Законот за здравствена заштита, правата и обврските на директорите на јавната здравствена установа се уредуваат со менаџерски договор. Според ова не станува збор за типски договор, тука за договор во кој права и обврски на членовите на работоводниот орган се уредуваат исклучиво помеѓу работодавачот и директорите. Оттука, фокусот на овој труд е да се даде одговор на прашањата дали начинот на организирање и извршување на работата на директорите согласно со овој тип на договор директорите ги става во поповолна положба или целта е да се зголеми нивната одговорност кон установата, да се воспостави систем на checks and balances во донесувањето и имплеменирањето на одлуките или целта е да со именувањето на стручен менаџерски тим да се зголеми конкурентноста на јавната здравствена установа. Овој труд е оценет како професионален труд.

***Евалуација на трудот под реден број 7***

*EMPLOYEES’ PARTICIPATION IN THE MANAGEMENT AND DECISION MAKING IN PUBLIC ENTERPRISES AND INSTITUTIONS – THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA. Во Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*

Институциите претставуваат комплексен социјален организам за исполнување на поширок јавен интерес преку вршење на јавна услуга што не е класифицирана според трговска активност утврдена со закон (неекономска активност) и која со закон може да се утврди како активност од јавен интерес. Вклучува јавни услуги обезбедени преку институции во обласа на образованието, науката, културата, здравствената заштита, социјалната заштита, заштитата на децата, заштитата на лицата со интелектуална и телесна попреченост, како и други активности утврдени со закон како јавен сервис. Од друга страна, јавните претпријатија се субјекти основани за вршење на активности од јавен интерес (вршат разни јавни работи и слично) и во основа тие претставуваат трговци кои во врска со нивното работење не се разликуваат од трговците (трговските друштва) кои се основани и работат според Законот за трговски друштва. Овие разлики се однесуваат само на основање (основачи), специфики на вршење на дејноста од јавен интерес, како и во делот што се однесува на организирање на управување со тие претпријатија.

***Евалуација на трудот под реден број 8***

THE INFLUENCE OF THE EU HEALTH POLICY ON THE PROCESS OF PUBLIC HEALTH SYSTEM REFORMS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA. *In: Jean Monnet International Scientific Conference "Procedural aspects of EU Law", EU and Comparative law issues and challenges*

Целта на ова истражување и фокусот на трудот за да се опише примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита. Анализите покажаа дека здравствените услуги неминовно се поврзани со позицијата, организацијата, управувањето и финансирањето на здравствениот систем (законодавството, државните органи, извршителите, здравствените установи, здравствените услуги, човечките ресурси, граѓаните, ИТ услужни и други технички сегменти). Ова значи дека влијанието на социоекономскиот развој на државата се одразува, директно, на системот на јавно здравје. Процесот на интеграција во Република Македонија во ЕУ покажа дека постојниот здравствен систем е потребно да се реконструира (законски и институционално) за да може да биде конкурентен, ефикасен и ефикасен. Во текот на овие децении, имајќи ги предвид препораките на ЕУ, националната рамка за здравствена политика беше брзо изменета. Преку истражување на релевантната литература, прашалници и интервјуа направени за статијата, авторката дава одговор дали паралелното постоење на примарниот и секундарниот јавен и приватниот здравствен систем е оправдан имајќи ја предвид популацијата и финансиската способност на корисниците на услугите во земјата.

***Евалуација на трудот под реден број 9***

HE SPECIFICS OF THE PRIVATE PLACEMENT OF SECURITIES IN THE MACEDONIAN SECURITIES LAW. *In: Third International scientific conference "Social change in the global World"*

Начинот и постапката за издавање хартии од вредност секогаш предизвикува широк интерес кај експерти и стручни лица од соодветната област. Веројатно, причините за тоа треба да се бараат во специфичноста на предметот, како и недоволно јасни и прецизни одредби во законите и подзаконските акти. Трудот ги анализира специфичните одредби во Законот за хартии од вредност во врска со издавањето на хартии од вредност по пат на приватна понуда. Авторите во трудот ќе се осврнат објаснувајќи го значењето на дефиницијата за приватната понуда на хартии од вредност и законските измени. Исто така, авторите ќе ги утврдат одредбите што беа елиминирани од законот за хартии од вредност, како и измените и дополнувањата на законските одредби во процесот на давање одобрение за издавање хартии од вредност од регулаторното тело (Комисијата за хартии од вредност).

***Евалуација на трудот под реден број 10***

STUDENT PRACTICAL TRAINING AS PART OF LAW FACULTIES THROUGH THE PRISM OF THE PUBLIC AND PRIVATE SECTOR IN MACEDONIA. In: *PONTE International Scientific Researchers Journal*

Водејќи се од фактичката состојба, во исто време имајќи ги предвид реалните европски и глобални трендови, го анализиравме концептот на спроведување на практична обука на студентите, обемот и квалитетот на практикантската работа, рефлексиите во разновидните и бројни области на активност и влијанието врз социо-економскиот развој во поширок контекст. Посебно внимание во овој труд е посветено на обемот и содржината на практичната обука на студентите во Република Македонија, изразена преку призмата за квалитетна обука, перцепциите на студентите за практична обука, достапноста на организации за нивно вклучување, ангажирање на универзитети во создавање на практични можности за обука и, конечно, за тековните проблеми од оваа област, анализирани преку истражувањето спроведено на приватни и јавни универзитети низ целата земја. Овие сектори (приватни сектори и универзитети) ги перципираме како две компоненти кои се меѓусебно условени, со заеднички интереси во политичките предлози, во основа насочени кон идно општествено унапредување. Резултати од истражувањето направено за овој труд дадаваат одговори каде да интервенираат, каква е положбата на студентите додека имаат практична обука за време на нивните дипломски студии.

***Евалуација на трудот под реден број 11***

THE PERSONNEL CAPACITIES AND NEEDS OF SMALL AND MEDIUM TRADE COMPANIES SEEN THROUGH THE TRAINEESHIP IN REPUBLIC OF MACEDONIA. *In: International Journal of Sciences: Basic and Applied Research.*

Кадровските капацитети (расположливите човечки ресурси) во малите и средни бизниси имаат суштинска улога во секоја национална економија во однос на неговата одржливост, економски раст и развој. Како клучен сегмент во одржливоста и напредокот на малите и средни бизниси, кадровските капацитети и нивната соодветна распределба придонесува за подобрување на продуктивноста, иновативниот капацитет и профитабилноста во тие бизниси. Фактот дека најголем дел од македонската економија се заснова на мали и средни трговски друштва, го прави релевантно истражувањето кое е спроведено на оваа категорија на трговски субјекти.

***Евалуација на трудот под реден број 12***

THE EU RESTRICTIVE MEASURES – WHAT IF THE COURT OF JUSTICE OF EUROPEAN UNION FINDS THEM NOT BEING LEGAL: CASES IN CROATIA AND REPUBLIC OF MACEDONIA. In: *Balkan Social Science Review*

Рестриктивните мерки на ЕУ (санкциите) можат да бидат предвидени против една или повеќе земји, меѓународни организации, физички или правни лица (како терористи и терористичка група). Во пракса, најчесто користените рестриктивни мерки се финансиските ограничувања како замрзнување на средства на лица или компании, забрани на средства и забрани за патувања на поединци. Но, крајната цел на санкцијата е одредена во согласност со индивидуалната состојба или ситуацијата. Рестриктивните мерки (член 215 од Договорот за функционирање на Европската Унија (ТФЕУ)) се дел од Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЦФСП), а според член 275 ТФЕУ се предвидува дека Судот има надлежност во разгледувањето на законитоста на одлуките кои предвидуваат рестриктивни мерки против физички или правни лица донесени од Советот, врз основа на Поглавје 2 од Наслов V од Договорот за Европската Унија. Овој труд ги анализира правните аспекти на рестриктивните мерки и правната природа на надлежноста на Судот на правдата на Европската Унија (ЦЕЕУ) во оваа област. Вториот дел од трудот анализира како Европската Унија (ЕУ) наметнува санкции и ембарго меѓу земјите членки (пример Хрватска) и како овие мерки ги наметнуваат на не-државите (пример Р. Македонија). Трудот е оценет како професионален труд во списанието BSSR кое е  индексирано во SCOPUS.

***Евалуација на трудот под реден број 13***

ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА НА СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА СТУДЕНТИТЕ ОД ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ –. *Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.*

Претставува коавторска научна книга рецензирана и објавена во е-библиотеката на Правниот факултет – УГД и претставува заокружен циклус на еден научноистражуваки проект, чиј фокус е практичната настава на студентите правници од прв циклус студии. Ова претставува исклучително важно прашање во сферата на високото образование. Ваквата констатација не се однесува само на студентите од правните факултети и не се однесува исклучиво на Република Македонија. Напротив, компаративните истражувања укажуваат дека овој сегмент од образованието има значителна важност во голем број држави, како од аспект на правната рамка, така и од аспект на неформалните методи на влијание во овој сегмент**.**

***Евалуација на трудот под реден број 14***

ФИНАНСОВО ПРАВО-СКРИПТА

Ракописот (скриптата) на д-р Кристина Мишева третира мошне атрактивна проблематика која во текот на нејзиниот развој го проширува својот предмет на истражување. Преку содржината опфатена во трудот, читателот би требало да стекне поширока и подетална претстава за поимот, природата и карактерот на финансиите, видовите финансии, поимот и развојот на финансиската дејност на државата, правните основи за остварувањето на

финансиската дејност на државата, за настанувањето, постоењето и престанувањето на финансиско-правните односи, развојот на науката за финансиите, финансовото право и финансиската политика. Авторот несомнено успеваат да направи соодветен приказ на специфичните поими, следејќи ја нивната еволуција и развој, успевајќи притоа да ја позиционираат нивната улога во системот. Материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите. Ракописот изобилува со доста квалитетна научна и практична содржина. Очекуваниот придонес на гореименуваната скрипта се огледа во добивањето на поголемо наставно-образовно, стручно, академско и посовремено значење на оваа специфична проблематика. Несомнено, предметниот труд дава еден сеопфатен приказ на теоретските и научни аспекти на финансовото право како посебна научна дисциплина.

***Евалуација на трудот под реден број 15***

ФИНАНСОВО ПРАВО - ПРАКТИКУМ

Преку содржината опфатена во практикумот студентите треба да се стекнат со емпириска и детална претстава за поимот, природата и карактерот на финансиите, видовите финансии, поимот и развојот на финансиската дејност на државата, правните основи за остварувањето на финансиската дејност на државата, за настанувањето, постоењето и престанувањето на финансиско-правните односи, финансиско-правната норма и финансовото право воопшто. Сметаме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со голема практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите. Очекуваниот стручен придонес на ракописот се огледа во добивањето на поголемо наставно-образовно и стручно и современо значење на оваа проблематика.

***Учество на меѓународни и национални конференции, семинари и тркалезни маси за периодот од 2015 до 2019 година***

1. Јуни 2019 г. тркалезна маса, финансиските аспекти на пензиските реформи во Р.С. Македонија, Правен факултет, Санкт Петербург, Русија.
2. Мај 2019 г., Кристина Мишева: The effects of the pension funds on the Macedonian capital market, 3. Меѓународна научна конференција, Универзитет Ал Фалах, Дубаи, Обединети Емирати.
3. Април 2019 г., Kristina Miševa, The implications of the reformed pension system in the Republic of Macedonia, International Scientific conference “Law and Multidisciplinarity” Faculty of Law, University in Nis, R. Serbia.
4. Октомври 2018 г., предавање на тема Liabilities and duties od the directors in the R. Macedonia, Универзитет Кападокија, Турција, Еразмус + мобилити.

5. Септември 2018 година, Тркалезна маса на тема „Местное самоуправление в контексте правовой, управленческой и политической культуры“, Правен факултет, Универзитет Вороњеж, Вороњежм Русија.
6. April 2017, Advantages and disadvantages of the current form of managing and financing of the Public healthcare system in the Republic of Macedonia. International Scientific conference “Globalisation and Law”, Faculty of Law, University of Niš.
7. Април 2017 г., Jean Monnet International Scientific Conference “Procedural aspects of EU Law“, EU and Comparative law issues and challenges, Faculty of Law – University of Osijek, Croatia.
8. Ноември 2016 г., Jean Monnet Actions Promotion Project (JMAPP), EC, Belgrade, R. Srbija.
9. Ноември 2016 г., Fifth World Forum for Democracy of the Council of Europe, Strasbourg, France.
10. Мај 2016 г., 7-th International Scientific Conference "Contemporary Trends in social control of Crime", Ohrid, R. Macedonia.
11. Април 2015 г., Курс: EU law and risk regulation, Faculty of Law, University in Zagreb, Dubrovnik, R. Croatia.

**Научноистражувачки проекти за периодот од 2015 до 2019 г.:**

- (2015-20018) Кандидатката д-р Кристина Мишева е дел од тимот на научноистражувачкиот проект под назив „Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во Источниот регион базирани на знаење“, Фонд за наука на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Активностите се презентирани и ги има во е-репозиториумот (UGD academic repository), објавени на веб-страницата на УГД.
- 2019 г. е кодиректор на НАТО СПС проект под наслов „Кон ефективна сајбер одбрана во согласност со владеење на правото“. Реф. бр. 985617.

Кандидатката доцент д-р Кристина Мишева од 2015 г. до денес е ментор на 12 дипломски работи и член на околу 20-тина комисии за одбрана на дипломски работи. Била ментор на две магистерски тези и повеќе пати член на комисии за одбрани на магистерски трудови на Правниот факултет - УГД.

На барање на студентите има потпишано неколку препораки за меѓународна мобилност на студенти преку програмата ЕРАЗМУС +, како и на меѓународни курсеви на кои студенти продолжиле со своето образование/ дообразование надвор од државата.

Кандидатката била рецензент на повеќе трудови од областа на деловното и финансово право за две меѓународни научни конференции, за две меѓународни научни и стручни списанија и рецензент на трудови на една меѓународна студентска конференција.

Од приложената документација и досегашното работно искуство на факултетот, очигледно е дека кандидатката Кристина Мишева одлично зборува англиски јазик и има добро познавање од италијанскиот и хрватскиот јазик. Одлично владее со платформите на е-индекс и е-учење, за што има посетувано соодветни обуки и добиени сертификати.

Контиунирано работи на професионалниот развој и поседува извонредни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност за периодот од 2015 до 2019 година**

Кандидатката д-р Кристина Мишева била член на:

- Една универзитетска комисија за упис на студенти ( 2015/16, 2016/17)  и
- Повеќе факултетски комисии: Комисија за ораторски вечери (2016, 2017, 2018); Комисија за изработка на студиски програми за прв и а втор циклус (2017, 2018, 2019); Комисија за самоевалуација (2019).

Во периодот од:

- 2012 г. до денес е член на Наставно-научниот совет на Правен факултет –УГД;
- 2015 до 2018 г. била член на Организациски одбор на Годишната меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет –УГД;
- 2015 г. до денес член на Програмски одбор на Годишната меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет – УГД;
- Од 2017 г. до денес е член на Програмски одбор на меѓународната научна конференција „ECLIC International Scientific Conference“, Правен факултет – Осиек, индексирана во WoS.

Во 2016 година е избрана за раководител на Катедрата за делово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2019 г. е ангажирана како надворешен проект евалуатор од Министерство за наука на Р. Србија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип по деталното разгледување на комплетната доставена документација пропишана во Конкурсот. Рецензентската комисија констатира дека **доцент д-р Кристина Мишева ги исполнува општите и посебните услови** кои се земаат предвид при избор на лице во звање вонреден професор.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Кристина Мишева може да се заклучи дека има континуиран развој во научноистражувачката работа и во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати.

Врз основа на горенаведеното и врз основа на личното познавање на кандидатката, членовите на Комисијата се цврсто уверени дека се работи за многу солиден и перспективен млад научен работник со постојана афирмација во професионалната научна кариера.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип **да ја избере доцент д-р Кристина Мишева во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област деловно право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марко Андонов,** редовен професор, претседател, с.р.

**Д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ**, вонреден професор, член, с.р.

**Д-р Зоран Михајлоски,** вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| 1. | Помлад асистент | 1 | 10 | | | **10** |
| 2. | Асистент | 2 | 15 | | | 30 |
| 3. | Доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| 1. | Научна книга<br>Реден број 13 | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор), реден број. 2, 6, 8,10 и 12 | 3 | 9 | 2 | 9 | 45 |
| 3. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор). Реден бр. 4, 9 и 11 | 2 | 6 | 1 | 6 | 18 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори). Реден бр. 7 | 1 | 3 | | | 3 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови од научен собир. Реден број 3 и 5 | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| 6. | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 2 | 3 | 6 |
| 7. | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно) | 1 | 1 | 2 | 1.5 | 4 |
| 8. | Одбранета докторка дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 9. | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **10.** | Член на организациски или научен одбор или собир | 4 | 2 | | | 8 |
| **11.** | Рецензент на научен труд | 9 | 1 | 2 | 1 | 11 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **122** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Труд во стручно научно популарно списание. Ред. бр. 1 | | | 1 | 6 | **6** |
| **2.** | Учесник на научен проект | 1 | 5 | 1 | 8 | **13** |
| **3** | Раководител на катедра | 1 | 3 | | | **3** |
| **4** | Член на факултетски комисии | 8 | 2 | | | **16** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **28** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **220** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 64000 МАКЕДОНИСТИКА И 64018 ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА И СИНТАКСА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-143/4 од 22.10.2019 година, донесена на 200. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип, одржана на 22.10.2019 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области *македонистика (64000)* и *граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018)* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- д-р Гоце Цветановски, редовен професор – научен советник на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – претседател;

- д-р Олгица Додевска-Михајловска, редовен професор – научен советник на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – член;

- д-р Ранко Младеноски, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 9.10.2019 година и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: д-р Игор Станојоски и д-р Марија Соколова. Врз основа на деталното разгледување на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Кандидат д-р Игор Станојоски**: При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатот д-р Игор Станојоски, доставена во предвидениот рок, определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатот д-р Игор Станојоски доставил комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите поднесени документи од кандидатот.

***Биографски податоци за кандидатот д-р Игор Станојоски***

**Д-р Игор Станојоски** е роден на 23.5.1979 година во Копенхаген. Основно и средно образование завршува во Скопје. Дипломира во 2002 година на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици со општа и компаративна книжевност како втор предмет, со просек 8,85. Завршува и доквалификации со група предмети од областа на словенечкиот јазик.

Од септември 2003 до јуни 2006 година работи како асистент на Катедрата за словенска филологија на Државниот универзитет „Иван Франко“ во Лавов (Украина), каде што со неговото доаѓање бил воведен македонскиот јазик во програмата на Катедрата.

Од октомври 2005 до септември 2009 година работи како лектор по македонски јазик на Институтот за словенска филологија во Сосновјец при Шљонскиот универзитет во Катовице (Полска), делегиран од Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2009/2010 учебна година работи како лектор по македонски јазик на Институтот за славистика при Масариковиот универзитет во Брно (Чешка).

Докторира на Институтот за словенска филологија во Сосновјец при Шљонскиот универзитет во Катовице (Полска) со темата „Проблемот на интерференциите при изучувањето на македонскиот јазик во Полска и Украина“, одбранета на 20 јули 2009 година.

Магистрира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на тема „Прекажувањето изразено со минатите времиња во македонскиот наспроти бугарскиот јазик“ под менторство на проф. д-р Искра Пановска-Димкова.

Во 2014 година е избран во звањето насловен доцент, а во 2019 година во звањето насловен вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Д-р Игор Станојоски се истакнува и во областа на книжевноста. Автор е на три романи: *Гаргара* (2014), *Првиот универзитетски ден на мојата ќерка* (2016), *Диссомнии* (2017); и на десетина книжевни преводи од чешки, руски и словачки јазик. За романот *Диссомнии* го добил престижното Рациновото признание во 2018 година.

Приложува валиден документ за познавање на рускиот јазик, издаден од Институтот за јазици при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и документи за овластен судски преведувач за руски, полски, словенечки и украински јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Игор Станојоски***

Од биографските податоци и од приложената документација се гледа дека кандидатот д-р Игор Станојоски има работно искуство од четири универзитети, од кои три се странски. Во текот на сите години поминати како универзитетски наставник, покрај наставно-образовните активности, д-р Игор Станојоски пројавил и забележителна активност на научноистражувачки

план. Објавува научни статии во меѓународни списанија во неколку земји, монографии, учебници и други наставни помагала.

Од приложената документација се гледа дека има објавено две монографии, два учебника, еден прирачник, една скрипта, еден практикум и шеснаесет научни статии, од кои шест во странски списанија. Учествува во научни конференции во Македонија, Чешка, Словачка и во Украина.

Во 2014 година е избран во звањето насловен доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. При изборот во насловен доцент во Рефератот за избор, објавен во Универзитетски билтен број 117 во февруари 2014 година, се наведува дека има освоено 100,65 поени од НО+НИ+САОР.

Во 2019 година е избран во звање насловен вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. При изборот во насловен вонреден професор во Рефератот за избор, објавен во Универзитетски билтен број 224 во декември 2018 година, се наведува дека има освоено 124 поени од НО+НИ+САОР.

Во рамките на својот ангажман на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бил предметен наставник по предметите: Современ македонски јазик 1-8, Словенечки јазик, Историја на македонскиот јазик, Историска граматика на македонскиот јазик.

***Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатот д-р Игор Станојоски***

**МОНОГРАФИИ:**

***Станојоски Игор (2009).*** *Проблемот на интерференциите при изучувањето на македонскиот јазик во Полска и Украина /* Игор Станојоски. Скопје : Станојоски И., 2009.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд на 180 страници Станојоски детално ги разгледува тешкотиите и интерференциите во говорот на полските и украинските студенти што го изучуваат македонскиот јазик во Полска и во Украина. Опфатени се интерференциите во сите области на јазикот, особено во областа на граматиката. Овој труд е напишан врз база на докторската дисертација.

***Станојоски Игор (2019).*** *Прекажувањето изразено со минатите времиња во македонскиот наспроти бугарскиот јазик.* Скопје: Датапонс, 2019.

**Евалуација на трудот**: Станува збор за драгоцен труд од областа на конфронтативната граматика. Прекажувањето како граматичка категорија привлекува голем интерес во светската лингвистика. Она што ја издвојува оваа монографија на Станојоски, како оригинална во лингвистиката, е тоа што го споредува функционирањето на оваа граматичка категорија во два сродни јазици. Покрај прекажувањето, Станојоски ги издвојува и другите граматички и семантички нијанси и скриени информации што се содржани во употребата на минатото неопределено наспроти минатото определено време во македонскиот и во бугарскиот јазик.

**УЧЕБНИЦИ:**

***Станојоски Игор (2009).*** *Македонська мова,* Скопје, 2009.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за учебник по македонски јазик за Украинци. Учебникот, пред сè, им е наменет на украинските студенти што го изучуваат македонскиот јазик. Материјалот е поделен во 28 наставни целини, од кои секоја се состои од текст во дијалошка форма, тематски речник, граматика и лексички и граматички вежби. Текстовите се меѓусебно поврзани и имаат оригинална содржина.

***Станојоски Игор (2012).*** *Makedonština.* Скопје, 2012.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за учебник по македонски јазик за Чеси. Учебникот, пред сè, им е наменет на чешките студенти што го изучуваат македонскиот јазик. Учебникот е конципиран по сличен принцип како и учебникот за Украинци: *Македонська мова,* иако постојат доста измени во самата содржина на текстовите и граматичките описи. Материјалот и овде е поделен во 28 наставни целини, од кои секоја се состои од текст во дијалошка форма, тематски речник, граматика и лексички и граматички вежби. Текстовите се меѓусебно поврзани и имаат оригинална содржина. Вредноста на овој учебник ја потврдува и податокот дека учебникот е реиздаден во 2019 година од страна на прашката издавачка куќа *Јазикови коутек.*

**ПРИРАЧНИК:**

***Станојоски Игор (2013).*** *Часови по конверзација: прирачник по македонски јазик за странци,* самостојно издание на Игор Станојоски, Скопје, 2013.

**Евалуација на трудот:** *Часови по конверзација* е проект реализиран во годините 2005-2009 во соработка со студентите од Универзитетите во Катовице (Полска) и Лавов (Украина). Прирачникот содржи 33 единици: есеи на студентите и предавања на Игор Станојоски. Прирачникот е наменет за наставата по македонски јазик на странските универзитети. Овој прирачник е значаен во творештвото на д-р Игор Станојоски затоа што претставува потврда за организациските способности и желбата за соработка со студентите. Освен тоа, прирачникот го пополнува недостигот на методички помагала во наставата по македонски јазик како странски на нивоата повисоки од нивото Б1.

**СКРИПТА:**

***Станојоски Игор (2015)*** *Усвојување на македонскиот јазик како странски (скрипта).* ISBN 978-608-244-235-8. Official URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/479

**Евалуација на трудот**: Вредно помагало за студентите и наставниците што ќе одлучат да се занимаваат со обучување странски студенти што ќе го изучуваат македонскиот јазик.

Скриптата содржи полезни препораки за предавање на граматиката на македонскиот јазик. Д-р Игор Станојоски во скриптата го сублимирал своето насобрано искуство од повеќегодишната работа на три странски универзитети.

**ПРАКТИКУМ:**

***Станојоски, Игор (2018).*** *Усвојување на македонскиот јазик како странски - практикум.* ISBN 978-608-244-554-0. URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20512

**Евалуација на трудот**: Практикумот корелира со скриптата по соодветниот предмет и во целост ги исполнува условите за наставно помагало.

**НАУЧНИ СТАТИИ:**

***Станојоски Игор (2004).*** *Фонетична стабільність наголосу на словацько-українському пограниччі та на македонському діалектному просторі,* Українсько-словацькі діалоги. Мовознавство: Studia slovakistica. Ужгород, 2004. 138-147.

**Евалуација на трудот:** Фонетската стабилност на акцентот на словачко-украинското пограничје и на македонскиот дијалектен простор. Во статијата се изнесуваат заклучоци, хипотези и разлики во развојот и затврдувањето на одредени типови акцент; механизми и правци на пренесување на акцентот преку ограничување на местото до потполна стабилизација; потекло на типовите на фонетски стабилниот акцент: на првиот и претпоследниот слог на словачкиот дијалектен простор и во западна Украина; на претпоследниот и на третиот слог од крајот на македонскиот дијалектен простор.

***Станојоски Игор (2004).*** *Девіатологічні аспекти вивчення української мови македонцями //* Теорія і практика викладання української мови як іноземної: Зб. Наук. Праць. Львів ЛНУ ім. Івана Франка, 2006, 153-159.

**Евалуација на трудот:** Девијатолошки аспекти на украинскиот јазик во говорот на македонските говорители. Во статијата се разгледуваат главните тешкотии во изучувањето на украинскиот јазик, најчестите девијации на артикулациско-фонетското, фонолошкото и морфолошкото рамниште. Се разгледуваат разликите во украинскиот и македонскиот јазичен систем поради кои доаѓа до девијациите.

***Станојоски Игор (2008).*** *Основни фактори во проучувањето на интерференцијалните девијации при изучувањето на словенските јазици* / Slavica iuvenum IX - Mezinárodní setkání mladých slavistů. - Ostrava: Ostravská univerzita Ostrava, Filozofická fakulta, 2008. - 323-334.

**Евалуација на трудот:** Статијата дава инструкции за методите и целите на едно проучување од областа на контактната лингвистика. Одговара на прашањата за пристапот во проучувањето на девијациите во јазичната настава и за ползата која може да се извлече од таквите сознанија.

***Станојоски Игор (2009).*** *Категоријалноста како фактор за девијации* / Výučba slovanských jazykov ako cudzích v slovanskom prostredí – súčasnosť' a perspektivy. – Banská Bystica: Univerzita Mateja Bela – Fakulta humanitných vied, 2009. 202-209.

**Евалуација на трудот:** Во статијата се разгледани неколку граматички категории присутни во словенските јазици. Тоа се категории кои според авторот на статијата се и главен фактор за јазични интерференции при изучувањето на јазиците. Станојоски смета дека граматичките категории што се присутни во вториот јазик, а ги нема во првиот јазик, се најтешките делови од јазичниот систем што се изучува.

***Станојоски Игор (2009).*** *Психолошки аспекти на изучувањето странски јазици /* Вісник Львівського університету. Серія філологічна. Випуск 48. ЛНУ ім. Івана Франка, Львів 2009. 258-261.

**Евалуација на трудот:** Во статијата се разгледуваат психолошките аспекти кои имаат пресудна улога во изучувањето на странскиот јазик: вродената способност, јазичниот усет, мотивацијата и комуникациската вредност на изучуваниот јазик, како и карактерот на зборувачот и изменетите состојби на свеста. Трудот не е посветен на некој конкретен јазик, туку е општ психолингвистички труд, чиишто заклучоци може да се однесуваат на секој јазик.

***Станојоски Игор (2010).*** *Интерференциски девијации во образувањето на глаголските форми во македонскиот јазик.* / Шести научен собир на млади македонисти. 18-20 декември 2008. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2010. 249-262.

**Евалуација на трудот:** Во статијата се разгледуваат тешкотиите во изучувањето на македонскиот јазик кај странските студенти поврзани со сложениот систем на глаголски форми во македонскиот јазик: девијации во образувањето и во употребата на глаголските форми; категориите прекажаност и временска определеност во системот на минатите времиња.

***Станојоски Игор (2011).*** *Критериуми за одредување на главните интерференцијално-девијациски жаришта во изучувањето на македонскиот јазик како странски во словенските земји /* Výuka jihoslovanských jazyků v dnešní Evropě. Ed. E. Krejčová, P. Krejčí, M. Przybylski. Porta Balcanica, Brno 2011. 220-229.

**Евалуација на трудот:** Во изучувањето на странскиот јазик се појавуваат девијации кои треба да се класифицираат, а потоа да се посвети посебно внимание на најважните. Оваа статија нуди една опција за определување на најповолните критериуми за одредување на главните жаришта на девијации при изучувањето на македонскиот јазик во словенските земји.

***Станојоски Игор (2016).*** *Фонетски и фонолошки девијации во употребата на македонскиот јазик кај полските и украинските студенти.* Палимпсест, Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, I (2). pp. 171-181. ISSN 2545-3998.

**Евалуација на трудот**: Овој труд содржи заклучоци врз основа на собрани материјали и лично искуство од работата со украински и полски студенти што го изучуваат македонскиот

јазик како втор/странски. Трудот е базиран врз поделбата на фонетските и фонолошките интерференции, која ја направил Вајнрајх, основоположникот на контактната лингвистика.

***Станојоски Игор (2018).*** *Евиденцијалноста во прозниот превод на македонски и на бугарски јазик од друг словенски јазик.* Руско-македонски јазични, литературни и културни врски 7. Зборник на трудови од VII македонско-руска научна конференција одржана во Скопје на 15 и 16 јуни 2017 г.. pp. 265-274. ISSN 978-608-234-057-9

**Евалуација на трудот**: За овој труд Станојоски се послужил со личното искуство во прозниот превод, наведувајќи примери од своите преводи на романи од чешкиот и рускиот јазик, како и аналогни примери во преводот на бугарски јазик. Може да се заклучи дека станува збор за драгоцен труд од областа на граматиката, семантиката, но и на транслатологијата, дисциплина што во нашата лингвистика сè уште е релативно слабо развиена.

***Станојоски, Игор (2018).*** *За и против употребата на аористот од несвршените глаголи.* Палимпсест, Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, 3 (5). pp. 31-41. ISSN 2545-3998

**Евалуација на трудот**: Трудот содржи драгоцени информации за состојбата на имперфективниот аорист во неколку градски говори, како и лични видувања на авторот врз основа на спротивставени аргументите *за* и *против* опстанокот на овие форми во стандардниот македонски јазик. Статијата содржи оригинална поставеност на основниот проблем, без намера да наметне дефинитивно решение, туку, поскоро, да поттикне дискусија на поставената граматичка тема од областа на современиот македонски јазик.

***Станојоски Игор (2018).*** *Дубитативот во бугарскиот наспрема македонскиот јазик.* Славистички студии 18, 18. pp. 183-188. ISSN 0352-3055

**Евалуација на трудот**: Овој оригинален научен труд е од областа на македонско-бугарската конфронтативна граматика и содржи прегледен приказ на состојбата со недоверливото прекажување, или дубитатив, во двата соседни словенски јазика. Притоа, авторот покажува одличен јазичен усет за нијансите во граматичките значења.

***Станојоски Игор (2018).*** *Прекажувањето на минатите дејства во македонскиот јазик.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 23 (5). pp. 1439-1442. ISSN 2545-4439.

**Евалуација на трудот**: Во овој труд се разгледува прекажувањето на минатите дејства. Трудот содржи тези на авторот поврзани со можностите за семантичко нијансирање во прекажувањето. Во овој труд авторот се ограничил на прекажувањето на минатите дејства.

***Станојоски Игор (2018).*** *Формите на евиденцијалноста во македонскиот и во бугарскиот јазик низ призмата на бугарската лингвистичка традиција.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 23 (5). pp. 1385-1389. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот**: Во овој труд авторот прави паралела на средствата на една граматичка категорија во македонскиот и во бугарскиот јазик, соочувајќи ги двете различни

лингвистички традиции. Овој труд е значаен за македонската лингвистика, бидејќи нуди еден сосема поинаков пристап.

***Станојоски Игор (2018).*** *Прекажувањето на сегашните дејства во македонскиот јазик.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 22 (6). pp. 1637-1640. ISSN 2545-4439.

**Евалуација на трудот**: Прекажувањето на сегашните дејства во македонскиот јазик е помалку проучувано од прекажувањето на планот на минатото и на иднината, па затоа овој труд е вреден за македонската лингвистика. Впрочем, во македонската лингвистика секое истражување на прекажувањето досега се концентрираше на прекажувањето на минатите дејства, на второ место со идното прекажано време, додека прекажувањето на сегашните дејства остануваше во сенка на претходните две.

***Станојоски Игор (2018).*** *Граматичката евиденцијалност во наставата по македонски и по бугарски јазик како втор/странски.* Knowledge – International Journal, Scientific Papers. pp. 1497-1501. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот**: Овој труд поаѓа од фактот што граматичката евиденцијалност е „егзотична“ граматичка категорија и што, како таква, им предизвикува тешкотии за странските студенти. И во овој труд авторот го применил своето насобрано искуство од наставата со странски студенти, па овој граматички и семантички проблем го разгледува во контекст на применетата лингвистика.

***Станојоски, Игор (2018).*** *Конклузивот во бугарскиот литературен јазик и во македонските дијалекти.* ФИЛКО – Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование. 544-548.

**Евалуација на трудот**: Конклузивот претставува граматичка поткатегорија која воопшто не е проучувана во македонската лингвистика. Авторот забележува дека конклузивот е позабележителен во југоисточното наречје, каде што и формално се разликува во рамките на минатото неопределено време. Во западното наречје и во стандардниот јазик најчесто минува незабележано затоа што погрешно се поистоветува со другите значења на минатото неопределено време. Во овој труд за првпат во македонската лингвистика среќаваме вакво семантичко делење на минатото неопределено време, во кое конклузивот е изделен во посебна поткатегорија.

Д-р Игор Станојоски приложил сертификати за учество на четири научни собири во последните пет години:

**ФИЛКО – Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, Штип, 18-19 март 2016.**

Евалуација на излагањето на тема: Усвојувањето на минатите времиња во изучувањето на македонскиот јазик во словенските земји.

Ова излагање на д-р Игор Станојоски е тесно поврзано со дел од темите обработувани во докторската дисертација. Се задржува на, како што вели, „вкрстувањето“ на две граматички категории: временската (не)определеност и прекажаноста, што претставува комплексен систем за странскиот изучувач на македонскиот јазик.

**Меѓународен славистички собир, Скопје, 15-16 јуни 2017.**

Објавена статија во зборникот од собирот:

Станојоски, Игор (2018) *Евиденцијалноста во прозниот превод на македонски и на бугарски јазик од друг словенски јазик.* Руско-македонски јазични, литературни и културни врски 7. Зборник на трудови од VII македонско-руска научна конференција одржана во Скопје на 15 и 16 јуни 2017 г.. pp. 265-274. ISSN 978-608-234-057-9

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20593

**ФИЛКО – Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, Штип, 26-27 април 2018.**

Статија во зборникот од оваа конференција:

Станојоски, Игор (2018) *Конклузивот во бугарскиот литературен јазик и во македонските дијалекти.* 544-548. ФИЛКО – Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование. (во печат)

**Меѓународен научен собир „Денови на Благоја Корубин“ Фолклор – традиција – јазик, 17-18 мај 2018.**

Евалуација на излагањето на тема: За и против употребата на аористот од несвршени глаголи.

Во ова излагање д-р Игор Станојоски прави преглед на формите на имперфективниот аорист во македонските дијалекти, избирајќи ги скопскиот, два западномакедонски и два источномакедонски говори за основа на своето дијалектолошко и социолингвистичко истражување од областа на граматиката. Преку еден поширок поглед врз македонскиот дијалектен простор ја разгледува (не)оправданоста на употребата на аористот од несвршените глаголи.

***Приказ на докторската дисертација од кандидатот д-р Игор Станојоски***

Докторската дисертација на д-р Игор Станојоски, одбранета на Шљонскиот универзитет во Катовице (Полска) на 20 јули 2009 година, е на тема *Проблемот на интерференциите при изучувањето на македонскиот јазик во Полска и Украина.* Во овој труд авторот ги опфатил сите битни делови од македонскиот јазичен систем, а посебно се задржал на граматичките, семантичките и синтаксичките особености. Од граматиката посебно внимание е посветено на граматичките категории што се присутни во македонскиот јазик, а не се познати во полскиот и украинскиот јазик, каква што е граматичката евиденцијалност. Од глаголскиот систем посебно се разгледуваат формалните и дистрибутивните особености на

минатото определено и минатото неопределено време. Посебна глава е посветена на лексичко-семантичките интерференции. Исто така, во посебна глава се разгледуваат и синтаксичките интерференции. Овде посебно се анализираат употребата на предлозите, сврзниците, удвоениот предмет, збороредот и други особености на македонската синтакса. Удвоениот предмет, како особеност на македонскиот јазик, која не е позната во другите словенски јазици, е привлечен и од аспект на применетата лингвистика. Истражувањето чиишто резултати се изложени во докторската дисертација, е базирано врз собрани усни и пишани материјали од студентите од Полска и Украина, а дел од текстовите се дадени како прилог на крајот од дисертацијата.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Игор Станојоски***

Од аспект на наставно-образовната дејност може да се заклучи дека д-р Игор Станојоски има долгогодишно искуство во наставата во високото образование, а тоа искуство го стекнувал во четири земји, работејќи на три странски универзитети со долга традиција: во Полска, Чешка и Украина. Д-р Игор Станојоски дал голем придонес во афирмацијата на македонскиот јазик и македонската култура надвор од нашата земја.

Исто така, д-р Игор Станојоски веќе шест години учествува во наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: еден семестар како стручњак од практиката, пет години како насловен доцент и речиси една година како насловен вонреден професор.

Од научноистражувачкиот ангажман и објавените трудови произлегува дека д-р Игор Станојоски се занимавал со широк спектар на претежно граматички теми, македонскиот јазик го разгледувал и во славистички и во балканистички контекст, покажувајќи познавања и од контактната и од компаративната лингвистика, сознанијата од областа на граматиката ги искористил и за потребите на применетата лингвистика.

Д-р Игор Станојоски учествува во научниот проект „Јазикот, културата и фолклорот на македонските иселеници во Република Турција“ (раководител – проф. д-р Јованка Денкова), во којшто е вклучен со Одлука бр. 1902-132/18 од 22.5.2018 година донесена на 173. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип.

**II. Кандидат д-р Марија Соколова**: При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатката д-р Марија Соколова (моминско презиме Димитрова), доставена во предвидениот рок што беше определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатката д-р Марија Соколова доставила комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите поднесени документи од кандидатката.

***Биографски податоци за кандидатката д-р Марија Соколова***

Кандидатката д-р Марија Соколова е родена на 28.2.1980 година во Кочани. Основно образование завршува во ПУ „Гоце Делчев“ во Кочани, а општа гимназија во СОУ „Ѓупчо Сантов“, исто така, во Кочани. Во 2004 година дипломира на додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, при што се стекнува со стручен назив дипломиран професор по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Во 2005 година се запишува на постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, каде што во 2010 година со одбрана на магистерскиот труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“ од областите методика на јазик и македонистика се стекнува со научен степен магистер на филолошки науки. Во 2011 година кандидатката Марија Соколова се запишува на трет циклус студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Докторската дисертација со наслов „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“ од областите лексикологија и македонистика ја брани во април 2018 година на истиот Факултет, со што се стекнува со научен степен доктор по филолошки науки. Освен тоа, во 2004 година Марија Соколова го положува испитот за лектор со што станува овластен лектор по македонски јазик.

Работното искуство на д-р Марија Соколова во основното и во средното образование започнува во 2006 година, кога е ангажирана во ПСУ „Јахја Кемал“ во Скопје. Од 2007 до 2009 година работи во ПСУ „САБА“ во Скопје, а во периодот од 2012 до 2014 година работи како наставник по македонски јазик во ОУ „Раде Кратовче“ во Кочани. Од септември 2014 година до денес д-р Марија Соколова работи како наставник по предметот Македонски јазик и литература во СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани. Во високото образование е ангажирана како демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во периодот од октомври 2007 до декември 2009 година. Од 2010 до 2016 година е ангажирана како предавач по македонски јазик за странски студенти на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Од октомври 2018 година е ангажирана како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија и Споредбена граматика на словенските јазици на Катедрата за македонски јазик и книжевност, како и за предметот Македонски јазик за студентите од другите катедри во студиската 2018/2019 година. Како овластен лектор по македонски јазик кандидатката д-р Марија Соколова лекторирала научни и стручни трудови од разни научни области. Од приложената документација (копија од потврда за познавање на англиски јазик заверена на нотар, оригинална диплома за завршен курс по албански јазик, оригинален сертификат за познавање на грчкиот јазик, сертификат за познавање на германски јазик А2 ниво) може да се констатира дека кандидатката има познавање на англискиот јазик, како и на грчкиот,

албанскиот и германскиот јазик. Освен тоа, кандидатката д-р Марија Соколова има доставено и 4 препораки од универзитетски професори од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а кон ова е приложена и препорака од претходен работодавач.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Марија Соколова***

Од биографските податоци на д-р Марија Соколова може да се забележи дека кандидатката има работно искуство во основното, средното и високото образование. Работела како наставник во неколку основни и средни училишта по предметите Македонски јазик (во основно образование) и Македонски јазик и литература (во средно образование), а била ангажирана и како демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје за предметите Современ македонски јазик 1 и Современ македонски јазик 2, како предавач по Македонски јазик за странски студенти на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип и како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија на СМЈ, Споредбена граматика на словенските јазици, Македонски јазик 3 и Македонски јазик 4.

Во однос на научноистражувачката работа на кандидатката д-р Марија Соколова, од приложената документација може да се констатира дека има изработено магистерски труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“, како и докторска дисертација на тема „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“. Освен тоа, кандидатката има објавено вкупно 9 авторски трудови во домашни списанија и публикации и во публикации со меѓународен научен карактер. Доминантните научни области на кои се однесуваат објавените трудови на д-р Марија Соколова се Методика на јазик, Лексикологија и Македонистика, што може да се види и од деталниот преглед и евалуацијата на објавените трудови од кандидатката.

***Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката д-р Марија Соколова***

***Димитрова Марија (2006)***. *Стразбуршка лекција за Грција и за Бугарија*. Литературен збор, Скопје, Год. LIII, Бр. 1–3, стр. 188–190.

**Евалуација на трудот**: Овој труд претставува јазична или јазично-стилска анализа на еден новинарски текст со наслов „Стразбуршка лекција за Грција и за Бугарија“ објавен во 2005 година во еден македонски дневен весник (иако авторката Марија Соколова тоа не го наведува во трудот). Во трудот се дадени јазични карактеристики на споменатиот новинарски текст.

***Димитрова Марија (2008)***. *Содржинско-јазична анализа на учебниците по македонски јазик како немајчин за реформираното гимназиско образование*. Во: Зборник „Петти научен

собир на млади македонисти“, стр. 47–58. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.

**Евалуација на трудот**: Трудот претставува панорамска елаборација за содржинско-јазичните елементи на учебниците по предметот Македонски јазик и литература во гимназиското образование во Македонија за паралелките со албански и турски наставен јазик. На почетокот од трудот се наведуваат општи податоци за историјатот на гимназиското образование во Република Македонија и за неговото враќање во средното образование во учебната 1991/1992 година. Авторката ги наведува причините за промена на наставниот план, како и основните карактеристики на новиот наставен план. Во трудот се врши и анализа (содржинско-јазична) на неколку конкретни учебници по предметот Македонски јазик и литература за паралелките со албански и турски наставен јазик со посебен осврт на наставното подрачје *јазик* и наставното подрачје *литература*.

***Соколова Марија (2010)***. *Содржините по морфологија во наставните програми по предметот Македонски јазик во основното образование (предметна настава)*. Во: Зборник „Шести научен собир на млади македонисти“, стр. 263–267. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“.

**Евалуација на трудот**: Трудот претставува осврт кон проблематиката поврзана со учебниците по предметот Македонски јазик во основното образование во Македонија. Иако во насловот се најавува дека ќе се зборува за „содржините по морфологија“, сепак авторката само во еден мал сегмент од трудот зборува за морфолошките содржини во учебниците (за видови зборови што не се застапени во учебниците и за начинот на претставување само на една глаголска форма во учебниците), а во голема мера се обрнува внимание на општата состојба во основното образование во Македонија со недостигот од учебници, па дури и во одделни негови сегменти овој стручен труд на авторката е и новинарско-публицистички текст: „Програма има, а нов учебник сè уште нема... Одговор побаравме од Бирото за развој на образованието. Но, во разговор со претставниците од Бирото за развој на образованието добивме сосема поинаков одговор. Имено, тие го потврдуваат фактот дека нов учебник сè уште нема, но го негираат податокот дека на наставниците им е отежната работата во реализирањето на Програмата, бидејќи постојат постари изданија на учебници...“.

***Соколова Марија (2010)***. *Улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците во основното образование*. Литературен збор, Скопје, Год. LVII, Бр. 4–6, стр. 167–171.

**Евалуација на трудот**: Целта на трудот, како што наведува и самата авторка, е да се дознае ставот и улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците. За да се постигне таа цел, извршено е анкетирање на наставниците по Македонски јазик, а реализиран е и непосреден контакт со нив. Авторката на трудот детално и системски ги презентира резултатите од анкетата и од непосредниот контакт со наставниците, при што доаѓа

до податоци за проблематиката на писменото изразување на учениците, од што ќе произлезат и суштински ефективни предлози од наставниците за подобрување на писменото изразување на учениците.

***Соколова Марија (2016)***. *Јазичната структура на СМС-пораките*. Во: Зборник „Седми научен собир на млади македонисти“, стр. 215–219. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“.

**Евалуација на трудот**: И во овој труд авторката се задржува на проблематиката поврзана со културата на писменото изразување на учениците во основното образование во Македонија. Предмет на истражување, како што може да се види и од самиот наслов на трудот, се кратките пишани телефонски пораки на учениците од петто до осмо одделение од неколку града од Македонија. Авторката констатира дека учениците најчесто ги пишуваат пораките на латиница, дека не внимаваат на користењето на мали и големи букви, дека учениците употребуваат и некои симболи со цел да се скрати времето на пишување, дека употребуваат скратеници и емотикони и слично.

***Соколова Марија (2017/2018)***. *Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик (експозе на одбранет докторски труд)*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, книга 43–44, стр. 305–317. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“.

**Евалуација на трудот**: Овој труд претставува приказ на докторската дисертација на кандидатката д-р Марија Соколова што е одбранета на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во април 2018 година.

***Соколова Марија (2018)***. *Асоцијативното поле на стимулусот* ***глуп*** *во асоцијативните речници на македонскиот, српскиот, бугарскиот и рускиот јазик*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Штип, год. 9, бр. 12, стр. 17–22. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.

**Евалуација на трудот**: Станува збор за компаративно-лингвистичка студија од научните области лексикологија и славистика. Како што пишува авторка во трудот, асоцијативните речници помагаат во разграничувањето на основното од типичното значење на лексемите. За да се дојде до основното значење на некои зборови потребно е да се разоткрие типичната вонјазична ситуација, која е во врска со дадениот збор. Описните придавки најчесто ги опишуваат особините на луѓето, но и на предметите и на појавите. Откривањето на нивното основно значење, значи откривање на типичните ситуации за тие особини, како и типичните учесници за нив. Овој труд на Соколова е објавен во меѓународна научна публикација во која трудовите се рецензираат.

***Соколова Марија (2018)***. *Асоцијативниот речник како основа за истражување на асоцијативите*. Македонистика, бр. 17, стр. 133–168. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

**Евалуација на трудот**: Станува збор за обемен труд во кој се елаборираат голем број прашања поврзани со темата, како што се појавата, развојот и карактеристиките на асоцијативите, асоцијативите во менталниот лексикон, синтагматските и парадигматските односи кај асоцијациите, историскиот развој на асоцијативните речници, асоцијациите во македонскиот јазик, изработката на првиот Асоцијативен речник на македонскиот јазик од 50 зборови итн. Во заклучокот од трудот се нагласува дека семантички поврзаните лексеми се асоцијативно поврзани и така може да се определи нивната врска во менталниот лексикон. Асоцијациите ја претставуваат не само јазичната, туку и вонјазичната врска со стимулусот.

***Соколова Марија (2019)***. *Споредбена анализа на исти стимулуси од македонскиот асоцијативен речник со други асоцијативни речници*. Палимпсест, год. IV, бр. 7, стр. 77-85. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев".

**Евалуација на трудот**: Овој текст на Соколова претставува оригинален научен труд објавен во меѓународна научна публикација. Во трудот е извршена аналитичка компарација на исти стимулуси од македонскиот асоцијативен речник со асоцијативни речници на пет други словенски јазици, односно српски, руски, белоруски, бугарски и украински. Целта на истражувањето, како што нагласува авторката, е да се види фреквенцијата на дериватите во асоцијативните полиња на стимулусите, но и фреквенцијата на стимулусите во асоцијативните полиња на дериватите, а задачата на истражувањето е да се споредат асоцијациите на 13 зборови стимулуси од асоцијативните речници на 5 јазици со асоцијациите во Асоцијативниот речник на македонскиот јазик. Имено, во текстот се анализираат асоцијативните полиња на стимулусите: *бел*, *богат*, *вода*, *време*, *глава*, *глуп*, *говорење*, *ден*, *дом*, *живот*, *лице*, *љубов* и *рака*, а резултатите од компаративната анализа за секој збор се приложени во табели. Трудот е значаен од аспект на компаративните истражувања од областа на славистиката и лексикологијата.

***Приказ на докторската дисертација од кандидатката д-р Марија Соколова***

Докторската дисертација на Соколова е одбранета во април 2018 година и е на тема *„Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик"*. Докторската дисертација опфаќа две главни теми: паронимите, разработени во 11 поттеми, и асоцијативите, разработени во 16 поттеми, секоја со соодветни наслови и поднаслови, што овозможува прегледно следење на материјалот што се обработува. На крајот од трудот како прилози се претставени клучните придобивки од докторската дисертација: Краток речник на паронимите, првиот Асоцијативен речник на македонскиот јазик и првиот Обратно асоцијативен речник на македонскиот јазик. Во резимето кон овој труд се наведуваат мотивите и поттиците за изработка на докторска дисертација на ваква тема: паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик досега не биле предмет на посебни истражувања. Во светската лексикологија веќе се менува мислењето за тоа што се паронимите преку воведување на построги критериуми.

Асоцијативите, од друга страна, се солидна основа за психолошки, лингвокултуролошки, лексикографски и други истражувања, и како начин на прикажување на националниот поглед на свет. Проучувањето на паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик е полезно не само за оние кои се занимаваат со лексикологија туку и за психолозите, културолозите, лингвистите, новинарите, странците кои го изучуваат македонскиот јазик, во маркетинг-агенциите итн.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Марија Соколова***

Кандидатката д-р Марија Соколова има повеќегодишно искуство во наставата во основното и во средното образование како наставник по предметите Македонски јазик (во основното образование) и Македонски јазик и литература (во средното образование) и тоа во неколку основни и средни училишта во Македонија. Денес Соколова работи како наставник по предметот Македонски јазик и литература во СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани. Покрај тоа, таа има искуство и како демонстратор во високото образование (на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје), но и како предавач по Македонски јазик за странски студенти во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип, а во студиската 2018/2019 година е ангажирана и како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија на СМЈ, Споредбена граматика на словенските јазици, Македонски јазик 3 и Македонски јазик 4.

Во однос на научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Марија Соколова има изработено и одбрането магистерски труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“ од областите Методика на јазик и Македонистика, како и докторска дисертација на тема „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“ од областите Лексикологија и Македонистика. Покрај тоа, Соколова има објавено 9 научни и стручни трудови во домашни публикации и во публикации со меѓународен научен карактер. Од објавените трудови може да се заклучи дека досегашниот научен интерес на Соколова е насочен доминантно кон областите Методика на јазик и Лексикологија. Треба да се истакне дека магистерскиот труд и докторската дисертација на кандидатката д-р Марија Соколова даваат значаен придонес во развојот на истражувањата од областите Методика на јазик и Лексикологија, а одделни нејзини објавени трудови гравитираат кон темите од магистерскиот труд и од докторската дисертација.

Од документацијата на кандидатката, може да се констатира дека д-р Марија Соколова учествува во четиридневната Програма за професионален развој на наставниците за настава, учење и оценување на квалификациите од СОО во организација на Британскиот совет и Министерството за образование и наука на Република Македонија во август 2016 година, на обуката на тема „Користење на интерактивни – современи методи и техники во наставата за

средно образование" во Кочани во организација на Бирото за развој на образованието во август 2016 година, на базичната обука за меѓуетничка интеграција во образованието организирана на училишно ниво во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието во март 2016 година, на обуката за реализацја на нови модуларно дизајнирани наставни програми базирани на компетенции реализирана во Скопје во август 2019 година, а во документацијата е приложена и потврда за учество на Седмиот научен собир на млади македонисти во 2010 година, но без приложено излагање поради што Рецензентската комисија не беше во можност да изврши евалуација на учеството на д-р Марија Соколова на овој научен собир.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на наведените факти во деталниот извештај, произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавените кандидати, членовите на Рецензентската комисија заклучија дека најсоодветен кандидат за наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области македонистика (64000) и граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) е кандидатот д-р Игор Станојоски. Д-р Игор Станојоски има побогато искуство во високото образование, значително поголем број објавени научни трудови (и во последните пет години и воопшто), коишто Комисијата ги евалуира и повисоко во споредба со трудовите од кандидатката д-р Марија Соколова, а следствено на тоа, има и значително повеќе поени од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (Прилози 1 и 2). Д-р Игор Станојоски веќе бил избран во насловните звања насловен доцент (во 2014 година) и насловен вонреден професор (во 2019 година) на Филолошкиот факултет во Штип. Членовите на Комисијата, исто така, констатираа дека кандидатот д-р Игор Станојоски ги исполнува сите законски критериуми за избор во звање *вонреден професор*.

Имајќи ги предвид сите предочени факти, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој извештај и **кандидатот *д-р Игор Станојоски* да биде избран за наставник во наставно-научното звање *вонреден професор* за наставно-научните области македонистика (64000) и граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гоце Цветановски, редовен професор – претседател, с.р.**

**Д-р Олгица Михајловска-Додевска, редовен професор – член, с.р.**

**Д-р Ранко Младеноски, вонреден професор – член, с.р.**

**Прилог 1**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

**(за последните 5 години)**

**за кандидатот д-р Игор Станојоски**

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | **поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Избор во звање насловен доцент | 30 | | | | 30 |
| | Избор во звање насловен вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **поени** | | | | |
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Монографија | 1 | 10 | | | 10 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | 7 | 9 | | | 63 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 1 | 3 | 3 |
| | Учество на научен собир со реферат | 4 | 1,5 | | | 6 |
| | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања | 1 | 5 | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **89** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **поени** | | | | |

| | | во Македонија | | во странство | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | | 1 | 6 | 6 |
| | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | 5 |
| | Експертиза | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| | **ВКУПНО НО+НИ+САОР** | | | | | **174** |

**Прилог 2**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

**(за последните 5 години)**

**за кандидатката д-р Марија Соколова**

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | **поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **поени** | | | | |
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | 2 | 9 | | | 18 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 3 | 2 | | | 6 |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **36** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **поени** | | | | |
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **5** |
| | **ВКУПНО НО+НИ+САОР** | | | | | **41** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ХЕМИЈА И АНАЛИТИЧКА БИОХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2002-179/10 од 30.9.2019 година донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден асистент во научните области *хемија (10700) и аналитичка биохемија (10714)* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор (наставно-научни области аналитика на лекови и аналитичка хемија), претседател;
- д-р Татјана Рушковска, редовен професор (наставно-научни области клиничка биохемија и биохемија), член;
- д-р Рубин Гулабоски – редовен професор (наставно-научна област хемија на земјиштето), член.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 6.9.2019 година во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ и во предвидениот рок се пријавија:

- м-р Дијана Мицова (родено презиме Атанасова), магистер по фармација и
- м-р Павлинка Кокошкарова, магистер по хемиски науки – аналитичка биохемија.

Со Барање број 0401-31/34 од 29.10.2019 година, кандидатката Дијана Мицова изјави дека си ги повлекува своите документи од Конкурсот за избор на еден асистент од научните области хемија и аналитичка биохемија. Со тоа, единствен пријавен кандидат на Конкурсот е Павлинка Кокошкарова, м-р по хемиски науки – аналитичка биохемија. Пријавата е во целост разгледана и утврдивме дека кандидатката м-р Павлинка Кокошкарова уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи:

1. Дипломи за завршен прв и втор циклус на студии (по еден оригинален примерок, соодветно и по три копии заверени кај нотар);
2. Уверение за остварен просечен успех на прв циклус студии – 8,83 (еден примерок оригинал и една копија заверена кај нотар);
3. Уверение за остварен просечен успех на втор циклус студии – 10,00 (еден примерок оригинал и една копија заверена кај нотар);
4. Уверение за државјанство – еден примерок оригинал;
5. Кратка биографија, во четири примероци;

6. Сертификат за завршен курс по англиски јазик HEADWAY Upper-Intermediate (B2.2) – оригинал;

7. Потврда за посетување на настава по германски јазик почетно ниво и II степен – оригинали;

8. Препорака од претходен работодавач – оригинал;

9. Препораки од двајца професори од научните области во кои се пријавува – оригинали;

10. Магистерски труд „Хемиски својства и функции на нови бензохинонски деривати добиени при реакција на коензим Q-0 во алкална средина“ – еден примерок;

11. Список на објавени трудови со импакт фактор и по еден примерок од трудовите;

12. Сертификат за DAAD стипендија;

13. Останати сертификати.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Павлинка Кокошкарова** е родена на 16.3.1980 година во Штип, каде што завршува основно и средно гимназиско образование со континуиран одличен успех. Во учебната 2004/2005 година се запишува на Институтот за биологија (Биохемиско-физиолошка насока), на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2009 година дипломира со просек 8.83 и се стекнува со звање *дипломиран инженер по биологија*.

Во 2011 година се запишува на магистерски студии на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, студиска програма Аналитичка биохемија. Сите предвидени испити од магистерските студии ги положува со просечна оценка 10.00. Во 2014 година успешно го брани магистерскиот труд со наслов „*Хемиски својства и функции на нови бензохинонски деривати добиени при реакција на коензим Q-0 во алкална средина*“ и се стекнува со звање *магистер по хемиски науки – аналитичка биохемија*. Од 2011 година е вработена како биохемичар/аналитичар во ПЗУ „Д-р Златко Стојменов“ во Штип.

Во периодот од 2016 година па сè до денес, м-р Павлинка Кокошкарова е ангажирана како стручњак од пракса и одржува вежби по предметот Клиничка биохемија со студентите од студиските програми Фармација, Општа медицина и Медицински лаборанти. Покрај тоа, м-р Кокошкарова одржува вежби и по предметот Аналитичка биохемија за студентите на

Фармација (во 2017-2018 година), како и по предметот Биохемија 2 (во 2018-2019) година со студенти на Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

М-р Павлинка Кокошкарова покажува голема активност и во научноистражувачката работа. Така, во периодот од запишувањето на нејзините магистерски студии до денес таа се јавува како автор на 5 научни публикации што се публикувани во списанија со исклучително висок фактор на влијание. Покрај тоа, м-р Павлинка Кокошкарова учествува и на неколку научни манифестации, а во 2011 година од страна на фондацијата DAAD таа добива стипендија од типот „Sur-place scholarship“ во рамките на проектот „From molecules to functionalized materials“ на фондацијата DAAD.

**Листа на публикувани трудови во списанија со импакт фактор (според Thomson Reuters)**

1. Milkica Janeva, **Pavlinka Kokoskarova**, Viktorija Maksimova, Rubin Gulaboski, "Square-wave Voltammetry of Two-step Surface Electrode Mechanisms Coupled with Chemical Reactions – a Theoretical Overview". Electroanalysis, 2019 **(Impact Factor = 2.691)**
   https://onlinelibrary.wiley.com/doi/10.1002/elan.201900416
2. **Pavlinka Kokoskarova**, Viktorija Maksimova, Milkica Janeva, Rubin Gulaboski, "Protein-film Voltammetry of Two-step Electrode Enzymatic Reactions Coupled with an Irreversible Chemical Reaction of a Final Product – a Theoretical Study in Square-wave Voltammetry". Electroanalysis 31 (2019) 1454-1464, DOI: 10.1002/elan.201900225 **(Impact Factor = 2.691)**
3. Rubin Gulaboski**, Pavlinka Kokoskarova**, Sofija Petkovska, "Time Independent Methodology to Assess Michaelis-Menten Constant by Exploring Electrochemical-Catalytic Mechanism in Protein-Film Cyclic Staircase Voltammetry". Croat. Chem. Acta, 91 (2018) 377-382. **(Impact Factor = 0.731)**
4. R. Gulaboski**,** I. Bogeski, **P. Kokoskarova**, H. H. Haeri, S. Mitrev, M. Stefova, J. Petreska Stanoeva, V. Markovski, V. Mirceski, M. Hoth, R. Kappl, "New insights into the chemistry of Coenzyme Q-0: A voltammetric and spectroscopic study". Bioelectrochemistry 111 (2016) 100-108. **(Impact Factor = 4.474)**
5. R. Gulaboski**, P. Kokoskarova**, S. Mitrev, "Theoretical aspects of several successive two-step redox mechanisms in protein-film cyclic staircase voltammetry" Electrochimica Acta 69 (2012) 86-96. **(Impact Factor = 5.116)**

Во трудот со број (1), со наслов "Square-wave Voltammetry of Two-step Surface Electrode Mechanisms Coupled with Chemical Reactions – a Theoretical Overview" се претставени теоретски модели за однесувањето на липофилни редокс ензими, чија

електрохемиска трансформација се случува во два последователни чекори. Феномените објаснети во овој труд се однесуваат на четири електродни двостепени механизми што се поврзани со електрохемиска трансформација на редокс ензими, чии електродни реакции се компликувани со претходни или последователни хемиски реакции. Во трудот се дадени методи за дијагностицирање на електродните реакции на одделните редокс ензими, како и методи за определување на кинетички и термодинамички параметри релевантни за ензимско-супстратните реакции што се обработени во овој труд. Притоа, покажано е дека активноста на ензимите (до одредена мера) може да се зголеми при процесите на нивна деактивација. Тоа се случува при благо зголемени температури над 37°C или во присуство на мали концентрации на деактиваторски супстанции. Овие феномени укажуваат на нови непознати електрохемиски својства на ензимите при процесите на нивна деактивација. Феномените обработени во овој труд се од голема важност за разбирање на својствата на голем број ензими што содржат железни, бакарни или јони на молибден, како и кинонски делови, како активни центри.

Во трудот со број (2) со наслов "Protein-film Voltammetry of Two-step Electrode Enzymatic Reactions Coupled with an Irreversible Chemical Reaction of a Final Product – a Theoretical Study in Square-wave Voltammetry" е претставен првпат теоретски модел за двостепена ензимска реакција што е проследена со иреверзибилна хемиска деактивација на крајниот ензимски производ. Во овој труд, првпат детално се претставени досега непознати феномени што се однесуваат на волтаметриските својства на липофилните ензими при процесите на нивна деактивација. Притоа, при умерени услови на деактивација, предизвикани од умерено зголемување на температурата или од умерено зголемување на концентрацијата на деактиваторите, липофилните редокс ензими покажуваат значително зголемена електрохемиска активност. Овие својства на редокс ензимите се употребени за развој на нови волтаметриски методи за мерење на кинетиките на деактивација на ензимите.

Во трудот со број (3) со наслов „Time Independent Methodology to Assess Michaelis-Menten Constant by Exploring Electrochemical-Catalytic Mechanism in Protein-Film Cyclic Staircase Voltammetry" е претставена нова метода во техниката циклична волтаметрија за определување на кинетиката на ензимско супстратните реакции. Покрај тоа, оваа метода, базирана на евалуација на т.н. лимитирачка струја како функција од концентрацијата на супстратот, може да се примени и за определување на кинетиката на интеракции на лекови. Методата е базирана на анализи што не се временски зависни, туку само концентрациски зависни циклично волтаметриски анализи во кои лимитирачките струи од цикличните волтамограми се мерат како функција на супстратите.

Во трудот со реден број (4) со наслов „New insights into the chemistry of Coenzyme Q-0: A voltammetric and spectroscopic study" се претставени својствата на соединението Coenzyme Q-0 во алкална средина. Притоа, покажано е дека овој прекурсор на соединенијата од

фамилијата на Coenzyme Q во алкална средина претрпува значителни хемиски промени. Притоа, како главни продукти на таа реакција на Coenzyme Q-0 и $OH^-$ јоните се јавуваат неколку хидрокси деривати на Coenzyme Q-0. Својствата на овие хидрокси деривати на Coenzyme Q-0 се анализирани со електрон парамагнетна резонанца, UV/VIS спектрофотометрија, течна хроматографија и со електрохемиски техники. Покрај нивниот потенцијал да комплексираат јони на калциум, магнезиум, бариум, железо и бакар, покажано е дека овие хидрокси деривати на Coenzyme Q-0 имаат силна антиоксидантна моќ. Трудот е еден од серијата трудови за новите својства на соединенијата од фамилијата на Coenzyme Q.

Во трудот со број (5) со наслов „Theoretical aspects of several successive two-step redox mechanisms in protein-film cyclic staircase voltammetry" за првпат се претставени математички модели за неколку површински редокс реакции во услови на циклична скалеста волтаметрија, во ситуации каде електрохемиски активните супстанци стапуваат во хемиски реакции. Притоа, во трудот се претставени едноставни критериуми за препознавање на одделните електрохемиски механизми, а дадени се и нови методи за определување на кинетички и термодинамички параметри што се релевантни за хемиските реакции во кои стапуваат студираните системи. Резултатите од овој научен труд се релевантни за испитување на електрохемиските и хемиските својства на голем број липофилни супстанци, а се основа и за техниката „протеин-филм волтаметрија". Овој труд е цитиран повеќе од 37 пати, што укажува на неговата релевантност во подрачјето на површинските реакции.

**Учества на конгреси и конференции и работилници**

1. Galaba Naumova, **Pavlinka Kokoskarova**, Rubin Gulaboski (2013) *Properties of Coenzyme Q derivatives obtained via reaction from Coenzyme Q-0 in alkaline media.* in: SOE DAAD Annual Meeting, From molecules to functionalized materials, 14-18 Oct 2013, Cluj, Napoca, Romania.
2. Elena Meckaroska, Isidora Ristovska, Milkica Janeva, **Pavlinka Kokoskarova** (2018), *Voltammetric Sensors for Hydrogen Peroxide Detection in Living Cells,* First Congress of Students of General Medicine, Goce Delcev University, 09-10 May 2018, Stip, Macedonia.
3. Учество, во својство на слушател, на научно-едукативен симпозиум со наслов „Dermatology 2020" организиран од Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и Здружението на дерматовенеролозите на Р. Македонија.
4. Учество на работилници од областа на аналитичка биохемија и клиничка биохемија организирани од компанијата „Фармахем" во Струмица, Маврово, Крушево.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната активност на магистер по хемиски науки Павлинка Кокошкарова може да се заклучи дека таа покажала извонредни резултати. М-р Павлинка Кокошкарова е автор на 5 труда публикувани во списанија со висок импакт фактор, што се цитирани повеќе од 50 пати. Нејзината досегашна активност во науката е од исклучително значење, бидејќи е директно поврзана со теоретско и експериментално изучување на својствата на физиолошки релевантни соединенија. Нејзината посветеност кон истражувањето и темелниот пристап кон работата ѝ овозможиле да постигне забележителни резултати како во науката, така и во изведувањето на практичните вежби со студентите на практикумите каде досега била ангажирана како стручњак од пракса. М-р Павлинка Кокошкарова има одлични познавања од хемијата, аналитичката хемија и биохемијата. Притоа, м-р Павлинка Кокошкарова има солидно познавање на функциите и можностите на релевантни инструментални методи и техники што се употребуваат во аналитичката биохемија. Павлинка Кокошкарова има просек од 8.83 од првиот циклус на студии и е еден од ретките студенти на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје со просек од 10.00 од вториот циклус студии на студиската програма Аналитичка биохемија. Нејзината способност да предава знаења на студентите на исклучително разбирлив и едноставен начин е опишана и во анонимните анкети од студентите за практикумите каде м-р Павлинка Кокошкарова била ангажирана како стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки.

Имајќи ги предвид нејзините постигнувања и сите факти што се наведени во овој Извештај, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да ја избере м-р Павлинка Кокошкарова во звање асистент во научните области хемија и аналитичка биохемија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Татјана Рушковска, редовен професор, член, с.р.

Д-р Рубин Гулабоски, редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-152/3 од 29.10.2019 година донесена на 185. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 29.10.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *граѓанско право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Игор Камбовски, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Игор Камбовски** е вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Игор Камбовски е роден на 23.8.1972 година во Битола. Основното и средното образование ги завршува во Скопје, а во академската 1991/1992 година се запишува на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршува во октомври 1995 година со просечна оценка 8.35, со што се стекнува со звање дипломиран правник. Во 1998 година се запишува на постдипломските студии по деловно право на Правниот факултет во Скопје. По положувањето на предвидените испити со просечна оценка 8.83 и изготвувањето на магистерскиот труд на тема „Застапувањето како институт во трговското и граѓанското право“, д-р Игор

Камбовски истиот го брани на 4.7.2007 година, со што се стекнува со звање магистер по деловно право.

Во октомври 2007 година д-р Игор Камбовски пријавува докторска дисертација на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со наслов „Електронска трговија и електронски договор“ и истата јавно ја брани на 13.10.2009 година, со што се стекнува со звање доктор на правни науки.

Д-р Игор Камбовски во периодот од 1.1.1996 до 15.1.1998 година волонтира во Основниот суд Скопје 1 – Скопје, каде што бил ангажиран на граѓански и кривични предмети. Во февруари 1999 година го положува правосудниот испит. Од 1.5.1998 година до 15.1.2005 година д-р Игор Камбовски работи во Канцеларијата на народниот правобранител - омбудсман како советник и државен советник. Од 15.1.2005 година е вработен на Факултетот за правни науки на Првиот приватен универзитет ФОН како помлад асистент на предметот Граѓанско право и Право на друштвата, а по магистрирањето во 2007 година е избран за асистент од областа на правните дисциплини.

Со Одлука бр. 14-6362/2 на Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки на Универзитетот ФОН од 30.11.2009 година, д-р Игор Камбовски е избран во звање доцент од областа на граѓанско-правните дисциплини.

Со Одлука бр.14-1417/4 на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН од 18.9.2014 година д-р Игор Камбовски е избран во звање вонреден професор во наставно-научната област граѓанско право.

Во периодот октомври 2010 г. - октомври 2011 г. д-р Игор Камбовски е декан на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН. Камбовски учествува во работата на повеќе работни групи на Универзитетот ФОН за подготовка на студиските програми на Универзитетот и во спроведување и правна поддршка на универзитетските проекти. Од 20.11.2011 година до 1.6.2015 година д-р Игор Камбовски е раководител на Катедрата за граѓанско право на Факултетот за правни науки.

Д-р Игор Камбовски од 2010 до 2015 година има континуиран ангажман како визитинг-наставник на Правниот факултет во Кичево (со дисперзирани студии во Битола и во Струга) во рамки на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Со Одлука бр.1102-126/15 од 22.4.2015 година на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип д-р Игор Камбовски е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област граѓанско право.

Д-р Игор Камбовски е раководител на Катедрата за граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ од октомври 2015 година. Од март 2019 година е член на Универзитетскиот сенат (сенатор) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од октомври 2017 година е раководител и главен истражувач на двегодишниот универзитетски научноистражувачки проект „Местото, улогата и значењето на државното правобранителство во правосудниот систем на РМ“.

Д-р Игор Камбовски има објавено неколку монографии, учебници, прирачници и брошури и над 60 научни и стручни трудови од областа на граѓанското, облигационото и правото на електронската трговија. Учествува на неколку научноистражувачки и апликативни проекти, како и на над 50 меѓународни научни конференции и собири. Камбовски бил предавач и обучувач на десетина работилници и обуки од областа на граѓанското право и човековите права. Има извршено стручна редакција на 15 преводи на книги и учебници од странски автори, како и стручна рецензија на учебник за средно образование. Од 2018 година Камбовски е национален тутор на програмата HELP на Советот на Европа. Учествува во работната група за измени на Законот за медијација. Од март 2011 година е член на Уредувачкиот одбор на стручното списание „Правник“, а од 2016 година и на Издавачкиот одбор на меѓународното списание за општествени науки „Визионе“. Активно ги владее англискиот и францускиот јазик.

**Општи услови за избор**

Просечен успех – додипломски студии 8,35, постдипломски студии 8,83.

Научен степен – доктор на правни науки. Докторската дисертација со наслов „Електронска трговија и електронски договор“ е одбранета на 13.10.2009 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Претходен избор во звање - со Одлука бр.1102-126/15 од 22.4.2015 година на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип д-р Игор Камбовски е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област граѓанско право.

Објавени научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието/зборникот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Kambovski, Igor (2019) | Secure Storage and Secure Data and Information Transfer at Electronic Commerce and Electronic (Internet) Banking. | Меѓународен научен собир-Зборник на трудови | 15 години |
| 2 | Ampovska, Marija and Kambovski, Igor and Apasiev, Dimitar (2018) | The role and significance of the State's Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (II) | Balkan Social Science Review, XII | 6 години |
| 3 | Kambovski, Igor (2018) | Security Aspects of Electronic Commerce | Меѓународна научна конференција - Зборник на трудови | 5 години |
| 4 | Kambovski, Igor (2018) | The Law on Electronic Commerce - Ten years later | Меѓународна научна конфе- | 12 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ренција -Зборник на трудови | |
| 5 | Kambovski, Igor (2018) | Protection of Privacy and Personal Data by Companies within Electronic Commerce | Меѓуна-роден научен собир-Зборник на трудови | 15 години |
| 6 | Kambovski, Igor (2017) | Civil Liability of Agent | Меѓуна-роден научен собир-Зборник на трудови | 15 години |
| 7 | Kambovski, Igor (2017) | Comparative Overview of Agency (Commercial Agency) | Vizione, 27 | 16 години |
| 8 | Kambovski, Igor (2016) | Commercial Communication and Information Society Services | Меѓуна-роден научен собир-Зборник на трудови | 15 години |

Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – APTIS Test (25.01.2019, British Council-Macedonia), Overall CEFR Grade – C.

Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Игор Камбовски има 15-годишна академска кариера, во звања од помлад асистент до вонреден професор, на три универзитети. Спроведува настава и воннаставни активности, бил ментор на над 80 дипломски трудови и 20 магистерски трудови. Автор е на неколку учебници и учебни помагала од областа на граѓанското право. Извршува неколку факултетски и универзитетски функции (декан, раководител на катедра, координатор за ЕКТС, сенатор).

**Посебни услови**

Учество во научноистражувачки проекти – д-р Игор Камбовски е главен истражувач на универзитетскиот научноистражувачки проект „Местото, улогата и значењето на државното правобранителство во правосудниот систем на РМ“, двегодишен проект 2017-2019 на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Како резултат на истражувањата, објавени се 7 рецензирани научни трудови во коавторство со останатите учесници во проектот во референтни научни публикации.

Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – во периодот 2015-2019 година, како вонреден професор, д-р Игор Камбовски соработува со неколку колеги - доценти и докторанди на предмети од областа на граѓанското право во спроведувањето на наставата и вежбите.

Рецензиран учебник – д-р Игор Камбовски во периодот 2015-2019 година, како вонреден професор, напишал и објавил една рецензирана монографија „Застапување во граѓанското и трговското право“ во 2015 година и еден рецензиран учебник „Стварно право“ (електронско издание) во 2019 година.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Игор Камбовски со Одлука бр. 0201/04 од 10.1.2005 година на Факултетот за општествени науки - Скопје е избран за помлад асистент по предметот Граѓанско право, а во 2007 година е избран за асистент од областа на граѓанско-правните дисциплини на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН во Скопје. Изведува вежби на повеќе предмети од граѓанско-правната област.

Со Одлука бр. 14-6362/2 на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН од 30.11.2009 година, д-р Игор Камбовски е избран во звање доцент од областа на граѓанско-правните дисциплини. Изведува настава и вежби по предметите Општ дел на граѓанското право, Стварно право, Облигационо право, Граѓанско право - Применета програма, Право на електронска трговија.

Со Одлука бр.14-1417/4 на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН од 18.9.2014 година, д-р Игор Камбовски е избран во звање вонреден професор во наставно-научната област граѓанско право. Изведува настава и вежби по предметите Општ дел на граѓанското право, Стварно право, Облигационо право, Граѓанско право - Применета програма, Право на електронска трговија.

Со Одлука бр.1102-126/15 од 22.4.2015 година на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип д-р Игор Камбовски е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област граѓанско право. Изведува настава и вежби по предметите Општ дел на граѓанското право, Стварно право, Вонпарнично право, Право на електронска трговија.

***Трудови и научна евалуација:***

1. „Secure Storage and Secure Data and Information Transfer at Electronic Commerce and Electronic (Internet) Banking“, рецензиран научен труд презентиран на 15. Меѓународен научен собир „Мајско советување“ одржан на Правниот факултет во Крагујевац, Србија, во мај 2019 година, објавен во Зборник на трудови „Слобода пружања услуга и правна сигурност“ бр. 15 (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/22760/).

Во трудот е направена анализа на сигурноста и безбедноста на трансакциите кај електронската трговија и интернет банкарството, со посебен осврт на заканите по правото на приватност и заштитата на личните податоци на корисниците и потрошувачите.

2. „Formularni elektronski ugovori-Formulary Electronic Contracts“, рецензиран научен труд презентиран на 31. Копаоничка школа на природното право на Копаоник, Р. Србија, и објавен во Меѓународното списание за правна теорија и практика „Правни живот“ бр. 608, декември 2018 година (достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/21220/).

Трудот ги анализира договорите кои се склучуваат кај трансакциите на електронската трговија од аспект на облигационото право, нивната специфичност како посебен вид формуларни договори склучени на далечина.

3. „Улогата и значењето на јавното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија (II) - The Role and Significance of the State`s Attorney Office in the Judicial System of the Republic of Macedonia (II)“, рецензиран коавторски научен труд (втор дел) објавен во Меѓународното списание „Balkan Social Science Review“, бр.12, 2018 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21153/).

Трудот прави анализа на законската поставеност на институцијата Државен правобранител, нејзиното функционирање, соработката со други државни органи и институции, судската пракса и проблемите со кои се соочува како заштитник на имотните права и интереси на државата.

4. „The role and significance of the State Attorney's Office in the justice system of the Republic of Macedonia (I)“, рецензиран коавторски научен труд (прв дел) објавен во меѓународното списание за општествени науки „Визионе“ бр.31, 2018 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21038/).

Трудот претставува историски приказ на институцијата Државен правобранител, нејзините почетоци, развој, промени согласно општествените уредувања, и нејзиното место и улога како заштитник на имотните права и интереси на државата.

5. „Security Aspects of Electronic Commerce“, рецензиран научен труд презентиран на Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и објавен во Зборник на трудови, септември 2018 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/20952/).

Трудот ги опфаќа заканите кои секојдневно се појавуваат кај електронската трговија, со осврт на правните механизми за заштита на правата на купувачите и обврските на трговците.

6. The Law on Electronic Commerce - Ten years later“, рецензиран научен труд презентиран на Меѓународната научна конференција "Law in the context of

addressing the challenges of the contemporary world" одржана во Ниш, мај 2018 година, и објавен во Зборник на трудови (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21156/).

Трудот претставува анализа на Законот за електронска трговија и состојбите со електронската трговија во Република Македонија, од неговото донесување во 2007 година.

7. „Заштита на приватноста и личните податоци од страна на трговците кај електронската трговија – Protection of Privacy and Personal Data by Companies within Electronic Commerce“, рецензиран научен труд презентиран на 14. Меѓународен научен собир „Мајско советување“, одржан на Правниот факултет во Крагуевац, Србија, во мај 2018 година, објавен во Зборник на трудови „Савремени правни промет и услуге“ бр.14 (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/20953/).

Во овој труд се прави анализа на заканите по приватноста и личните податоци на потрошувачите кај онлајн трансакциите и обврските на трговците коректно да ги користат личните податоци и да ги заштитат правата на потрошувачите.

8. „The Court as a Guarantor of Natural Rights and Democratic Legal State“, рецензиран научен труд презентиран на 30. Копаоничка школа на природното право на Копаоник, Р. Србија и објавен во Меѓународното списание за правна теорија и практика „Правни живот“ бр. 602, декември 2017 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/19066/).

Овој труд претставува анализа на положбата на Европскиот суд на правдата и влијанието на неговите одлуки, со што Судот добива улога на козаконодавец. Тоа се коси со правните принципи и традиции, но истовремено станува своевиден правен стандард и предизвикува промени во сфаќањето за Судот како гарант на човековите права и демократската правна држава.

9. „Развој на електронската трговија - Development of Electronic Commerce“, рецензиран научен труд презентиран на Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и објавен во Зборник на трудови, септември 2017 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/19126/).

Трудот претставува хронолошки приказ на развојот на електронската трговија, од појавата на интернетот, преку првите онлајн трговци, до појавата на големите онлајн платформи за купување преку интернет.

10. „Граѓанско-правна одговорност на застапникот, Civil Liability of Agent“, рецензиран научен труд презентиран на 13. Меѓународен научен собир „Мајско советување“, одржан на Правниот факултет во Крагујевац, Србија, во мај 2017 година, објавен во Зборник на трудови „Услуге и одговорност“ бр.13 (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17936/).

Во трудот се опфатени правата и обврските кои ги презема (добива) застапникот како лице кое е должно да презема правни дејства во име и за сметка на друго лице-властодавец. Конкретно, работејќи во туѓо име и за туѓа сметка, застапникот може да предизвика одреден граѓанско-правен деликт, може да предизвика штета или да не го исполни она за што се обврзал. Трудот прави анализа на таквите ситуации.

11. „Полномошно“ – рецензиран научен труд објавен во Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ одржана на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - Дополнително издание 2017 година (достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/17937/).

Во трудот е прикажано полномошното како најчест вид застапување, односно пренесување на овластувањата од едно лице на друго. Полномошното има свои специфики, бидејќи претставува, според одредени автори, еднострано правно дело, додека според други тоа претставува двострано правно дело со оглед на фактот што за прифаќање на полномошното исто така е потребна јасно изразена волја на застапникот.

12. „Електронски производи и услуги и е-трговија“, рецензиран научен труд, објавен во Годишен зборник на Правен факултет при УГД, бр.7, 2017 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/19065/).

Во трудот е направена анализа на поимите стока и услуга во услови на електронската трговија, дотолку повеќе што во одредени случаи правото развило различни правила за испорака на стоки, а сосема други за вршење на услуги. Исто така, информатичката технологија создала т.н. „дигитализирани стоки“.

13. „Comparative Overview of Agency (Commercial Agency)", рецензиран научен труд објавен во Меѓународното списание за општествени науки „Визионе" бр.27, 2017 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17592/).

Трудот претставува компаративен приказ на трговското застапување во современите европски законодавства, преку анализа на законските решенија (Закон за облигациони односи, Закон за трговија, Закон за трговски друштва) во повеќе европски држави.

14. „Protection of Intellectual Property Rights in E-Commerce". рецензиран научен труд објавен во Knowledge: International Journal Scientific Papers, 2016, бр.15.2 (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17140/).

Трудот ги анализира проблемите со кои се соочуваат титуларите на правото на сопственост на интелектуални добра во услови на електронска трговија, како и начините на заштита на нивните права.

15. „Застапувањето и сродните институти - Agency and Related Institutes", рецензиран научен труд објавен во Knowledge: International Journal Scientific Papers, 2016, број.13.1 (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17139/).

Во трудот се прави компаративна анализа на застапувањето и сродните правни институти-комисион, претставување, договор за застапување, прокура и слично.

16. „Commercial Communication and Information Society Services", рецензиран научен труд презентиран на 12. Меѓународен научен собир „Мајско советување", одржан на Правниот факултет во Крагуевац, Србија, во мај 2016 година, објавен во Зборник на трудови „Услуге и услужна правила" бр.12 (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17136/).

Во овој труд авторот прави анализа на електронските комуникации во сферата на електронската трговија, со посебен осврт на несаканите пораки (спам), заштитата на личните податоци и обврските на трговците и давателите на услуги на информатичкото општество.

17. „Застапување - минато и сегашност - Agency-Past and Present“, рецензиран научен труд презентиран на 29. Копаоничка школа на природното право на Копаоник, Р. Србија, и објавен во Меѓународното списание за правна теорија и практика „Правни живот“ бр. 584, декември 2016 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17138/).

Трудот претставува анализа на институтот застапување во историски рамки, како и правното уредување на застапувањето во Република Македонија, de lege lata и de lege ferenda.

18. „International Commercial Agency (Contract of International Commercial Representation)“, рецензиран научен труд објавен во Годишен зборник на Правен факултет на УГД - 2016 година (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17137/).

Во трудот е анализиран начинот на пренос на овластувањата кај трговските субјекти кога станува збор за дејствување во други земји, видовите меѓународно застапување и правната основа за таквото застапување-договорот за меѓународно трговско застапување.

19. „O subjektivitetu subjekata - The subjectivity of subjects“, рецензиран научен труд презентиран на пленарна сесија на 28. Копаоничка школа на природното право на Копаоник, Р. Србија, и објавен во Меѓународното списание за правна теорија и практика „Правни живот“ бр.576 (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/14701/).

Во овој труд авторот прави суштинска анализа на субјектите на правото (граѓанското право), физичките и правните лица, нивните способности, нивното место во правниот систем и правниот сообраќај.

20. „Specific types of representation“, рецензиран научен труд објавен во меѓународното списание за општествени науки „ВИЗИОНЕ“ бр.24, август 2015 година, индексирано во Ebsco (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/14697/).

Во овој труд се анализирани посебните форми на застапување и трговско застапување согласно со Законот за облигационите односи и Законот за трговски друштва.

21. „Некои аспекти на злоупотребите кај електронската трговија - Some aspects of misuse of E-Commerce services“, рецензиран научен труд презентиран на 11. Меѓународен научен собир „Мајско советување“, одржан на Правниот факултет во Крагуевац, Србија, во мај 2015 година, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 10 професори од 7 држави (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/14673/).

Во трудот се прикажани ризиците од можни злоупотреби при вршење на трансакции кај електронската трговија, како и правните механизми и мерките што треба да се преземат за заштита на потрошувашите и трговците.

22. „Историски развој на институтот застапување“, рецензиран научен труд објавен во Годишен зборник на Правен факултет (2015 година) при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/15082/).

Во трудот е презентиран хронолошки приказ на различните форми и модалитети на застапувањето, од римското право до современите европски законодавства.

23. „Нова концепција услуга - електронска трговина vis-a-vis традиционалне трговине“, рецензиран научен труд презентиран на 9. Меѓународен научен собир „Мајско советување“, одржан на 10.5.2013 година на Правниот факултет во Крагуевац, Србија, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 8 професори од 7 држави.

Во трудот е направена компаративна анализа на потрошувачките права и онлајн услугите кои потрошувачите ги користат во услови на електронска трговија, почнувајќи од недовербата кај потрошувачите во овој нов вид трговија, преку правната рамка со која се уредува електронската трговија и особено заштитата на правата на потрошувачите, сè во контекст и корелација со традиционалните облици на трговија.

24. „E-Commerce u Makedoniji - analiza pravnog uredjenja elektronske trgovine”, рецензиран научен труд презентиран на 11. Меѓународна конференција за е-трговија и е-бизнис, одржана од 6 до 8.4.2011 година во Палиќ, Србија, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен програмски одбор составен од 20 експерти од 7 држави.

Во овој труд авторот Камбовски се осврнува на правната рамка на електронската трговија во Република Македонија, преку анализа на Законот за електронска трговија од 2007 година, но и Законот за трговија, Законот за облигационите односи, Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис и други сродни правно-нормативни акти со кои се уредува електронската трговија. Авторот има критички однос кон одредени законски решенија и нуди предлози за надминување на определени правни проблеми и празнини.

25. „E-trgovina i komercijalne komunikacije - pravni aspekti”, рецензиран научен труд презентиран на 12. Меѓународна конференција за е-трговија и е-бизнис одржана на 25-27.4.2012 година во Палиќ, Србија, преведен на српски јазик и објавен

во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор составен од 18 експерти од 5 држави.

Во овој труд Камбовски се осврнува на комерцијалните комуникации во сферата на електронската трговија, ја објаснува нивната економска, маркетиншка, но пред сѐ правна природа, како облик на комуникација која, меѓу другото, може да претставува и понуда за склучување договор. Исто така, посебен дел од овој труд е посветен на несаканите или небараните трговски комуникации - спам пораки кои ја отежнуваат онлајн комуникацијата и создаваат погрешна слика за определени трансакции или продукти како објекти на електронската трговија.

26. "Mobile payments: Vision or reality in Macedonia", рецензиран коавторски научен труд, презентиран на англиски јазик на 4. Меѓународна научна конференција „Тара 2013" во организација на Криминалистичко-полициската академија од Белград, Србија, со Програмски одбор составен од експерти од 10 држави.

Во овој труд коавторите го разработуваат феноменот на тргувањето и плаќањето преку мобилен телефон, од правен, економски и безбедносен аспект. Се понапредните интернет технологии и употребата на „паметни" телефони овозможија појава на уреди и процедури со кои се олеснува електронското банкарство и електронската трговија. Трудот содржи реален и објективен приказ на состојбите во Република Македонија, со анализа на неколку законски текстови, но и емпириски податоци за фреквенцијата на користење на ова платежно средство.

27. „Е-бизнис, е-трговина и е-маркетинг", рецензиран научен труд презентиран на 10. Меѓународен научен собир „Правнички денови проф. д-р Славко Цариќ", одржан на 20.12.2013 година во Нови Сад, Србија, во организација на Правниот факултет за стопанство и правосудство на Универзитетот Привредна академија во Нови Сад.

Трудот е рецензиран од уредувачки одбор составен од професори од 4 држави, преведен е на српски јазик и е објавен во Зборник на трудови „Актуелности привредне легислативе као детерминанте развоја економија држава у региону".

Овој труд е посветен на развојот на новиот концепт на тргување, на глобално, регионално и национално ниво. Е-трговијата, е-бизнисот и е-маркетингот се претставени како револуционерен исчекор во споредба со традиционално воспоставените облици на трговија, но и како мултидисциплинарно поле на интерес на широката научна и стручна јавност и потрошувачите кои го бараат своето место и

улога, но и правниот статус и заштитата која им следува и им се гарантира во новонастанатите услови.

28. „E-Commerce and E-Contract: The Consumer Protection", труд со оригинални научни резултати, рецензиран од Christa Jessel-Holst, Ph.D, експерт од Max Planck Institute за приватно право од Хамбург, Германија, презентиран на Првиот постдокторски колоквиум по приватно право, одржан на Правниот факултет во Загреб, Хрватска, на 27-28.9.2012 година во организација на SEELS-Мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа и објавен во Зборник на трудови.

Овој труд претставува преработена, скратена верзија на докторската дисертација на Камбовски, со посебен осврт на заштитата на правата на потрошувачите во духот на новите директиви на ЕУ кои се однесуваат на заштитата на потрошувачките права. Трудот содржи научна и практична анализа на електронските договори и состојбите во светот, но и во Република Македонија, со конкретни предлози и решенија во пресрет на транспонирањето на европските решенија во домицилното право.

29. „Концепт одговорности за штету проузроковану животној средини у праву Европске уније и неки међународноприватноправни проблеми везани за одговорност за штету проузроковану прекограничном повредом животне средине", рецензиран коавторски научен труд, презентиран на Меѓународната научна конференција „Екологија и право", одржана на 18.5.2011 година на Правниот факултет во Ниш, Србија, со Програмски одбор составен од професори од 4 држави, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови.

Трудот претставува сеопфатна анализа на одговорноста за причинета штета на животната средина во правото на ЕУ, со посебен осврт на штетата како резултат на прекуграничната повреда на животната средина, низ призмата на меѓународното приватно право. Концептот на одговорност, судската надлежност, соодветната примена на правото и законите и ограничувањата во оваа област се предмет на овој труд.

30. „Физичките и правните лица како субјекти во граѓанското и трговското право и потребата од нивно застапување", стручен труд објавен во стручното списание „Правник" бр. 194 од јуни 2008 година.

Во овој труд авторот Камбовски дава широк приказ на субјектите на граѓанското и трговското право и потребата од пренесување на нивните овластувања на други лица, нивни застапници, во определени ситуации кога тоа е потребно и на

нивно барање, но и во случаи кога со закон или друг вид институционална одлука такви права и обврски се воспоставуваат.

31. „За субјективитетот на правните лица“, рецензиран научен труд објавен во меѓународно научно списание “International Review”, во издание на Висока школа за пословну економију и предузетништво од Белград, Србија, 2011 година.

Во овој труд е даден теоретски и научен приказ на правните лица и нивниот субјективитет кој произлегува од нивните акти, како и од законите и уставот. Во тој контекст, направена е историска и компаративна анализа на субјективитетот на правните лица, начините на неговото манифестирање и остварување, како и правата и обврските кои од него произлегуваат.

32. „Местото, улогата и значењето на застапувањето во граѓанското и трговското право“, рецензиран научен труд презентиран на научната расправа „Кодификација на македонското граѓанско и трговско право“ одржана во МАНУ во Скопје на 18.6.2008 година и објавен во Зборник на трудови.

Трудот претставува скратена и приспособена верзија на магистерскиот труд на авторот Камбовски, за потребите на научната расправа во пресрет на Одлуката за изработка на граѓански законик на Република Македонија и започнување со работа на Комисијата за изготвување на граѓанскиот кодекс. Трудот претставува анализа на овој извонредно значаен институт на граѓанското и трговското право, со приказ на субјектите, формите, видовите на застапување во домицилното право, но и во Европското договорно право.

33. „Правни оквир е-трговине у Републици Македонији“, рецензиран научен труд објавен во списанието за правна теорија и практика „Правни живот“ бр. 5-6, на српски јазик, во издание на Здружението на правници на Србија, Белград, во 2011 година.

Во трудот е опфатен Законот за електронска трговија на Република Македонија, со анализа на неговите одредби во споредба со неколку други законски решенија во регионот.

34. „Електронската трговија и глобализацијата“, рецензиран научен труд презентиран на Меѓународната научна конференција „Правото во глобалниот свет“, одржана од 24-26.6.2011 година во Варна, Бугарија, во организација на Правниот факултет на Варненскиот слободен универзитет „Црноризец Храбар“.

Трудот е преведен на бугарски јазик и е објавен во Зборник на трудови. Глобализацијата во трговијата како своевиден феномен нуди неограничени можности

за деловни активности и купување преку интернет, но предизвикува и определени проблеми, пред сѐ во поглед на правното уредување на трговските трансакции онлајн, особено и како закана за потрошувачите кои, соочени со енормните можности и поволности кои им ги овозможува електронската трговија, можат да направат грешки и трошоци кои многу тешко се рефундираат. Трудот дава приказ на објективните состојби кај е-трговијата во глобални рамки, но упатува и на определени решенија кои можат да бидат применети заради сигурност на овој вид трансакции.

35. „Субјекти права и њихово заступање“, рецензиран научен труд презентиран на 21. меѓународен научен собир на тема „Право и меѓународни интеграции“ во рамки на „Копаоничката школа на природното право“ на Копаоник, Србија, од 13 до 17.12.2008 година, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови.

Во овој труд е даден теоретски и историски приказ на физичките и правните лица како субјекти на правото, со анализа на застапувањето како институт на граѓанското право.

36. „Неки аспекти електронског уговора“, рецензиран научен труд презентиран на 24 меѓународен научен собир на тема „Право и одговорност“ во рамки на „Копаоничката школа на природното право“ на Копаоник, Србија, од 13 до 17.12.2011 година, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови. Трудот се фокусира на електронскиот договор како нова, нематеријална форма на согласност на волја на две страни која произведува права и обврски за страните. Електронскиот договор е правно валиден и изедначен со традиционалниот договор. Разработени се фазите кои му претходат на склучувањето на електронскиот договор, во контекст на истите фази кај пишаниот традиционален договор.

37. „Етички аспекти електронске трговине“, рецензиран научен труд презентиран на 25. меѓународен научен собир на тема „Право и морал“ во рамки на „Копаоничката школа на природното право“ на Копаоник, Србија, од 13 до 17.12.2012 година, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови.

Во овој труд авторот ги разработува односите меѓу договорните страни во услови на електронска трговија, со посебен осврт на определени општествени и традиционални норми и правила на однесување, по малку несвојствени за овој вид трговија. Етичките норми на однесување се стандард кој мора да се почитува, особено од страна на трговците, иако постои можност од нивно изигрување поради недостатокот од непосредност и контакт при вршењето на трансакциите.

38. „Проблем слабије уговорне стране код електронске трговине“, рецензиран научен труд презентиран на 26. Меѓународен научен собир на тема „Право и достоинство“ во рамки на „Копаоничката школа на природното право“ на Копаоник, Србија, од 13 до 17.12.2013 година, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови.

Проблемот на послабата договорна страна кој не е редок ниту во услови на традиционалната трговија авторот мошне успешно го лоцира и анализира кај електронската трговија, во уште поизразена форма. Конкретно, купувачот е оневозможен да преговара, да се договара за битните елементи на договорот, тој е ставен пред конечна одлука, која треба да ја донесе врз основа на релативно некомплетни информации и сознанија, и да пристапи кон однапред подготвениот договор, со едноставно притискање на копчето на компјутерот. Со ова се става под знак прашалник едно од основните начела на облигационото и граѓанското право - начелото на еднаквост на страните.

39. „Електронски уговори, начело савесности и поштења и одговорност провајдера услуга“, рецензиран научен труд презентиран на 27. Меѓународен научен собир на тема „Право и начелото на совесност и чесност“ во рамки на „Копаоничката школа на природното право“ на Копаоник, Србија, од 13 до 17.12.2014 година, преведен на српски јазик и објавен во Зборник на трудови.

Во овој труд авторот Камбовски прави анализа на уште едно исклучително значајно, начело на облигационото право - начелото на совесност и чесност, во услови на електронска трговија. Дополнително, авторот ја анализира и улогата и одговорноста на провајдерите на услуги на информатичкото општество, како индиректни, а понекогаш и директни, учесници во онлајн трансакциите. Авторот го поставува и прашањето на нивниот субјективитет, односно дали провајдерите можат да се сметаат како договорна страна кај електронските договори.

40. “Industrial Espionage: Legal and Practical Aspects”, рецензиран научен труд презентиран на Меѓународната научна конференција “Professional Military Education and Defence Studies: Past, Present and Future”, одржана од 25 до 27.6.2012 година на Националната воена академија „Раковски“ во Софија, Бугарија, и објавен на англиски јазик во Зборник на трудови. Трудот прави осврт на историските аспекти на индустриската шпионажа како систем на мерки и активности за прибирање информации за деловните активности и тајни на трговските и индустриските субјекти. Особен акцент е ставен на анализата на правните и практичните аспекти на овој облик

на обезбедување информации за конкурентите, со воочување на сивите зони и можните инкриминирачки дејствија кои повлекуваат и кривична и граѓанска одговорност за прекршителите и сторителите.

41. „Управување со кризи во рамки на колективните безбедносни системи“, рецензиран научен труд презентиран на Меѓународната научна конференција „Универзитетското образование во сферата на безбедноста“, одржана од 22 до 24.6.2011 година во Варна, Бугарија, во организација на Правниот факултет на Варненскиот слободен универзитет „Црноризец Храбар“. Трудот е преведен на бугарски јазик и објавен во Зборник. Овој труд ги опфаќа моделите на кризен менаџмент, со компаративен приказ на националните, регионалните и глобалните безбедносни системи. Трудот дава приказ на меѓународната правна рамка под која функционираат таквите системи, но и приказ на моделите кои се практикуваат за успешно менаџирање со постоечки, но и превенирање на идни кризни сценарија и ситуации.

42. „Европските и глобалните услови во правното уредување на електронската трговија“, коавторски рецензиран научен труд со проф. д-р Александар Дончев презентиран на Меѓународната научна конференција „Националното правно образование во контекст на правото на Европската Унија“, одржана од 22 до 24.6.2012 година во Варна, Бугарија, во организација на Правниот факултет на Варненскиот слободен универзитет „Црноризец Храбар“.

Трудот е преведен на бугарски јазик и објавен во Зборник. Овој труд дава приказ на тенденциите и состојбите во поглед на уредувањето на електронската трговија во повеќе држави, но и заедничите европски заложби за унифицирање на нормативата во оваа сфера на деловни и трговски односи, како меѓу компаниите, така и во односите со потрошувачите.

43. „Алтернативи на судот и судењето: Задолжителна медијација - за или против“, стручен труд презентиран на пленарно заседание на Работната група за подготовка на Законот за медијација, одржано на 17.5.2012 година во хотел „Александар Палас“ во Скопје, во организација на Министерството за правда, ЕПИ-Институт за европска политика и Комората на медијаторите на Република Македонија. Трудот е публикуван во брошура. Овој труд е плод на двегодишно истражување во рамки на Проектот за зајакнување на медијацијата. Трудот нуди решенија за воведување на задолжителниот обид за медијација во неколку области (осигурување,

потрошувачи, работни спорови, малолетници...), со конкретни предлози за измени на законите кои ги уредуваат наведените области.

***Научни и стручни книги:***

1. „Стварно право", универзитетски учебник, во коавторство со проф. д-р Миладин Крстаноски, во издание на „Мистер фруит" од Охрид, 2009 година, рецензиран од проф. д-р Ристе Ристески и доц. д-р Ристо Речкоски, за потребите на студиската програма на Правниот факултет - Кичево на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. „Стварно право - авторизирани предавања", универзитетско помагало - стручна книга, рецензирана од акад. Зоран П. Рашовиќ и проф. д-р Осман Кадриу, во издание на „Флексограф" од Куманово, 2012 година, за потребите на студиската програма на Правниот факултет во Кичево на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола и Факултетот за правни науки на ФОН Универзитетот во Скопје.
3. „Стварно право - авторизирани предавања" (второ дополнето издание), универзитетско помагало - стручна книга, во издание на „Флексограф" во Куманово, 2013 година, за потребите на студиската програма на Правниот факултет во Кичево на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола и Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН во Скопје.
4. „Застапување во граѓанското и трговското право", монографија издадена во 2015 година, рецензирана од акад. Зоран П. Рашовиќ и проф. д-р Осман Кадриу, во издание на „Стоби трејд", Скопје.
5. „Стварно право" (електронско издание), универзитетски учебник издаден во 2019 година за потребите на студиската програма - прв циклус правни студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Учебникот е рецензиран од акад. Зоран П. Рашовиќ и проф. д-р Осман Кадриу.

***Приказ на магистерскиот труд***

Магистерскиот труд со наслов „Застапувањето како институт на граѓанското и трговското право" (одбранет во 2007 година) претставува прв самостоен научен труд

на оваа тема во Република Македонија. Трудот е напишан на 189 страници, има 9 поглавја и заклучни согледувања и предлози. На почетокот, авторот Камбовски дава приказ на субјектите на граѓанското право, физичките и правните лица, како и на значењето на нивниот субјективитет во контекст на институтот застапување. Понатаму, авторот дава осврт на историскиот развој на институтот застапување, од неговите појавни облици во римското право, преку средновековните европски права па до модерните европски кодификации, до денес. Во четвртата глава авторот попрецизно го дефинира застапувањето, преку компаративен пристап со сродните правни институти. Даден е приказ на видовите застапување, ограничувањата, видовите полномошно, границите на овластувањата на полномошникот, неговата одговорност, како и начините на престанок на полномошното. Анализирани се и посебните видови застапување (прокура, деловно полномошно, трговски патник, трговски полномошник, меѓународното и процесното застапување). Во натамошниот тек на трудот авторот се осврнува на меѓународната регулатива на застапувањето. Главен дел на магистерскиот труд е делот кој го опфаќа застапувањето во македонското законодавство, каде што е прикажан историскиот развој на овој институт во поранешното југословенско законодавство, застапувањето de lege lata во Република Македонија, законските решенија на Законот за облигационите односи кои се однесуваат на застапувањето, како и практичните аспекти на институтот застапување, со примери од судската практика. Во продолжение, трудот содржи приказ на застапувањето во европските законодавства. Посебен дел на трудот е посветен на граѓанско-правната одговорност на застапникот, каде што се објаснети условите и овластувањата за застапување, престанокот и пречекорувањето на овластувањето, непостоењето услови за застапување, неповиканото вршење туѓи работи и неизвршувањето налози. Во претпоследниот дел авторот се осврнува на трговското застапување и прави анализа на двојната природа на трговското застапување, како облигационо-правен однос, но и како трговска дејност. На крајот, трудот содржи заклучни согледувања и конкретни предлози на авторот Камбовски за унапредување на застапувањето како институт на граѓанското и трговското право.

*Приказ на докторската дисертација*

Докторската дисертација со наслов „Електронска трговија и електронски договор“ (одбранета во 2009 година) претставува пионерски потфат на авторот Камбовски со оглед на фактот што разработува една нова, специфична област на граѓанското и трговското право и врши анализа на една новина во облигационото право-електронскиот договор како нов вид договор, опфатен со новелата на Законот за облигационите односи и Законот за електронска трговија од 2007 година. Докторската дисертација е напишана на 290 страници, со користена литература од преку 130 библиографски единици. Предмет на истражување на докторската дисертација е електронската трговија и електронското договарање со сите свои специфики и карактеристики vis-a-vis традиционалните форми на тргување и договарање, сигурноста на правниот промет во услови на е-трговија, заштита на личните податоци, заштита на правата на потрошувачите, електронскиот потпис и други аспекти на тргувањето по електронски пат. Трудот ги опфаќа домашната и меѓународната правна регулатива со која се уредува електронската трговија, како и практичните аспекти на нејзината примена. Покрај општите прашања, посебен предмет на трудот е електронскиот договор како посебна форма на договор за продажба. Овој договор, според авторот Камбовски, е специфичен, со оглед на фактот што во определени аспекти отстапува од традиционалната договорна концепција, поради што се јавува потреба од негово прецизирање и дефинирање, во согласност со меѓународната правна норматива и практика.

*Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност*

Во рамки на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Игор Камбовски е исклучително посветен и прагматичен научник и истражувач со завидни резултати во кариерата. Камбовски учествувал и бил предавач и обучувач на неколку десетици меѓународни научни конференции, научни собири, работилници, советувања, обуки, семинари, во земјава и во странство, каде што остварил забележителни резултати и успеси, за што се стекнал со соодветни сертификати, дипломи и уверенија. Бил ментор на над 80 дипломски и 20 магистерски трудови. Автор е на над 60 научни и стручни трудови, монографии, учебници и учебни помагала од областа на граѓанското право. Научните

трудови чиј автор е Камбовски претставуваат значаен придонес кон развојот и унапредувањето на научната мисла во областа на граѓанското право. Неговата посветеност во извршувањето на наставно-образовната и педагошка дејност претставува пример за неговите соработници и студентите. Камбовски учествувал и раководел со неколку научно-истражувачки проекти во земјава.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Игор Камбовски има објавено неколку монографии, учебници, прирачници и брошури и 20-ина стручни трудови од областа на граѓанското право, облигационото право и правото на електронската трговија. Учествува во неколку научноистражувачки и апликативни проекти, како и на голем број меѓународни научни конференции и собири.

Д-р Игор Камбовски бил декан на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН во Скопје од октомври 2010 до октомври 2011 година.

Камбовски бил предавач и обучувач на десетина работилници и обуки од областа на граѓанското право и човековите права.

Има извршено стручна редакција на 15 преводи на книги и учебници од странски автори (проект на Министерството за образование и наука), како и стручна рецензија на учебник за средно образование.

Од 2018 година Камбовски е национален тутор на HELP програмата на Советот на Европа.

Учествува во работната група во Министерството за правда за измени на Законот за медијација.

Од март 2011 година е член на Уредувачкиот одбор на стручното списание „Правник“.

Од август 2016 година д-р Игор Камбовски е член на Издавачкиот одбор на Меѓународното списание за општествени науки „Визионе“.

Од октомври 2015 година е раководител на Катедрата за граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од април 2019 година е член на Универзитетскиот сенат (сенатор) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Камбовски раководел и учествувал во процесот на подготвување на неколку студиски програми за прв и за втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена, а која беше предвидена во Конкурсот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област граѓанско право, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 9.10.2019 година, и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Игор Камбовски, вонреден професор. Воедно, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Игор Камбовски ги доставил сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на Конкурсот.

По прегледот на документацијата и податоците, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Игор Камбовски: во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор на наставник; има континуирано научно напредување и позитивни научноистражувачки резултати во доменот на граѓанско-правната наука; учебниците, учебните помагала, научните и стручни трудови и публикации од областа на граѓанското право, чиј автор е кандидатот, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење; преку учеството на меѓународни и домашни научни конференции, научни собири, советувања, работилници и семинари, кандидатот д-р Игор Камбовски континуирано придонесува за развојот на граѓанско-правната наука. Исто така, кандидатот постојано и со голем успех ги надградува своите теоретски познавања на граѓанско-правната наука и истите успешно ги пренесува на студентите во рамки на наставните процеси и менторската работа; има вкупно 244,1 поени согласно со табелата на активности кои се бодуваат при избор во звање, со што ги исполнува условите предвидени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот д-р Игор Камбовски во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со постојните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор во повисоко наставно-научно звање. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го избере д-р Игор Камбовски за наставник во наставно-научната област граѓанско право, во звање **редовен професор**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Осман Кадриу, редовен професор во пензија, претседател, с.р.

Д-р Владо Бучковски, редовен професор, член, с.р.

Д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 4 | 33,6 | | | 33,6 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови од научен собир | 7 | 18,2 | 20 | 77,1 | 95,3 |
| 4 | Учество на научен собир со реферат | | | 10 | 19,5 | 19,5 |
| 5 | Раководител на научен проект | 4 | | | | 4 |
| 6 | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 1 | | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **163,4** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Книга/учебник | 2 | 10 | | | 20 |
| 2 | Труд во стручно списание | 2 | 5,2 | | | 5,2 |
| 3 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 0,5 | | | 0,5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4** | Раководител на катедра | 1 | 3 | | | 3 |
| **5** | Член на универзитетски или владини тела | 2 | 5 | | | 10 |
| **6** | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40,7** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **244,1** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ ФИЗИОЛОГИЈА (30104) И ПАТОФИЗИОЛОГИЈА (30118) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на својата 230. редовна седница, одржана на ден 30.9.2019 година, донесе Одлука број 2002-179/12 за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент за научната област *физиологија (30104) и патофизиологија (30118)* на Факултетот за медицински науки во Штип, во следниов состав:

- **д-р Зоран Ханџиски,** насловен доцент за наставно-научната област патофизиологија, вработен во ПЗУ „Кинетикус спортмед" – претседател,
- **д-р Милка Клинчева**, доцент за наставно-научната област физиологија и патофизиологија, вработена на Клиника „Жан Митрев" во Скопје – член,
- **д-р Мире Спасов**, доцент за наставно-научната област биохемија и физиологија, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – член.

Конкурсот за изборот беше објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм" на 6.9.2019 година.

Врз основа на поднесената пријава и документи од кандидатката, а по нивното разгледување, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Ана-Марија Тасева** е родена на 17 септември 1994 година во Штип, каде што ги завршува основното и средното (гимназиско) образование на Општествено-хуманистичка насока со одличен успех во сите четири години (просек 5).

Во учебната 2013/2014 година се запишува на Факултетот за медицински науки - Општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, на шестгодишни студии. Уште во почетокот на студирањето, во септември 2014 година, пасивно учествува на Интернационалниот симпозиум „Science Mix, the international life-science symposium for sharing knowledge" при УГД во Штип. На 12 декември истата година, како студент со просек 10,00, станува член на Националната асоцијација на престижни академски граѓани и добива сертификат за признание за досегашните академски постигнувања на медицинскиот деканат во Скопје, Р.Македонија.

Во јули 2015 година е учесник на Шестата летна школа за ургентна медицина, организирана од ЕМСА Македонија и поддржана од Медицинскиот факултет во Скопје. Во ноември истата година учествува како пасивен учесник на Интернационалниот симпозиум на Факултетот за медицински науки во Штип на тема „Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research".

Во 2016 година станува член на Организациският одбор за организирање на Првиот интернационален студентски симпозиум на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип на тема „Celebrating achievements in medicine, promoting health and sharing knowledge". На 15 и 16 септември истата година учествува на Вториот симпозиум на Агенцијата за лекови и медицински средства на Р.Македонија – „Легализацијата на канабисот за употреба во медицински цели во Р.Македонија" во Скопје.

Во 2017 година е одбрана за студентска размена преку ММСА во Скопје и реализира размена за пракса 1 месец во „Acibadem Altunizade Hospital" во Истанбул, Турција. Во ноември истата година учествува на „Neuroscience Seminar", организиран од Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Во февруари 2018 година учествува на семинар на тема „Genes and the environment", организиран од Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Во мај учествува во организацијата на првата акција за бесплатно мерење на шеќер во крвта и крвен притисок – „Здравје за сите" на граѓаните во Штип, учествува во формирањето на Организациският одбор на студенти по општа медицина и организирањето на Првиот конгрес на студенти по општа медицина при УГД во Штип, кој се одржа на 9 и 10 мај 2018 година. На Конгресот активно учествуваше со темата „Застапеноста на висцерална лајшманиоза во Р. Македонија во периодот од 2004/2013". На истиот конгрес од страна на кандитатката беше организирана практична работилница за трахеостомија и крикотироидотомија, под водство на проф. д-р Јордан Нојков. жѓ

Во ноември 2018 година е учесник на Регионална стручно-научна конференција на тема „Социјални детерминанти и здравјето на населението" во Штип.

Во март 2019 година учествува во својство на слушател на научно-едукативен симпозиум со наслов „Dermatology 2020", организиран од Факултетот за медицински науки при УГД – Штип и Здружението на дерматовенеролози на Р.Македонија. Во април учествува на конференција во болницата „Аџибадем систина" на тема „Early occurrence of colorectal cancer where we are". Where are we going?''. На 9 и 10 мај, како член на Организациският одбор, се вклучи во организација на Вториот конгрес на студенти по општа медицина.

Истовремено, за време на летниот семестар 2019 година е еден од организаторите на Едукативниот медицински семинар во соработка со Американски лекари – Macedonia-USA Physician Project.

Во учебната 2018/2019 година е избрана за демонстратор на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип, на интерен конкурс, за предметите Физиологија 1 и 2 и Медицинска психологија.

На 19 јуни 2019 година го презентира својот дипломски труд на тема „Растројства во исхраната и боди имиџот кај адолесценти – превенција и психолошки третман" , под менторство на проф. д-р Ленче Милошева и се стекнува со називот доктор по општа медицина.

Таа е член на Црвен крст – Штип.

Клиничкото искуство го стекнува во Клиничка болница – Штип, каде што реализира пракса и во Општа болница „8 Септември" во Скопје, каде што реализира стаж од шест месеци.

Одлично ги владее англискиот јазик (B2.2), основно ниво на германски јазик и успешно се служи со групата на јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски).

Одлично владеење со сите алатки од MS Office пакетот (MS Word, Power Point, Excel Publisher, Corel DRAW, Paint ); активно користи интернет, електронска пошта, алатки за видеоконференци. Поседува возачка дозвола – Б категорија.

Се служи со социјални вештини: способност за тимска работа, креативен и иновативен пристап во работа и во решавање на проблеми, флексибилност и адаптибилност во работењето, иницијативност, мотивираност и упорност, комуникациски и презентирачки способности.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Ана-Марија Тасева***

Кандидатката д-р Ана-Марија Тасева, како студент-демостратор, во академската 2018/2019 година, како и тековно, учествува во реализацијата на практичната настава на Студиската програма по општа медицина на предметите Физиологија 1, Физиологија 2 и Медицинска психологија. При реализација на нејзините активности во практичната настава, д-р Ана-Марија Тасева е целосно достапна за студентите, им помага во совладување на вежбите по горенаведените предмети, што е огромен придонес во едукацијата на идните генерации доктори по општа медицина. Не помалку важна е и нејзината подготвеност за комуникација и соработка со вработените на Факултетот за медицински науки, колегите воопшто, таа е одличен соработник, човек од доверба со високи хумани, стручни и научни квалитети. За време на нејзината ангажираност како студент-демонстратор на Факултетот за медицински науки, д-р Ана-Марија Тасева учествува во организацијата и реализацијата на првиот Конгрес на студенти по општа медицина при УГД - Штип. На овој Конгрес, на кој учествуваа многу еминентни професори и стручњаци од областата на медицината во нашата држава, д-р Ана-Марија Тасева покажа извонредни организациски и креативни капацитети.

Во 2014 година добива Сертификат за членство и признание за академски постигнувања од Националната асоцијација на престижни академски граѓани.

Во летото 2015 година добива Сертификат за учество и успешно завршување на 6. Медицинска летна школа за итна медицина, огранизирана од ЕМСА Македонија, поддржана од Медицинскиот факултет во Скопје и ЕМСА Европа.

Во летото 2107 година, на Одделот за ортопедија и трауматологија во Болницата „Аџибадем“ во Истанбул, под менсторство на проф. Метин Туркмен, успешно ја комплетира професионалната програма за размена на студенти.

На Првиот конгрес на студенти по општа медицина при УГД - Штип, д-р Ана-Марија Тасева учествува со три труда од областа на инфектологијата, и тоа:

1. Тасева А.М., Трајкова Ј., Замановски К., Лонгуров А., Маерковски В. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Застапеноста на висцерална лајшманиоза во Република Македонија во периодот 2004/2013, Прв конгрес на студенти по општа медицина, Книга на апстракти, 44 ст, 9-10 мај 2018.
2. Замановски К., Лонгуров А., Тасева А.М., Ваљаков И., Трајкова Ј., Димитров Г. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Повторувачка транзиторна Meningocele во прв триместар кај иста пациентка во две бремености. Прв конгрес на студенти по општа медцина, Книга на апстракти, 73 ст, 9-10 мај 2018.
3. Тарјкова Ј., Тасева А.М., Замановски К., Лонгуров А., Марковски В. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Застапеноста на салмонелози во Штип во период од

2008 до 2015 година. Прв конгрес на студенти по општа медцина, Книга на апстракти, 53 ст, 9-10 мај 2018.

Д-р Ана-Марија Тасева имаа добиено над 15 сетрификати на бројни работилници, симпозиуми и конгреси од областа на медицината.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката д-р Ана-Марија Тасева ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во наставно-научно и соработничко звање асистент.

Нејзиниот придонес во реализацијата на практичните наставни содржини на Студиската програма за општа медицина е со енормен потенцијал и го карактеризира едноставност, достапност и секогаш во секое време подготвеност да им излезе во пресрет на студентите, не штедејќи го своето време, знаење и искуство.

Квалитативните перформанси на д-р Ана-Марија Тасева, како во наставната така и во научната сфера, за што сведочат учествата на бројни семинари и конгреси, претставуваат доказ за нејзината еволутивна подготвеност да биде избрана во соработничкото звање асистент.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката Ана-Марија Тасева **да биде избрана за асистент за научната област физиологија и патофизиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Д-р Зоран Хаџиски, доцент, с.р.**

**Д-р Милка Клинчева, доцент, с.р.**

**Д-р Мире Спасов, доцент, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-166/7 донесена на 229. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област радиологија – двајца извршители на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- д-р Антонио Глигориевски - вонреден професор за наставно-научната област радиологија, вработен во ЈЗУ УК по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ во Скопје – претседател;
- д-р Георги Толовски - редовен професор во пензија за наставно-научната област радиологија – член;
- д-р Тане Марковски - редовен професор во пензија за наставно-научната област радиологија - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 26.8.2019 година и во предвидениот рок се пријавија:

- д-р Тања Петровска, доктор на медицинските науки, од научната област радиологија, вработена во ЈЗУ УК по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје и
- д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска, доктор на медицинските науки, од научната област радиологија, вработена во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката Јасминка Чабуковска-Радуловска, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска** е родена на 24.7.1964 година во Скопје. Средното образование го завршува во 1982 година, во Гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин” во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 1990 година, со просечен успех од 8,3. По завршување на приправничкиот стаж запишува магистерски студии од областа радиодијагностика во 1992 година и со успех ги положува сите испити од Програмата за магистерски студии. Од 1992 година до 1995 година работи волонтерски на РТГ одделот во Градска општа болница во Скопје. Во 1993 година започнува со приватна специјализација од областа на радиодијагностиката.

Од ноември 1995 година е примена на Одделот за радиодијагностика во Универзитетската клиника за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ во Скопје и ја продолжува својата специјализација како специјализант на Клиниката. Специјалистичкиот испит по предметот Радиологија го положува во април 1998 година, со што се стекнува со звањето специјалист по радиодијагностика.

Во 2015 година се стекнува со звање супспецијалист по урогинеколошка и мама дијагностика.

Во ноември 2017 година успешно ги завршува докторските студии од областа на клиничката медицина, со оценка 9,57 и успешно ја брани својата докторска дисертација под менторство на проф. д-р Анастасика Попоска од Клиниката за ортопедија, на тема „*Лумбална спинална стеноза: Споредба меѓу наодот на магнетна резонанца и степенот на онеспособеност кај пациентите’’.*

**Стручна активност**

Од ноември 1995 година е во редовен работен однос на Одделот за радиодијагностика во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје каде што работи и денес. Во ноември 2006 година е избрана за раководител на Одделението за радиодијагностика при ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје, а од 2007 година ја извршува функцијата на замени-директор на ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Од септември 2010 година до август 2017 година е назначена за генерален директор на ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ УК по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје како радиолог, раководител на Одделението за радиологија и како генерален директор на Клиниката, при што дава голем придонес во отворањето на две нови дијагностички целини: МРИ и Кабинет за дојка (со ултрасонографија на дојка и мамографски иследувања на дојката), како и воведување на нова дијагностичка метода за еластографија на дојка и меки ткива, која првпат ја вовела како дијагностичка процедура во Универзитетската клиника и во Македонија воопшто.

Д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои и:

- Студиски престој на Оддел за радиодијагностика при Универзитетски клинички центар во Грац, Австрија, во 1991 година;
- Работилница за биопсија на дојка под ултразвук и МРИ водени биопсии на дојка во 2008 година;
- Школата за компјутеризирана томографија во Нови Сад, 2011 година;
- Ја организирала и учествувала на Работилница за дијагностика на патологија на рачниот зглоб во Скопје во 2012 година;

- Учество на Работилницата за радиолошка дијагностика на повреди на мускуло-скелетниот систем по покровителство на Европското скелетно здружение во Скопје во 2015 година;

- Преку учество во програмата за континуирана медицинска едукација, под покровителство на Министерството за здравство 2016 година, остварила стручна посета во траење од 1 месец, на Онколошкиот институт во Љубљана, каде што се запознава со работата во Скрининг програмата за дојка во Словенија;

- Во 2017 година учествува на работилницата TAIEX workshop implementation of EU Guidelines for Quality Assurance of Population-Based Brest Screening Programmes во Скопје;

- Учествува на IAEA Regional Workshop on Justification and appropriate use of Imaging, 26-27 oct. 2017, Zagreb, Croatia;

- Учествува на IAEA regional Training Course for radiologist on applying justification and referral quidelines for imaging , 3-7 Sept 2018, Warsaw, Poland;

- Учестува на IAEA training program for optimization concept and methodology with main focus on CT, 26-30 jun 2019, Ljubljana, Slovenia.

**Наставна дејност**

Во рамките на наставно-образовна дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатот д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска учествува како стручен соработник во рамки на студиите од 1 и 2 циклус на Медицинскиот факултет во Скопје, како и едукатор во програмата на специјализанти од областа на радиодијагностика, во рамки на наставно научната дејност на УГД, Факултет за медицински науки во Штип.

**Научна дејност**

Во март 1998 година година го положува специјалистичкиот испит по радиодијагностика, со што се стекнува со звање специјалист по радиодијагностика на Медицинскиот факултет во Скопје.

Докторските студии на Медицинскиот факултет во Скопје, започнати во 2011 година, ги завршува во ноември 2017 година, со просечен успех 9,57. Темата на докторската дисертација со наслов „Лумбална спинална стеноза: Споредба меѓу наодот на магнетна резонанца и степенот на онеспособеност кај пациентите“ успешно ја брани на 6.11.2017 година, со што се стекнува со научниот степен - доктор на медицинки науки.

Учествува на бројни обуки,тренинзи и работилници меѓу кои:

- 2007 година, Скопје – Организациска култура и односите со јавноста како фактори за успешна здравствена организација;
- 2008 година, Скопје – Курс за лидерски вештини и здравствен менаџмент, Министерство за здравство на Р.Македонија;

- 2008 година, Охрид - Trainig on basic benefits Pckage Costing methodology, Oxford Policy Management, Ministry of Health;
- 2010 година, Охрид - Развој на болнички менаџмент, Conseil Sante, Министерство за здравство на РМ, Медицински факултет - Скопје;
- 2010 година, Varese, - First summer school on Breast Cancer, University of Insubria;
- 2011 година, Нови Сад - Школата за компјутеризирана томографија;
- 2013 година се стекнала со Лиценца за вештачење од областа на радиодијагностиката;
- 2015 година, Скопје - Интернационална работилницата за радиолошка дијагностика на повреди на мускуло-скелетниот систем, под покровителство на Европското скелетно здружение;
- 2016 година учествувала во Програмата за континуирана медицинска едукација, под покровителство на Министерството за здравство, со стручен престој од 1 месец на Онколошкиот институт во Љубљана, каде што се запознала со работата на радиологот во скрининг програмата за болести на дојка - 2016 година;
- 2017 година, учествува на Работилницата на TAIEX: workshop implementation of EU Guidelines for Quality Assurance of Population-Based Brest Screening Programmes.

Како резултат на нејзиното досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано повеќе научни трудови во меѓународни научни списанија и зборници од научни собири. Била учесник на 2 национални научни проекти и во еден Интернационален проект на Интернационалната агенција за атомска енергија во Виена.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Д-р Јасминка Чабуковска Радуловска е доктор на медицинските науки од областа на радиодијагностика, а нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на болести на ’рбетниот столб и урогинеколошката и мама дијагностика.

Д-р Јасминка Чабуковска Радуловска има диплома за завршени докторски студии (доктор по медицински науки), има сертификат за владеење со англиски јазик, има препорака од работодавец и тројца професори, има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8,3; завршена специјализација по медицинска радиодијагностика и остварен просек на докторски студии од 9,57, има доставено сепарати од сите нејзини научноистражувачки трудови во соодветната област (законскиот предуслов за избор во доцент се најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации):

1) **Chabukovska Radulovska J**, Matveeva N, Poposka A, MRI FINDINGS IN ADULTS WITH CERVICOBRACHIAL SYNDROME, ACTA MORPHOLOGICA, 2012,Vol.9
2) Trojik T, Shosholcheva M, **Radulovska Chabukovska** J,Lovach Chapujnoska M, IMPACT OF THE E- SIGH RECRUITMENT MANOEUVRE ON OXYGENATION AND AERATION OF THE LUNG IN PATIENTS WITH ALI/ARDS, PRILOZI, MANU, XXXIII, 2, 2012, s. 141–151

3) Trojik T, Shosholcheva M, **Radulovska-Chabukovska J,** Lovach-Chepujnoska M, EVALUATION OF THE EFFECTS OF REPETITIVE RECRUITMENT MANEUVERS, ACTA INFORM.MED.2012 Jun;20(2):85-89
4) Matveeva N, **Chabukovska Radulovska J**, Strateska A, Bojadzieva B, Trpkovska B, ANATOMIC LANDMARKS FOR SAVE SPINAL AND EPIDURAL ANESTHESIA, ACTA MORPHOLOGICA, 2013,Vol.10

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска ги исполнува законските критериуми за избор во звање доцент се:

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Chabukovska Radulovska J**, Matveeva N, Poposka A | Lumbosacral Transitional anatomy types and disc degenerative changes | SANAMED, Vol9, (131-136), 2014 | 2014 |
| 2 | Matveeva N, **Chabukovska Radulovska J,** Poposka A, Papazova M, Zhivainovik J, Bojadzieva B, Trpkovska B | Disc herniations and cauda equina compression in different lumbosacral transitional types | Physioacta Vol.12-No1, 2018 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2018 |
| 3 | Matveeva N, **Chabukovska Radulovska J,** Papazova M, Zhivadinovik J, Zafirova B, Bojadzieva B, Trpkovska B | Disc herniations and cauda equine compression in unilateral and bilateral articular fusion lumbosacral transitional anatomy | JMS, 2018;1(1):10-19 Original article | научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2018 |
| 4. | **Chabukovska Radulovska J,** Petrovska T, Poposka A, Shosholceva M | Spontaneous perirenal urinoma: rare complication of calculi in the ureteropelvic jynction in adult | Macedonian Journal of Anesthesia, Vol.7, ISSN 2545-4366, 2019 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2019 |
| 5. | Petrovska T, **Chabukovska Radulovska J,** Jakimovska Dimitrovska M,Shosholceva M,Cholanchevski R | Unusual massive macrocalcifications on mammography | Macedonian Journal of Anesthesia, Vol. 7, ISSN 2545-4366 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2019 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска била вклучена како едукатор во рамки на студиите во прв и втор циклус на Медицински факултет и како едукатор во рамки на специјализациите од радиодијагностика на УГД, Медицинскиот факуптет во Штип, почнувајќи од 2014 година до денес.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Јасминка Чабуковска Радуловска очигледно е дека таа активно учествува на голем број обуки и работилници од подрачјето на радиодијагностиката, посебно областа на потесен интерес – болести на 'рбетниот столб и урогинеколошка и мама дијагностика. Притоа, д-р Јасминка Чабуковска Радуловска се стекнува со неопходното искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска учествува и на голем број конференции и други научни манифестации од областа на нејзиното поле на работа, со усни и постер презентации на своите трудови пред интернационален научен одбор.

Учествува во еден интернационален проект на (IAEA) Интернационалната агенција за атомска енергија во Виена, како и на две национално истражувачки студии/проекти во соработка со Катедрата по анатомија и Катедрата по епидемиологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Д-р Јасминка Чабуковск- Радуловска е искусен професионалец во својата област, со специјалистички стаж од 20 години. Член е на повеќе медицински организации:

- Македонското лекарско друштво;
- Здружението на радиолози на Македонија;
- Претставник е на Здружението на радиолози на Македонија во National ESR Committee на ESR од 2007-2009 година;
- Член е на Претседателтвото на Здружението на радиолози на Македонија во периодот од 2007- 2013 година;
- Претседател на Здружението на радиолози на Македонија во периодот од 2010 до 2013 година;
- Член е на Европското здружение на радилози (ESR);
- Член е на Research Committee of the European Society of Radiology во периодот 2009-2013 година;
- Член е на на ESHI-MT (European Society for Hybrid, Molecular and Translational Imaging;
- Член е на Националната комисија за борба против ракот на дојка при Министерството за здравство во 2016 и 2017 година;
- Член е на Европското здружение за болести на дојка (EUSOBI);
- Член е Комисијата за малигни заболувања на Министерството за здравство во ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Скопје.
- Член на Комисијата за признавање на странска специјализација/супспецијализација од областа на радиологијата при МЗ на РМ од 26.5.2018 г.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ УК по хируршки болест „Св.Наум Охридски“ - Скопје.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии (Национална комисија за борба против ракот на дојката во период 2016-2017 година, Комисијата за малигни заболувања на МЗ во Клиниката).

Учествува во еден интернационален проект на Интернационалната агенција за Атомска енергија во Виена (IAEA) – „Dose tracking system Project”, како и на два национални научноистражувачки проекти во соработка со Институтот за анатомија и Институтот за епидемиологија при Медицинскиот факултет во Скопје: „Анатомски варијациии конгенитални аномалии на лумбосакралниот сегмент на ’рбетниот столб – клинички анатомски и радиолошки аспекти“ и „Анатомски варијации на аортниот лак- клиничко и радиолошко значење“.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска (публикувани во последните 5 години)**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

1. **Chabukovska Radulovska J**, Matveeva N, Poposka A, LUMBOSACRAL TRANSITIONAL ANATOMY TYPES AND DISC DEGENERATIVE CHANGES, SANAMED, 2014, Vol 9(131-136)

   Цел на студијата е да се испита врската помеѓу различните типови на LSTV и дегенеративните промени на дискот во преодниот и погорниот соседен сегмент. Во студијата биле вклучени 63 пациенти (средна возраст од 51,4 години) од 200 возрасни лица со болки во грбот, кај кои е направен МРИ преглед на лумбосакралниот 'рбет, класифицирани како позитивни за LSTV.

   Тежината на дегенерацијата на дискот на преодно ниво и соседното проксимално ниво е поврзана со видовите на LSTV. Тешки дегенеративни промени на дискусите биле најчести кај зглобно-поврзувачката врска на LSTV типови; во комбиниран LSTV тип на преодно ниво и во коскено-поврзувачка врска на типови LSTV на проксималното соседно ниво. Промените биле почести кај пациентите со еднострана зглобна врска на LSTV подтипови (64% наспроти 54%); кај пациенти со еднострано коскено поврзување на LSTV подтиповите (25% vs нема пациенти) на преодно ниво и кај пациенти со билатерална коскена врска на LSTV подтиповите (100% наспроти 50%) на погорното ниво.

.

2. Matveeva N, **Chabukovska Radulovska J**, Poposka A, Papazova M, Zhivadinovik J, Bojadzieva B, Trpkovska B, DISC HERNIATIONS AND CAUDA EQUINA COMPRESSION IN DIFFERENT LUMBOSACRAL TRANSITIONAL TYPES, Physioacta,Vol. 12-No1,2018

Во трудот ретроспективно се анализирани вкупно 145 пациенти со лумбосакрален радикуларен синдром, кои биле подложени на МНР преглед на лумбосакралниот ’рбет. Студиската група е составена од 75 пациенти кои се појавиле со ЛСТВ, поделени во четири подгрупи, врз основа на класификација на Кастелви. Седумдесет пациенти без LSTV биле распоредени во контролната група. Резултати: утврдено е постоење на значително повеќе хернијации на дискот на лумбосакралниот спој во студијата LSTV групата, во споредба со контролната група (78% наспроти 59,4%, p = 0,12). На соседното проксимално ниво се забележува значително потешка компресија на cauda equina во групата LSTV, во споредба со контролната група (34,7% наспроти 1,4%,p=0,38). Во заклучок е наведено дека сегментите со целосно ограничена или намалена подвижност се со заштитените дискуси на преодните транзициони нивоа и предиспонираат за масивни хернијации на дискусите во комбинација со сериозна компресија на нервните структури во соседните проксимални мобилни сегменти.

3. Matveeva N, **Chabukovska Radulovska J**, Papazova M, Zhivadinovik J, Zafirova B, Bojadzieva B, Trpkovska B, DISC HERNIATIONS AND CAUDA EQUINA COMPRESSION IN UNILATERAL AND BILATERAL ARTICULAR FUSION LUMBOSACRAL TRANSITIONAL ANATOMY, *JMS*,2018;1(1):10-19

Во трудот е направена анализа на поврзаноста помеѓу зглобните фузии на лумбосакрални преодни прешлени (LSTV), хернијациите на дискусите и компромитацијата на нервните структури која се јавува кај дел од случаите. Во студијата се вклучени и анализирани вкупно 92 пациенти со лумбосакрален радикуларен синдром, кои биле подложени на испитување на МРИ на лумбалниот 'рбет. Сите пациенти имале најмалку една проценета хернијација на диск на последните три мобилни нивоа. Овие пациенти биле разделени во две групи. Студиската група е составена од 58 пациенти кои се појавиле со ЛСТВ (тип на зглобна фузија врз основа на класификација на Кастелви). Дополнително, оваа група е одвоена во две подгрупи: 25 пациенти со еднострана и 33 од нив со билатерална зглобна фузија LSTV тип. Триесет и четири пациенти кои се без LSTV се распоредени во контролната група. Утврдено е дека има значително повеќе хернијации на дискот (92% наспроти 73%, p = 0,3) и потешка компресија на cauda equina (12% наспроти 5,9%), на ниво на зоната на транзиција во подгрупа на LSTV со еднострана зглобна фузија во однос на контролата група. На проксималното соседно ниво се забележани значително повеќе хернијации на дискот (93,9% наспроти 73,5, p = 0,3) и потешка компресија на cauda equina (51,5% наспроти 14,7%, p = 0,12) во подгрупа на билатерална зглобна фузија споредбено со контролната група.
Заклучено е дека променетата морфологија и биомеханиката во зглобната фузија типови LSTV влијаат и предизвикуваат хернијации на дискусите и тешка компресија на cauda equina, многу почесто во споредба со нормалниот лумбосакрален спој.

4. **Cabukovska Radulovska J**,, Petrovska T, Poposka A, Shosholceva M, SPONTANEOUS PERIRENAL URINOMA: RARE COMPLICATION OF CALCULI IN THE URETEROPELVIC JUNCTION IN ADULT Macedonian Journal of Anesthesia A Journal of Anesthesiology, Resuscitation, Analgesia and

Critical Care www.e-mja.finki.ukim.mk Has been accepted for publication in the next issue of Macedonian Journal of Anesthesia, issue No 7.

Конкрементите во уретерот се ретка причина за појава на уриноm и може да имитираат повеќе состојби меѓу кои и состојбата на уретеролитијаза. Во трудот е прикажан случај на 69-годишен пациент, од женски пол, со симптоми на болка во десна лумбална регија, придружени со гадење, повраќање и треска. Кај пациентката е направен МДКТ преглед на абдомен и уротракт, нативна серија и серии по интравенска апликација на контраст и е поставена дијагноза на периренален уриноm, причинет од конкремент во десниот уретер во ниво на уретеропелвичниот сегмент. Во литературата се опишани само неколку состојби на периренален уриноm предизвикани од зголемен интрауретерен пристисок заради постоење на конкремент.

5. Petrovska T, **Cabukovska Radulovska J,** Jakimovska Dimitrovska M, Shosholcheva M, Cholanchevski R, UNUSUAL MASSIVE MACROCALCIFICATIONS ON MAMMOGRAPHY Macedonian Journal of Anesthesia A Journal of Anesthesiology, Resuscitation, Analgesia and Critical Care www.e-mja.finki.ukim.mk Has been accepted for publication in the next issue of Macedonian Journal of Anesthesia, issue No 7

Во трудот е прикажан мамографски и ултрасонографски приказ на промени во дојките кај 57-годишна жена, дојдена на рутински преглед мамографија и ехо. Пациентката е со дијагностициран системски лупус еротематодес и е на хронична терапија. Мамографскиот наод е ретка презентација на хроничен лупус мастит. Го прикажуваме случајот како редок, со бизарни калцификати кои може да бидат тешкотија при интерпретација на мамографскиот наод.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска во звање насловен доцент за наставно-научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Антониот Глигориевски, вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Георги Толовски, член, редовен професор, с.р.

Д-р Тане Марковски, член, редовен професор, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање насловен доцен за наставно-научната област радиологија | |
| 2 | Избор во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област радиологија | |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВКУПНО** | |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3 )<br>**Трудови под реден бр. 1, 4 – прв автор 2 x 9 = 18 бода**<br><br>**Chabukovska Radulovska J**, Matveeva N, Poposka A, Lumbosacral transitional anatomy types and disc degenerative changes, SANAMED, 2014, Vol 9(131-136),original article<br><br>**Jasminka Cabukovska Radulovska**[1,] Tanja Petrovska, Anastasika Poposka, Mirjana Shosholceva, Sponateneous perirenal urinoma: rare complicion of calculi in the ureteropelvic junction in adult, Macedonian Journal of Anesthesia, ISSN 2545-4366, Vol No 7<br><br>**Труд под реден бр. 2, 3, 5 – втор автор 3 x 6 = 18 бода**<br><br>Matveeva N, **Chabukovska Radulovska J**, Poposka A, Papazova M, Zhivadinovik J, Bojadzieva B, Trpkovska B, DISC HERNIATIONS AND CAUDA EQUINA COMPRESSION IN DIFFERENT LUMBOSACRAL TRANSITIONAL TYPES, Physioacta,Vol. 12-No1,2018<br><br>Matveeva N, **Chabukovska Radulovska J**, Papazova M, Zhivadinovik J, Zafirova B, Bojadzieva B, Trpkovska B, DISC HERNIATIONS AND CAUDA EQUINA COMPRESSION IN UNILATERAL AND BILATERAL ARTICULAR FUSION LUMBOSACRAL TRANSITIONAL ANATOMY, *JMS*,2018;1(1):10-19<br><br>Petrovska T, **Cabukovska Radulovska J,**Jakimovska Dimitrovska M,Shosholceva M, Cholanchevski R UNUSUAL MASSIVE MACROCALCIFICATIONS ON MAMMOGRAPHY Macedonian Journal of Anesthesia, ISSN 2545-4366; Vol:No 7<br><br>**ВКУПНО = 36 бода** | **36** | |
| 10 | Одбранета докторска теза | **8** | |
| 14 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br><br>**1 интернационален проект – 1 x 3 = 3 бода**<br>„Dose tracking system Project",IAEA<br><br>**2 национални проекти 2 x 2 = 4 бода** | **4** | **3** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Анатомски варијациии конгенитални аномалии на лумбосакралниот сегмент на ’рбетниот столб – клинички анатомски и радиолошки аспекти“ – со Институт за анатомија и Институт за епидемиологија, Медицински факултет - Скопје<br><br>„Анатомски варијации на аортниот лак-клиничко и радиолошко значење“, Институт за анатомија и Институт за епидемиологија, Медицински факултет – Скопје | | |
| | | | |
| 23 | Студиски престој во странство : 2 | **8** | |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ВКУПНО** | **59 бода** | |
| | | | |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | Поени | |
| | | во земјава | во странство |
| 14 | Прифатени иновации, патент<br>- Воведување на еластографијата како метода за испитување на туморите на дојката<br>Во земјата 4 = 4 | **5** | |
| 15 | Техничко унапредување<br>- Лиценциран судски вештак од областа на радиодијагностиката од 2013 год.<br>Во земјата - 2 | **2** | |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | **4** | |
| 19 | Стручни награди и признанија<br>- Плакета од МЛД | **4** | |
| 26 | Генерален директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје од 2010 -2017 година | **3** | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела<br>- Член на националната Комисија за борба против ракот на дојка во период 2016–2017 година<br>- Член на Комисија за малигни болести при Универзитетска клиника за хирурски болести „Св. Наум Охридски“ во Скопје<br>- Член на Комисијата за признавање на странска специјализација/супспецијализација од областа на радиологијата при МЗ на РМ од 26.5.2018 г. | **15** | |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ – ВКУПНО** | **33** | |

**ВКУПНО = 92 бода**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-166/7 донесена на 229. седница на наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област радиологија – двајца извршители на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- д-р Антонио Глигориевски - вонреден професор за наставно-научната област радиологија, вработен во ЈЗУ УК по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ во Скопје – претседател;
- д-р Георги Толовски - редовен професор во пензија за наставно-научната област радиологија – член;
- д-р Тане Марковски - редовен професор во пензија за наставно-научната област радиологија - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 26.8.2019 година и во предвидениот рок се пријавија:

- д-р Тања Петровска, доктор на медицинските науки, од научната област радиологија, вработена во ЈЗУ УК по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје и
- д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска, доктор на медицинските науки, од научната област радиологија, вработена во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката д-р Тања Петровска, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Тања Петровска** е родена на 28.8.1965 година во Скопје. Средното образование го завршува во 1994 г. во гимназијата „Георги Димитров” со одличен успех. Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 1989 година со просечен успех од 8,73. По завршување на стручниот стаж се вработува на Институтот за белодробни заболувања кај децата „Козле“ - Скопје. Специјалистички испит по

предметот Радиологија го положува во декември 2000 година, со што се стекнува со звање специјалист по радиодијагностика. Во 2017 година ги завршува докторските студии од областа на медицинскии науки. Во 2018 година се стекнува со звање суспецијалист по гинеколошка и мама дијагностика.

**Стручна активност**

Од јануари 1993 година е во редовен работен однос на Институтот за белодробни заболувања кај децата „Козле“ - Скопје, а од 2010 година е во редовен работен однос на радиолошкиот оддел при ЈЗУ УК по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје. Од 2014 ДО 2018 година е избрана за раководител на Одделението за радиодијагностика при ЈЗУ УК по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје.

Д-р Тања Петровска е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ УК по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје како раководител на Одделението за радиологија беа воведени нови методи кои до сега не се работат на клиниката како артрографија, биопсии на меки ткива, биопсии на дојка. Одделот за радиологија на клиниката за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје ги проширил границите со формирање на Оддел за гинеколошка и мама дијагностика со комплетна дијагностика.

Д-р Тања Петровска има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои и:

- Во тек на специјализацијата во повеќе наврати престојува во Општата периферна болница „Хипократио“ во Солун, Грција, на Одделот за детска радиологија, како и на Одделот за интервентна радиологија 1998-2000.
- Школата за компјутеризирана томографија во Нови Сад, 2012 година.
- Работилницата за мускуло-скелетниот систем по покровителство на Европското скелетно здружение 2015 година.
- Во склоп со програмата за континуирана медицинска едукација под покровителство на Министерството за здравство 2017 година поминува 1 месец на Онколошкиот институт во Љубљана, каде што се запознава со дијагностичките постапки и вештини при дијагностика на болестите на дојка како и работата на скрининг програмата.
- Во 2017 година учествува на работилницата TAIEX workshop implementation of EU Guidelines for Quality Assurance of Population-Based Brest Screening Programmes.

**Наставна дејност**

Во рамките на наставно-образовна дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Тања Петровска учествува како стручен соработинк во рамки на студиите од 1 и 2 циклус на Медицинскиот факултет, како и едукатор во рамки специјализациите од

областа на радиодијагностика во рамки на наставно-научната дејност на УГД, Факултет за медицински науки.

**Научна дејност**

Во декември 2000 година го полага специјалистичкиот испит со што се стекнува со звање специјалист по радиодијагностика на Медицинскиот факултет во Скопје.

Докторските студии на Медицинскиот факуптет во Скопје (2011 г.) ги завршува во јуни 2017 година, со просечен успех 9,14, со докторски труд со наслов „Евалуација на акутните трауматски повреди на колениот зглоб со магнетна резонанца" кој го брани на 7.6.2017 година, со што се стекнува со научниот степен доктор на медицински науки.

Учествува на бројни обуки, тренинзи и работилници, меѓу кои: Школата за компјутеризирана томографија во Нови Сад, 2012 година, Работилницата за мускуло-скелетниот систем по покровителство на Европското скелетно здружение 2015 година. Во 2017 година учествува на Работилницата TAIEX workshop implementation of EU Guidelines for Quality Assurance of Population-Based Brest Screening Programmes. Во склоп со Програмата за континуирана медицинска едукација под покровителство на Министерството за здравство поминува 1 месец на Онколошкиот институт во Љубљана, каде што се запознава со дијагностичките постапки и вештини при дијагностика на болестите на дојка, како и работата на скрининг програмата - 2017 година.

Како резултат на нејзиното досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано повеќе научни трудови во меѓународни научни списанија и во зборници од научни собири, 1 труд со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со со импакт-фактор (фактор на влијание). Била учесник на 1 национален научен проект.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Д-р Петровска Тања е доктор на медицинските науки од областа на мускуло-скелетната радиодијагностика и супспецијалист по гинеколошка и мама дијагностика, а нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на болести на мускулоскелетниот апарат, гинеколошката и мама дијагностиката.

Д-р Тања Петровска има диплома за завршени докторски студии (доктор по медицински науки), има сертификат за владеење со англиски јазик, има препорака од работодавец и тројца професори, има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8,73 завршена специјализација по медицинска радиологија и како и докторски студии со остварен просек од 9,14, има доставено сепарати од сите нејзини научноистражувачки трудови во

соодветната област (законскиот предуслов за избор во доцент се најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Тања Петровска публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Тања Петровска ги исполнува законските критериуми за избор во звање доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | T.Petrovska | The Effect of the Cause of Trauma, Sports Activity As Well As Body Mass on Lesions of the Knee Joint Evaluated Using Magnetic Resonance | International Journal of Science and Research (IJSR) ISSN (Online): 2319-7064, Volume 5 Issue 7, July 2016,1925-1930 | International Journal of Science and Research (IJSR) ISSN (Online): 2319-7064 Index Copernicus Value (2013): 6.14 \| Impact Factor (2015): 6.391 |
| 2 | Petrovska T. Zafirova B. Novotni A. | Correlation between the index of body mass with lesinons of the knee joint with magnet resonance imaging in patients with acute knee trauma | Physioacta Vol.10-No1(21-30) 2016 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор |
| 3. | Petrovska T. Novotni A | Influence of trauma, sport activity and body mass index on knee lesions evaluated by magnetic resonance | Mak Med Pregled 2016; 70(2): 82-87 Original article | научно списание со меѓународен уредувачки одбор |
| 4. | Zhivadinovik Julija , Matveeva N , Zafirova B , Dodevski A , Petrovska T | Anatomical variations of the aortic arch branching pattern | Physioacta 2018 Vol 12-No1.(67-74). | научно списание со меѓународен уредувачки одбор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Zivadinovic J, Matveeva N, Zafirova B , Dodevski A , Petrovska T | Anatomical variations of the aortic arch | JMS 2018:1(1):20-24 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор |
| 6. | Petrovska T1, Cabukovska-Radulovska J1, Jakimovska Dimitrovska M2, Shosholcheva M1, Cholanchevski R3 | UNUSUAL MASSIVE MACROCALCIFICATIONS ON MAMMOGRAPHY | Macedonian Journal of Anesthesia, issue No 7 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор |
| 7. | Chabukovska-Radulovska J1, Petrovska T1, Poposka A2, Shosholcheva M1, Cholanchevski R3 | Spontaneous perirenal urinoma: rare complication of calculi in the ureteropelvic jynction in adult | Macedonian Journal of Anesthesia No 7 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Тања Петровска била вклучена како едукатор во рамки на студиите во прв и втор циклус на Факултет за медицински науки, како и едукатор во рамки на специјализациите од радиодијагностика на УГД, Факултет за медицински науки во Штип, почнувајќи од 2014-2016 година.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Тања Петровска, очигледно е дека таа учествува активно на голем број обуки и работилници од подрачјето на радиодијагностиката, посебно областа на потесен интерес – мускуло-скелетниот систем и гинеколошка и мама дијагностика. Притоа, д-р Тања Петровска се стекнува со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Тања Петровска учествува и на голем број конференции и други научни манифестации од областа на нејзиното поле на работа, со усни и постер презентации на своите трудови пред интернационален научен одбор.

Учествува во една национално-истражувачка студија/проекти во соработка со Катедрата по анатомија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Д-р Тања Петровска е искусен професионалец во својата област, со 19 години специјалистички стаж. Член е на повеќе медицински организации како: Македонското лекарско друштво; Радиолошкото друштво, Европското радиолошко здружение, EUSOBI, Македонско дружение за радиологија на дојка.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Тања Петровска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ УК по хируршки болест „Св.Наум Охридски“ - Скопје.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии (туѓа нега, канцер борд).

Учествува во еден научноистражувачки проект: Анатомски варијации на аортниот лак-клиничко и радиолошко значење.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на д-р Тања Петровска (публикувани во последните 5 години)**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

1. **Tanja Petrovska** The Effect of the Cause of Trauma, Sports Activity As Well As Body Mass on Lesions of the Knee Joint Evaluated Using Magnetic Resonance. Објавен во International Journal of Science and Research (IJSR) ISSN (Online): 2319-7064, Volume 5 Issue 7, July 2016,1925-1930

Трудот дава осврт како зголемениот телесен индекс делува како дополнителен фактор при репетирачките микротрауми на колениот зглоб,доведувајќи до оштетување на зглобната `рскавица. Во трудот е даден осврт на мр-артрографијата како корисна алатка во визуализаија и мерење на дефектот на рскавицата а со тоа и планирање на оперативниот зафат.

2. **Petrovska T**. Zafirova B.Novotni A. Correlation between the index of body mass with lesinons of the knee joint with magnet resonance imaging in patients with acute knee trauma Physioacta Vol.10-No1(21-30) 2016.

Трудот дава осврт за поврзаноста на индексот на телесна маса со промените на колениот зглоб кај пацинети кои трпат секојдневни трауми на зглобот во тек на тренажниот процес кај спортистите. Акцентот е ставен на лезиите на латералниот сегемент од колениот глоб кои се поизложени за лезии на зглобната ’рскавица. Промените се дијагностицирани со МР и МР-артрографија, а потврдени со артроскопија.

3. **Petrovska T**. Novotni A. Influence of trauma, sport activity and body mass index on knee lesions evaluated by magnetic resonance // Влијание на траумата, спортската активност и индексот на телесна маса на лезиите на коленото евалуирани со магнетна резонанца, Mak Med Pregled 2016; 70(2): 82-87 Original article

Во трудот е направена компарација на акутните повреди на колениот зглоб кои се јавуваат во тек на животот, како и во тек на активното спортување. Повредите беа корелирани по возраст,активно спортување и индексот на телесна маса. Спортистите покажаа повисок степен на лезии кои се локализирани во менискусите. Пациентите кои имаа покачен индекс на телесна маса, а не спортуваа, покажуваа полесто лезија на медијалниот сегмент на колениот зглоб. Лезиите на предниот вкрстен лигамент беа почести кај пацинетите кои се занимаваа со спорт.

4. Zhivadinovik Julija, Matveeva N, Zafirova B, Dodevski A, **Petrovska T.** Anatomical variations of the aortic arch branching pattern, Physioacta 2018 Vol 12-No1.(67-74).

Во овој труд кој произлегува од проектот за варијациите во гранањето на магистралните крвни садови кои потекнуваат од аорталниот лакт. Во трудот се обработени 550 пациенти дојдени за ЦТ преглед на бели дроб и медијастинум на ЈЗУ УК по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје. Познавањето на анатомијата на аорталниот лак и гранањето овозможува правилно планирање на хируршките зафати, а со тоа и намалување на компликациите кои може да произлезат.

5. Zivadinovic J, Matveeva N, Zafirova B , Dodevski A, **Petrovska T**. Anatomical variations of the aortic arch, JMS 2018:1(1):20-24

Во трудот се обработени 550 случаи од кои 91.3% биле со вообичаен приказ на аорталниот лак и неговите гранки. Кај 8.7% се најдени варијации во бројот на супра аорталните крвни садови. Најчеста варијација е редукција на две и излегување на левата заедничка каротидна артерија од брахиоцефаличниот трукус (5,63%). Познавањето на анатимијата и варијациите во гранањето може да помогне во планирање на хируршката интервенција и избегнување на потеницијалните компликации.

6. **Tanja Petrovska**, Jasminka Cabukovska Radulovska, Maja Jakimovska Dimitrovska, Risto Cholanchevski. UNUSUAL MASSIVE MACROCALCIFICATIONS ON MAMMOGRAPHY Macedonian Journal of Anesthesia A Journal of Anesthesiology, Resuscitation, Analgesia and Critical Care www.e-mja.finki.ukim.mk Has been accepted for publication in the next issue of Macedonian Journal of Anesthesia, issue No 7.

Во трудот е прикажан мамографски и ултрасонографски приказ на промени во дојките кај 57-годишна жена дојдена на рутински преглед мамографија и ехо. Пациентката е со дијагностициран системски лупус еротематодес и е на хронична терапија. Мамографскиот наод е ретка презентација на хроничен лупус мастит. Го прикажуваме случајот како редок, со

бизарни калцификати кои моеже да бидат тешкотија при интерпретација на мамографскиот наод.

7. Chabukovska Radulovska J, **Petrovska T**, Poposka A, Shosholceva M. Spontaneous perirenal urinoma: rare complication of calculi in the ureteropelvic jynction in adult. Has been accepted for publication in the next issue of Macedonian Journal of Anesthesia, issue No 7.

Конкрементите во уретерот се ретка причина за појава на урином и може да имитираат повеќе состојби меѓу кои и состојбата на уретеролитијаза. Во трудот е прикажан случај на 69-годишен пациент, од женски пол, со симптоми на болка во десна лумбална регија, придружени со гадење, повраќање и треска. Кај пациентката е направен МДКТ преглед на абдомен и уротракт, нативна серија и серии по интравенска апликација на контраст и е поставена дијагноза на перинеален урином, причинет од конкремент во десниот уретер во ниво на уретеропелвичниот сегмент. Во литературата се опишани само неколку состојби на периренален урином предизвикани од зголемен интрауретерен пристисок заради постоење на конкремент.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Тања Петровска има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Тања Петровска во звање насловен доцент за наставно-научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Антониот Глигориевски, вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Георги Толовски, редовен професор, член, с.р.

Д-р Тане Марковски, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА д-р Тања Петровска**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање насловен доцен за наставно-научната област радиологија | |
| 2 | Избор во звање насловен вонреден професор за наставно-научнат областа радиологија | |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВКУПНО** | |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори (15/10/5)<br>**Трудов под реден бр. 1 - прв автор 1 x 15 = 15 бода**<br><br>**Tanja Petrovska** The Effect of the Cause of Trauma, Sports Activity As Well As Body Mass on Lesions of the Knee Joint Evaluated Using Magnetic Resonance. Објавен во International Journal of Science and Research (IJSR) ISSN (Online): 2319-7064, Volume 5 Issue 7, July 2016,1925-1930 | **15** | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3 )<br>**Трудови под реден бр. 2, 3 и 6 - прв автор 3x9 = 27 бода**<br><br>**Petrovska T**. Zafirova B.Novotni A.;Correlation between the index of body mass with lesinons of the knee joint with magnet resonance imaging in patients with acute knee trauma Physioacta Vol.10-No1(21-30) 2016.<br><br>**Petrovska T**. Novotni A. Influence of trauma, sport activity and body mass index on knee lesions evaluated by magnetic resonance // Влијание на траумата, спортската активност и индексот на телесна маса на лезиите на коленото евалуирани со магнетна резонанца Mak Med Pregled 2016; 70(2): 82-87 Original article<br><br>**Tanja Petrovska**, Jasminka Cabukovska Radulovska, Maja Jakimovska Dimitrovska, Risto Cholanchevski. UNUSUAL MASSIVE MACROCALCIFICATIONS ON MAMMOGRAPHY | **39** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Macedonian Journal of Anesthesia, ISSN 2545-4366; Vol:No 7<br><br>**Труд под реден бр. 7 – втор автор 1 x 6 = 6 бода**<br>Chabukovska Radulovska J, **Petrovska T,** Poposka A, Shosholceva M Spontaneous perirenal urinoma: rare complication of calculi in the ureteropelvic jynction in adult Macedonian Journal of Anesthesia, ISSN 2545-4366; Vol:No 7<br><br>**Труд под реден бр. 4 и 5 – останати автори 2x3 = 6 бода**<br>Zhivadinovik Julija , Matveeva N , Zafirova B , Dodevski A , **Petrovska T**. Anatomical variations of the aortic arch branching pattern ,Physioacta 2018 Vol 12-No1.(67-74).<br><br>Zivadinovic J, Matveeva N, Zafirova B , Dodevski A , **Petrovska T.** Anatomical variations of the aortic arch, JMS 2018:1(1):20-24 | | |
| 10 | Одбранета докторска теза | **8** | |
| 14 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>**1 национален проекти 1 x 2 = 2 бода**<br>„Анатомски варијации на аортниот лак-клиничко и радиолошко значење“, Институт за анатомија и Институт за епидемиологија, Медицински факултет -Скопје | **2** | |
| 23 | Студиски престој во странство | **8** | |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ВКУПНО** | **72 бода** | |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | Поени | |
| | | во земјава | во странство |
| 14 | Прифатени иновации, патент<br>- Воведување на артрографија,биопсии на меки ткива и биопсии на дојка | **5** | |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | **2** | |
| 19 | Стручни награди и признанија<br>- Диплома од МЛД | **4** | |
| 26 | Раководител на Одделение за радиодијагностика при ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје од 2014 – 2018 година | **3** | |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ – ВКУПНО** | **14** | |
| | **ВКУПНО =** | **86 бода** | |

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА И ГЕРИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2007-174/2 од 13.9.2019 донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 13.9.2019 г., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *семејна медицина и геријатрија* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во состав на:

- д-р Катарина Ставриќ – претседател;

- д-р Татјана Миленковиќ – член;

- д-р Андон Чибишев – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија'' и „Коха'' на 26.8.2019 г. и во предвидениот рок се пријави:

д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ, доктор на медицински науки, научна област семејна медицина, вработена во ПЗУ Поликлиника „Виталино'' – Велес.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев'' во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ** е родена на 13.7.1963 година во Македонски Брод. Средно образование завршува во 1981 година во гимназијата „Кочо Рацин'' во Велес, со одличен успех. Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје во 1988 година со просечен успех 8,50. По завршувањето на стручниот стаж се вработува во ЈЗУ „Медицински центар" во Велес. Работи на различни работни задачи во тек на 15 години. Специјалистичкиот испит од областа на педијатрија го завршува во 1997 година и

се стекнува со звање специјалист по педијатрија и работи како болнички педијатар. Во 2000 година е вклучена во Проектот на Министерството за здравство за транзиција на примарната здравствена заштита, со странски едукатори, и се здобива со звање едукатор. Во 2004 година се самовработува во сопствена приватна ординација која ја проширила во Поликлиника со 12 вработени во која сèуште работи како раководител и матичен доктор. Специјалистичкиот испит од областа семејна медицина го завршува во 2011 година и се стекнува со звање специјалист по семејна медицина. Работи како ментор-едукатор во Центарот за семејна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје од 2011 година.

**Стручна активност**

Од јануари 1989 година е во редовен работен однос во ЈЗУ „Медицински центар“ - Велес, работејќи на различни работни задачи во ординации по општа медицина, во рурална област и потоа во Итна медицинска помош. Од 1991 година започнува специјализација по педијатрија. По завршување на специјализацијата работи како болнички педијатар на Детско одделение во Велес. Кандидатката активно се служи со англискиот, рускиот, српскиот и хрватскиот јазик. Трет циклус (докторски студии) завршува во 2018 година со успех 9.86. На 4.7.2018 г. ја брани докторската дисертација на тема „Едукацијата и пропишувањето на антибиотици за акутни респираторни инфекции во примарната здравствена заштита”. Со тоа се стекнува со научен степен доктор на медицински науки. Во моментот е ментор и едукатор во Центарот за семејна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Има работно искуство од 30 години како педијатар и специјалист по семејна медицина со богато работно искуство како педијатар во болнички и амбулантски услови и како фамилијарен лекар во примарната здравствена заштита.

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ со едукативни активности започнува уште од 2000 година кога станува член на тимот на доктори селектирани од страна на странски едукатори од групацијата „Biss Health care group’’, одговорна за спроведување на Проектот за транзиција на примарната здравствена заштита во склоп на Министерството за здравство. По ваквата едукација се здобива со звање едукатор. Од 2000 до 2005 година учествува во креирање на голем број материјали, клинички вештини, модули, упатства и др. Како дел од тимот спроведува едукативни активности наменети за матичните лекари вработени во Примарната здравствена заштита. Биле спроведени голем број работилници за матични лекари во 4 центри за едукација: Велес, Прилеп, Гостивар и Струмица. Во 2011 година завршува специјализација по семејна медицина, откако е формиран Центарот за семејна медицина и повторно е вклучена во наставно-образовната дејност за доедукација на матичните лекари за стекнување на правото да станат специјалисти по семејна медицина. Во рамките на наставно-образовната дејност на

Медицинскиот факултет – Скопје, УКИМ, кандидатката д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ од 2011 година се до пријавувањето изведува настава - доедукација на доктори на специјализација по семејна медицина на различни теми од областа на семејната медицина. Како ментор и едукатор во Центарот за семејна медицина на доктори на доедукација дава придонес во следење и фацилитирање на напредокот на специјализантите и активно учествува во спроведување на практичниот дел од специјалистичкиот испит по семејна медицина. Таа е изработувач на модулот за срцево-белодробно оживување, домашно лекување, водење и третман на пациенти со бронхијална астма и ХОББ, со посебен осврт на детската астма, креатор на клиничките вештини за дијагноза на белодробната астма, третманот на белодробната астма и срцево-белодробно оживување.

**Научноистражувачка дејност**

Докторски студии завршува во 2018 година со успех 9.86. На 4.7.2018 г. ја брани докторската дисертација на тема „Едукацијата и пропишувањето на антибиотици за акутни респираторни инфекции во примарната здравствена заштита". Со тоа се стекнува со научниот степен доктор на медицински науки. Учествува како автор и коавтор на повеќе трудови печатени во меѓународни списанија, презентирани на конгреси, симпозиуми и стручни конференции, со усни презентации и постери во земјава и во странство. Активно била и сè уште е вклучена во научноистражувачката работа на Центарот за семејна медицина. Активно учествува како еден од трите главни истражувачи и организатори во Проектот за истражување на потрошувачката на антибиотици за акутни респираторни инфекции во примарната здравствена заштита, поддржан од IPCRG. Вклучена била и во истражувачкиот проект за активен пациент и проектот за Burn out (согорување на докторите) кои биле спроведувани од страна на Центарот за семејна медицина. Од почетокот на 2019 година активно учествува во истражувачкиот проект за пушење цигари (Well breath), кој сè уште трае. Во почетокот е активно вклучена во процесот на мониторинг, а потоа е вклучена во истражувањето во третата група на доктори истражувачи. Овој истражувачки проект е дел од мултицентрична студија која се работи под надзор и во соработка со Institute of translational medicine of Birmingham. Учествува на бројни обуки, тренинзи и работилници.

Таа е учесник на Работилница за дијабетична ретинопатија, Работилница за дијабетична нефропатија, работилница за идентификација и третман на предијабетес во превенција на прогресија на дијабетес мелитус тип 2; предавач на Работилница за менаџмент на рано откривање и водење на пациенти со деменција; учесник на работилница на тема: The effective leadership workshop, Балканска школа за педијатрија; предавач на работилница на тема „Лекување на никотинска зависност на ниво на ПЗЗ"; учесник на Работилница за обука за зајакнување на капацитетите на здравствените работници за одговор на родово-базирано

насилство; учесник на Работилница за депресивно растројства во ординацијата на лекарот од ПЗЗ; учесник на стручно усовршување на тема „Примена на фиксни комбинации во третман на артериска хипертензија"; предавач на петтата годишна Летна школа за ургентна медицина организирана од ЕМСА (European Medical Students' Association of Macedonia); активно учество на 23rd International Euract Bled Course for GP/FM teachers- Learning and teaching about the scope and limits of general practice in Bled-Slovenia; предавач на Работилница на тема „Хронична опструктивна белодробна болест и бронхијална астма кај деца предизвикана од алергени од различно потекло"; учесник на ALS provider course of European Resuscitation council; учесник на Работилница на тема „Нарушување на функцијата на тироидната жлезда (дијагноза и терапија)", учесник на Работилница на тема „Третман на акутна дијареја кај деца, модалитети за третман на функционална опстипација кај деца"; учесник на Работилница на тема „Бенигна хиперплазија на простата"; учесник на Работилница на тема „Ургентни состојби"; учесник на Работилница на тема „Реанимација"; учесник на Работилници од областа на кардиологија, ЕКГ, гастроентерохепатологија, хематологија, пулмологија; учесник на Работилница на тема „Раст и развој на новородено"; учесник во едукативни активности организирани од Светска здравствена организација на тема „Antimicrobial Stewardship Optimization of Antibiotic Practices"; лиценциран обучувач за семејно планирање; учесник на Работилница за лекување на никотинска зависност на ниво на ПЗЗ; учесник и предавач на Работилница за превенција и рано откривање и лекување на карцином на дојка; учесник на Работилница за метаболен синдром, обезитас и деформитети на 'рбет кај деца; учесник и предавач на Работилница за превенција, рано откривање и лекување на колоректален карцином; предавач на Работилница на тема „Родово-базирано насилство".

Како резултат на нејзиното досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано стручни и научни трудови во меѓународни научни списанија и во зборници од научни собири: 4 труда со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор; 4 труда со оригинални научни/стручни резултати се објавени in extenso во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор; 6 предавања на научен собир со меѓународно учество и објавени во зборник на конференции и конгреси со меѓународна учество и 2 конгреси со меѓународно учество со постер презентација. Била учесник во 4 национални научни проекти.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ е доктор на медицинските науки од областа на семејна медицина, а нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на употребата на антибиотици кај акутни респираторни заболувања во примарна здравствена заштита, примената на антибиотици кај деца со диспнеа, детска астма, ХОББ и воопшто

поврзаноста на воспалителниот процес со одредени заболувања. Таа покажува интерес за истражување во различни области од педијатријата и семејната медицина.

2. Д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ има диплома за завршени докторски студии (доктор по медицински науки-клиничка медицина).
3. Има сертификат за владеење со англиски јазик.
4. Има препорака од работодавец и двајца професори.
5. Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8,5 завршена специјализација по педијатрија и специјализација по семејна медицина и остварен просек на докторски студии од 9.86.
6. Има доставено сепарати од сите нејзини научноистражувачки трудови во соодветната област (законскиот предуслов за избор во доцент се најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ ги исполнува законските критериуми за избор во звање доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на објавување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Valentina Risteska Nejashmikj**, Snezana Stojkovska, Irena Kondova Topuzovska,Katarina Stavrikj | Evidence based practice in using antibiotics for acute tonsillitis in primary care practice-**Original article** | Prilozi,oddelenie za med.nauki,XXXVIII 2,2017.Назив на електронската база на списанија:Macedonian academy of sciences and arts (MANY) ISSN 1857-9345,UDC: 616.322-002-85.33 | Научно списание со меѓународ уредувачки одбор<br>2017 година |
| 2. | **Valentina Risteska Nejashmikj**, Snezhana Stojkovska, Katarina Stavrikj | Dyspnea in children as a symptom of acute respiratory tract infections and antibiotic prescribing; **Original article** | Open Access Macedonian Journal of sciences<br>Назив на електронската база на списанија: ID design, Press, Skopje, Republic of Macedonia, Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>2018 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 2018 Mar 15; 6(3):578-581. https://doi.org/10. 3889/oamjms.2018.146, eISSN:1857-9655 | |
| 3. | **Valentina Risteska Nejashmikj**, Daniela Ristikj-Stomnaroska,Golubinka Bosevska,Anna Papa,Snezhana Stojkovska | Наслов на трудот: Facing of family doctor with Hantavirus infection **Original article** | Open Access Macedonian Journal of sciences ID design, Press, Skopje, Republic of Macedonia, Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2019 May 31;7(10):1660-1664. https://doi.org/10. 3889/oamjms.2019.468, eISSN:1857-9655 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2019 година |
| 4. | Daniela Ristikj-Stomnaroska, **Valentina Risteska Nejashmikj**, Marija Papazova : | Role of inflammation in the pathogenesis of diabetic peripheral neuropathy; | Open Access Macedonian Journal of sciences ID design, Press, Skopje, Republic of Macedonia, Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2019 Jul 30;7(14) 2267-2270.https://doi.org/10. 3889/oamjms.2019.646, eISSN:1857-9655 | научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2019 година |

или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ е вклучена како едукатор на матичните доктори во 2001 година и во 2005 г. во склоп на Проектот спроведен од страна на Министерството за здравство за транзиција во здравството во соработка со странски едукатори. Спроведени се бројни работилници во различни градови на Р.Македонија наменети за матичните лекари и како ментор и едукатор во рамките на доедукација на специјалистичките студии по семејна медицина почнувајќи од 2011 година сѐ до денес.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ очигледно е дека таа учествува активно на голем број обуки и работилници од

подрачјето на семејната медицина и се стекнува со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ учествува на голем број на работилници, симпозиуми и конференции и други научни манифестации од полето на семејната медицина и педијатрија, со усни и постер презентации на своите трудови пред интернационален научен одбор.

Учествува во 2 национални и 2 интернационални истражувачки студии/проекти: 1. Проект за употреба на антибиотици за акутни респираторни инфекции во соработка со IPCRG (International Primary Care Respiratory Group), 2. Проект за пушење (Well Breath) во соработка со Institute of translational medicine of Birmingham 3. Проект за активен пациент спроведен од страна на Центарот за семејна медицина 4. Проект за burn out спроведен од Асоцијацијата на фамилијарни доктори на Југоисточна Европа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Центарот за семејна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје и во ПЗУ Поликлиника „Виталино“, каде што е вработена и е основач и раководител на 12 вработени, активно е вклучена во секојдневната работа со пациенти со предоминација на деца пациенти и организациски активности. Од 2017 година е рецензент во списанието со меѓународен уредувачки одбор: Open access of Macedonian Journal of Medical Sciences. Активно е вклучена во работата на Центарот за семејна медицина.

Д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ е искусен професионалец во својата област, со 23 години специјалистички стаж учествува во работата на Центарот за семејна медицина уште од почетокот на неговото формирање. Акредитиран испитувач е за спроведување на стручниот испит на здравствените работници со високо образование за добивање на лиценца за работа при Лекарската комора на Македонија. Лиценциран едукатор за семејно планирање и родово-базирано насилство. Лиценциран тренер за срцево-белодробно оживување, испитувач во практичниот дел на специјалистичкиот испит по семејна медицина. Учество во изготвување на национални упатства. Учество во преведувањето на Ракеловата книга по семејна медицина. Член е на WONKA, EURACT, Здружение на педијатри, Здружение на лекари по општа и семејна медицина на Р. Македонија (ZLOM), член на Лекарското друштво и член на IPCRG (International Primary Care Respiratory Group). Учествува во научноистражувачки проекти: Проект за антибиотици за акутни респираторни инфекции како еден од главните истражувачи и учесник, проект за активен пациент-учесник, проект за Burn out кај докторите-учесник, проект за пушење (Well breath)- monitoring, учесник - во тек.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ (публикувани во последните 5 години)**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

1. **Valentina Risteska Nejashmikj**, Snezana Stojkovska, Irena Kondova Topuzovska, Katarina Stavrikj Evidence based practice in using antibiotics for acute tonsillitis in primary care practice-Original article, Prilozi,oddelenie za med.nauki,XXXVIII 2,2017; Macedonian academy of sciences and arts (MANY) ISSN 1857-9345,UDC: 616.322-002-85.33; 2017

Целта на овој труд била да се процени употребата на националните упатства кај докторите од ПЗЗ за користење на антибиотици кај акутно болно грло. Користени се податоци добиени од националниот проект за пропишување на антибиотици за акутни респираторни заболувања. Со овој труд се евалуираат пропишувачките навики на докторите од ПЗЗ во Р.Македонија за акутно болно грло. Резултатите од анализираните податоци од овој труд покажале зголемана стапка на пропишување на антибиотици за акутно болно грло, намалена примена на Центор скор критериумите и рапидниот Стреп тест како дијагностички алатки за проценка за потреба од користење на антибиотска терапија и намалена адхерентноста на докторите од ПЗЗ кон националните упатства. Бенефитот од овој труд е што упатува на фактот од зголемена потреба од користење на Центор скорот и Стреп тестот како помошни дијагностички алатки кои би помогнале во редуцирање на пропишувањето на антибиотици за акутно болно грло, што би довело до повеќекратен бенефит за целата популација со редуцирање на бактериската резистеницијa и намалување на трошоците во здравствениот систем. Трудот е објавен во списанието „Прилози'', научно списание со меѓународен уредувачки одбор.

2. **Valentina Risteska Nejashmikj**, Snezhana Stojkovska, Katarina Stavrikj: Dyspnea in children as a symptom of acute respiratory tract infections and antibiotic prescribing; Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2018 Mar 15; 6(3):578-581. https://doi.org/10.3889/oamjms.2018.146, eISSN:1857-9655; 2018

Трудот дава осврт на поврзаноста на диспнеата кај деца со повеќе акутни респираторни инфекции лоцирани на различни делови на респираторниот тракт. Користени се податоците добиени од националниот проект за употреба на антибиотици за акутни респираторни инфекции спроведен во 2014 година. Била опфатена група од 3026 пациенти на возраст од 0 до 5 години и била утврдена стапка на пропишување на антибиотици кај 1519 деца (54.6%) од кои

56.1% биле пропишани од специјалист педијатар. Овој труд има за цел да го процени пропишувањето на антибиотици кај деца со акутна респираторна инфекција пропратена со диспнеа. Овие инфекции во најголем дел биле од вирусно потекло и според националните упатства не бил потребен антибиотски третман.Резултатите покажале дека најголем број на деца со диспнеа имале акутна горно-респираторна инфекција (57.7%) Најчесто користен антибиотик бил amoxicillin+clavulonic acid).

3. **Valentina Risteska Nejashmikj**, Daniela Ristikj-Stomnaroska,Golubinka Bosevska,Anna Papa,Snezhana Stojkovska; Facing of family doctor with Hantavirus infection; Open Access Macedonian Journal of sciences, 2019 May 31;7(10):1660-1664. https://doi.org/10. 3889/oamjms.2019.468, eISSN:1857-9655; 2019

Во овој труд (приказ на случај) се истакнува значењето на фамилијарниот лекар во рано откривање на поретки инфективни болести во ПЗЗ, како што е ханта вирусната ифекција која се карактеризира со неспецифична симптоматологија која асоцира на акутно гастроинтестинално или респираторно заболување, а која има брз фудрујантен тек. Истражувањето покажало дека во Р. Македонија предоминира хантавирус од типот на добрава вирус и се манифестира со појава на акутна бубрежна инсуфициенција. Раното препознавање и навременото упатување би го намалило ризикот од секвели или егзитус. Целта на трудот е да се постигне свесноста на фамилијарниот лекар понекогаш во своето работење да помисли на оваа инфекција кај лица кои работат во планина и имаат можност за контакт со овој вирус посебно во ендемските подрачја, како што е областа на Гостивар и Тетово и планината Бабуна. Податоците од Институтот за јавно здравје во 2017 гоодина рапортирале 17 случаи со леталитет од 11.8%, а во 2018 година 9 случаи и кај сите случаи бил докажан добрава серотип на ханта вирус.

4. Daniela Ristikj-Stomnaroska, **Valentina Risteska Nejashmikj**, Marija Papazova; Role of inflammation in the pathogenesis of diabetic peripheral neuropathy; Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2019 Jul 30;7(14) 2267-2270.. https://doi.org/10. 3889/oamjms.2019.646, eISSN:1857-9655; 2019

Трудот имал за цел да ја детерминира улогата на инфламацијата во патогенезата на пациенти со периферна дијабетична неуропатија. Направени се испитувања на вредностите на тумор некортизирачкот фактор (TNF) во две групи, група на здрави пациенти и група на пациенти со присуство на дијабетична болест. Во студијата биле вклучени 80 субјекти, поделени во 2 групи, контролна група на здрави субјекти и испитувана група на пациенти со дијабетес. Добиените резултати покажале зголемени вредност на TNF во крвта кај пациентите со дијабетес во однос на здравите пациенти, што укажувало дека инфламацијата има значајна

улога во појавата на компликации кај дијабетични пациенти во смисла на периферна невропатија или неуритис.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборници од конгреси и конференции***

5. **Valentina Risteska Nejashmikj**; Evaluation of skin manifestations of the most frequent vasculitis in Primary care practice

Book of abstracts-IV-TH CONGRESS of general practice/family medicine doctors of Macedonia with international participation, April 14-17,2016 Ohrid, R. Macedonia,2016-Oral presentation

Во овој труд се дава осврт на евалуација на различни кожни мафестации на најчестите васкулитиси со сликовит приказ на секоја кожна манифестација видена во праксата со посебно објаснување на секоја промена, со осврт на третманот и прогнозата. Целта на трудот била да им се олесни на докторите од ПЗЗ препознавањето на кожните манифестации на васкулитисите кои често создаваат тешкотии во дијагнозата, а имаат различна прогноза. Усна презентација.

6. **Valentina Risteska Nejashmikj**; Evidence based practice in using antibiotics for acute tonsillitis in primary care practice

Abstract book-Teamwork: Who cares? Amsterdam-International Congress of IPCRG; The Value of Multidisciplinary Respiratory Care for: Patients, Clinicians and Healthcare Systems-IPCRG-Poster presentation; 2016

Овој труд опфатил дел од истражувањето направено во склоп на националниот проект за употреба на антибиотици за акутни респираторни инфекции. Во трудот биле содржани оригинални податоци за стапката на користење на антибиотици, видот на антибиотици, траење на лекувањето, користењето на Центор скор критериумите. Poster presentation.

7. **Valentina Risteska Nejashmikj**; Facing family doctor with Hantavirus infection; Abstract book-24 Symposium with international participation-ZLOM-SM/ADGP-FM; 24 Symposium with international participation-ZLOM-SM/ADGP-FM 02-04.11.2017 Скопје,R. Macedonia, 2017 Oral presentation

Со овој труд е направен сеопфатен пристап на болеста, почнувајќи од анамнезата која наведува на лица кои поголем дел од времето поминуваат во планина (овчари, дрвари и др.), клиничката слика со објаснување на секоја фаза на болеста и дијагнозата, со можните компликации и лабораториски параметри кои би укажале на дијагноза на болеста.

8. **Valentina Risteska Nejashmikj;** Acute respiratory infections and prescribed antibiotics in primary health care in patients with asthma-study results Abstract book – Antibiotics in Primary care-Beliefs/Evidence/Practice; 3rd International Symposium AFMS-RG supported by the World Health Organization, 17-19 November, Skopje, Macedonia; 2017 Oral presentation

Во овој труд се дава акцент на поврзаноста меѓу зачестеното пропишувањето на антибиотици кај пациенти со бронхијална астма, поради чести акутни респираторни инфекции. Опфатени се 157 пациенти со бронхијална астма. Истражувањето покажало висока стапка на пропишани антибиотици, антибиотици со широк спектар што било несоодветно со националните препораки за акутни респираторни инфекции - астмата е болест каде што вирусите се најчести причинители за егзацербација на болеста и најчесто не се потребни антибиотици.

9. **Valentina Risteska Nejashmikj;** Education and antibiotic prescribing for acute respiratory tract infections in primary care practice; Abstract book-Fourth international jubilee congress of general medicine- a challenge that worths! 22-24 November 2018 Bulgaria; 2018 Oral presentation

Во овој труд била опфатена група од 100 доктори од кои кај 50 доктори е спроведена еднодневна насочена едукација, а кај втората група од 50 доктори не е направена едукација. Опфатена била група од 8529 пациенти, која е анализирана по однос на потрошувачката на антибиотици за акутни респираторни инфекции. Анализата опфаќа голем број на параметри во однос на возраст, националност, едукација, посета во градинка, коморбидитети, симптоми, клинички преглед, иследувања, дијагноза, упатување, вид на пропишан антибиотик, притисок од пациентите, дијагностичка несигурност, симптоматска терапија и др. Од анализата на податоците е утврдена стапка на пропишување на антибиотици од 60%, без значајна разлика меѓу двете групи на доктори.

10. **Valentina Risteska Nejashmikj**; Risk factors for voiding difficulties in children; EURACT- Educational Conference-European Academy of Teachers in General Practice/Family Medicine; Abstract book-on line-WONKA-EURACT- Educational Conference 2018 held in Leuven-Belgium from 21st to 22nd September 2018; Poster presentation

Овој труд е наменет за едукативна цел, на докторите од ПЗЗ, со тоа што била направена анализа на различни случаи на пациенти - деца со нарушување на мокрењето и бил направен скратен алгоритам за дијагноза и третман. Целта на трудот била со анализа на нивната симптоматологија и насочени иследување како најлесно и најбрзо да се добијат одредени дијагностички критериуми кои ќе им помогнат на докторите во ПЗЗ најбрзо и најефикасно да дојдат до дијагноза и да обезбедат соодветен третман.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ во звање насловен доцент за наставно-научната област *семејна медицина и геријатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Катарина Ставриќ, претседател, с.р.

Д-р Татјана Миленковиќ. член, с.р.

Д-р Андон Чибишев. член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА д-р Валентина Ристеска-Нејашмиќ**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3 )<br>**Трудови под реден бр. 1,2 и 3 – прв автор 3 x 9 = 27 бода**<br><br>1**. Valentina Risteska Nejashmikj,** , Snezana Stojkovska, Irena Kondova Topuzovska, Katarina Stavrikj Evidence based practice in using antibiotics for acute tonsillitis in primary care practice-Original article, Prilozi,oddelenie za med.nauki,XXXVIII 2,2017; Macedonian academy of sciences and arts (MANY) ISSN 1857-9345,UDC: 616.322-002-85.33; 2017 | **33** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2. **Valentina Risteska Nejashmikj**, Snezhana Stojkovska, Katarina Stavrikj: Dyspnea in children as a symptom of acute respiratory tract infections and antibiotic prescribing; Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2018 Mar 15; 6(3):578-581. https://doi.org/10. 3889/oamjms.2018.146, eISSN:1857-9655; 2018<br><br>3.**Valentina Risteska Nejashmikj**, Daniela Ristikj-Stomnaroska,Golubinka Bosevska,Anna Papa,Snezhana Stojkovska; Facing of family doctor with Hantavirus infection; Open Access Macedonian Journal of sciences, 2019 May 31;7(10):1660-1664. https://doi.org/10. 3889/oamjms.2019.468, eISSN:1857-9655; 2019<br><br>Труд под реден број 4 - **втор автор 1x6 бода**<br><br>4.Daniela Ristikj-Stomnaroska, **Valentina Risteska Nejashmikj**, Marija Papazova; Role of inflammation in the pathogenesis of diabetic peripheral neuropathy; Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2019 Jul 30;7(14) 2267-2270.. https://doi.org/10. 3889/oamjms.2019.646, eISSN:1857-9655; 2019<br><br>**ВКУПНО 33 бода** | | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Труд под ред. бр. 6,9,10- во странство **3 x 3 = 9 бода**<br><br>Трудови со меѓународно учество под реден бр. 5,7,8 - дома **3 x 2 = 6 бода**<br><br>**5.Valentina Risteska Nejashmikj**; Evaluation of skin manifestations of the most frequent vasculitis in Primary care practice-Book of abstracts-IV-TH CONGRESS of general practice/family medicine doctors of Macedonia with international participation, April 14-17,2016 Ohrid, R. Macedonia,2016-Oral presentation<br><br>**6. Valentina Risteska Nejashmikj**;Evidence based practice in using antibiotics for acute tonsillitis in primary care practice-Abstract book-Teamwork: Who cares? Amsterdam-International Congress of IPCRG; The Value of Multidisciplinary Respiratory Care for: Patients, Clinicians and Healthcare Systems-IPCRG-Poster presentation; 2016<br><br>7.**Valentina Risteska Nejashmikj**; Facing family doctor with Hantavirus infection; Abstract book- 24 Symposium with international participation-ZLOM-SM/ADGP-FM 02-04.11.2017 Скопје,R. Macedonia, 2017 Oral | **6** | **9** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | presentation<br><br>8.**Valentina Risteska Nejashmikj;** Acute respiratory infections and prescribed antibiotics in primary health care in patients with asthma-study results Abstract book –Antibiotics in Primary care-Beliefs/Evidence/Practice; 3rd International Symposium AFMS-RG supported by the World Health Organization, 17-19 November, Skopje, Macedonia; 2017 Oral presentation<br><br>9.**Valentina Risteska Nejashmikj;** Education and antibiotic prescribing for acute respiratory tract infections in primary care practice; Abstract book-Fourth international jubilee congress of general medicine- a challenge that worths! 22-24 November 2018 Bulgaria; 2018 Oral presentation<br><br>10. **Valentina Risteska Nejashmikj**; Risk factors for voiding difficulties in children; EURACT- Educational Conference-European Academy of Teachers in General Practice/Family Medicine; Abstract book-on line-WONKA-EURACT- Educational Conference 2018 held in Leuven-Belgium from 21st to 22nd September 2018; Poster presentation<br><br>**Вкупно 15 бода** | | |
| 10 | Одбранета докторска теза | **8** | |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) два во странство 2 x 3 = 6 бода<br>еден дома 1 x 2 = 2<br>1.Национален проект „Пропишување на антибиотици за акутни респираторни инфекции", спроведен од Центарот за семејна медицина, поддржан од IPCRG (International Primary Care Respiratory Group<br><br>2.Проект за активен пациент спроведен од страна на Центарот за семејна медицина под покровителство на Министерството за здравство<br><br>3. Меѓународен проект за пушење цигари (Well brath) поддржан од Institute of translational medicine of Birmingham | **2** | **6** |
| 22 | Студиски престој во странство | **8** | |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ВКУПНО** | **64 бода** | |
| | | | |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | Поени | |
| | | во земјава | во странство |
| 13 | Учесник во научен проект<br>Учество во проект за Burn out кај докторите спроведен од | **5** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ЕУРАКТ.(European academy of teachers in General practice/Family medicine) | | |
| 14 | Прифатени иновации, патенти<br>- Стручно апликативна работа во Центарот за семејна медицина како ментор и едукатор | **5** | |
| 15 | Техничко унапредување<br>- Сертифициран тренер и оживувач за напреднато срцевобелодробно оживување од ERC (European resuscitation cancel)<br>- Сертифициран едукатор за семејно насилство (ХЕРА)<br>- Сертифициран едукатор за родово-базирано насилство (Хера)<br>- Испитувач на клинички вештини на специјалистички испит за доедукација на матични лекари | **8** | |
| 18 | Изготвување на извештаи од работата како ментор во семејна медицина | **4** | |
| 26 | - Раководител и основач на ПЗУ Поликлиника „Виталино“ - Велес во чии склоп работат 2 ординации по општа медицина, специјалистичка ординација по педијатрија, биохемиска лабораторија и ординација по стоматологија | **3** | |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ – ВКУПНО** | **25 бода** | |
| | **ВКУПНО:** | **89** | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА РОМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-143/8 од 22.10.2019 година донесена на 200. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 22.10.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научните области 64006 *романистика* и 61211 *историја на книжевноста на романските народи* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата е во состав:

- д-р Светлана Јакимовска, наставно-научна област романистика, вонреден професор на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – претседател;
- д-р Радица Никодиновска, наставно-научна област романистика, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – член;
- д-р Лучијана Гуидо Шремпф, наставно-научна област романистика, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката Ева Ѓорѓиевска – доктор на филолошки науки, вработена како доцент на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

При детално разгледување на доставената документација на доц. д-р Ева Ѓорѓиевска, поднесена во предвидениот рок со Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатката приложила комплетна, соодветна и валидна документација: диплома за одбранет докторат од соодветната област (оригинал од дипломата и четири копии заверени на нотар), нострификација на диплома за одбранет докторат, нострификација на диплома од втор циклус на студии, уверение за положени испити на втор циклус на студии, еквиваленција на оценките од уверение за положени испити на втор циклус на студии, уверение за положени испити од прв циклус на студии, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови во

изминатите пет години, по еден примерок од пет трудови објавени во меѓународни списанија како минимален услов за изборот во звање и линк од е-репозиториум до останатите објавени трудови, потврда за познавање на странски јазик, уверение за државјанство, потврди за учества на конференции и членства во комисии. Врз основа на поднесената документација, Комисијата ги резимираше следните податоци

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Ева Ѓорѓиевска (род. Велинова)** е родена на 18 јуни 1981 година во Скопје. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито“ - Скопје. Во 2005 дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на Катедрата за општа и компаративна книжевност со просечен успех 9,05. Во 2007 г. се стекнува со звање магистер од областа на француската книжевност на Универзитетот Paris VII - Denis Diderot со назив на дипломата *Литературии, теории, модернитети*. Во 2014 г. го брани докторскиот труд со наслов „Метаморфози на идентитетот во делото на Марсел Пруст“ на Универзитетот Paris XII – Paris Est. Од ноември 2008 година работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип како асистент по предмети од областа на книжевноста, културата и цивилизација на романските народи (за групата Италијански јазик и книжевност) и францускиот јазик (за сите студиски групи на Филолошки факултет). Во 2015 г. е избрана за доцент од областа романистика и историја на книжевноста на романските народи на Филолошкиот факултет во Штип, на 122. седница на ННС со Одлука бр. 1902-88/6 од 6.5.2015 год.

Од основањето на Филолошкиот факултет редовно учествува во изработката на елаборати за акредитација на студиските програми за Катедрата по романистика. Учесник е во три проекти во рамки на Филолошкиот факултет во Штип. Во 2005 и 2009 учествува на меѓународни школи на École Normale Supérieure во Париз и Université Toulouse II – Le Mirail во Тулуз. Во декември 2010 г. е ангажирана за превод на научни трудови од француската и италијанска теорија и литература од француски на англиски јазик за зборникот на МАНУ (Македонска академија на науките и уметностите).

Објавува повеќе трудови во домашни и меѓународни списанија, во земјава и во странство, главно од областа на книжевноста на романските народи, односно француската и италијанската книжевност, но исто така е автор и на трудови од поширокото подрачје на светската книжевност.

Одговорен уредник е на меѓународниот Зборник на Филолошки факултет – Штип и рецензент на повеќе трудови за меѓународното списание „Палимпсест“ на истиот факултет. Член е на редакцијата на меѓународната конференција „Филко“ организирана од Филолошкиот факултет во Штип и Филолошкиот факултет во Воронеж, Русија.

Учесник е во Комисијата за изготвување, измена и корекција на Програмата по француски јазик и книжевност и во Комисијата за изготвување на Правилник за работа на

Центарот за јазици при Филолошкиот факултет - Штип. Била член на Комисијата за проверка на учебници од македонски автори на Филолошкиот факултет во Штип. Член е на Комисијата за самоевалуација на истиот факултет и член на Наставно-научниот совет.

Во 2018 година е назначена за член на Комисијата за избор на најдобар млад научник, формирана од страна на Претседателот на државата.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

**1.** Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира и претходен избор во доцент од истата област (на 122. седница на ННС со Одлука бр. 1902-88/6 од 6.5.2015 год. кандидатката е избрана за доцент од областа романистика и историја на книжевноста на романските народи на Филолошкиот факултет во Штип).

**2.** Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Gjorgjievska, Eva | *Proust and Ariosto: interpreting the signs of desire* | IOSR Journal of Humanities and Social Science, 24 (9) | Од 2012 |
| 2 | Gjorgjievska, Eva | *Bakhtin`s dialogism in the novel "Three daughters of Madame Liang" by Pearl S. Buck* | Knowledge - International journal, Vol. 32.4 | Од 2009 |
| 3 | Gjorgjievska, Eva | *The French Third Republic through the Narrative Experience* | Balkan Social Science Review, 6. | Од 2013 |
| 4 | Gjorgjievska, Eva | *The Memory and the Reconstruction of Postcolonial Identities: Toni Morrison`s Novel Beloved* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (5) | Од 2009 |
| 5 | Gjorgjievska, Eva | *Marcel Proust et les personnages juifs dans A la recherche du temps perdu.* | Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (1). | Од 2016 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката Ева Ѓорѓиевска ја започнува својата наставна дејност во 2008 година кога е избрана за помлад асистент од областа романистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. По тригодишно работно искуство е избрана во истата област во звањето асистент. Согласно со компетенциите во доменот на романистиката, кандидатката е ангажирана за наставни предмети на двете студиски групи од споменатата катедра (Француски јазик и книжевност и Италијански јазик и книжевност), како за предмети од областа на јазикот (Француски јазик 1-8 како странски јазик за сите катедри на Филолошки факултет, Француски јазик 1-4 како нематичен предмет за сите факултети на Универзитетот, Француски јазик 1-2 како универзитетски изборен предмет за сите факултети на Универзитетот), така и за книжевни предмети (Италијанската книжевност од почетоците до 14 век, Италијанската книжевност на хуманизмот и ренесансата, Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот, Италијанска култура и цивилизација 1 и 2). За професионалната и лична етика на кандидатката сведочат позитивните резултати од анкетата спроведена со студентите на Филолошкиот факултет кои биле вклучени во наставниот процес во изминатите десет години. Подготвеноста на кандидатката за реализирање на наставните процеси и содржини ја потврдува и фактот што таа учествува во целосната изработка на наставната програма за акредитација на студиската група Француски јазик и книжевност. За потребите на наставата кандидатката изработува интерни скрипти по предметите Италијанска култура и цивилизација 1 и Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот, кои подоцна се објавени во вид на електронски скрипта и практикум.

Од 2015 година, откако е избрана за доцент во областите романистика и историја на книжевноста на романските народи, продолжува да работи на истите предмети во наставните центри во Штип и во Струмица, посветувајќи се посебно на книжевноста и културологијата на романските народи. Кандидатката има остварено повеќе студиски престои во Франција за време на постдипломските и докторските студии во Париз, како и учества на летни универзитети во Париз и Тулуз од областа на јазикот и културологијата, кои придонесуваат за компаративен и современ пристап до наставните содржини. Кандидатката има објавено повеќе меѓународни трудови и има учествувано на домашни и меѓународни конференции кои го надополнуваат нејзиниот научноистражувачки ангажман. Во прилог доставуваме список и кратка анализа на секој од објавените трудови на кандидатката.

***Целосна листа на референтни/меѓународни публикации и учебни помагала во последните пет години:***

1. Gjorgjievska, Eva (2018) *Италијанска култура и цивилизација 1 - скрипта. ISBN 978-608-244-568-7.*

2.Gjorgjievska, Eva (2018) *Практикум по предметот Италијанска култура и цивилизација 1.* ISBN 978-608-244-569-4.

3. Gjorgjievska, Eva (2019) *Bakhtin`s dialogism in the novel "Three daughters of Madame Liang" by Pearl S. Buck.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 32.4. pp. 467-473. ISSN 2545-4439

4. Gjorgjievska, Eva (2019) *Proust and Ariosto: Interpreting the Signs of Desire.* IOSR Journal Of Humanities And Social Science (IOSR-JHSS), 24 (9). pp. 19-25. ISSN 2279-0837

5. Gjorgjievska, Eva (2018) *Развојните фази на средновековната италијанска поезија.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип. pp. 49-55. ISSN 1857-7059

6. Gjorgjievska, Eva (2018) *Семиотиката на „Прашките гробишта“ од Умберто Еко.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 3 (3). pp. 185-193. ISSN 978-608-244-308-9

7. Gjorgjievska, Eva (2018) *Le développement et la dégradation d'un personnage de Proust: le baron de Charlus.* Палимпсест, Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, 3 (6). pp. 195-207. ISSN 2545-3998

8. Gjorgjievska, Eva (2018) *Италијанската лауда во XIII век: „Дамата од Рајот“ или „Плачот на Богородица“.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, IX (11). pp. 23-28. ISSN 1857-7059

9. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2018) *Phraseologisms with the component “soul” in German, French and Macedonian language.* In: За душата - Меѓународна научна конференција, 1-3 June 2016, Skopje, Macedonia.

10. Velinova, Ana and Gjorgjievska, Eva (2017) *Музеј и структура - од линеарен до централен простор.* Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, 8 (9). pp. 87-91. ISSN 1857-7059

11. Gjorgjievska, Eva (2017) *Аспектите на времето во драмскиот текст „Ничија земја“ на Харолд Пинтер.* Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, 8 (9). pp. 35-42. ISSN 1857-7059

12. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2017) *Биргеровата „Леноре“ - парадигма за непреболна љубов.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 2 (2). pp. 367-372. ISSN 978-608-244-308-9

13. Karanikikj, Jovana and Gjorgjievska, Eva (2017) *La valutazione e la verifica nell`insegnamento della litteratura italiana in un contesto di italiano LS: una continua sfida.* Assessment in foreign language & literature teaching, 1 (1). pp. 271-284. ISSN 978-608-234-052-4

14. Gjorgjievska, Eva and Marolova, Darinka (2016) *Кризата на историјата и на книжевниот лик во романот „Човек без својства“ на Роберт Музил.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование. ISSN 978-608-244-308-9

15. Gjorgjievska, Eva and Marolova, Darinka (2016) *Традиционалниот азиски театар и драматургијата на Бертолд Брехт.* Годишен зборник 2016 - Филолошки факултет, УГД - Штип, VII (8). pp. 71-78. ISSN 1857-7059

16. Gjorgjievska, Eva (2016) *Les motifs du matricide dans les écrits de jeunesse de Marcel Proust.* Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (2). pp. 94-98. ISSN 2545-3998

17. Gjorgjievska, Eva (2016) *Marcel Proust et les personnages juifs dans A la recherche du temps perdu.* Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (1). pp. 149-156. ISSN 2545-3998

18. Gjorgjievska, Eva (2016) *The identity of Albertine or the unreachable reality in Proust.* Годишен зборник 2016 - Филолошки факултет, УГД - Штип. pp. 71-83. ISSN 1857-7059

19. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2015) *Equivalence in Translation through German, French and Macedonian Examples.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). pp. 405-411. ISSN 2307-4531

20. Gjorgjievska, Eva and Karanikikj, Jovana (2015) *Карло Голдони и реформата на италијанскиот театар.* Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6 (1). pp. 185-189. ISSN 1857-7059

21. Gjorgjievska, Eva (2015) *Кон преводот на „Светата ноќ“ од Тахар Бен Желун.* Огледало, 26 (229). pp. 4-5. ISSN 0351-2126

22. Gjorgjievska, Eva and Karanikikj, Jovana (2015) *Canone inverso или за уметноста и бескрајот (критички осврт на романот од Паоло Мауренсиг).* Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, VI (6). pp. 169-173. ISSN 1857-7059

23. Gjorgjievska, Eva (2015) *The French Third Republic through the Narrative Experience.* Balkan Social Science Review, 6. pp. 59-75. ISSN 1857- 8772

24. Gjorgjievska, Eva (2015) *The Memory and the Reconstruction of Postcolonial Identities: Toni Morrison`s Novel Beloved.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (5). pp. 184-203. ISSN 2307-4531

25. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2015) *Фактори за квалитетот на усното преведување.* In: 44. Меѓународна средба на книжевните преведувачи, 31 Aug-01 Sept 2015, Lesok, Macedonia.

***Евалуација на трудовите објавени во последните пет години***

1. Рецензирана скрипта: Gjorgjievska, Eva (2018) *Италијанска култура и цивилизација 1 - скрипта.* ISBN 978-608-244-568-7.

Скриптата со наслов „Италијанска култура и цивилизација" претставува дијахрониски приказ на италијанските култура, општество и историја, почнувајќи од првобитното население на Апенинскиот Полуостров, па сè до современиот период. Со намера да им се овозможи на студентите постепено совладување на материјата од предметот и нејзино ситуирање во историската рамка на италијанската цивилизација предвидена во текот на студиите, содржините структурно се поделени на три поглавја во согласност со тематската распределба на понудениот материјал: 1. Италијанска географија и историја; 2. Италијанско општество и култура; 3. Италијанска уметност. Трудот им пристапува селективно на содржините на споменатите периоди и понудува синтеза на она што секој иден италијанист би требало да го има како културолошка основа во својата професија.

2. Рецензиран практикум: Gjorgjievska, Eva (2018) *Практикум по предметот Италијанска култура и цивилизација 1.* ISBN 978-608-244-569-4.

Трудот со наслов „Практикум по предметот Италијанска култура и цивилизација 1" претставува учебно помагало адаптирано на содржините од вежбите по предметот Италијанска култура и цивилизација 1, кој студентите од групата Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип го слушаат во првиот семестар, со фонд на часови 2+1+1. Практикумот е надополнување на скриптата по истиот предмет и е структуриран со цел да одговори на секоја од наставните содржини поделени во поглавја. Овој практикум треба да овозможува полесно совладување на материјалот преку одговарање на прашања кои се однесуваат на секој од клучните податоци презентирани во скриптата, како и преку презентација на визуелен материјал кој го објаснува наративниот дел: карти, фотографии, скици, уметнички дела...

3. Gjorgjievska, Eva (2019) *Bakhtin`s dialogism in the novel "Three daughters of Madame Liang" by Pearl S. Buck.* Knowledge – International journal, Vol. 32.4, pp. 467-473. ISSN 2545 – 4439Трудот го анализира романот на американската писателка Перл Бак од перспектива на дијалогизмот воведен како концепт од страна на рускиот теоретичар и филозоф Михаил Бахтин, во истиот оној период кога е пишуван и романот на Перл Бак (1969), односно кон средината на XX век, при што без директни влијанија помеѓу двајцата автори, и на двете места се забележува слична поставеност на наративниот модел. Дијалогизмот на Бахтин авторката го пронаоѓа на повеќе нивоа во романот на Перл Бак: како дијалог помеѓу стариот традиционален и новиот модерен поглед на свет, како дијалог помеѓу различните идеолошки перспективи на ликовите кои ги прифаќаат или одбиваат промените, како дијалог помеѓу научната етика на кинескиот и на американскиот континент, како критика на монолошкиот надзор на новиот комунистички поредок на Кина, како интертекстуален дијалог помеѓу говорот на ликовите и вметнатите извадоци на традиционалната *Книга на промени*, како спој или конфликт на две култури, кинеската и американската, како поглед свртен кон минатото или кон иднината... Како заклучна согледба на трудот се презема една идеја од творештвото на Бахтин, а тоа е поврзаноста на етиката и естетиката во неговите рани теоретски дела, како и концептот за ултимативната слобода на мислата на нараторот при изградбата на целовитоста на неговиот романескнен лик, која речиси не може да биде постигната на друг начин, освен преку творештвото. Како последица на тоа тврдење, се разгледува животниот избор на секој од ликовите на романот на Перл Бак и нивната релација со творечката дејност, а воедно и пристапот на нараторот на романот кој се дистанцира, но во исто време и ја потврдува егзистенцијата на книжевните ликови.

4. Gjorgjievska, Eva (2019) *Proust and Ariosto: Interpreting the Signs of Desire.* IOSR Journal Of Humanities And Social Science (IOSR-JHSS), 24 (9). pp. 19-25. ISSN 2279-0837

Трудот разгледува дела од двајца автори кои се временски оддалечени со период од четири века, но кај кои авторката пронаоѓа блискост во третирањето на темата на копнежот како поттик за интерпретација на знаци. Ваквата дефиниција на копнежот е презентирана за прв пат од страна на Жил Делез кога тој зборува за делото на Пруст, но сè она што Делез го пронаоѓа кај Пруст е исто така применливо за Ариосто. Богатиот критички опус посветен на великанот на француската книжевност од 20 век всушност ѝ помага на авторката да извлече некои од особеностите на делото на Ариосто.

5. Gjorgjievska, Eva (2018) *Развојните фази на средновековната италијанска поезија.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип. pp. 49-55. ISSN 1857-7059

Овој труд го следи развојот на поезијата во Италија во 13 век, сосредоточувајќи го изборот врз оние поети кои биле под непосредно влијание на средновековниот италијански филозоф св. Тома Аквински. Авторката потенцира дека во услови на јазична и општествена

разединетост во средновековна Италија, книжевноста на народен јазик има одлучувачка функција во образувањето на единствен, стандардизиран и естетизиран израз кој ќе го афирмира државниот и културен континуитет. Преку поезијата авторката го следи развојот на народниот јазик кој постепено созрева во пишаното творештво, со што се отвора прашањето за еден обединувачки јазичен феномен кој ќе ја услови свеста за национално единство, со оглед на фактот што италијанското општество до 19 век егзистира преку независни градови, владетелства, комуни и сињории. Почнувајќи од религиозната поезија на Сан Франческо од Асизи, па сѐ до раната љубовна поезија на Данте Алигиери, поезијата стилски се усовршува, а со неа и народниот јазик станува податлив за книжевна експресија.

6. Gjorgjievska, Eva (2018) *Семиотиката на „Прашките гробишта“ од Умберто Еко.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 3 (3). pp. 185-193. ISSN 978-608-244-308-9

Трудот нѐ воведува во книжевното творештво на Умберто Еко, чии романи, ерудитивни и честопати историски, обработуваат интриги, заговори, мистерии и мистификации чие толкување претставува предизвик за семиотиката и за читателот. Во трудот авторката предлага едно семиотичко читање на претпоследниот роман на Умберто Еко, *Прашките гробишта*, ситуиран во XIX век, во којшто се третира продукцијата на историски (не)вистини преку фалсификување на документи, воведување тајни служби, масони, шпиони... Преку дејноста на главниот лик и неговото учество во манипулацијата со некои од пресвртните историски документи, како на пример *Протоколите на сионските мудреци*, трудот ни го презентира ревизионистичкото читање на историјата од страна на Умберто Еко.

7. Gjorgjievska, Eva (2018) *Le développement et la dégradation d'un personnage de Proust: le baron de Charlus.* Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 3 (6). pp. 195-207. ISSN 2545-3998

Трудот го следи постепениот развој на ликот на баронот Шарлус во Прустовиот роман, од неговата појава, разоткривање, големина и пропаѓање, според теориите на моралот и на пластичноста на книжевните форми. Почнувајќи од првата средба со Нараторот, тој е презентиран како енергија, а не како фиксна форма. Испадите на неговиот карактер кои одат заедно со неговиот гениј и дискурзивен талент, ја откриваат неговата неадекватна страст и ја дестабилизираат неговата слика. Како еден од најкомплексните ликови на Пруст, Шарлус е истовремено и маж и жена, и аристократ и човек од подземјето, Французин и ориенталец.

8. Gjorgjievska, Eva (2018) *Италијанската лауда во XIII век: „Дамата од Рајот“ или „Плачот на Богородица“.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, IX (11). pp. 23-28. ISSN 1857-7059

Трудот претставува осврт на средновековната религиозна поезија на италијанскиот автор Јакопоне да Тоди, со сосредоточеност врз неговата најпозната лауда, „Дамата од Рајот“ или „Плачот на Богородица“. Анализата ја потенцира специфичноста на религиозната поезија во Перуџа, каде што и покрај строгите аскетски начела на монашките редови, поезијата го обединува религиозното со длабоко хуманото, општочовечко чувствување на верата. Се следат карактеристиките на метриката, лексиката и фигуративниот говор на лаудата.

9. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2018) *Phraseologisms with the component “soul” in German, French and Macedonian language.* In: За душата - Меѓународна научна конференција, 1-3 June 2016, Skopje, Macedonia.

Предмет на трудот се фразеологизмите со компонентата „душа“ во германскиот, францускиот и македонскиот јазик. Авторките најпрво го определуваат терминот „фразеологија“ и неговите најзначајни обележја, со посебен акцент врз идиоматичноста, а потоа го објаснуваат терминот „душа“ од семантички аспект. Во аналитичкиот дел на трудот семантички се анализираат германски, француски и македонски идиоми кои го содржат терминот „душа“ за да се донесе заклучот за блискоста или сличноста помеѓу овие изрази во спомenатите јазици.

10. Velinova, Ana and Gjorgjievska, Eva (2017) *Музеј и структура - од линеарен до централен простор.* Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, 8 (9). pp. 87-91. ISSN 1857-7059

Авторките го анализираат феноменот на колекционирањето и просторната организација во музејскиот простор кои се во процес на постојана трансформација. Од Музејот во Александрија, па преку ренесансните модели, карактерот на изложување на колекциите се менува од приватен во јавен, додека пак изложувањето на колекциите за јавност е проследено со промена во структурата на изложбениот простор. Трудот го разгледува примерот кој јасно го одразува тоа, односно палатата, а подоцна музејот Лувр. Во примерот на Лувр, формирањето на музејски колекции и трансформацијата започнуваат со адаптација на музејска програма во дефинираната линеарна структура на палатата и се движат кон редефинирање на програмската и просторната структура на музејот Лувр.

11. Gjorgjievska, Eva (2017) *Аспектите на времето во драмскиот текст „Ничија земја“ на Харолд Пинтер.* Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, 8 (9). pp. 35-42. ISSN 1857-7059

Во овој труд авторката посочува некои од карактеристиките на времето во драмата и во театарот преку анализа на сегменти од драмскиот текст „Ничија земја“ на Харолд Пинтер. Се разгледуваат проблеми како паралелното постоење на психолошкото и историското време во

драмата и театарот, елементите преку кои се визуализира и вербализира времето, ликовите како носители на времето, значењето на временските секвенци во драмата, единството на време и простор…

12. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2017) *Биргеровата „Леноре“ - парадигма за непреболна љубов.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 2 (2). pp. 367-372. ISSN 978-608-244-308-9

Биргеровата балада „Леноре“, како парадигма за непреболна љубов е тема на овој научен труд. Целта на трудот е да се направи една книжевна анализа со критички осврт на повеќе значајни аспекти на баладата „Леноре“ од Готфрид Август Биргер. Ова е еден обид на авторките да го прикажат контекстот на оваа уметничка балада настаната во турбулентни времиња кога книжевноста на просветителството, како една од фазите на литературниот развиток, доживува возобновување, нов подем, влевајќи се во литературната револуција на *штурм и дранг*. Дејството на баладата се случува во Прусија и тоа во време на седумгодишната војна, историски момент кој преплетен со народниот тон на баладата го означува почетокот на новиот автентичен израз на германската предромантичарска поезија.

13. Karanikikj, Jovana and Gjorgjievska, Eva (2017) *La valutazione e la verifica nell`insegnamento della litteratura italiana in un contesto di italiano LS: una continua sfida.* Assessment in foreign language & literature teaching, 1 (1). pp. 271-284. ISSN 978-608-234-052-4

Во овој труд авторките ги презентираат процесите на евалуација и верификација во изучувањето на италијанската книжевност во склоп на програмата на Филолошкиот факултет во Штип. Првиот дел од трудот се сосредоточува на компетенциите кои студентот ги стекнува преку следење на наставата. Потоа се дава приказ на различните методи на настава кои биле претходно користени, но исто така се презентира и воведувањето на нови технологии заедно со поинаков начин на тестирање и проверка на знаењата на студентите. Оттука произлегуваат и заклучните согледби во врска со резултатите добиени од секој од употребените методи.

14. Gjorgjievska, Eva and Marolova, Darinka (2016) *Кризата на историјата и на книжевниот лик во романот „Човек без својства“ на Роберт Музил.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование. ISSN 978-608-244-308-9

Авторките во овој труд се обидуваат да одговорат на прашањето како литературата учествува во размислувањето за историјата, односно како концептот на историјата влијае на менувањето на концептот за човекот. Трудот го објаснува контекстот на историските случувања пред распадот на Австро-унгарската Империја и почетокот на Првата светска војна, реакциите

на ликовите на новиот историски вакуум, нивните теориски размислувања за актуелните прашања во науката и општеството, за љубовта и мистиката.

15. Gjorgjievska, Eva and Marolova, Darinka (2016) *Традиционалниот азиски театар и драматургијата на Бертолд Брехт.* Годишен зборник 2016 - Филолошки факултет, УГД - Штип, VII (8). pp. 71-78. ISSN 1857-7059

Трудот се сосредоточува на својствата на азискиот театар кои го спротивставуваат на миметичкиот театар и доведуваат до нова свесност за  природата на човековите односи во модерното општество. Наспроти строго востановените поларитети на западен и источен театар, драматургија на XX век, со Брехт како еден од позначајните претставници, воспоставува релации со азиското тло и ги преработува техниките на тамошниот театар (кои се проникнати со зенистичка пракса, како резултат на интегрирањето на елементи од сите претходни традиции), со цел да се добие нова уметничка форма која ќе биде искористена за изнесување на сосема поинакви идеолошки гледишта.

16. Gjorgjievska, Eva (2016) *Les motifs du matricide dans les écrits de jeunesse de Marcel Proust.* Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (2). pp. 94-98. ISSN 2545-3998

Трудот ја анализира појавата на фигурата на мајката како лик во раните творби на Марсел Пруст, со акцент врз амбивалентниот однос на авторот – паралелната привлечност и одбивност кон мајката, како неопходен дел од индивидуацијата на момчето кое ни е презентирано од почетокот на нарацијата.

17. Gjorgjievska, Eva (2016) *Marcel Proust et les personnages juifs dans A la recherche du temps perdu.* Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (1). pp. 149-156. ISSN 2545-3998

Трудот го анализира прашањето на еврејството кое го покренува делото на Пруст, земајќи ја предвид историската околност на Аферата Драјфус, која кај него го раѓа чувството на припадност кон тој народ, но исто така и го наметнува прашањето за неговите есенцијални белези на распознавање. Авторката проследува неколку ликови преку кои Пруст ги предочува аспектите на еврејството, Сван, Блох, Албертина, Жилберта, Рашел…

18. Gjorgjievska, Eva (2016) *The identity of Albertine or the unreachable reality in Proust.* Годишен зборник 2016 - Филолошки факултет, УГД - Штип. pp. 71-83. ISSN 1857-7059

Авторката во овој труд истакнува некои од обележјата на Прустовото дело - меморијата како средство на структурирање на наративноста, испреплетувањето на минатото и сегашноста, состојбите на духот и телото за време на сонот… Додека фрагментите на минатото и на сонот се дел од меморијата на нараторот, со Албертина фрагментите стануваат дел од перцепцијата

обременета со копнежот. Текстот се фокусира на анализа на ликот на Албертина преку чијашто постепена креација може да се следи Прустовата поетика на недоловливост.

19. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2015) *Equivalence in Translation through German, French and Macedonian Examples.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). pp. 405-411. ISSN 2307-4531

Трудот претставува историски преглед на дискусиите во врска со терминот *еквиваленција* во транслатолошките студии, преку примери од германски, француски и македонски јазик. Авторките предочуваат дека терминот *еквиваленција* предизвикува многу контроверзии во транслатолошката теорија, посебно во поглед на неговата дефиниција, значење и применливост во преведувањето. За да се овозможи пренос на информација мора да се постигне еквиваленција во комуникацијата, што значи дека јазикот-цел мора да ја има истата комуникативна вредност која ја има и оригиналниот текст. Тие заклучуваат преку примери од наведените јазици дека не секогаш е возможна целосна еквиваленција во преводот, дека некогаш постои делумна еквиваленција или дури и не постои еквиваленција.

20. Gjorgjievska, Eva and Karanikikj, Jovana (2015) *Карло Голдони и реформата на италијанскиот театар.* Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6 (1). pp. 185-189. ISSN 1857-7059

Трудот ги разгледува аспектите на книжевната реформа која Карло Голдони ја воведува во XIX век на италијанската сцена и нејзината неминовна поврзаност со моралната реформа на италијанскиот театар. Со цел да го илустрираат значењето на театарската иновација која ја носи Голдони, авторките ги разгледуваат општествените услови во Италија, историјата на италијанскиот театар и примената на новите театарски постапки во неговата најпозната комедија Мирандолина.

21. Gjorgjievska, Eva (2015) *Кон преводот на „Светата ноќ“ од Тахар Бен Желун.* Огледало, 26 (229). pp. 4-5. ISSN 0351-2126

Авторката ни го предочува фактот дека Магребската литература пишувана на француски јазик (авторите по потекло од Мароко, Алжир, Либија, Тунис...) бележи свое значително место во француската култура и би била голема придобивка за македонската публика доколку има можност да биде во контакт со што повеќе дела од споменатата култура. Во понатамошниот след на трудот се наведуваат спецификите на македонскиот превод на делото „Светата ноќ“ од Тахар Бен Желун.

22. Gjorgjievska, Eva and Karanikikj, Jovana (2015) *Canone inverso или за уметноста и бескрајот (критички осврт на романот од Паоло Мауренсиг).* Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, VI (6). pp. 169-173. ISSN 1857-7059

Текстот претставува критички осврт на едно од делата на современиот италијански писател Паоло Мауренсиг (1943-), *Canone inverso*, кое ја следи приказната на талентираниот виолинист Јене Варга, руиниран музичар чиишто изведби ги освојуваат срцата на виенската публика. Авторките го потенцираат својството на делото во себе да ги обедини карактеристиките на bildungsroman и на роман на потрага, каде што неизвесноста на дејствието оди во спрега со мистериозноста која ги обвива ликовите, откривајќи го влијанието на германскиот романтизам и посебно на расказите на Хофман врз Мауренсиг. Историјата на виолината која Јене Варга ја има во оставина од неговиот исчезнат татко ги отвора пресвртените моменти на трагањето по совршенството и бесмртноста преку музиката, доблеста и суровоста на генијот, дисциплинирањето на талентот и слободата на уметничкото создавање, традицијата и индивидуалниот талент.

23. Gjorgjievska, Eva (2015) *The French Third Republic through the Narrative Experience.* Balkan Social Science Review, 6. pp. 59-75. ISSN 1857- 8772

Трудот се фокусира на Прустовиот роман *Во потрага по загубеното време* за да ја извлече авторовата суптилна визија на некои историски моменти за време на Француската Трета Република низ призма на француското општество и менталитетите кои го формираат јавното мислење. Авторката пишува за двојната функција на историјата кај Пруст – како имагинарна содржина која ја естетизира и идеализира историјата, и како конфликт кој во одреден период го базира својот престиж врз концептот на културата.

24. Gjorgjievska, Eva (2015) *The Memory and the Reconstruction of Postcolonial Identities: Toni Morrison`s Novel Beloved.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (5). pp. 184-203. ISSN 2307-4531

Преку романот на Тони Морисон, авторката ја развива идејата за дисиметријата помеѓу индивидуалната меморија и официјалната историја. Таа потенцира дека доколку историскиот дискурс за црнечкото ропство е изграден врз искуствата прераскажани од доминантниот субјект, тогаш вистината за минатото не може да биде редуцирана само на историјата. Всушност, постои меморијата зачувана во свеста на луѓето, исполнета со болните искуства од минатото. Авторката укажува на тоа дека романот ја потенцира неопходноста на меморијата како можност за робот да ја развие реапропријацијата на себеси.

25. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2015) *Фактори за квалитетот на усното преведување.* In: 44. Меѓународна средба на книжевните преведувачи, 31 Aug-01 Sept 2015, Lesok, Macedonia.

Во овој труд авторките понудуваат листа на фактори кои посредно или непосредно влијаат врз толкувањето. Тие ги споменуваат и ги образложуваат во кратки црти следните фактори: учесниците во толкувачкиот чин, односно говорителот, толкувачот и слушателот; двата текста, појдовниот и текстот-цел, кодирани со два различни система; степенот на блискост меѓу јазиците и културите; некои надворешни фактори, како што се нарачателот на транслацијата, ситуацијата во која се одвива транслацијата, целта на транслацијата, времето, техничките услови итн.

**Кандидатката ги презентирала своите трудови на следните конференции:**

26. Gjorgjievska, Eva (2018) *Семиотиката на „Прашките гробишта“ од Умберто Еко.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 26-27 април 2018, Штип, Македонија.

27. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2018) *Phraseologisms with the component “soul” in German, French and Macedonian language.* In: За душата - Меѓународна научна конференција, 1-3 June 2016, Skopje, Macedonia.

28. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2017) *Биргеровата „Леноре“ - парадигма за непреболна љубов.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 10-12 мај 2017, Воронеж, Русија.

29. Gjorgjievska, Eva and Marolova, Darinka (2016) *Кризата на историјата и на книжевниот лик во романот „Човек без својства“ на Роберт Музил.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 18-19 март 2016, Штип, Македонија.

30. Marolova, Darinka and Gjorgjievska, Eva (2015) *Фактори за квалитетот на усното преведување.* In: 44. Меѓународна средба на книжевните преведувачи, 31 Aug-01 Sept 2015, Lesok, Macedonia.

Широкиот опсег на наставна дејност во областа на книжевноста кој вклучува след на повеќе книжевни и културни периоди, почнувајќи од средниот век па сè до неокласицизмот, како и на научните трудови кои ја проучуваат книжевноста преку низа на современи методолошки матрици, говори за воспитно-образовните компетенции на кандидатката и нејзината подготвеност за научноистражувачка работа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во изминатите пет години кандидатката учествува во три проекти водени во рамки на Филолошкиот факултет и во соработка со надворешни земји, каде што дава свој придонес во испитувањето на методите на наставата кои водат до практично усовршување на студентите:

31. Dimova, Violeta and Daskalovska, Nina and Kuzmanovska, Dragana and Karanikolova-Cocorovska, Lusi and Mladenoski, Ranko and Leontik, Marija and Celik, Mahmut and Marolova, Darinka and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Todorova, Marija and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Grkova, Marija and Jakimovska, Svetlana and **Gjorgjievska, Eva** and Vitanova-Ringaceva, Ana and Negrievska, Nadica and Karanikikj, Jovana and Sarafova, Natasa and Kostova, Kristina (2018) ***Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование.***

32. Daskalovska, Nina and Kuzmanovska, Dragana and Jakimovska, Svetlana and Marolova, Darinka and **Gjorgjievska, Eva** and Karanikikj, Jovana and Belcev, Tole and Petkovska, Biljana and Basovska, Meri (2016) ***Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии.***

33. Dimova, Violeta and Denkova, Jovanka and Karanikolova-Cocorovska, Lusi and Ivanovska, Biljana and Belcev, Tole and Mladenoski, Ranko and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Celik, Mahmut and Kukubajska, Marija Emilija and Kusevska, Marija and Jakimovska, Svetlana and Kuzmanovska, Dragana and Marolova, Darinka and **Gjorgjievska, Eva** and Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana and Todorova, Marija and Prodanovska, Vesna and Donev, Dragan and Koceva, Vesna and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija and Krsteva, Marija and Markoska, Nadica and Karanikikj, Jovana and Ulanska, Tatjana and Golakov, Kostadin and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2016) ***Ментор.***

**Кандидатката учествува во следниве комисии/одбори:**

34. Комисијата за проверка на учебници од македонски автори на Филолошкиот факултет во Штип;

35. Комисијата за самоевалуација на Филолошкиот факултет во Штип;

36. Член на Наставно-научниот совет;

37. Комисија за избор на најдобар млад научник во 2018, формирана од страна на Претседателот на државата;

38. Член е на редакцијата на Меѓународната конференција „Филко“ организирана од Филолошкиот факултет во Штип и Филолошкиот факултет во Воронеж, Русија (4 одржани конференции);

39. Одговорен уредник на меѓународниот Зборник на Филолошки факултет – Штип;

40. Рецензент на 11 трудови за меѓународното списание „Палимпсест“ на истиот факултет;

41. Модератор за време на двете меѓународни конференции Филко во 2016 и 2018 на Филолошки факултет – Штип (3 сесии);

42. Член на Институтот за јазици;

43. Комисии за одбрана на дипломски работи (5 менторства);

44. Рецензент на 6 трудови за меѓународниот Зборник на Филолошки факултет – Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ги професионалните и научноистражувачки активности на пријавената кандидатка, Комисијата заклучи дека кандидатката ги исполнува сите услови предвидени со Законот и Правилникот за избор на вонреден професор од областа на филологијата. Станува збор за квалитетен научник и наставник, кој со своите лични и стручни карактеристики би можел да придонесе во солидно формирање на студентите на Филолошкиот факултет. Разноликата дејност на кандидатката која се препознава во објавувањето на меѓународни научни трудови, преводи на научни текстови, интернационално искуство во студирањето, координација на наставните програми и одлична соработка со студентите, говори за подготвеноста и исполнителноста во извршувањето на научните и наставните процеси. Согласно со горенаведената аргументација, со посебно задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да ја избере д-р Ева Ѓорѓиевска во наставно-научно звање вонреден професор во наставно-научната област романистика и историја на книжевноста на романските народи на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Светлана Јакимовска, вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Радица Никодиновска, редовен професор, член, с.р.

Д-р Лучијана Гуидо Шремпф, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (3,4,5,7,8,11,15,16,17,18,20,22,23,24) | 14 | 9 | | | **126** |
| **2** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) (10,13,19) | 3 | 6 | | | **18** |
| **3** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (6,9,12,14) | 4 | 2 | | | **8** |
| **4** | Учество на научен собир со реферат (усно) (26, 27, 28, 29) | 4 | 1,5 | | | **6** |
| **5** | Учесник во научен проект (31, 32, 33) | 3 | 2 | | | **6** |
| **6** | Уредник на зборник на трудови (39) | 1 | 2 | | | **2** |
| **7** | Член на организационен или научен одбор на научен собир (38, 41) | 7 | 1 | | | **7** |
| **8** | Рецензент на научен труд (40, 44) | 17 | 1,5 | | | **25,5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **182** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (21) | 1 | 2 | | | **2** |
| | Учество на стручен собир со реферат (усно) (30) | 1 | 0,5 | | | **0,5** |
| | Член на универзитетски или владини тела (37) | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на факултетски орган, комисија (34, 35, 36, 43) | 8 | 2 | | | **16** |
| | Член на институтски орган, комисија (42) | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **237,5** |

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ТЕОРИЈА НА НОВИНАРСТВО И СИСТЕМИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр.1102-152/4 од 29.10.2019 година, донесена на 185. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 29.10.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *теорија на новинарство и системи на информирање* и *меѓународни политички организации* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 16.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Јорданка Галева.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јорданка Галева** е родена на 7 јули 1977 година во Скопје. Средно образование завршува во Државното средно економско-правно училиште „Васил Антевски-Дрен“ во Скопје, додека со високо образование од прв, втор и трет циклус се стекнува на Универзитетот на Болоња во Италија. Во 2004 година дипломира на Факултетот за политички науки „Роберто Руфили“ во Форли при Универзитетот во Болоња, Италија, со оценка 8,23. Дипломира на предметот Историја на меѓународни односи, со одбрана на дипломска теза на тема *„Меѓународната дипломатија и македонското прашање во периодот помеѓу Виенскиот конгрес (1814-1815) и Балканските војни (1912-1913)“,* стекнувајќи се *со диплома по политички науки.* Дипломата издадена на 30.8.2004 година од Универзитетот во Болоња е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија, со Решение бр.09-10214/2 од 28.12.2010 г. ѝ е признаена како документ за звршен прв циклус академски студии од област на политички науки и направена е еквиваленција на оценки со Решение за еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство бр. упл 24-2585 од 8.10.2019 година. Да се напомене дека со донесувањето на министерскиот декрет од 9 јули 2009 година на Република Италија издадената диплома е еквивалентна на специјалистичките дипломи од класа 60/С и на магистерските дипломи од класа ЛМ/52. Врз основа на министерскиот декрет 509/1999 за реформа на италијанското универзитетско уредување се потврдува дека со специјалистичките дипломи од соодветната класа 60/С се стекнуваат 300 кредити. Според овој декрет, горенаведената диплома, во италијанскиот систем, претставува академска титула од втор циклус на студии и дозволува директен упис на трет циклус студии. Оттука, според министерскиот декрет 270/04, дипломираната се стекнува со академска титула доктор магистер, а дипломата издадена на 30.8.2004 година е признаена од страна на Владата на Република Македонија, Комисија за решавање во управна постапка по втор степен од областа на образование, наука и култура, како документ за завршен втор циклус магистерски студии со кој се стекнува степен магистер по политикологија (МА). (Решение бр.30-614 од 25.05.2011, издадено од Влада на Република Македонија, Комисија за решавање во управна постапка по втор степен од областа на образование, наука и култура). Во ноември 2004 година, иако со веќе стекната магистерска титула, кандидатката се запишува на магистерски студии по економија на кооперација (МУЕК) на Економскиот факултет при Универзитетот во Болоња. Магистерските студии ги завршува на 17 октомври 2005 година со одбрана на магистерсикиот труд на тема *„Земјоделската кооператива како социо-економски субјект (Апофруит Италиа)“* со највисока оценка 30 од вкупно 30 и се стекнува со диплома на универзитетски мастер со вкупно 65 кредити и просечна оценка 8,91, издадена на 11.11.2005 година од Униврзитетот од Болоња. Магистерската диплома ѝ е признаена од страна на

Министерството за образование и наука на Република Македонија, како документ за завршен втор степен на магистерски студии и стекнат научен степен магистер по економија на кооперација. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерство за образование и наука со бр. на Решение бр.09-10216/2 од 28.12.2010 г. и е направена еквиваленција на оценки со број на Решение за еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство бр. упл 24-2803 од 8.10.2019 г. Во декември 2005 година кандидатката д-р Галева аплицира за упис на мултидисциплинарни докторски студии (кои ги содржат следниве насоки: Економско-земјоделска насока, Социолошко-антрополошка насока и Политичко-историска насока) по меѓународна соработка и политики за одржлив развој, на Универзитетот во Болоња во конзорциум со Универзитетот од Пиза (кој меѓу другото се наоѓа во првите 200 универзитети според Шангајската листа) и со положување на приемниот писмен и устен испит се запишува на истите. Докторскиот труд на тема „*Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија*“ успешно го одбранува на 8 номеври 2010 година пред Комисијата во состав: проф. Стефано Бианкини од Факултетот по политички науки во Форли при Универзитетот во Болоња, Италија, проф. Рада Ивековиќ од Факултетот за општествени и социјални науки при Универзитетот „Жан Моне“ во Париз, Франција, и проф. Ариане Ландут од Факултетот за политички науки при Универзитетот во Сиена, Италија, и се стекнува со научен степен *доктор по меѓународна соработка и политики за одржлив развој.* Дипломата издадена на 24.11.2010 година од Универзитет во Болоња, Италија, од Министерството за образование и наука на Република Македонија ѝ е признаена како документ за завршен трет циклус докторски студии и стекнат научен степен доктор по меѓународна соработка и политики за одржлив развој (Решение бр.09-10215/2 од 28.12.2010 г. издадено од Министерство за образование и наука). Во текот на своето студирање е добитник на повеќе стипендии и тоа: четиригодишна стипендија од Универзитетот во Болоња за студирање на првиот циклус на студии (1995-1999); четиримесечна стипендија од страна на Foncoop од Рим (Интерпрофесионална национална фондација за образование во соработка со кооперативите) за извршување на практичниот дел (во периодот од јуни до септември 2005 година) при Земјоделската кооператива Apofruit Italia во Чезена, Италија, а како дел од програмата на постдипломските студии по економија на кооперација; петмесечна стипендија за извршување на практичен дел во Одделот за меѓународна соработка при Instituto per l'Europa Centro – Orientale e Balacanica, Форли, Италија (во периодот од ноември 2004 - март 2005), во рамките на професионалниот курс SWITCH (поддржан од Европскиот социјален фонд и во организација на ENAIP, Форли, Италија); стипендија од Central European Initiative, за учество на 12. International Summer School „Beyond enlargement. The wider Europe and the new neighborhood”, организирана од Istituto per l'Europa Centro – Orientale e Balcanica и Факултетот за политички науки „Roberto Ruffilli” во Форли, Италија, а под покровителство на Министерството за надворешни работи на Италија; шесткратна стипендија за периодот од 1 август 2006 до 31 јули 2012 г., од Institute Open Society, од Будимпешта, Унгарија, добиена на меѓународен конкурс, во рамките на програмата Academic Fellowship programme, во кои учествуваат студенти кои своите магистерски или докторски студии ги имаат завршено на еден од реномираните странски универзитети, а се добитници на стипендијата заради нивно ангажирање во матичните држави, со цел пренесување на знаење, техники и развој и иновација на универзитетските курикулуми во своите матични држави.

Од 2001 година до 2010 г. работи за потребите на Кооперативата за социолошко и културолошко медијаторство „Sesamo“ во Форли, Италија, како јазичен медијатор за социјална и интеркултурална интеграција при повеќе институти и основни училишта во Форли и Санта Софиа, додека за регионалните органи на Министерството за внатрешни работи на Италија и Јавното правобранителство и обвинителство во Форли, Италијанскиот институт за надворешна трговија ICE од Милано и Стопанска комора на Форли, Меѓународниот саем за книга во Болоња, Италија, е ангажирана како јазичен медијатор и преведувач за македонски и српско-хрватски јазик. Покрај ова извршува пракса во истражувачкиот институт „Instituto per l'Europa Centro – Orientale e Balacanica“ од Форли, Италија, и во Земјоделската кооператива „Apofruit Italia“ во Чезена, Италија. Преку програмата Academic fellowship program добива шестгодишен ангажман (за периодот од 1 август 2006 до 31 јули 2012 година) и во согласност со договорот

помеѓу Institute Open Society од Будимпешта, Унгарија и Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје е вклучена во наставно-научниот процес и одржува настава на предмети од прв циклус политички студии на Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, а од октомври 2011 г. е избрана во насловно звање – насловен доцент на научната област теоретски политички науки (развојот и човековите права) на политичи студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во времетраење од 5 години и одржува настава на 3 предмети на постипломските студии. Од ноември 2011 година е избрана во звање насловен доцент за наставно-научната област теорија на новинарството и системи за информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за период од пет години. Од ноември 2011 г. до октомври 2014 г. е вработена во Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" – Скопје, односно на Универзитетот „Евро-Балкан" –Скопје, каде што работи како координатор за меѓународни односи, односно за програмите ЦЕИ (Central Euroepan Intitative) и ЦЕЕПУС (Central European Exchange Program for University Studies) при Институтот, односно Универзитетот „Евро-Балкан". Избрана е и за доцент од областа на политички науки на Студиите/Факултетот за студии на Југоисточна Европа. Најпрвин била назначена за координатор на Студиите за Југоисточна Европа, координатор за изработка на наставни програми за елаборатот за акредитација на Студиите на Југоисточна Европа на Универзитетот, а подоцна и како раководител на Студии за Југоисточна Европа, додека од октомври 2012 г. е избрана за член на Сенатот на Универзитетот. Во јуни 2014 година е избрана за доцент за група предмети од областа на правните науки кои се во рамките на наставните програми на Факултетот за правни науки при Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин" - Свети Николе - Битола и е вработена на истоимениот универзитет од октомври 2014 до јули 2017 година. Била член на факултетски комисии и член на организационен одбор на три меѓународни конференции. Учествува на многубројни меѓународни конференции, учествува во меѓународни и научноистражувачки и научни проекти, посетува курсеви за длабинска менаџерска програма, во обуки и во подготовка на летни школи и прокети. Во периодот од ноември 2014 до април 2016 година работи како координатор и преведувач за македонски и италијански за потребите на Друштвото „Јуроп Шок Абсорберс" Дооел Илинден.

***Општи услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Кандидатката има **остварено просечен успех** од 8,27 на додипломски студии и просечен успех од 8,91 на постдипломски студии, со што го исполнува општиот услов за избор во наставно-научна област препишан со законот, односно Конкурсот за просечен успех над осум на студиите на прв и втор циклус посебно.

2. Кандидатката е **доктор на науки по меѓународна соработка и политики за одржив развој** што значи од соодветната научна област теорија на новинарството и системи на информирање и меѓународни политички организации, врз основа на одбранета докторска дисертација под наслов „*Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија*". Магистер е по политикологија врз основа на одбранета теза на предметот Историја на меѓународни односи, со одбрана на тезата на тема „*Меѓународната дипломатија и македонското прашање во периодот помеѓу Виенскиот конгрес (1814-1815) и Балканските војни (1912-1913)"*. Магистер е по економија на кооперација, врз основа на одбранета теза на тема „*Земјоделската кооператива како социо-економски субјект (Апофруит Италиа)"*.

**3. Кандидадтката претходно е избрана во следниве звања и на следниве универзитети:**

На 28 октомври 2011 година е избрана, од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот „Јустинијан Први" – Скопје при УКИМ, во насловно звање насловен доцент на научната област теоретски политички науки (развојот и_човековите права) на политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во времетраење од 5 години (Одлука бр. 02-1542/4 од 31.10.2011).

На 24.11.2011 година е избрана, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на 62. седница, во звање насловен

доцент за наставно-научната област теорија на новинарството и_системи за информирање на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за период од 24.11.2011 до 24.11.2016 година (Одлука бр. 1602-186/7).

Во ноември 2011/ 8.7.2012 година е избрана за доцент од областа на политички науки на Студии на Југоисточна Европа при Институтот „Евро-Балкан“ -Скопје, а со негово прераснување во Универзитет изборот во звање доцент од областа на политички науки на Факултетот за студии на Југоисточна Европа е потврден.

На 18.6.2014 г. е избрана, од страна на Наставно-научниот совет на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“ - Свети Николе-Битола во звање доцент за група предмети од областа на правните науки кои се во рамките на наставните програми на Факултетот за правни науки (Решение бр.0302-266/1 од 18.6.2014).

4. Согласно со **законските одреби**, за објавени **најмалку 4 научни трудови во** референтни научни публикаци во последните 5 години пред објавување на огласот, кандидатката има издадено 14 научни трудови, како и 7 научни трудови кои се издадени односно постари од 5 години пред објавување на Конкурсот.

Од вкупно 14 научноистражувачки трудови издадени во последните пет години, 12 трудови се издадени во референтни научни публикации (кои според Законот за високо образование се дефинираат како публикација/зборник од академски собир, во кои трудовите подлежат на рецензија и се со меѓународен уредувачки одбор/програмски-научен комитет, со членови од најмалку три земји или во публикација издадена во земја членка на ЕУ, или списание индексирано во електронската база со трудови достапна на интернет) и 2 труда во стручни списанија (во кои трудовите подлежат на рецензија и се со меѓународен уредувачки одбор/програмски-научен комитет), а се оценети како прегледна научна статија и изворна научна статија.

***- Трудови издадени во референтни списанија***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание во кое е издаден трудот | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева | Населението и водата како фактори за развојот, израелскиот и македонскиот случај<br><br>(стр.1479-1485) | *International Journal KNOWLEDGE, scientific papers, vol.34.5*, Institute of Knowledge Management, Skopje.<br><br>ISSN 1857-923X, ISSN 245-4439.<br><br>Published online on OJS platform and included in: EBSCO Host, Data Base Business Source Index Copernicus<br><br>EuroPubGlobal Impact Factor (2018: 1.822)<br><br>http://globalimpactfactor.com/knowledge-international-journal/ | Прво издание 2009/<br><br>година на публикација на трудот септември 2019 |
| 2. | Јорданка Галева | Компаративна анализа на правната регулатива и политики за градење на национален идентитет и за промоција на мултикултурализмот во сингапурското и македонското општество. | *Proceedings, 6th International conference: Social changes in the global world, vol.2, n. 6*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет, Штип. | Прво издание 2014/<br><br>година на публикација на трудот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (стр. 657-673)<br>*УДК 323.1:216.723 - 021.463(497.7)*<br>*323.1:216.723-021.463(592.3)* | ISBN 978-608-244-647-9 | 2019 |
| 3. | Јорданка Галева | Модели на политичко уредување и мултикултурални аспекти во швајцарското и македонското општество.<br>(стр. 705-728)<br>УДК 321(497.7:494)<br>316.723-021.463(497.7:494) | *Proceedings, 5th International conference: Social changes in the global world*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет, Штип.<br>*ISBN 978-608-244-548-9* | Прво издание 2014<br>/година на публикација на трудот 2018 |
| 4. | Јорданка Галева | Геополитичкиот аспект на територијалната местоположба на Македонија.<br>(стр.195-201)<br>911.3(497.7) | *Списание на научни трудови, Меѓународен дијалог: Исток-Запад (право и политикологија), Vol.4, бр.2,* Осма меѓународна конференција на МСУ „Гаврило Романович Державин“, Меѓународен центар за Славјанска просвета, Свети Николе.<br>ISSN (принт) 1857-9299<br>ISSN (онлајн) 1857-9302 | Прво издание 2014 (излегува 4 пати годишно)/ година на публикација на трудот 2017 |
| 5. | Јорданка Галева | Влијанието на Охридскиот рамковен договор врз правната норма и праксата за вработување. (стр. 197-202)<br>349.2:340.13]:321.7(497.7) „2001„ | *Списание на научни трудови Меѓународен дијалог: Исток-Запад (право и политикологија), Vol.3, нр.2,* Седма меѓународна конференција на МСУ „Гаврило Романович Державин“, Меѓународен центар за Славјанска просвета, Свети Николе, УДК 081<br>ISSN (принт) 1857-9299<br>ISSN (онлајн) 1857-9302 | Прво издание 2014 (излегува 4 пати годишно) / година на публикација на трудот април 2016 |
| 6. | Јорданка Галева | Energy resources as factors of geopolitical importance of the Caspian body of water.<br>(стр.151-157)<br>DOI: 10.5901/mjss.2016.v7n5p151 | *Mediterranean Journal of Social Sciences, Vol.7, n.5.,* Mediterranean Center of Social and Educational Research, Roma, Italy.<br>ISSN 2039-9340 (print)<br>ISSN 2039-2117 (online)<br>Global impact factor for 2015: 0.675 http://globalimpactfactor.com/mediterranean-journal-of-social-sciences/<br>SCImago, (n.d.). SJR — SCImago | Прво издание 2010/ година на публикација на трудот **2016** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Journal & Country Rank [Portal Retrieve, from http://www.scimagojr.com | |
| 7. | Јорданка Галева | Геополитичкото значење на водените премини низ призмата на енергетскиот транспорт.<br><br>(стр. 335-346)<br><br>УДК:626.1:(656.614.3.022.83:662.7)<br><br>Рецензирана научна статија | *International magazine for social science "Vizione", Skopje n. 25*, The Association of intellectuals "Democratic Club"- Skopje, Скопје,<br><br>ISSN 1409-8962<br><br>ISSN 1857-9221<br><br>Open Access Journals EBSCO (2014), Proquest&Cite Factor, n.25 | Прво издание 2004/година на публикација на трудот февруари 2016 |
| 8. | Јорданка Галева | Геополитичкото значење на Евроазија и новите регионални групирања<br><br>(стр. 119-121)<br><br>327(100) | *Списание на научни трудови Меѓународен дијалог: Исток- Запад (право и политикологија), Vol.2, бр.2,* Шеста меѓународна конференција на МСУ „Гаврило Романович Државин", Меѓународен центар за Славјанска просвета - Свети Николе, УДК 081<br><br>ISSN 1857-9299 (print)<br><br>ISSN 1857-9302 (online) | Прво издание 2014/ (излегува 4 пати годишно) година на публикација на трудот јуни 2015 |
| 9. | Јорданка Галева | Геополитичко значење на морските премини во Европа.<br><br>(стр.136-140) | *International journal, Scientific and Applicative papers, Knowledge for capabilities and skills, V.11/1*, 4-6 December 2015, Institute of Knowledge Management, Skopje.<br><br>Quality Factor (GIF) 1.322 за 2016 година | Прво издание 2009/година на публикација на трудот 2015 |
| 10. | Јорданка Галева | Компаративна анализа за заштита на малцинствата во македонското и финското општество.<br><br>(стр.521-535)<br><br>1.02 Прегледна научна статија УДК 342.724.05(497.7:480) | *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на Славко Милосавлевски, том 53*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2015<br><br>ISSN 0583-5062 | Прво издание во 50-тите години од 20 век/година на публикација на трудот 2015 |
| 11. | Јорданка Галева | Елементи за идентификација во мултикултуралните општества<br><br>(стр.289-294) | *Journal of process management-new technologies, international (JPMNT) Special Edition print under ISSN No. 1857 - 923 X*<br><br>*Knowledge International journal*, *Vol.7*, *Scientific and Applicative papers*, | Прво издание 2009/година на публикација на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Institute of knowledge management, Skopje.<br><br>online ISSN No. 2334-7449<br><br>Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09 | трудот ноември 2014 |
| 12. | Јорданка Галева | Културни разлики и политики за признавање<br><br>(стр.103-117)<br><br>УДК.323.111:304 (497.7) | *Годишен зборник на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, година 4, број 4*, 2013/2014,<br><br>ISSN 1857-8713 | Прво издание 2009/година на публикација на трудот 2014 |

***-Трудови во стручни списанија***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева | Дипломатијата на Виенскиот конгрес и современите геополитички интереси на големите сили<br><br>(стр.33-44) Прегледна научна статија УДК: 341.7:911.3(100-69)(091) | *Политичка мисла*, *Балансирање на меѓународните односи, 200 години од Конгресот во Виена, год.13, бр.50*, Konrad Adenauer Stiftung /Институт за демократија „Социетас цивилис“, Скопје<br><br>ISSN 1409-9853 | Прво издание 2003/година на публикација на трудот јуни 2015 |
| 2. | Јорданка Галева | Влијанието на реформите спроведени во локалната самоуправа врз социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија<br><br>(стр.37-46)<br><br>Изворна научна статија<br><br>УДК: 35.07.04:[316.662.2-054.57(497.7) | *Политичка мисла, Реформи во јавната администрација и локалната самоуправа*, *год.12, бр.48*, Konrad Adenauer Stiftung / Институт за демократија „Социетас цивилис“, Скопје. | Прво издание 2003/година на публикација на трудот декември 2014 |

Од вкупно 7 научни трудови кои се постари од 5 години од објавување на_Конкурсот, кандидатката има објавено: два (2) труда во меѓународни научни списанија (од меѓународни собири и со меѓународен одбор со членови од најмалку 4 земји), еден (1) труд во меѓународно стручно сисание (со меѓународен одбор со членови од најмалку 4 земји и со повеќе од пет изданија), два (2) труда во стручно списание (со повеќе од пет изданија) и два (2) труда како дел од монографија или стручна книга (од кои еден (1) во Зборник на документи за јавна политика и еден (1) труд во Збирка на студии на случај).

*-Трудови објавени во меѓународни научни списанија*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева | Мултикултурализмот и идентификација на културите на Балканот од византиски период до денес.<br><br>(стр. 276-288) | *Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „Денови на Јустинијан I“ Македонија и Балканот во византискиот комонвелт*, Скопје, 2014, ISBN 978-608-4714-10-1; http://issuu.com/univerzitetevro-balkan/docs/justinijan-3pecat/1 | Прво издание 2014/година на публикација на трудот 2014 |
| 2. | Јорданка Галева | Влијанието на технолошкиот развој во образовниот процес<br><br>(стр. 467-475) | *Зборник на трудови од Првата меѓународна научна конференција на тема: Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија*, Универзитет Евро-Балкан, Скопје, ISBN 978-608-4714-05-7 | Прво издание 2014/година на публикација на трудот декември 2014 |

*-Труд објавен во меѓународно стручно списание*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева | Можни перспективи за интеграција во македонското мултикултурално општество<br><br>(стр. 71-8)<br><br>Стручна статија<br><br>УДК: 342.722:316.723-021.463 (497.7) | *Политичка мисла, етнички конфликти, нови перспективи на старите реалности, год.11, бр.44*, Konrad Adenauer Stiftung / Институт за демократија „Социетас цивилис“, Скопје, декември 2013 | Прво издание 2003/година на публикација на трудот 2013 |

*-Трудови објавени во стручно списание*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева | Граѓанското учество на немнозинските заедници во процесот на децентрализацијата и развојот на локалната самоуправа во Република Македонија (стр. 91-100)<br><br>**рубрика: актуелно** | *Политичка мисла, локалната самоуправа и учество на граѓаните, Год. 10, Бр.40*, Konrad Adenauer Stiftung / Институт за демократија „Социетас цивилис“, Скопје, декември 2012. | Прво издание 2003/година на публикација на трудот 2012 |
| 2. | Јорданка Галева | Мултикултуралното транзиционо општество како предизвик за образовната политика и развој на човечки капитал во Република Македонија<br><br>(стр.31-40) | *Политичка мисла, Предизвици на образовната политика, Год. 9, Бр. 33*, Konrad Adenauer Stiftung / Институт за демократија „Социетас цивилис“, Скопје, март 2011. | Прво издание 2003/година на публикација на трудот 2011 |

***-Труд објавен како дел од монографија во Зборник на документи за јавна политика***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева, Мартин Печијарески | Улогата на јавните практики во надминувањето на меѓуетничките конфилкти во македонското општество. **Документ за јавна политика** | *Збирка на документи за јавна политика ЕПИНЕТ Вградување на занењето за ЕУ*, стр. 62-70, Институт за европска политика (ЕПИ), Скопје, април, 2013. | 2013 |

***-Труд објавен како дел од монографија во Збирка на студии на случај***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева | Изучување на македонскиот јазик од учениците од немнозинските заедници. **студии на случај.** | *Охридски рамковен договор 2001-2011 студии на случај,* Македонскиот центар за меѓународна соработка, Скопје, август 2011. Стр.18-24; ISBN 978-608-4617-41-9 | 2011 |

4. Кандидатката достави потврда за познавање на англиски јазик. Исто така од уверението за додипломски студии, завршени на Факултетот по политички науки „Роберто Руфили“ во Форли при Универзитетот во Болоња, во Италија, може да се увиди дека кандидатката има положено испит по англиски јазик (едногодишен), испит по англиски јазик (двогодишен), испит по француски јазик (двогодишен), а студирањето на овој универзитет и добиените дипломи од прв, втор и трет циклус на студии го докажуваат нејзиното одлично познавање на италијанскиот јазик. Кандидатката има познавање и од шпански јазик.

5. **Кандидатката има тринаесетгодишно искуство како предавач и осумгодишно искуство како доцент**, што докажува дека кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност.

***Посебни услови што треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање доцент***

1. Во однос на учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, кандидатката има учествувано во следните проекти:

- Проект *Academic Fellowship Programme (AFP)* - носител: Institute Open Society од Будимпешта, Унгарија, (шесткратно во времетраење од 6 години), во периодтот од август 2006 до јули 2012 година. Во рамките на овие проекти подготвува истражувања од полето на политичките науки, учествува на научни собири за размена на искуства на Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows in Political Science, International Relations and Journalism, подготвува евалуација на научни истражувања, следи обука за подготовка и евалуација на силабуси – наставни програми за предмети и подготвува силабуси односно наставни програми за предмети од прв и втор циклус политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Проект *Alternative Academic Agenda*, организиран од Факултетот за политички науки во Белград и поддржан од фондација Heinrich Boll, Белград, Србија. Во рамките на овој проект во ноември 2006 година учествува како модератор на International Workshop во Белград за изготвување на двегодишна агенда во рамките на проектот, додека во ноември 2007 г. во Скопје е учесник во подготовки на International Workshop на тема „Конституционална реконструкција на пост-конфликтните општества“.

- Проект *Охридски рамковен договор, 2001-2011, студии на случај*, во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка, во рамките на кој во 2011 година подоготвува Студија на случај на тема „Изучување на македонскиот јазик од учениците од немнозинските заедници“.

Проект ЦЕЕПУС, во рамките на кој, како координатор при Институтот за општествени и хуманистички истражувања Евро-Балкан-Скопје, односно Универзитетот „Евро-Балкан“ - Скопје ги вмрежува Студиите за Југоисточна Европа во меѓународната универзитетска мрежа: Ethics and politics in the European context и културните студии на Универзитетот „Евро-Балкан“ -Скопје во универзитетска мрежа: Borders and Borderlines in Cultural Anthropology in the university education. Исто така, зема учество во подготовка на елаборат за акредитација на Студии на Југоисточна Европа на Универзитетот „Евро-Балкан“ – Скопје.

Покрај ова учествува како координатор во изготвување и пријавување на образовен проект, преку Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје: Летна школа на тема „Религија, етничка припадност и национализам“, а како соработник учествува во изготвување на 16th International Summer School “Understanding Byzantium in the Balkans: Where the East met/parted from the West” 15-24 August 2013, Ohrid (носител Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје).

Покрај ова, во 2012 година е учесник во спроведување на истражувања, подготовка на извештаи за *Организациско подобрување на Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделството и руралнниот развој* и во подготовка на физибилити студија на тема „*Интересот и подготвеноста на потенцијалните корисници од општините Битола, Могила и Новаци за воведување на новиот топлификациски систем од страна на Елем Македонија*“.

Проект „*Вградување на знаењето за ЕУ/Embedding EU Expertise* – ЕПИНЕТ“, организирана од страна на Институт за европски политики, поддржан од Британската амбасада во Република Македонија, преку учество во две работилници на тема „Приоритетите на новата влада во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија“ и на тема подготовка за конференција на тема: ЕПИНЕТ Вградување на знаењето за ЕУ, која последователно се одржа на 13 април 2013 г. во Скопје. Во рамките на овој прокет спроведува истражување и подготвува документ за јавна политика на тема „*Улогата на јавните практики во надминувањето на меѓуетничките конфилкти во македонското општество“*.

Проект „Religion Ethnicity and nationalism” преку спроведување на летна школа, организирана од Фондација „Конрад Аденауер“, Скопје и Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје, во периодот 17-21 август 2015 г. во Охрид, каде што одржува пленерно предавање на тема “Ohrid Frmework Agreement – tool for Bridging the Ethnic Divide”.

2. Во однос на подоготовка на наставни програми и авторизирани предавања, кандидатката има подготвено наставни програми (силабуси) за следните предмети: Развојот и човековите права (2011/2012), Политичка географија и геополитика и Политичка антропологија (2012/2013), од прв и втор циклус студии на политичките студии на Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје (на македонски и на англиски јазик); Известувачко новинарство (2011/2012), предмет од прв циклус студии на Правен факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип; Социологија на правото, Меѓународно јавно право и Право на Европска Унија за учебната 2014/2015 г., како и за предметите Деловно право и Основи на право (2014/2015-2016/2017) при Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе; Мултикултурализам и биополитика (2011/2012) (во делот за мултикултурализам) на магистерските студии на Институтот „Евро-Балкан“ – Скопје.

Кандидатката, исто така, има подготвено пакет материјали и христоматија со дел на авторизирани предавања за следните горенаведени предмети: Развојот и човековите права (2011/2012-2016/2017) Географија и геополитика (2012/2013-2016/2017), Деловно право (2014-2015-2016/2017), Основи на право и правни основи за безбедност при работа (2015/2016-2016/2017) и Мултикултурализам и Биополитика (2011/2012-2013/2014) во делот за мултикултурализам.

**ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНИК ДОЦЕНТ СОГЛАСНО СО ТАБЕЛАТА НА АКТИВНОСТИ ШТО СЕ БОДИРААТ ЗА ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Јорданка Галева за време на докторските студии во Италија конкурира на Меѓународниот проект Academic Fellowship Programme, организиран и поддржан

од Institute Open Society од Будимпешта, Унгарија, во која ќе биде вклучена шест години по ред како Returning Scholar (предавач–повратник од странство). Имено, врз основа на склучениот *Партнершип* помеѓу Institute Open Society од Будимпешта и Факултетот „Јустинијан Први“ во Скопје, како и врз основа на едногодишните договори помеѓу кандидатката и Institute Open Society од Будимпешта (OSI Europe Foundation Contract n.80000418 (2006/2007); OSI Europe Foundation Contract n.80000874 (2007/2008); OSI Europe Foundation Contract n.80001638 (2008/2009); OSI Europe Foundation Contract n.80002600 (2009/2010); OSI Europe Foundation Contract n.80003639 (2010/2011); OSI Europe Foundation Contract n.80004913 (2011/2012), кандидатката од академската 2006/2007 година е ангажирана во наставно-научниот процес на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Во рамките на оваа програма како предавач – повратник од странство (Returning Scholar) учествува во одржување на настава, испити и консултации за следните предмети *на* прв циклус на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“: Вовед во политички науки (2006/2007), Современи политички теории (2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011) и (2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011). Покрај овој ангжман, подоготвува и наставна програма (силабус) за предметот Вовед во политички науки од прв циклус на студии и за предметот Безбедносни политики на ЕУ од втор циклус студии. На 28 октомври 2011 година од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот „Јустинијан Први“ д-р Јорданка Галева е избрана во насловно звање – насловен доцент на научната област теоретски политички науки (развојот и човековите права) на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во времетраење од 5 години (Одлука бр. 02-1542/4 од 31.10.2011 г.). Научната еваулација на научните трудови до моментот за избор во насловен доцент е содржана во реферaтот за избор во насловно звање-насловен доцент на научна област теоретски политички науки (развојот и човековите права) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (бр.03-1335/1 од 26.9.2011 година) подготвен од Рецензентската комисија во состав на: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Сашо Георѓиевски и доц. д-р Зоран Илиевски, формирана на Наставно-научниот совет на својата седница одржана на 12.9.2011 година. Како насловен доцент на овој Факултет подготвува наставна програма (силабус) и обезбедува соодветна национална и меѓународна литература за предметите од втор циклус студии: Развојот и човековите права, Политичка географија и геополитика и Политичка антропологија. Во академската 2011/2012 година, односно во 9 семестар, одржува настава, испити и консултации за предметот Развојот и човековите права (6 кредити) на втор циклус студии. Од академската 2012/2013 година е назначена за координатор на предметните програми на политичките студии од прв и втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и тоа за следните предмети: Развојот и човековите права во 8 семестар (со вкупно 42 часа и 6 кредити), Политичка географија и геополитика во 9 семестар (со вкупно 42 часа и 6 кредити) и Политичка антропологија во 9 семестар (со вкупно 42 часа и 6 кредити) и за истите одржува настава, испити и консултации. Во 2013/2014 година ги предава истите предмети кои се во програмата за втор циклус студии, а во 2014/2015 и 2015/2016 година истите се ставени како опциони/изборни предмети за прв и за втор циклус студии за кои меѓу другото подготвува и силабуси на англиски јазик. За време на својот ангажман на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е избрана за ментор на 6 магистранди од кои 4 успешно ја имаат одбрането својата магистратура.

На 24.11.2011 на 62. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избрана во звање насловен доцент за наставно-научна област теорија на новинарството и системи за информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за период од 24.11.2011 до 24.11.2016 година и за одржување настава по следните предметни дисциплини: Истражувачко новинарство (задолжителен предмет) од петти семестар со фонд на часови 2+2+0 на насока Новинарство и односи со јавноста - Штип и Технологија и организирање на медиумите (изборен предмет) во петти семестар со фонд на часови 2+2+0 на насока Новинарство и односи со јавноста – Штип (Одлука бр. 1602-186/7). Во учебната 2011/2012 година одржува настава и вежби, испити и консултации за предметот Известувачко новинарство. Научната еваулација на научните трудови до моментот за избор за насловен доцент е содржана во реферaтот за избор во

насловно звање доцент на научна област теорија на новинарството и системи за информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, подготвен од Рецензентската комисија во состав: доцент д-р Љупчо Сотироски, вонреден професор д-р Јован Ананиев и доцент д-р Јадранка Денкова, формирана на седницата одржана на 07.9.2011 година (Одлука бр. 1602-122/6 од 7.9.2011 година).

Од ноември 2011 до октомври 2014 година работи во Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ - Скопје како координатор за програмите ЦЕИ (Central Euroepan Intitative) и ЦЕЕПУС (Central European Exchange Program for University Studies) (Решение бр. 02.03/16 од 9.11.2011). Избрана е за доцент (ноември 2011 г.) од областа на политички науки на Студиите за Југоисточна Европа при Институтот „Евро-Балкан“ - Скопје, а со негово прераснување во Универзитет, изборот наставно-научно звање доцент од областа на политичките науки на Факултетот за студии на Југоисточна Европа е потврден на 8.7.2012 година (Одлука бр.07.01/8/43 од 8.7.2012 година, а врз основа на поднесениот Ивештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Факултетот за студии на Југоисточна Европа и на Институтот за општествени и хуманистички истражувања (бр.07.01/8/2)). Како доцент одржува настава, испити, вежби и консултаци на следниве наставни предмети на магистерските студии за Југоситочна Европа (стара програма): Вовед во политичките науки, Модерна балканска историја и Мултикултурализам и биополитика. Покрај ова, учествува во координација, подготовка и аплицирање на научни проекти за организирање на летни школи, академски дискусии, проекти за универзитетско вмрежување, како и во изстражувања и подготовка на извештаи од јавно мислење и физибилити студија; ангажирана е најпрвин како координатор, а потоа какор на Студиите за Југоисточна Европа; член е на Сенатот на Универзитетот од самото негово создавање (26.10.2012 година); ментор е на еден (1) магистранд за одбрана на магистерски труд; член во четири (4) комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови; член на четири (4) комисии за оценка и одбрана на докторски дисертации; член на рецензентски комисии за избор во звање; член на две (2) рецензентски комисии за научна издржаност на докторска дисертација; член на Комисија за признавање на кредити од програмата за мобилност ЕРАЗМУС, како и член на организациски одбор и модератор на секциско предавање на Првата меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“ (одржана на 20-21.12.2013 година во организација на Институт за дигитална форензика, Универзитет „Евро-Балкан“ – Скопје); член во организацискиот комитет и модератор на секциско предавање на 2nd international scientific symposium Days of Justininan I, одржан во Скопје на 17 и 18 октомври 2014 година (организирано од Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје и Универзитетот на Болоња, кампус Равена, Школа за општествено и културно наследство од Италија) и член во организацискиот комитет и модератор на секциско предавање на 1st international scientific symposium Days of Justininan I, (одржан во Скопје на 18 и 19 октомври 2013 година организирано од Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје и Универзитетот на Болоња, кампус Равена, Школа за општествено и културно наследство од Италија).

На 18.6.2014 година на Наставно-научниот совет на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“ - Свети Николе-Битола кандидатката е избрана во звање доцент за група предмети од областа на правните науки кои се во рамките на наставните програми на Факултетот за оравни науки (Решение бр.0302-266/1 од 18.6.2014). На овој Универзитет е вработена од октомври 2014 до јули 2017 година во кој период одржува настава, испити и консултации на следните предмети од прв циклус на студии: Социологија на правото (7 ЕКТС), Меѓународно јавно право (8 ЕКТС), Право на Европска Унија (7 ЕКТС) во учебната 2014/2015 во Свети Николе и Битола, потоа Политикологија (7 ЕКТС) и Деловно право (7 ЕКТС) во учебната 2014/2015 година во Свети Николе и Битола, Економско право (7 ЕКТС), Деловно право (7 ЕКТС), Основи на право (7 ЕКТС), Правни основи за безбедносно инженерство (7 ЕКТС) и Политикологија (7 ЕКТС) во академската 2015/2016 и 2016/2017 година во Свети Николе и во Битола.

Кандидатката до распишаниот Конкурс (16.10.2019 година) за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област теорија на новинарство и системи за информирање и

меѓународни политички организации во дневниот весник „Слободен печат“ и „Коха“ има објавено вкупно 21 труд, од кои 14 во последните пет години од објавување на Конкурсот и 7 труда постари од пет години од објавување на Конкурсот. Од вкупно 21 објавен труд, два (2) труда се објавени во дел од монографија, 12 труда се објавени во меѓународни научни списанија, четири (4) труда се издадени во зборници од научни собири и три (3) труда во меѓународни стручни списанија.

Во делот од табелата кој се однесува на дел од монографија или научна книга, кандидатката ги има објавено следните два (2) труда (што носи вкупно 12 поени):

**1. Јорданка Галева** и Мартин Печијарески**, „Улогата на јавните практики во надминувањето на меѓуетничките конфликти во македонското општество“** (април 2013), Документ за јавна политика, *Збирка на документи за јавна политика ЕПИНЕТ Вградување на знаењето за ЕУ,* стр. 62-70; Институт за европска политика (ЕПИ), Скопје.

***Краток опис на трудот:*** Во овој труд, кој претставува документ за јавна политика, авторите ги детектираат критичните елементи за меѓуетничкиот конфликт во Македонија и нудат нови препораки и можни решенија за зголемување на кохезијата во македонското општество и за зајакнување на интеграциските капацитети. Во трудот јасно е определена хипотезата и методологијата на истражувањето. Во него тие преку анализата што ја имаат направено, посебно, укажуваат на важноста на образовниот сектор, секторот на културата и медиумите, како значајни сфери за остварување на меѓуетничка интеракција, кохезија, подигање на свеста, креирање на заеднички вредности, како и на нивното влијание врз долгорочната и инклузивна стратегија во општеството.

**2. Јорданка Галева: „Изучување на македонскиот јазик од учениците од немнозинските заедници“**, *Студија на случај,* (август 2011), *Охридски рамковен договор 2001-2011, студии на случај,* стр.18-24, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Скопје, ISBN 978-608-4617-41-9

***Краток опис на трудот***: Преку деталната анализа направена во студијата авторката ги лоцира причините за појавување на проблемот поврзан со прашањето за изучување на македонскиот јазик од учениците од немнозинските заедници. При ова, авторката се користи со три пристапи. Во првиот дел од истражувањето прави анализа на нормативната регулатива, во вториот дел врши анализа на одреден број на изјави и мислења дадени во медиумите и на јавните дебати и во третиот дел ги анализира резултатите добиени од водените интервјуа со одредени стручни личности од различни професионални профили и од различна национална припадност. Во заклучниот дел авторката ги наведува причините и проблемите поврзани со изучувањето на македонскиот јазик од припадниците на немнозинските заедници и притоа таа дава одредени препораки за нивно решавање.

Во делот од табелата кој се однесува на трудови објавени во меѓународни научни списанија (според правилникот на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип трудовите се рецензирани, а списанијата се со меѓународен уредувачки одбор, чиј членови се од најмалку 4 земји и имаат најмалку пет изданија), кандидатката во последните пет години ги има објавено следниве **дванаесет (12)** труда (кои носат вкупно 108 бодови):

**1. Јорданка Галева: „Населението и водата како фактори за развојот, израелскиот и македонскиот случај“**, (септември 2019), *International Journal KNOWLEDGE, scientific papers, vol.34.5*, стр.1479-1485, Institute of Knowledge Management, Skopje, ISSN 1857-923X, ISSN 245-4439; published online on OJS platform and included in: **EBSCO Host**, Data Base Business Source Index Copernicus, EuroPubGlobal Impact Factor (2018: 1.822); http://globalimpactfactor.com/knowledge-international-journal/.

***Краток опис на трудот:*** Предмет на разгледување во овој труд се населението и водата, како два одделни и взаемни фактори од значење за развој во државата Израел и во Македонија. Продлабоченото елаборирање на овие фактори, во случајот на Израел, авторката

беспоговорно ја доведуваат до заклучокот дека тие имаат големо значење и придонес во развојот на израелската држава. Кога станува збор за водата, според авторката, тоа особено е видливо на планот на десоленизацијата на водата и нејзината рационална употреба во одгледување на земјоделските култури, земјаќи го притоа фактот дека повеќе од половината од израелската територија е пустинска земја на која се изнајдени методи за плодно земјиште. Факторот население во Израел, гледан преку неговата бројност и стручност, според авторката, јасно покажува дека, исто така, има силно влијание во развојот на државата. Додека во македонскиот случај авторката констатира постојан бран на иселување на населението (посебно младото и стручно) посочува на израелскиот случај во кој има постојан прилив на ново население (од 806.000 жители во 1948 година на повеќе од 9 милиони во 2019 година на територија од помала од 22.000 квадаратни километри) кое е исклучително едуцирано и квалификувано (посебно доселеното од источноевропските земји). Користењето на израелското искуство и знаење во доменот на искористување на водениот ресурс, како и стимулирањето, во македонскиот случај, на феноменот „кружење на умови" односно осмислена повратна политика на иселените со богато стручно искуство стекнато во развиените западноевропски земји (по примерот на доселување на новото население во Израел) авторката ја доведуваат до конечниот заклучок дека и Македонија можат да ја направат напредна и просперитетна држава.

**2. Јорданка Галева: „Геополитичкиот аспект на територијалната местоположба на Македонија"**, (април 2017), *списание на научни трудови, Меѓународен дијалог: Исток - Запад, (право и политикологија), година 4, бр. 4,* стр.195-201, 911.3(497.7), Меѓународен центар за славјанска просвета, Свети Николе.

***Краток опис на трудот:*** Во трудот е дадена ретроспектива на историските факти поврзани со регионот Македонија и интересот на големите сили во времето на Отоманската империја, во рамките на Југославија и во ерата на енергетска геополитика. Авторката посебно се задржува на геополитичката положба на Македонија. Во контекст на ова, акцентот во истражувањето посебно го става на факторот територија, односно на тоа колку територијата на државата (во случајот и македонската), односно нејзината местоположба има значајна улога во изборот на политиката кон неа, од страна на државите на нејзиното опкружување, но и од пошироко.

**3.Jordanka Galeva: „Energy resources as factors of geopolitical importance of the Caspian body of water"**, (2016), *Mediterranean Journal of Social Sciences, Vol.7, n.5,* стр.151-157; DOI: 10.5901/mjss.2016.v7n5p151, Mediterranean Center of Social and Educational Research, Roma, Italy, ISSN 2039-9340 (print) ; ISSN 2039-2117 (online). Global impact factor for 2015: 0.675 http://globalimpactfactor.com/mediterranean-journal-of-social-sciences/

***Краток опис на трудот:*** Целта на овој труд е да се укаже на геополитичката важност на енергетските ресурси. Како пример во истражувањето е земено влијанието кое енергетските ресурси го имаат врз меѓународната легислатива. Авторката во овој случај прави посебен осврт на правниот статус на водата како посебно значаjен ресурс, кој на меѓународен план е регулиран со посебни меѓународни конвенции, како и со други правни акти од доменот на меѓународното право. Авторката во овој труд става акцент и на тоа како интересите на државите, во однос на ресурсот нафта, влијаат врз дефинирањето на водата како ресурс (во зависност од тоа дали станува збор за море или езеро). Во овој труд на авторката посебен вид на студија на случај претставуваат водите на Каспиското Езеро, односно Море. Според неа со оглед на фактот што касписките води се тесно поврзани и со гасот и нафтата кои се наоѓаат во Каспискиот басен, дефинирањето на овие води од страна на неговите крајбрежни држави сè уште стои отворено. Податоците од истражувањето до кои авторката доаѓа во трудот ја доведуваат да заклучи дека енергетските ресурси се примарен фактор за регулирање на правниот статус на каспиското водно тело и дека истите претставуваат и клучен фактор во развојот на мрежната инфраструктура во каспискиот регион.

**4.Јорданка Галева: „Влијанието на Охридскиот рамковен договор врз правната норма и праксата за вработување“** (7/2016), *списание на научни трудови, Меѓународен дијалог: Исток-Запад* (право и политикологија), *Vol.3, бр. 2,* стр. 197-202, Меѓународен центар за славјанска просвета, Свети Николе, 349.2:340.13]:321.7(497.7), 2001

***Краток опис на трудот:*** Во трудот се отвора прашањето поврзано со уставното начело за правична и соодветна застапеност и неговото влијание врз измена на правната регулатива во Република Македонија. Трудот содржи статистички податоци за застапеноста на работното население во државните институции по етничка припадност, правејќи споредба помеѓу периодот пред и по имплементацијата на горенаведеното начело. Од податоците изнесени во трудот авторката заклучува дека ако од една страна спорведувањето на ова начело донесе до одредено ниво на регулирање на дисбалансот, со кој најмногу се зголеми бројот на припадниците од албанската заедница, од друга страна се отворија прашања на вработувања на нереални (фантомски) работни места, факт кој би требало да се реши преку годишни планови за вработување според потребите засновани на методологија за планирање на вработувањето.

**5. Јорданка Галева: „Геополитичкото значење на водените премини низ призмата на енергетскиот транспорт“,** (февруари 2016), *International magazine for social science "Vizione", n. 25*, стр. 335-346; рецензирана научна статија УДК:626.1: (656.614.3.022.83:662.7), The Association of intellectuals "Democratic Club"- Skopje, Скопје, ISSN 1409-8962**;** ISSN 1857-9221**.** Open Access Journals EBSCO (2014), Proquest&Cite Factor, n.25

***Краток опис на трудот:*** Авторката во овој труд разработува две основни и геополитички битни географски карактеристики на државите, односно природните ресурси и локацијата. Во трудот се става акцент на тоа колку местоположбата на една држава, а подетално на протек кој припаѓа на една држава, игра голема улога во светската политика, кога во игра се енергетските ресурси. Преку изнесените податоци, авторката укажува на тоа дека не само ресурсите, туку и транзитните рути низ кои истите се транспортираат, добиваат на значење и претставуваат битен и основен елемент на геополитиката. Како студија на случај се земени европските, азиските и карипските протеци, кои се познати како геополитички точки или choke points. Покрај тоа, освен што во трудот се изнесени статистички податоци за ресурсите на сурова нафта и за количините кои се транспортираат, авторката укажува на предностите и ризиците кои геополитичките точки ги носат со себе, осврнувајќи се на местоположбата, на должината на рутитите и на алтерантивните решенија за транспорт, како што се нафтоводите кои меѓудругото имаат влијание во светската економија и безбедност.

**6. Јорданка Галева: „Геополитичко значење на морските премини во Европа“,** (декември 2015), *International journal, Scientific and Applicative papers, Knowledge for capabilities and skills*, *V.11/1, 4-6*, стр.136-140, Institute of Knowledge Management, Skopje, ISSN 1857-92. Quality Factor (GIF) 1.322 за 2016 година

***Краток опис на трудот:*** Предмет на ова истражување се морските теснеци и канали во европските мориња. Како примери се земени Балтичкото Море на север и Средоземното Море на југ, како значајни предели преку кои најмногу се пренесува руската нафта и нафтата од Каспискиот регион. Трудот содржи податоци како за нафтените ресурси, така и за транспортните рути низ кои овие ресурси се пренесуваат до потрошувачите. Акцентот е ставен на значајните транспортни точки, како што се морските теснеци и канали со цел да се воочи на нивната геополитичка значајност. Основна цел на авторката со истражувањето во овој труд е да укаже на огромното геополитичко значење на местоположбата на морските теснеци и канали. При ова, авторката не пропушта да укаже дека геополитичкото значење на протоците и каналите, освен од местоположбата, во одредени случаи зависи и од фактот дека истите претставуваат единствен премин или скратена рута за транспорт.

**7. Јорданка Галева: „Компаративна анализа за заштита на малцинствата во македонското и финското општество“** (2015), *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на Славко Милосавлевски*, *том 53*, стр.521-535, 1.02, прегледна научна статија, УДК 342.724.05(497.7:480), Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2015,: ISSN 0583-5062.

***Краток опис на трудот:*** Во трудот авторката прави споредбена анализа на нормативните рамки на Македонија и Финска во однос на заштитата на различните култури и јазици (односно малцинства), со крајна цел размена на искуства од двата модела и препораки за можна идна примена на истите. Изборот на авторката за анализа на овие држави како студија на случај се заснова на фактот на постоење разноликост на култури и јазици кои се практикуваат во двете држави. Трудот е поделен на три дела. Во првите два дела авторката дава историски осврт на националните правни регулативи за заштита на малцинствата во Македонија и во Финска, додека во третиот дел е направена споредба во однос на признавање и идентификација на малцинствата, употребата на јазиците, политичка партиципација во донесувањето на одлуки и правото на образование на сопствен јазик. Во заклучокот на оргинален начин пак прави симулација на тоа како би биле третирани македонските граѓани со својот етнички состав, доколку би живееле по финските правила, односно како би изгледало кога одредени фински норми би се вовеле во македонскиот модел.

**8. Јорданка Галева: „Геополитичкото значење на Евроазија и новите регионални групирања“,** (јуни 2015), *списание на научни трудови, Меѓународен дијалог: Исток - Запад* (право и политикологија), *година 2, б рој 2*, стр. 119-121, *Меѓународен центар за Славјанска просвета- Свети Николе,* Свети Николе, 327(100)

***Краток опис на трудот:*** Во трудот е направен осврт на новите евроазиски регионални групирања со посебен осврт на геополитичкото значење на евроазискиот регион. Авторката ги третира прашањата за биполаризмот, победа на универзализмот и новите моќни актери, како Кина и Индија, кои претставуваат предизвик за создавања на нови регионални групирања и преместување на епицентарот на моќ од Атлантикот кон азискиот континент.

**9. Јорданка Галева: „Дипломатијата на Виенскиот конгрес и современите геополитички интереси на големите сили“**, (јуни 2015), *Политичка мисла*, *Балансирање на меѓународните односи, 200 години од Конгресот во Виена, год.13, бр.50*, стр. 33-44, Konrad Adenauer Stiftung/Институт за демократија „Социетас цивилис“. Скопје, Прегледна научна статија, УДК: 341.7:911.3(100-69)(091)

***Краток опис на трудот:*** Во тудот авторката става акцент на надворешните политики на големите сили во последните 200 години, преку кои овозможувале балансирање на моќта за одржување на меѓународната стабилност и мир. При ова, таа посебно се задржува на основните играчи на меѓународната сцена и нивните политики водени и детерминирани, пред сè, од сопствените интереси. Како посебен значаен пример за ова, авторката посебно ги наведува одлуките донесени на Виенскиот конгрес (1814-1815), со кои тие, всушност, ја воспоставиле познатата статус кво политика на европскиот геополитички простор, со посебен осврт на статус кво политиката во однос на зачувување на интегритетот на Отоманската империја. Во вториот дел од трудот посочува на меѓународните организации како Лигата на народите и Организацијата на Обединети нации, воспоставени со цел за одржување на стабилноста и мирот во 20 век (не само на ниво на европскиот политички простор, туку и пошироко од Европа) и на биполарната поделеност на светот настаната по завршувањето на Втората светска војна, со која започнува и т.н. „Студена војна“. Крајот на трудот авторката го посветува на основните фактори кои, според неа, во денешно време доведуваат до воспоставување на новите групирања за одржување на стабилноста и реализирање на геополитичките интереси на големите сили, а се однесуваат на енергетските ресурси, демографски фактори, религиски карактеристики и економско-финансиски инструменти).

**10.Јорданка Галева**: „**Елементи за идентификација во мултикултуралните општества**“, (номеври 2014), *Knowledge International journal, Vol.7, Scientific and Applicative papers*, стр.289-294, Institute of knowledge management, Skopje, print under ISSN No. 1857 - 923 X; online ISSN No. 2334-7449 Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09

***Краток опис на трудот:*** Во овој труд авторката го обработува прашањето за идентификација во различни мултикултурни општества. Во анализата се прави дистинкција помеѓу елементите за идентификација кои се користат во овие општества и се резултат на уставните конститутивни елементи, на секојдневното опкружување и моменталните проблематики од кои се засегнати граѓаните. Акцентот е ставен на македонскиот случај, за кој од анализата произлегува дека етничкиот елемент заедно со јазикот и религијата имаат водечка улога при идентификацијата на граѓаните, додека граѓанскиот елемент најчесто се користи при декларирање на припадноста кон државата.

11. **Јорданка Галева: „Влијанието на реформите спроведени во локалната самоуправа врз социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија“**, (декември 2014), *Политичка мисла, Реформи во јавната администрација и локалната самоуправа, год. 12, бр. 48*, стр. 37-46; Изворна научна статија,УДК: 35.07.04 (316.662.2-054.57(497.7)

***Краток опис на трудот:*** Во овој труд авторката избира интересен приод на анализа на прашањето поврзано со достигнување на степенот на социјалниот статус на единката во општеството, притоа правејќи разлика помеѓу вродениот и стекнатиот статус. Во нејзиното истражување се води од теоријата дека распределабата на основните ресурси во општеството најчесто е во рацете на мнозинската заедница, но во македонскиот случај, преку нејзината анализа таа покажува дека преку спроведување на одредени реформи на локално ниво, вродениот статус - односно етничкиот елемент, а не бројноста, придонесоа до подобрување на социјалниот статусот на немнозонските заедници во Македонија.

**12. Јорданка Галева: „Културни разлики и политики за признавање“**, *2013/2014, Годишен зборник на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип*, *година 4, број 4,* стр.103-117; УДК.323.111:304 (497.7)

***Краток опис на трудот:*** Во трудот се обработува вечно актуелната тема, а се однесува на културните разлики и нивно класифицирање во концептите: културен плурализам, мултикултуралност или мултикултурализам. Трудот тргнува со теоретски приод со цел да се изнајде соодветно третирање на разликите во мултикултурните општества, правејќи споредба помеѓу културниот плурализам и мултикултурализмот. Во трудот се отвора и прашањето што е посоодветно: признавањето на културните и социјални посебности или пак приматот на универзалните вредности. Како студија на случај е земено македонското мултикултурно општество преку чие елаборирање авторката заклучува дека секое општество применува различни политики и стратегии во зависност од потребите на населението, политичкото уредување и соодветноста на меѓународните стандарди. Конкретно во макдонскиот случај, иако промоцијата на политиките за мултикултурализмот одговара на барањата за признавање на културните разлики и афирмација на еднаква вредност на различните култури, истовремено за жал се оддалечува од креирањето на заеднички идентитет на мултикултуралното општество.

Во делот од табелата кој се однесува на трудови со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир кандидатката има објавено два (2) труда во последните пет години и два (2) труда постари од пет годни од објавувањето на Конкурсот, што значи вкупно четири (4) труда (кои носат вкупно 8 поени) во следните зборници од трудови на научен собир:

**1.Јорданка Галева: „Компаративна анализа на правната регулатива и политики за градење на национален идентитет и за промоција на мултикултурализмот во сингапурското и македонското општество**“, (2019), *Proceedings, 6th International conference: Social changes in the global world*, v. *2, n. 6*, стр. 657-673, УДК 323.1:216.723 -021.463(497.7), 323.1:216.723-021.463(592.3) Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет, Штип, ISBN 978-608-244-647-9

***Краток опис на трудот:*** Во трудот е направена анализа и споредба на уставните одредби и политиките за креирање на идентитетот и политиката за промовирање на мултикултурализмот во сингапурското и македонското општество. Според етничкиот состав на населението, Сингапур и Македонија се дефинираат како мултиетнички општества, а се слични во тоа што и во двете држави постои една поголема етничка заедница и други помали етнички заедници. Акцент во анализата е ставен на уставните одредби кои се однесуваат на службените и национални јазици, како и на правта на помалите заедници. Целта на ова истражување е да се прикаже моделот на мултикултурализам кој се применува во сингапурското општество и умешноста на креирање на сингапурски идентитет, она што всушност според авторката недостасува во македонскиот случај.

**2. Јорданка Галева: „Модели на политичко уредување и мултикултурални аспекти во швајцарското и македонското општество“**, (2018), УДК 321(497.7:494); 316.723-021.463(497.7:494) *5th International conference: Social changes in the global world,* стр. 705-728, Универзитет Гоце Делчев-Штип, Правен факултет, Штип, ISBN 978-608-244-548-9

***Краток опис на трудот:*** Предмет на анализа на овој труд се швајцарското и македонското општество и уставните уредувања во однос на политичкиот систем и прашањата поврзани со мултикултуралноста. Авторката воочува дека во двете општества политичката организација и јазикот играат голема улога за развој и промоција на мултикултуралните аспекти, заради што во трудот авторката става посебен акцент на овие две околности (политичката организација и јазикот). При ова, авторката во трудот ги прикажува концептуалните разлики во однос на политичкото уредување, конститутивниот елемент во двете држави, моделите на определување на службеноста на јазиците и политичката партиципација на јазичните/немнозински заедници, со заклучок на крајот дека се работи за два различни модели на мултикултурни концепти, со укажување и на тоа дека во македонскиот случај недостасува заедничкиот идентитет кој во швајцарскиот случај е изграден врз основа на митови.

3. **Јорданка Галева: „Мултикултурализмот и идентификација на културите на Балканот од византиски период до денес“** (2014), *Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „Денови на Јустинијан I„ на тема: Македонија и балканот во византискиот комонвелт*, стр. 276-288, ISBN 978-608-4714-10-1;

***Краток опис на трудот***: Во трудот авторката го разработува прашањето за идентификација на Балканот, опфаќајќи го Византискиот, Отоманскиот и современиот период. Во трудот е елаборирана темата посветена на мултикултурализамот, неговите карактеристики и форми кои биле и се присутни на овој простор, како и методите кои биле употребувани и се употребуваат во процесот на интеграција на различното население. Во првиот дел на трудот авторката дава краток опис на географските и културни карактеристики на Балканот. Во вториот дел ги разработува граѓанскиот принцип и евангелизацијата како инструменти кои се користат за идентификација на населението во Византија, додека во третиот дел упатува на верата како основна карактеристика која се употребува за класификација и идентификација на населението во рамките на Отоманската империја. Во последниот дел од трудот авторката се осврнува на модерното мултиукултурно македонско општество со заклучни гледишта дека иако се води од граѓанскиот принцип, идентификацијата на населението се прави и од етничка гледна точка во која јазикот игра голема улога.

**4. Јорданка Галева: „Влијанието на технолошкиот развој во образовниот процес“** (декември 2014), *Зборник на трудови од Првата меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“*, стр. 467-475, Универзитет „Евро-Балкан“, Скопје, ISBN 978-608-4714-05-7.

***Краток опис на трудот:*** Во трудот се елаборира влијанието на технолошкиот развој во образованиот процес и неговата улога во модернизирање и олеснување на методологијата за едуцирање. При ретроспективното презентирање на методите и техниките за стекнување на знаење, авторката посебен акцент има ставено на влијанието и улогата кои интернетот и

компјутерските програми ги имаат во осовременувањето на административните активности поврзани со работења во образовните институции, како и на осовременување на овие активности во процесот на пренесување и стекнување на знаење и продуцирање на истото.

Во однос на табелата која се однесува на трудови објавени во стручно (научно-популарно) списание, кандидатката има објавено еден (1) труд во стручно списание во кое трудовите се рецензирани и чии членови на одбор се од најмалку 4 земји и кои имат повеќе од 5 изданија и два (2) труда во стручно списание во кои трудовите се рецензирани и имаат повеќе од пет изданија, што значи вкупно три (3) труда во следните стручни (научно-популарни) списанија (кои носат вкупно 6 поени):

**1. Јорданка Галева: „Можни перспективи за интеграција во македонското мултикултурално општество“**, декември 2013, *Политичка мисла*, *Етнички конфликти, нови перспективи на старите реалности, год. 11, бр, 44*, стр. 71-80, стручна статија, УДК: 342.722:316.723-021.463 (497.7)

***Краток опис на трудот:*** Во трудот е направена анализа на законските решенија кои го промовираат мултикултурализмот во македонскиот случај, наспроти процесот на интеграција. Анализата во овој труд на авторката јасно е фокусирана на проблемите кои ја зголемуваат интеретничката дистанца и го забавуваат процесот на интеграција. Токму поради ова, авторката во трудот и нуди одредени препораки за можни перспективи за интеграција во македонското општество, притоа посочувајќи и на релевантните концепти на интеркултурна комуникација и интеркултурно образование.

**2.Јорданка Галева: „Граѓанското учество на немнозинските заедници во процесот на децентрализацијата и развојот на локалната самоуправа во Република Македонија“,** (декември 2012), *Политичка мисла, Локалната самоуправа и учество на граѓаните, година 10, број 40,* стр. 91-100; (рубрика: актуелно)

***Краток опис на трудот:*** Во трудот се содржани податоци кои се однесуваат на учеството на немнозинските заедници во првата деценија од независноста на Република Македонија споредбено со податоците по имплементирање на уставните и законски измени кои произлегоа од Охридскиот рамковен договор. Авторката става посебен акцент на процесот на децентрализација, притоа истакнувајќи ги законските и уставни измени кои придонесоа до директно учество на немнозинските заедници во развојот на локалната самоуправа и политичкото одлучување. Резултатите од ова истражување претставуваат посебен придонес во оценување за тоа колку политиката на Охридскиот рамковен договор е во насока на подобрување на статусот на немнозинските заедници во Македонија и нивното учество во политичкиот живот.

**3. Јорданка Галева: „Мултикултуралното транзиционо општество како предизвик за образовната политика и развој на човечки капитал во Република Македонија“**, (март 2011), *Политичка мисла, Предизвици на образовната политика, год. 9, бр. 33*, стр.31-40.

***Краток опис на трудот:*** Трудот се фокусира на мултикултурните карактеристики на македонското општество и правото на образование, а со цел да се утврди дали законодавната рамка во Македонија нуди еднакви можности за реализација на правото на образование на сите граѓани, вклучително и на припадниците од немнозинските заедници. Покрај ова, авторката укажува на кој начин мултикултурализмот влијае врз образовната политика и во создавањето на човечкиот капитал, водејќи се и од од теоријата на Амартија Сен. Анализата ја опфаќа законската регулатива пред и по имплементирање на Охридскиот рамковен договор, кој во трудот се третира и како еден од основните инструменти за промовирање на мултикулутралноста, а оттука и за еден од предизвиците за образовната политика.

Необјавени трудови на авторката: една (1) докторска дисертација и две (2) магистарски тези.

**1. Јорданка Галева: „L'impatto delle politiche e dei programmi europei sullo sviluppo della società multiculturale e dello status sociale delle comunità minoritarie in Repubblica di Macedonia“**, докторска дисертација (одбранета 2010), Università di Bologna, Italia

***Краток опис на трудот:*** Предмет на докторското истражување на д-р Јорданка Галева е моделот на мултикултурално општество и степенот на социјален развој на немнозинските заедници во Македонија, пред и по имплементацијата на европските политики и програми за демократска стабилизација, односно на политиките кои произлегуваат од Договорот за стабилизација и асоцијација и од Охридскиот рамковен договор, како и на програмите за нивно имплементирање во делот кој се однесува на малцинските права. Целите на истражувањето се: да се види кој модел на мултикултурално општество македонскиот Устав промовира по усвојувањето на начелата на Охридскиот рамковен договор и кој е импактот на европските политики и програми врз социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија. Хипотезата поставена во ова истражување е дека имплементацијата на гореспоментите европски политики и програми кои се однесуваат на заштитата на малцинствата имаат битно влијание врз консолидација на мултикултуралното општество и врз развојот на социјалниот статус на малцинствата во Македонија, додека потхипотезата е дека развојот на социјалниот статус на малцинските заедници, како и развојот на мултикултуралното општество најмногу зависи од правото на коодлучување, кое малцинските заедници се обврзани да го користат при усвојувањето на политичките одлуки поврзани со мултикултуралните прашања.

Теоретската рамка на која се потпира ова истражување испреплетува и развива три клучни прашања, и тоа: односот помеѓу развојот и демократијата, помеѓу демократијата и мултикултурализмот и помеѓу развојот и мултикултурализмот. Врската на овие три односи практично е анализирана преку студијата на случај на ова истражување, односно мултикултуралното демократско општество на Република Македонија. Што се однесува до методолошкиот пристап, во истражувањето се користени дескриптивниот, компаративниот и квалитативниот метод. Дескриптивниот метод е користен за опис на периодот во делот кој се однесува на политичкиот и социјален статус на малцинствата во Македонија. Компаративниот метод е користен за споредување на ефикасноста на законите кои се однесуваат на правата на малцинствата и нивниот политички и социјален статус, пред и по имплементацијата на европските реформи, додека квалитативниот метод е користен за анализа на документи, законска регулатива, како и на европските и национални извештаи по однос на прашањето што е предмет на анализа. Покрај овие методи, авторката во истражувањето, во обем потребен за тоа, успешно се служи и со други методи, но посебно со аналитичкиот и синтетичкиот метод. Целта на ова истражување е да се цел да увиди: колку демократијата (сфатена како систем кој гарантира еднакви права на сите и права за заштита на малцинствата) може да влијае врз развојот на едно мултикултурално општество и како тој развој придонесува до индивидуален развој на малцинствата, односно до подобрување на нивниот социјален статус и кои се резултатите од тоа подобрување, како на индивидуално така и на општо ниво. Водејќи се од оваа цел истражувањето се води од четири клучни поими, и тоа: соработката, демократијата, мултикултурализмот и развојот кои се дефинирани на следниот начин: терминот соработка во оваа студија се однесува на односите помеѓу Европската Унија и Македонија во областа на имплементирање на Договорот за стабилизација и асоцијација, односно програмите КАРДС и на начелата од Охридскиот рамковен договор, со посебен осврт на програмите за заштита на малцинствата, кои потекнуваат од овие договори и на европската поддршка за нивна реализација; поимот за демократија во ова истражување се фокусира на слободата и правото на партиципирање на граѓаните во секој сегмент на политичкиот и социјалниот живот, без дискриминација на етничка, јазична и религиозна основа. Во овој контекст е анализирана правната, односно македонската уставна и законска регулатива пред и по имплементирањето на горенаведените програми, кои имаат за цел да ја обезбедат заштитата на малцинствата, како еден клучен сегмент за обезбедување и консолидација на демократијата во едно мултикултурално општество; поимот мултикултурализам, во ова истражување, се

однесува на моделот на мултикултурално општество во Македонија, во кое постојат и се признаени културните разлики врз основа на етничка, јазична и религиозна припадност; терминот развој, пак, се однесува и се фокусира на социјалниот развој на малцинските заедници, сфатен и измерен преку серија индикатори кои се однесуваат на вработувањето (односно раст на социјален капитал), на образованието (т.е. човечки капитал и квалификација на високо образование) и на политичката партиципација (односно учество во донесување на одлуки битни за развој на овие заедници).

Истражувањето е поделено на две големи целини. Во првата целина или дел на истражувањето анализата е фокусирана на правната норматива за заштита на малцинствата на меѓународно и на национално ниво, со цел да се види компатибилноста и степенот на заштита на малцинствата во Македонија. Импактот на европските политики и програми врз нормативната рамка на Македонија, пак, се оценува преку моделот на мултикултурално општество кое се креира во Македонија, по усвојувањето на амандманите од 2001, односно начелата на Охридскиот рамковен договор. Во втората целина односно во вториот дел на трудот, истражувањето е изведено преку анализа на три индикатори, искористени за мерење на социјален стаус на малцинствата, и тоа: политичка партиципација во политичкото одлучување, застапеност во јавната администрација, т.е. степен на интегрираност во јавната сфера, како и застапеност во образованието, односно степен на лична продуктивност. Од добиените резултати на ова истражување, авторката извлекува заклучок со кој ја поткрепува хипотезата, односно со кој се одговара на претпоставката дека европските политики и програми доведоа до консолидација на мултикултуралното општество, креирајќи посебен модел на распознавање на мултикултурално општество и дека имаа позитивен импакт врз развојот на социјалниот статус на малцинските заедници во Македонија. Вооедно, од анализата се заклучува дека развојот на мултикултуралното општество и развојот на малцинските заедници, како што е сфатен во ова истражување, се должи на правото коодлучување (Бадинтерото правило).

**2. Јорданка Глева: „La cooperativa agricola come soggetto socio-economico (Aprofruit Italia)“, (2005), магистерски труд,** (одбранет 2005), Facoltà di Economia, Università di Bologna, Italia

***Краток опис на трудот:*** Предмет на магистерската работа е земјоделската кооператива како социо-економски субјект. Авторката како студија на случај во своето истражување и анализа ја зема земјоделската кооператива Апофруит Италиа. Во првиот дел од трудот е направен историски осврт на феноменото кооперација додека во вториот дел е даден детален опис на организацискиот и управен систем на земјоделската кооператива, како и нејзиниот трговски однос со клиентите. Во третиот дел на анализата, авторката се задржува конкретно на придонесот кој кооперативата го има од економски и од социјален аспект, односно како економски субјект учесник на пазарот и како социјален субјект кој ги претставува интересите на кооперантите. Во заклучокот авторката ги издвојува причините за успех на ваквиот модел на трговско друштво кое опстојува и во моменти на економски кризи.

**3. Јорданака Галева: „La diplomazia internazionale e questione macedone dal Congresso di Vienna 1814-1815 alle guerre balcaniche 1912-1913“,** (одбранет 2004), магистерски труд, Facoltà di Scienze Politiche “Roberto Ruffili”, Forlì, Università di Bologna, Italia

***Краток опис на трудот:*** Предмет на овој труд е меѓународната дипломатија и македонското прашање од Конгресто на Виена (1814-1815) до Балканските војни (1912-1913). Трудот е поделен на три големи целини. Во првиот дел авторката го опфаќа периодот од Виенскиот конгрес, периодот на раѓање на балканските национални држави и третата источна криза, ставајќи акцент на интерсите на големите сили, политиката на балканските држави и македонското прашање. Во втората целина од истражувањето се однесува конкретно на сите билатерални и мултилатерани договори склучени од големите сили и од балканските држави во кои се третира македонското прашање. Во третата целина на истражувањето акцентот е ставен врз будењето на националната свест и борбата за национален македонски идентитет и политичка независност во целокупниот период. Во заклучокот авторката дава одговор на прашањата зошто е комплексно македонското прашање и зошто процесот на формирање на

самосвест е бавен, наведувајќи го сплетот на стартешки интереси и на пропагандистичката политика на балканските земји.

Во однос на одржано пленерано предавање на научен собир, кандидатката одржува предавање на тема „Ohrid Frmework Agreement – tool for Bridging the Ethnic Divide“ во рамките на проектот-летна школа „Religion Ethnicity and nationalism” организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер“, Скопје и Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје, во периодот 17-21 август 2015 г. во Охрид (вкупно 3 поени).

Во делот одржано предавање по покана од научна институција, кандидатката д-р Јорданка Галева има одржано 1 предавање по покана на Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје, во рамките на Летни академски разговори, 20.9.2012 г. на тема „*Геополитички гледишта во однос на создавањето на балканските држави во текот на 19 век заклучно со балканските војни*“ (вкупно 2 поени).

Во однос на учеството на научен собир со презентација на реферат кандидатката има учествувано на 3 меѓународни научни собири во странство и на 10 меѓународни научни собири во земјава (вкупно 14,5 поени):

1. *22 International conference “The power of knowledge”, Law Politics and Security session*, *11-13.10.2019 Kavala, Greece*, Institute of Knowledge Management of Skopje, Учество со презентација на научен труд на тема „Населението и водата како фактори за развојот, израелскиот и македонскиот случај“;
2. *6th International Scientific Conference "Social Change in the Global World", 05.09.2019*, *Shtip*, University “Goce Delcev”- Faculty of Law- Shtip. Учество со презентација на научен труд на тема: Компаративна анализа на правната регулатива и политики за градење на национален идентит и за промоција на мултикултурализмот во сингапурското и македонското општество;
3. *5th Ohrid school of law, “Abuse of the Law and “Abnormal law versus rule of law*,” *9-12 May 2019, Охрид,* Institute for legal economic research and education. Учество со презентација на турд на тема „Уставните права на немнозинските заедници во Република Македонија и нивна примена во пракса“;
4. *5th International Scientific Conference "Social Change in the Global World"*, *6th September 2018, Shtip*, University “Goce Delcev”- Faculty of Law- Shtip. Учество со презентација на научен труд на тема: Модели на политичко уредување и мултикултурални аспекти во швајцарското и македонското општество;
5.*Меѓународна научна конференција на млади правници и практичари*: „*De lega ferenda:Правото и неговата примена какви би требало да бидат*„ 29.09-01.10.2017 Неготино, Институт за правно-економски истражувања. Учество со презентација на истражување на тема: Мултикултруализмот и геополитиката со осврст на македонското прашање;
6. *The 8th International Scientific Conference “International dialogue: East-West”, правно-политичка секција, 28-29 април 2017*, *Свети Николе*, организирана од Корпоративен меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе - Тамбов. Учество со презентација на научен труд: Геополитичкиот аспект на територијалната местоположба на Македонија;
7. *The 7th International Scientific Conference “International dialogue: East-West”, правно-политичка секција, 15-16 април 2016*, *Свети Николе*, организирана од Корпоративен меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе-Тамбов. Учество со презентација на научен труд на тема: Влијанието на Охридскиот рамковен договор врз правната норма и праксата за вработување;
8. *The 7-th International Scientific Conference "Knowledge- Capital of the future"; Topic: "Knowledge for capabilities and skills", 04-06 December 2015*, *Bansko, Bulgaria*. Учество со презентација на научно труд на тема: Geopolitical importance of maritime passages in Europe;
9. *The 6th International Scientific Conference “International dialogue: East-West”, правно-политичка секција 17-18 април 2015*, *Свети Николе*, организирана од Корпоративен меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе-Тамбов.

Учество со презентација на научен труд на тема: Геополитичкото значење на Евроазија и новите регионални групирања;
10. *The international Scientific Conference "Knowledge- Capital of the future"; Topic: Knowledge- now but how, 27-29 November 2014*, *Bansko, Bulgaria*. Учество со презентација на научен труд на тема: Elements of identification in multicultural societies;
11. *Second International Scientific symposium, Days of Justinian I, Conference theme: Samuel's State and Byzantium: History, Legend, Tradition, Heritage", 26-27 септември 2014, Скопје*, организирано од Универзитет „Евро-Балкан" - Скопје и Универзитетот од Болоња, Кампус-Школа за хуманистички науки и културно наследство, Равена, Италија. Модератор на сесија и учество со презентација на научен труд на тема: Идентификација во средновековна Европа;
12. *International scientific conference on the topic: Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in republic of Macedonia. 20th-21th December 2013, Скопје*, Универзитет „Евро-Балкан" – Скопје. Модератор на сесија и учество со презетација на научен труд на тема: Влијанието на технолошкиот развој во образовниот процес;
13. *International Scientific symposium, Days of Justinian I, Conference theme: Macedonia and the Balkans in the Byzantine commonwealth, 18-19 октомври 2013, Скопје*, Универзитет „Евро-Балкан" - Скопје. Модератор на сесија и учество со презентација на научен труд на тема: Мултикултурализмот и идентификација на културите на Балканот од византиски период до денес.

Во делот на одбранета докторска теза кандидатката д-р Јорданка Галева на 8.11.2010 година на Универзитетот „Алма Матер студиорум" во Болоња, Италија, го има одбрането докторскиот труд со наслов „*Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и врз социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија",* под менторство на проф. д-р Стефано Бианкини од Факултетот за политички науки „Роберто Руфили" на Универзитетот на Болоња, Италија (вкупно 8 поени).

Во делот на одбранета магистерски труд, кандидатката д-р Јорданка Галева има одбрането 2 магистерски труда и тоа: на 17.10.2005 на Економскиот факултет при Универзитетот „Алма Матер студиорум" во Болоња, Италија на тема „*Земјоделската кооператива како социо-економски субјект (Апофруит Италија)*" (вкупно 4 поени) и на 20.7.2004 година на Факултетот за политички науки „Роберт Руфили" при Универзитетот „Алма Матер студиорум" во Болоња, Италија на тема „*Меѓународната дипломатија и македонското прашање од Виенскиот конгрес (1814-1815) до Балканските војни (1912-1913)"* (вкупно 8 поени).

Во однос на учество во научни проекти кандидатката учествува во три (3) меѓународни и три (3) национални научни проекти (вкупно 9 поени):

- Три (3) меѓународни научни проекти

*Academic Fellowship Programme (AFP) за 2008/2009*- носител: Институт отворено општество - Будимпешта; *Academic Fellowship Programme (AFP) за 2007/2008* - носител: Институт отворено општество - Будимпешта; *Academic Fellowship Programme (AFP) за 2006/2007* - носител: Институт отворено општество- Будимпешта.

- Три (3) национални проекти

„*Религија, етничка припадност и национализам*" поддржано од Фондација „Конрад Аденауер" - Скопје и Универзитет „Евро-Балкан" - Скопје, август 2015, Охрид; „*Вградување на знаењето за ЕУ/Embedding EU Expertise*", организирана од страна на Институт за европски политики, а поддржан од Британската амбасада во Република Македонија, февруари-април 2013, Скопје; „*Охридски рамковен договор, 2001-2011, студии на случај*", организиран од Македонскиот центар за меѓународна соработка, Скопје, август 2011.

Во делот член на организациски одбор на научен собир кандидатката д-р Јорданка Галева била член во три (3) организациски одбори/комитети и тоа: на Прва меѓународна научна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото,

економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“ одржана на 20-21.12.2013 година во организација на Институтот за дигитална форензика, Универзитет „Евро-Балкан“ – Скопје; член во Организацискиот комитет на 2nd international scientific symposium Days of Justininan I, одрѓан во Скопје на 17 и 18 октомври 2014 година организирано од Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје и Универзитетот на Болоња, кампус Равена, Школа за општествено и културно наследство од Италија; член во Организацискиот комитет на 1st international scientific symposium Days of Justininan I, одржан во Скопје на 18 и 19 октомври 2013 година, организирано од Универзитет „Евро-Блакан“ - Скопје и Универзитетот на Болоња, кампус Равена, Школа за општествено и културно наследство од Италија (вкупно 3 поени).

Кандидатката има остварено 5 студиски престои во странство на следните институции (кои носат вкупно 40 поени):

1.1995-2004 Повеќегодишен студиски престој во Форли, за додипломските студии на Факултетот „Роберто Руфили“ во Форли при Универзитетот во Болоња;

2. 06.11.2004-17.10. 2005 едногодишен престој на постдипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот во Болоња;

3. 3-16 september, 2006, Cervia, Italia- 12 Postgraduate CEI International Summer School of Cervia on „Beyond enlargement. The wider Europe and the new neighborhood„ course on “Sustainable and Environmental Integration in European Perspective”, Alma Mater Studiorum-University of Bologna, Faculty of Political Scinece Roberto Ruffilli. Forlì Campus, with support of Foreign Affairs, Central European Initiative and the Municipality of Cervia (the total workload is measured in 6 ECTS);

4. Ноември 2004 - март 2005, петмесечен студиски престој во рамките на професионалниот курс SWITCH, (поддржан од Европскиот социјален фонд и во организација на ENAIP, Форли, Италија) студиски престој на Истражувачкиот институт Instituto per l’Europa Centro – Orientale e Balacanica, Форли, Италија;

5. Декември 2005-ноември 2010 - петгодишен престој во Болоња за докторските студии на Универзитетот во Болоња.

Во однос на рецензирање на научен труд, кандидатката била рецензент на два (2) труда на тема **„**The performance of municipal service providers and homeowners associations vis-à-vis housing maintenance: Residents’ satisfaction in Mykolayiv and Odessa oblasts, Ukraine“, презентиран и дискутиран на Cross-Regional Discipline Meeting, Plenary Panel for Law, Political Science, International Relations, History and Journalism Discipline Group, одржан на 12 November, 2011, Istanbul, Turkey и на тема „Institutional Analysis of Foreign Policy Decision Making: Lessons drawn for Georgia“, презентиран и дискутиран на Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows in Political Science, International Relations and Journalism, одржан во март 2009 година во Istanbul, Turkey (вкупно 2 поени).

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

Во однос на објавени трудови во стручно (научно-популарно) списание кандидатката има објавено вкупно 3 труда (кои носат вкупно 6 поени) кои се набројани погоре во делот во кој е направен опис на трудовите.

Во однос на учество на стручен собир со реферат (усно) кандидатката има учествувано на еден (1) стручен собир во земјава и на четири (4) во странство (вкупно 4,5 поени).

*1. Конференција на тема Вградување на знаењето за ЕУ, 24 април 2013, Скопје* во рамките на проектот Вградување на знаењето за ЕУ/Embedding EU Expertise- ЕПИНЕТ организирана од страна на Институт за европски политики, поддржан од Британската амбасада во Република Македонија. Учество со презентација на изготвен документ за јавна политика на тема: Улогата на јавните практики во надминувањето на меѓуетничките конфилкти во македонското општество;

*2. Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows in Political Science, International Relations and Journalism, October 2010, Antalya, Turkey*. Учество so презентација на тема: Political participation of minority communities in Macedonia after implementation of the Ohrid Framework Agreement„ Institute Open Society, Budapest, Hungary;

*3. Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows in Political Science, International Relations and Journalism, October 2009, Istanbul, Turкey*. Учество со презентација на тема: The impact of EU policies on development of Macedonia (minority question and development in Macedonia), Institute Open Society, Budapest, Hungary.

*4. Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows in Political Science, International Relations and Journalism, March 2009, Istanbul, Turкey***. Учество со презентација на тема тема:** Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia. (заедничка презентација), Institute Open Society, Budapest, Hungary.

5. На 12 Postgraduate CEI International Summer School of Cervia on „Beyond enlargement. The wider Europe and the new neighborhood„ course on “Sustainable and Environmental Integration in European Perspective”, Alma Mater Studiorum-University of Bologna, Faculty of Political Scinece Roberto Ruffilli. Forlì Campus, with support of Foreign Affairs, Central European Initiative and the Municipality of Cervia, Учество со презентација на тема: A cooperative as a promoter for sustainable development in agricultural sector in Macedonia.

Во делот учесник во научен проект, кандидатката има учествувано на следните 3 меѓународни научни проекти во странство: *Academic Fellowship Programme* за 2009/2010 - носител: Институт отворено општество - Будимпешта; Academic Fellowship Programme за 2010/2011 – носител: Институт отворено општество- Будимпешта; Academic Fellowship Programme за 2011/2012 - носител: Институт отворено општество - Будимпешта (вкупно 24 поени).

Во однос на делот кој се однесува на елаборати и експертизи, кандидатката има учествувано во подготовка на два (2), од кои еден (1) елаборат за додипломски студии за акредитација на Универзитетот „Евро-Балкан“ и тоа во делот на наставните програми, на Студии на Југоисточна Европа од прв циклус на студии на Универзитетот „Евро-Балкан“ - Скопје за следните предмети: Вовед во политички науки, Етнологија и етнографија, Нации и национализми, Историја на модерна Европа и Балканот во модерните меѓународни односи. Исто така има учествувано во подготовка на еден (1) елаборат за акредитирање на Универзитетот „Евро-Балкан“ - Скопје за меѓународната програма Еразмус плус (вкупно 4 поени).

Во однос на делот кој се однесува на изготвување на извештаи од анализи, кандидатката има подготвено два (2) извештаи од истражување на тема: *Организациско подобрување на Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделството и руралнниот развој*, преку испитувањето на јавното мислење и задоволството на корисниците на ИПАРД програмите за подршка во земјоделието и за поддршка на руралниот развој (спроведено од страна на Институт за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ - Скопје во мај 2012) и извештај од јавното мислење и подготовка на физибилити студија на тема: *„Интересот и подготвеноста на потенцијалните корисници од општините Битола, Могила и Новаци за воведување на новиот топлификациски систем од страна на Елем Македонија“*. Спроведено од страна на Институт за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ - Скопје, април 2012 (вкупно 0,2 поени).

Во делот шеф на институти, во рамките на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ – Скопје кандидатката била раководител на Студиите за Југоситочна Европа при Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ - Скопје (4 поени).

Во однос на делот кој се однесува на раководител на завод, кандидадтката била раководител на Одделот за меѓународни односи, односно координатор за програмите Цеепус и Цеи (3 поени).

Во делот член на универзитетски или владини тела, кандидатката била член на Сенатот при Универзитетот „Евро-Балкан“ - Скопје (5 поени).

Во однос на делот на член на факултетски органи, комисии, кандидатката била член во 15 факултетски комиси и тоа: во една (1) Комисија за признавање на кредити од програмата за мобилност ЕРАЗМУС, во четири (4) комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови; во четири (4) комисии за оценка и одбрана на тема за докторска дисертација; во четири (4) рецензентски комисии за избор во звање; во две (2) рецензентски комисии за научна издржаност на докторско истражување (вкупно 30 поени).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација и врз основа на објавените трудови, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката има 30 бодови од наставно-образовната активност, 226,5 бодови од научноистражувачка активност и 80,7 бодови од стручно-апликативна и организациско-развојна активност, односно вкупно 337,2 бодови, во согласност со табелата за бодирање на активностите. Покрај ова, Рецензентската комисија заклучува дека единствената кандидатка на конкурсот, д-р Јорданка Галева, ги исполнува сите општи и посебни услуови за избор во доцент во соодветните области. Имено, таа го има стекнато своето образование на прв, втор и трет циклус на студии во доменот на политичките науки, каде што припаѓаат и научните области за кои е распишан Конкурсот. Има напишано голем број на научни трудови, кои се во доменот на политичките науки. Имала високообразовна активност и е бирана во доцент и насловен доцент по предмети и области блиски до областите за кои е распишан Конкурсот. На Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип е избрана во насловен доцент во 2011 година во научната област теорија на новинарство и системи на информирање.

Рецензентската комисија заклучува дека д-р Јорданка Галева има значајни досегашни активности во наставниот процес и богато научно искуство и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да ја избере во наставно-научно звање доцент во научните области теорија на новинарство и системи на информирање и меѓународни политички организации.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Јован Ананиев, редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Андон Мајхошев, вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Ана Никодиновска-Крстевска, доцент, член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| РЕД.БР. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 4. | Избор во звање доцент | 30 |
| | **ВКУПНО** | **30** |

| РЕД.БР | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | 2 | 6 | | | 12 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | 12 | 9 | | | 108 |
| 5. | Труд со оргинални научни резултати, објавено во зборник од трудови на научен собир | 4 | 2 | | | 8 |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 1 | 3 | | | 3 |
| 8. | Одржано предавање по покана на научна институција, музички настап на официјален концерт | 1 | 2 | | | 2 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 10 | 1 | 3 | 1,5 | 14,5 |
| 10. | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | 8 |
| 11. | Одбранета магистерска работа | | | 2 | 4 | 8 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | 3 | 6 | 18 |
| 19. | Член на оргнизационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 1 | | | 3 |
| 22. | Судиски престој во странство | | | 5 | 8 | 40 |
| 23. | Рецензент на научен труд<br><br>(останати) | | | 2 | 1 | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **226,5** |

| РЕД.БР. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 3 | 2 | | | 6 |
| 8. | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 | 0,5 | 4 | 1 | 4,5 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | 3 | 8 | 24 |
| 17. | Елаборати и експертизи | 2 | 2 | | | 4 |
| 18. | Изготвување на извештаи и анализи | 2 | 0,1 | | | 0,2 |
| 25. | Шеф на институт | 1 | 4 | | | 4 |
| 26. | Раководител на завод | 1 | 3 | | | 3 |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 15 | 2 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **80,7** |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | 337,2 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-166/6 од 13.9.2019 година донесена на 229. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Зоран Стерјов, вонреден професор за наставно-научната област фармакоинформатика, вработен на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – претседател;
- д-р Бистра Ангеловска, редовен професор за наставно-научната област социјална фармација и фармацевтска технологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- д-р Александара Грозданова, вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска хемија и социјална фармација, вработен на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 26.8.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Биљана Лазарова, магистер по фармација, специјалист по фармакоинформатика, примариус, доктор на фармацевтски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д**-р Биљана Лазарова** е родена на 15.7.1960 година во Штип. Основно и средно (гимназиско) образование завршува во Штип, а на Фармацевтскиот факултет во Скопје се запишува во учебната 1979/1980 година и го завршува во академската 1984 година со среден успех 9.0.

Специјалистичките студии по фармацевтска информатика кандидатката ги запишува во учебната 2001/2002 година на Фармацевтскиот факултет - Скопје и завршува во академската 2004 година и се стекнува со звање – специјалист по фармацевтска информатика.

Посебната комисија на Министерството за здравство за доделување на звање примариус на седницата одржана на 3.6.2009 год. одлучува за доделување на звање примариус.

Д-р Биљана Лазарова е доктор на фармацевтски науки, со одбранет докторат на тема „ЕВАЛУАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ И ИСХОДИТЕ ПОВРЗАНИ СО ФАРМАКОЛОШКАТА ТРОМБОПРОФИЛАКСА СО НЕФРАКЦИОНИРАН ХЕПАРИН И ХЕПАРИНИ СО МАЛА МОЛЕКУЛСКА ТЕЖИНА НА ВЕНСКИОТ ТРОМБОЕМБОЛИЗАМ НА ОРТОПЕДСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ШТИП“ на Фармацевтскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во докторската дисертација цел е да се ревидира трошок-ефикасноста помеѓу двата тромбопрофилактички режими LMWHs и UFH кои се употребуваат кај оперираните ортопедски болни хоспитализирани на Ортопедското одделение во ЈЗУ Клиничка болница - Штип, да се споредат клинички и економски резултати на LMWH во споредба со UFH за превенција на ВТЕ кај ортопедски хируршки пациенти. Анализа е развиена според претходно постоечките насоки за економски евалуации. (Gold et al1996; American Thoracic Society 2002; Canadian Agency for Drugs and Technologies in Health 2013)

Анализата на трошок-ефективност на LMWHs наспроти UFH кај големи ортопедски хируршки интервенции покажува дека доминираат LMWHs, обезбедувајќи поголема корист при помали трошоци. Во прилог на обезбедување на зголемени QALYs во однос на UFH, исто така, водат LMWHs за помалку симптоматски ВТЕ настани од UFH. Употреба на LMWHs во оваа профилактичка индикација придонесуваат за ефикасно користење на ограничените ресурси, бидејќи е поврзано со подобри клинички резултати по пониска цена.

**Професионални активности на кандидатката:**

- Фармацевт специјалист по фармакоинформатика во Болничка аптека – Клиничка болница - Штип од 2004 година.
- Раководител на Болничка аптека – ЈЗУ Медицински центар, Штип, 1989-1999 год.
- Дипломиран фармацевт раководител на РЕ Аптекарска служба и медицинско снабдување во ЈЗУ Медицински центар, Штип, 1999-2001 год.
- Вработена е како специјалист раководител на отсек Фармакоинформативен центар во Болничка аптека ЈЗУ Општа болница, Штип од 2005 год.
- Во 2010 година е избрана за асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010).

Кандидатката воедно е член на: управните тела и надзорен одбор на Фармацевтската комора на Македонија, Државна комисија за полагање на стручен испит на дипломирани фармацевти, учесник на тренингот за обучени испитувачи за државна комисија за полагање стручен испит – Скопје (во тек), претседател на Секцијата болничка фармација при Фармацевтска комора на Македонија, член на поткомитетот за фармација во проектот за подобрување на здравството на Македонија, член на Комисијата за референтни цени во ФЗОМ.

**Општи услови за избор**

Кандидатката д-р Биљана Лазарова ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

- просечен успех на студиите од 9.0 (повеќе од 8.0);
- доктор на фармацевтски науки со одбранет труд од областа фармакоинформатика, фармакоекономика;
- избрана за асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010);
- објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години:

1. (56) **Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, *Evaluation of costs and outcomes associated with pharmacological thromboprophylaxis (unfractionated heparin and low molecular weight heparins) of venous thromboembolism at orthopedic ward in Clinical Hospital Stip, Macedonian*

pharmaceutical bulletin, volume 63 (1) (2017) (печатен)

2. (57)**Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, Cost-effectiveness of LMWHs versus UFH for the prevention of postsurgical venous thromboembolism at orthopedic department in Clinical Hospital Stip, Macedonian pharmaceutical bulletin, volume 64 (1) (2018) (печатен)
3. (54) Biljana Eftimova**, Biljana Lazarova**, DRUG USE AT CLINICAL HOSPITAL STIP-EVALUATION OF RATIONAL/IRRATIONAL USE, KNOWLEDGE - Vrnjacka Banja, Serbia, March 16-18 2018, International Journal, Vol. 22 (печатен).
4. (55)Biljana Eftimova, **Biljana Lazarova**, COMPARISON OF ANESTESIA DRUG AND SUPPLY COSTS AND EFFECTIVENESS BETWEEN GENERAL AND SPINAL ANESTHESIA FOR TOTAL OR SUBTOTAL HIP REPLACEMENT SURGERY, KNOWLEDGE - Vrnjacka Banja, Serbia, March 16-18 2018, International Journal, Vol. 22 (печатен).

- Приложена потврда за активно го познавање на англискиот јазик.
- Поседува способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

- Постигнувањата во примената на научноистражувачките резултати кандидатката ги манифестира во текот на докторските студии на Фрамацевтскиот факултет при УКИМ - Скопје, при изработката на докторската дисертација и објавените и презентирани трудови;
- Кандидатката приложи две препораки од професори;
- Има повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на интегрираните студии по фармација и повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на специјализацијата од областа фармакоинформатика;
- Не е во работен однос на Универзитетот и согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник број 43, септември 2019 г.), член 10 став 2 и член 14 став 2 нема рецензирана скрипта и практикум;
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето вкупно 87.5.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Вонреден наставник по фармацевтска технологија во Средното медицинско училиште „Јане Сандански“ од 1989 до 2005 год.

Во 2010 година е избрана за асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010).

Како професионалец од пракса ангажирана е на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев од Штип од 2015 година.

Во периодот од 2010 година до денес изведува вежби на студентите по фармација на Факултетот за медицински науки од предметите: фармакоинформатика, аптека и аптекарско работење, фармацевтски грижи, фармакоекономика и фармацевтски маркетинг.

Како професионалец од пракса ангажирана е во учебните години 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015 на Фармацевтски факултет Скопје за предавање на студентите од прва година за областа болничка фармација.

Рецензирани трудови до 2010 година при избор во звање асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010 г.

1. Лазарова Б., Ефтимова Б.:Klindamycin – prevention of the infection during and after the operation; World congress of pharmacy 96; Израел, 1-6 септември 1996.
2. Лазарова Б., Стерјев З., Ефтимова Б., Шутуркова Љ.:Study on the use of amp. Tramadol for treatment of postoperative pain in patients on SARIL Medical center Stip and KARIL Clinic center Skopje in period of one year; Трет конгрес на фармацијата на Македонија со меѓународно учество: Охрид, 2003.
3. Лазарова Б., Стојменова Ј.:DVT prevention in orthopedic patients in Medical center Stip; Конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество; Охрид, 2006.
4. Лазарова Б., Стојменова Ј.:Употреба на антихипертензивите: наутро и навечер; Трет македонски конгрес по кардиологија; Охрид, 2006.
5. Лазарова Б.,Coma as a complication of total intravenous anesthesia by propofol; 67 Internationl Congress of FIP; China, 2007.
6. Лазарова Б., Стерјев З.:Study on the use of amp. Tramadol for treatment of postoperative pain in patients on SARIL Medical center Stip in period of one year; III Balkan congress of allergy and clinical immunology; Istanbul, 2003.
7. Лазарова Б., Михаилова Л.,Коларова С.:Пријавување на несаканите ефекти на лекови и придонесот на лекарите за истите; Четври конгрес на фармацевтите на Македонија со интернационално учество, 2007.
8. Лазарова Б., Стојменова Ј., Лозановска Е.: Пролонгиран третман на хроничен отитис медиа со триметоприм/сулфаметоксазол кај деца; IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид, 2007.
9. Лазарова Б.,Стојменова Ј., Ефтимова Б.:Tretment of pain migrain with sumatriptan 100 mg tablets in out patients; II конгрес на лекарите по општа медицина на Република Македонија со меѓународно учество; Охрид, 2008.
10. Лазарова Б.,Стерјев З., Ефтимова Б.: DVT prevention in surgical patients at general hospital Stip 2007; 6 world stroke congress; Avstrija, 2008.
11. Лазарова Б., Ковачева М., Михаилова Л.: Антипиретичен третман кај деца со висока температура: парацетамол, ибупрофен или наизменична апликација на двата лека; Први национални неонатолошки денови на РМ; Охрид, 2008.
12. Лазарова Б., Лозановска Е., Ефтимова Б.:Postoperative vomiting after tonsillectomy treated with dexamethasone; 2 nd Macedonian congress of oto-rhino-laringology; Ohrid, 2008.
13. Лазарова Б.:Превенција на длабока венска тромбоза; Фармацевтски информатор број 9/ јануари 2006.
14. Лазарова Б.: Отстранување на крлеж; Евалуација на пет популарни методи, Фармацевтски информатор број 12/ април 2007.
15. Лазарова Б.: Прашање поставено во Регионалниот фармакоинформативен центар во Штип; Фармацевтски информатор број 13/ септември 2007.
16. Лазарова Б.:Антибиотска профилакса во абдоминалната хирургија; Фармацевтски информатор број 14/ декември 2007.
17. Лазарова Б.: Влијание на недостатокот на лекови врз реализирањето на здравствената заштита кај хоспитализираните пациенти; Фармацевтски информатор број 15/ мај 2008 .
18. Лазарова Б.:Општи карактеристики и активности на фармакоинформативните центри; Медикус информативен гласник на јавното здравство Штип, 7 април 2006.
19. Лазарова Б.:Интеракции на кетопрофен со најчесто уппотребувани лекови; Медикус информативен гласник на јавното здравство Штип, 7 јули 2007.
20. Лазарова Б.:Улогата на болничките фармацевти во процесот на давање на болничка здравствена заштита; Медикус информативен гласник на јавното здравство Штип, ноември 2008.
21. Лазарова Б.:Природната состојка миртол против воспаленија на горните дишни патишта; 24 часа здравје; Скопје, мај 2008.

22. Лазарова Б.:Улогата на фармацевтите во процесите на самогрижа и самомедокација; Фармацевтски информатор бр 16/декември 2008.
23. Ефтимова Б., Лозновска Е. Лазарова Б. Стојменова Ј.:Примарна реанимација на новороденитe со секцио цезареа; 7 конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество; Струга 1994.

24. Ефтимова Б., Лозновска Е. Лазарова Б.:Ketalar in sedation for brain computer thomography imaging procedure in children; 13 World congress of anaesthiologist; France 2004.
25. Стојменова Ј., Лазарова Б.:Антибиотска профилакса со цефотаксим 2 гр на одделот за хирургија во Општа болница Штип; 3 македонски конгрес на превентивна медицина со меѓународно учество; Охрид 2006.
26. Петков В., Лозновска Е., Лазарова Б., Лозновска Б. Ефтимова Б. Николова И.:Преваленца на дебелината во детска возраст; ИВ конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид, 2007.
27. Николова И., Лозновска Е. Лазарова Б., Ефтимова Б., Петков В.: Каротинемија предизвикана од специфичен начин на исхрана кај деца; IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид 2007.
28. Лозновска Е., Лазарова Б., Лозновска Б. Ефтимова Б. Петков В., Николова И.:Фреквенција на горнореспираторни инфекции кај деца со дијагностициран хроничен тонзилитис и тонзилектомија како оперативен третман; ИВ конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид 2007Ч
29. Стојменова Ј., Лазарова Б.,Икономова Л., Златковска В.:Лидокаин хидрохлорид и конвулзии; IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид, 2007.
30. Коларова С. , Лазарова Б., Михаилова Л.:Short interviews for problem identification with the use of drugs; IV конгрес на фармацевтите на Македонија со интернационално учество 2007.
31. Михаилова Л., Лазарова Б., Коларова С.: Efficasy and safety of enoxaparine in deep vein thrombosis therapy (case report); IV конгрес на фармацевтите на Македонија со интернационално учество 2007.

**Објавени научни и стручни трудови 2010 до 2014 (нерецензирани)**
**Научен труд објавен во меѓународно научно списание**

(33) B.Eftimova, **B.Lazarova,** Invasive ductal carcinoma in 58 year old man, Annals of Oncology, Supplement 5,vol.20-30PO- ECCLU, July 2009, Lugano Switzerland (печатен)

Во трудот е прикажан редок случај на инвазивен карцином на дојка кај маж кој во медицинската историја нема податок за хормонална терапија. Направена е оперативна радикална мастектомија и аксиларна дисекција со последователна хемо и радио терапија. Цел на трудот е да покаже дека и кај мажите може, иако ретко, да се јави инвазивен мамарен карцином со прашање дали кај мажите кои примале хормонална терапија или имале тестикуларни туморозни формации е потребна мамографија како рутинска инвестигација за рано откривање на промените на дојката. Трудот има научен и стручен придонес.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**

(34) B.Eftimova, **B.Lazarova**, J.Stojmenova, Intrathecal Morphine and postoperative delirium in elderly orthopedic patients, 6th Congress of European Federation of IASP Chapters, September 2009 Lisbon, (постер)

Целта на трудот е да покаже дека постоперативниот делириум е честа појава кај постари пациенти со фрактура на колкот поради што квалитетот на постоперативната аналгезија е во корелација со постоперативниот делириум. За таа цел ние го испитувавме ефектот на о,1мг. Морфиум даден интратекално на инциденцата на постоперативниот делириум кај постари пациенти со фрактура на колкот. Притоа е евалуиран квалитетот на

аналгезијата постоперативно преку ВАС, несаканите ефекти, сатурацијата на кислород во одредени временски интервали споредено со инциденцата на постопераивен делириум. Заклучок е дека квалитетот на аналгезијата е многу подобар спореден о со инциденцата на постоперативен делириум. Трудот има научен и стручен придонес.

(35) **Lazarova Biljana**, Kovaceva Maja, Petrusevska Tozi Lidija, Mladenovska Kristina: Activities for improving the role of hospital pharmacists in FYRO Macedonia, 15th congress of the EAHP, 24-26 March 2010, Nice, France (постер)

Во овој труд се прикажува важноста на болничката фармација како специјализирано поле на фармацијата и болничките фармацевти како професионалци на кои им е потребна континуирана едукација. Во 2006 година во рамките на Фармацевтската комора на Македонија се формира асоцијацијата на болнички фармацевти со јасна цел за развивање на стратегии за услугите кои ги дава болничката аптека поврзани со улогата, нивото и обемот на услуги за хоспитализираните пациенти. Заклучок е дека има потреба од унапредување на компетенциите на болничките фармацевти со цел подобрување на должината на хоспитализацијата и намалување на грешките со лекови преку поефективна комуникација со пациентите. Трудот има стручен придонес.

(36) B.Eftimova, **B.Lazarova,** Discussing EOL (end-of-life) issues with terminally ill cancer patients and their families - our results, The First International Multidisciplinary Forum on Palliative Care, Nov.11- 14,2010, Budapest, Hungary (постер)
Трудот има научен и стручен придонес.

(40) **Lazarova Biljana**, Kovaceva Maja, Patceva Jasminka, Mladenovska Kristina: Evaluation of hospital pharmacy – based pharmaceutical care and services, **16th congress of the EAHP,** 30 March – 1 April 2011, Vienna, Auastria(постер)

Во овој труд се идентификуваат квалитетот и стандардите на болничката фармација базирани на фармацевтската грижа и услуги во Македонија преку вградување на изјавите од Базел за иднината на болничката фармација. Заклучок е дека добрата фармацевтска пракса и фармацевтската грижа се делумно имплементирани во болничките аптеки. Евидентна е потребата на унапредување на болничката фармација, особено во компетенцијата на фармацевтите и останатиот персонал, едукација и професионален развиток и зголемување на бројот на специјалисти од соодветните области. Трудот има стручен придонес.

(41)**Лазарова Биљана**: ПОТРОШУВАЧКАТА НА АНТИБИОТИЦИ ВО ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД ЈАНУАРИ ДО АВГУСТ 2010-2011, Европски ден за рационална употреба на антибиотици, 18 ноември 2011, Скопје, Македонија (усна презентација)

Во овој труд се прикажани причините за појава на резистенцијата од антибиотиците. Низ историјата постои континуирана борба на човекот со многубројните микроорганизми кои предизвикуваат инфекции и болести. Почнувајќи од средината на 20 век антибактериските лекови стануваат лекови од суштинско значење во борбата против заразните болести предизвикани од најразлични микроорганизми. Речиси веднаш штом антибактериските лекови почнаа да се применуваат, бактериите одговорија со манифестирање на различни форми на резистенција. Зголемена употреба на антибактериски лекови доведува до зголемување на нивото и комплексноста на механизмот на резистенција кај патогените бактерии. Зголемена употребата на антимикробните лекови предизвикува: висока стапка на интрахоспитални инфекции, зголемување на морбидитетот и морталитетот, брз развој на бактериска резистенција кон најпотентните лекови, зголемен ризик од несакани ефекти, висока цена. Извршените анализи покажуваат значителна девијација од оптималната употреба на антибиотиците особено на цефалоспорини, што е и најверојатно причина за се поголемиот број на интрахоспитални инфекции и брзо развивање на бактериска резистентност. Ваквата состојба има и негативно влијание и врз економската состојба на болницата. Трудот има професионален и апликативен придонес.

(42)**Lazarova Biljana,** Serafimoska Zorica, Sterjev Zoran**:** Evaluation of utilization of perfloxacilin and ciprofloxacilin in clinical hospital stip, department for internal medicine, SecondCroatian and first Adriatic congress on pharmacoeconomics and outcomeresearch 6-9 april 2011, Rovinj, Hrvatski casopis za farmakoterapiju Pharmaca 48(Supl 1), (постер)

Во овој труд е извршена евалуација на искористеноста на пефлоксацин и ципрофлоксацин кај пациенти со бронхитис на Интерното одделение во Клиничка болница - Штип со примена на дневно дефинираната доза за период од 6 месеци. Заклучок е дека ципрофлоксацинит се употребува повеќе од пефлоксацинот, а искористеноста на флуорохинолоните е повисока во однос на резултатите добиени од други студии. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(43)**Lazarova. Biljana**, Eftimova Biljana. Sterjev Zoran: Comparison of cost and effects of izofluran and propofol anesthesia in Clinical hospital Stip, first Bosnian-herzegovinian and second Adriatic congress on pharmacoeconomics and outcomes research, 24-26 april 2012 Sarajevo, BIH Journal of Medical faculty, University of Sarajevo, Bosnia& Herzegovina, Vol 47.No1-suppl.2012 (постер)

Во овој труд е направена споредба помеѓу трошокот и ефектите на анестезијата со изофлуран и пропофол во Клиничка болница - Штип. Анестезијата како интервенција може да се изведува интравенски или да биде инхалациона. Лековите кои се користат во анестезијата одземаат околу 5% од буџетот на болничката аптека и затоа често се цел на мерките за намалување на трошоците. Заклучок е дека анестезијата со изофлуран во споредба со анестезијата со пропофол е поевтина и резултира со значителна заштеда на време и помала инциденца на несакани ефекти. Заклучокот исто така сугерира дека употребата на брзоелиминирачките инхалаторни агенси како што е изофлуоранот за одржување на анестезијата е поевтина и нема големо влијание на квалитетот на грижа дадена на пациентот. Трудот има научен и стручен придонес.

**(44)Lazarova Biljana,** Mihailova Lidija, Bajraktar Jeldaz: Treatment of urinary tract infections in pregnancy, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се идентификуваат и третираат бремени жени со асимптоматска и симптоматска бактериурија. Закличок е дека е важен третманот на оваа инфекција и покрај малиот примерок. Се препорачува употреба на цефалоспорини кои се ветувачки антибиотици и за трудницата и за родилката. Трудот има научен и стручен придонес.

(45)Bajraktar Jeldaz, Najdovska Elena, **Lazarova Biljana:** The effectiveness and safety of peginterferon alfa – 2A in patients with chronic hepatitis C on haemodialysis, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се евалуира ефикасноста и безбедноста од употребата на пегинтерферон алфа кај пациенти со хроничен хепатитис Ц на хемодијализа. Заклучок е дека третманот со овој лек е ефективен и безбеден и покажа добри резултати кај 30 од 32 пациенти. Пегинтерферон алфа кај пациенти со хроничен хепатитис Ц на хемодијализа останува лек од избор за нив. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(46)Mihailova Lidija, **Lazarova Biljana**: DVT prevention in surgical patients in Stip General hospital 2010, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се покажува дека LMWH се ефикасни профилактички агенси за превенција на ДВТ кај високоризични пациенти кои се подложени на големи хируршки интервенции. Заклучок е дека LMWH се ефективни за превенција на ДВТ кај високоризични пациенти, без потреба од лабораториски мониториниг и со минимални несакани ефекти. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(47)Najdovska Elena, Bajraktar Jeldaz, **Lazarova Biljana**: Compounding methyltioninum chloride 1% solution in hospital pharmacy and risk assessmentof preparation, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се прикажува потребата од креирање на состојби за да се започне со производство на мали количини на метил тионин хлорид 1% инјекции и детерминирање на проценка на ризик на производот. Заклучок е дека со применетата технологија е возможно да се изготвува овој производ. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(48)**Lazarova Biljana**, Mihilova Lidija, Lazarova Maja, Lozanovska Pancevska Irena: Reuse of steril lidocain 2% vials in bergmann's infusion in orthopedic department in Stip, clinical hospital, **18th congress of the EAHP,**. 13 - 15 March 2013, Paris, France (постер)

Во овој труд се демонстрира неопходноста за асептична техника, опкружувања и поделување на еднодозните пакувања во помали дози каде секоја доза е наменета за поединечен пациент. Заклучок е дека сестринските соби, како и едукацијата на сестрите се непогодни за повторна употреба на еднодозните лекови за повеќе пациенти. Поделбата на лекови мора да се врши во високо контролирани услови на околината, преку обука и квалификација на персоналот, како и преку воведување на процедури за повторна употреба на отворен стерилен лек. Овие услови се исполнети само во болничката аптека и од страна на болничкиот фармацевт во Клиничка болница - Штип. Трудот има научна и апликативна вредност.

(49)Najdovska E, Bajraktar J, **Lazarova B**, Media fill to validate the aseptic preparation of sodium bicarbonate intravenous infusion, **18th congress of the EAHP,**. 13 - 15 March 2013, Paris, France (постер)

Во овој труд е извршена валидација на асептичниот процес кој се користи за производство на стерилниот производ натриум бикарбонат интравенска инфузија во Клиничка болница - Битола и достигнување на ГМП барањата со изведување на media fill (процес на симулирани студии). Со media fil се евалуира асептичната операција на стерилната опрема, квалификацијата на ракувачите и проценка на техниката и се покажа дака контролите на опкружувањето се соодветни за да се достигнат основните потреби неопходни за производство на натриум бикарбонат интравенска инфузија со асептична постапка. Трудот има научна и апликативна вредност.

(50)Bajraktar J, **Lazarova B**, Najdovska E, Mihailova L, Efficasy and safety of epoetin zeta in dialysis patients, **18th congress of the EAHP,**. 13 - 15 March 2013, Paris, France (постер)

Во оваа студија е извршена евалуација на безбедноста и ефикасноста на биосимиларот епоетин зета за одржување на стабилни нивоа на хемоглобин кај дијализни болни. Заклучок е дека третманот на анемија со епоетин зета е ефикасен и безбеден. Средните дози на епоетин зета остануваат стабилни кај пациенти кои преминуваат од сите претстудиски еритропетин стимулирачки агенси. Следените несакани ефекти остануваат во рамките на очекуваното. Трудот има стручна и апликативна вредност.

**Труд во стручно (научно-популарно) списание**

**(37)Лазарова Биљана (2011**), Превенција на длабока венска тромбоза (ДВТ), Фармацевтски информатор (26). pp. 28-29. ISSN 1409-8784 (печатен)

ДВТ е честа појава кај хоспитализираните пациенти, особено по поголемите хируршки интервенции. Затоа тромбопрофилаксата станува критична компонента во менаџментот на пациентите. Со многу научни докази и со медицина базирана на докази потврдени се научните сознанија дека хепаринот и нискомолекуларните хепарини се ефикасни профилактички агенси. Трудот има стручна и апликативна вредност.

**(38)Лазарова Биљана (2011),** Стандардни оперативни процедури**,** Фармацевтски информатор (27). pp. 29-30. ISSN 1409-8784 (печатен)

За реализација на концептот добра фармацевтска пракса во болничките аптеки потребно е да се изработат стандардни оперативни процедури кои се од суштинско значење

за овој концепт. Работната група на Асоцијацијата на болнички фармацевти изработи упатство и препораки за изработка на СОП. Трудот има стручна и апликативна вредност.

**(39)Лазарова Биљана (2009),** Инкорпорирање на медицина базирана на докази во секојдневната практика, Фармацевтски информатор (17). pp. 56. ISSN 1409-8784 печатен (печатен)

Медицината базирана на докази (МБД) преставува интеграција на најдобрата истражувачка евиденција со клиничка експертиза и вредности корисни за пациентите. МБД дава насока со која се олеснува донесувањето на корисни и правилни одлуки за пациентите од страна на здравствените професионалци преку користење на податоци од научни студии како и од други релевантни релевантни извори со кои се помага во добивањето на одговори за сложените клинички прашања поврзани со третманските опции, скрининг програми и ризик менаџмент. Трудот има стручна и апликативна вредност.

***Трудови објавени во научни списанија во периодот од 2014 до 2019 година***

(53)**Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zorica Naumovska, Aleksandra Grozdanova, Ljubica Suturkova, Zoran Sterjev, Evaluation of rational / irrational drug use at orthopedic department in Clinical Hospital Stip in the period from January to April 2013, Macedonian pharmaceutical bulletin, 62 (suppl) 115 - 116 (2016) Short communication

Во овој труд се евалуира рационалната/ирационалната потрошувачка на лековите на Ортопедското одделение во Клиничка болница - Штип за период од 4 месеци преку ретроспективна евалуација на потрошувачката на аналгетици (Tramadol and Ketoprofen), антибиотици (Ceftriaxon), нефракциониран хепарин и хепарини со мала молекулска тежина кај вкупно 348 пациенти. Заклучок е дека евалуацијата на потрошувачката на лекови на Ортопедското одделение во Клиничка болница - Штип покажа дека е ирационална за сите мониторирани индикатори и препораки за рационализација на употребата на лековите. Трудот има научна и апликативна вредност.

(54) Biljana Eftimova**, Biljana Lazarova**, DRUG USE AT CLINICAL HOSPITAL STIP-EVALUATION OF RATIONAL/IRRATIONAL USE, KNOWLEDGE - Vrnjacka Banja, Serbia, March 16-18 2018, International Journal, Vol. 22 (печатен)

Во овој труд е прикажана употребата на аналгетици (трамадол и кетопрофен) и антибиотици (цефтриаксон) во постоперативниот период на ортопедија во Клинчка болница - Штип. Од трудот може да се види дека употребата како на аналгетици така и на антибиотици не е рационална, што се заклучува од индексите користени, а евалуацијата е извршена со МБД пропишана од Министерството за здравство на РМ за дадените дијагнози. Заклучок е дека уште многу треба да се работи на адекватен третман и употреба на терапијата според пропишани индикатори. Трудот има научна и апликативна вредност.

(55)Biljana Eftimova, **Biljana Lazarova**, COMPARISON OF ANESTESIA DRUG AND SUPPLY COSTS AND EFFECTIVENESS BETWEEN GENERAL AND SPINAL ANESTHESIA FOR TOTAL OR SUBTOTAL HIP REPLACEMENT SURGERY, KNOWLEDGE - Vrnjacka Banja, Serbia, March 16-18 2018, International Journal, Vol. 22 (печатен)

Во овој труд прикажана е споредбата помеѓу општата и спиналната анестезија при имплантација на вештачки колк и колку се трошоците за овие две техники во однос на употребените лекови, медицински средства, ангажман на персонал, постоперативно заздравување и должина на престој. Заклучок е дека спиналната анестезија е подобра опција со помал трошок и подобар ефект кај пациенти кои имаат подобар постоперативен аналгетски скор и пократок престој во ПАКУ. Трудот има научна и апликативна вредност.

(56) **Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, *Evaluation of costs and outcomes associated with pharmacological thromboprophylaxis (unfractionated heparin and low molecular weight heparins) of venous thromboembolism at*

*orthopedic ward in Clinical Hospital Stip, Macedonian* pharmaceutical bulletin, volume 63 (1) (2017) (печатен)

Во овој труд се опишуваат актуелните трендови во фармаколошката тромбопрофилакса со UFH и LMWHs по ортопедски хируршки интервенции во Клиничка болница - Штип и евалуација на трошоците поврзани со третманот и исходите (должина на болнички престој, настанување на ДВТ и ПЕ). Заклучок е дека комбинираната тромбопрофилакса е неоправдана и придонесува до зголемување на трошоците за болнички престој. Терапијата со LMWH апплицирана во препорачаните дози субкутано еднаш дневно е потенцијално поефективна и поисплатлива опција споредено со UFH и би требало да се смета како фармаколошки третман од прв ред за превенција на ДВТ кај пациенти кои заздравуваат од големи ортопедски интервенции на Ортопедското одделение во Клиничка болница - Штип. Трудот има научна и апликативна вредност.

(57)**Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, Cost-effectiveness of LMWHs versus UFH for the prevention of postsurgical venous thromboembolism at orthopedic department in Clinical Hospital Stip, Macedonian pharmaceutical bulletin, volume 64 (1) (2018) (печатен)

Во овој труд се евалуира трошок ефективноста на LMWH споредено со UFH за превенција на ДВТ кај ортопедски оперирани пациенти. Заклучок е дека LMWH доминираат, давајќи поголема ефективност при помал трошок, што се докажува со трошок-ефективност анализата за LMWH наспроти UFH кај големи ортопедски хируршки интервенции. Добивањето на зголемено QALY со LMWH во споредба со UFH е како резултат на тоа што LMWH даваат помалку симптоматски ВТЕ настани од UFH. Употребата на LMWH во оваа профилактичка индикација придонесува до ефективна употреба на лимитираните ресурси, како и до подобри клинички резултати за помал трошок. Трудот има научна и апликативна вредност.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно) 2014-1019**

**(51)Biljana Lazarova,** Poceva Panovska Ana, Ribarska Tonic Jasmina, Sterjev Zoran: UTILIZATION OF HEPARIN AND LOW MOLECULAR WEIGHT HEPARINS AT THE ORTHOPEDIC DEPARTMENT AT THE CLINICAL HOSPITAL IN STIP First Macedonian and fourth Adriatic congress on pharmacoeconomics and outcome research, 24-27 april 2014, Ohrid Macedonia (poster**)**

Во овој труд е прикажана споредба помеѓу искористеноста на хепарин и хепарини со мала молекулска тежина на Ортопедското одделение во Клиничка болница - Штип во количини кои се издадени според потребите на Одделението за 2013 година. Преку споредбата се прикажува дали воспоставениот начин на барање на лек кореспондира со вистинската искористеност или генерира непотребни задолжувања. Заклучок е добиените резултати сугерираат дека актуелниот начин на барање за лекови на основа на дневните потреби на пациентите е ирационален и генерира трошоци во болницата. За надминување на овој проблем е неопходно воведување на нова здравствена технологија, како што е бар кодирање при издавање на лековите како инвестиција која се покажала како трошок-ефективна во голем број на здравствени институции во светот, со претходно истражување на трошок-ефективноста за воведување на оваа нова технологија. Трудот има научна и апликативна вредност.

**(52) Lazarova Biljana,** Mihailova Lidija, Lazarova Maja, Lozanovska Emilija: Consumption of antibiotics at Stip Clinical hospital from January to august 2011-2012, 19th congress of the EAHP, 26-28 March 2014 Barcelona, Spain (постер)

Во овој труд е идентификувана голема потрошувачка на антибиотици во Клиничка болница - Штип за период од 8 месеци во 2011 и 2012 година што преставува индикатор за несоодветната употреба на антибиотиците, препишувачките навики на лекарите, како и варијациите во преваленцата на инфекциите помеѓу болничките одделенија. Заклучок е дека болницата треба да спроведе брза интервенција за да се спречи прекумерната употреба на антибиотиците преку развивање на полиси за регулирање и рационална употреба на

антибиотиците. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(58)Naumovska Zorica, Sadikarijo-Pecijareva Iskra, Kovacheva Maja, **Lazarova Biljana**, Tonic-Ribarska Jasmina, Капедановска Nestorovska Alekasandra, Sterjev Zoran: HOSPITAL PHARMACISTS AS KEY FACTOR FOR IMPROVMENT OF ADVERSE DRUG REACTIONS REPORTING PRACTICE, THE MACEDONIAN CASE, The third congress of pharmacist of Montenegro with international participation, 9-12 May 2019 Becici, Crna Gora. (poster)

Во овој труд е прикажана евалуацијата на ефикасноста од имплементираните мерки за унапредување на знаењето и свесноста за известување за несаканите ефекти од лековите помеѓу здравствените професионалци (ЗП), вклучувајќи ги и болничките фармацевти. Изведени се едукативни работилници за околу 500 ЗП во 12 градови, а евалуацијата се изврши со валидиран и предизајниран прашалник кој содржеше 20 прашања. Заклучок е дека со имплементација на соодветна стратегија која се состои едукативна програма за фармаковигиланца и со софтверска инфраструктура се потврди како успешен пристап за унапредување известувањето за несаканите ефекти од лековите во секојдневната клиничка пракса. Водечката улога на болничките фармацевти ги охрабрува ЗП за активно учество во пријавувањето на несаканите ефекти од лековите на национално ниво. Трудот има научна и апликативна вредност.

Кандидатката д-р Биљана Лазарова со успех ја извршува наставно-педагошката дејност како асистент (специјалист) и како стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од 2010 до 2019 година, каде што изведува вежби на студентите од студиската програма Фармација од предметите Фармакоинформатика, Аптека и аптекарско работење, Фармацевтски грижи, Фармакоекономика и Фармацевтски маркетинг. Своето искуство во наставно-педагошката дејност го збогатува и со наставната дејност во Средното медицинско училиште „Јане Сандански“, 1989-2005 год., како и при изведувањето вежби од болничка фармација како стручњак од пракса на студентите на Фармацевтскиот факултет во Скопје во периодот од 2012 до 2015 година.

До 2010 година е автор/коавтор е на 31 труд резензирани при избор во звање асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010 г.

Од 2010 до 2015 година кандидатката е автор/коавтор на вкупно 18 научни и стручни трудови (еден објавен во меѓународно списание, 14 учества на научен собир и 3 во научно-популарно списание).

Од 2015 до 2019 година има објавено пет труда во меѓународни списанија и три учества на научни собири.

Кандидатката ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање насловен доцент.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката е акредитиран едукатор за астма на тренингот за астма едукатори одржан во Скопје, организиран од СЗО, акредитиран едукатор за дипломираните фармацевти од областа на фармакоинформатиката на тренинг за едукатори, ментори и испитувачи во организација на СЗО одржан во Скопје во 2009 година, акредитиран претставник на комитетот за унапредување на здравствениот систем на Р. Македонија на тренингот одржан во Скопје во 2009 година, член на Болнички терапевтски комитет за лекови при ЈЗУ Општа болница - Штип од 2009 година, член на Комитетот за унапредување на здравствениот систем на РМ – Поткомитет за фармација од 2009 година, одговорно лице за план за управување со ризик на ниво на болници од 2014 година, претседател на Комисијата за спречување на грешки при лекување со лекови од 2016 година, член на Работната група на ФЗОМ за реализација на проектот „Наместо рефундирање, лекови на рецепт“ од 2017 година, член на

тимот за подготовка на акредитација на ЈЗУ Клиничка болница - Штип во тимот за лекување на пациенти за самооценување од 2018 година, член на Комисијата за набавки на лекарства и медицински потрошен материјал при ЈЗУ Клиничка болница - Штип од 2011 година.

Исто така, таа е стручен соработник во емисиите од областа на медицината „Домашна ординација“ и „ТВ Медика“, надворешен соработник на Националниот фармакоинформативен центар од 2009 година, член на Редакцискиот одбор на информативниот гласник „Медикус“ при ЈЗУ Клиничка болница - Штип од 2010 година, член на Уредувачкиот одбор на „Трошоци, квалитет и исходи од здравствена заштита“, Книга на термини на ИСПОР.

Претседател е на Асоцијацијата на болнички фармацевти при Фармацевтската комора на Македонија и е член на Комисијата за лиценцирање и релиценцирање на дипломираните фармацевти при Фармацевтската комора на Македонија од 2011 година.

Активен учесник е на повеќе академски семинари:

Развој на фармацевтската практика „Фармацевтска грижа“ - проект за управување со здравствениот систем, 11-12 април 2008 година, Скопје, РМ;

Medication safety matters, Europharm forum 20-th Annual meeting, 14-15 October 2011, Ohrid, Macedonia;

Logistics of pharmaceuticals in hospitals - The Academy Seminar in Riga, Latvia from 14 -16 May 2010;

Pharmacoeconomics - tools, strategies and beyond - The Academy Seminar in Lisbon, Portugal from 12-15 September 2013;

European Statements of Hospital Pharmacy, European Summit on Hospital Pharmacy, 14 & 15 May 2014, Brussels, Belgium;

Seminar 2: Working together differently – a new approach to quality management - Academy Seminar 30 September 2016 to 2 October 2016, Bucharest, Romania;

Seminar 1: Hospital Pharmacy Practice Research – Scientific Quality, Academy Seminar, 29 September 2017 to 1 October 2017, Vienna, Austria;

Европски ден за рационална употреба на антибиотици, Фармацевтски факултет Скопје, 18.11.2011 година;

Имплементација на клиничко-фармацевтска пракса во грижа на пациенти со малигни заболувања, Секција за клиничка фармација, 24.2.2017, Скопје, РМ;

Учесник е на повеќе работилници и семинари организирани од Европската асоцијација на болнички фармацевти.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Биљана Лазарова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент и за целокупната активност во извештајниот период од 2014 до 2019 година има остварено (НО 15 +НИ 57.5 + САОР 15) = 87.5 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката Биљана Лазарова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Кандидатката преку ангажираноста и успешната реализација на соработничките обврски за студентите дава свој придонес во совладувањето на знаењата и вештините, активно вградувајќи го своето богато искуство во фармацевтската пракса. Нејзините активности како едукатор на магистрите по фармација при извршувањето на пробната работа, како и активностите во Асоцијацијата на болнички фармацевти при Фармацевтската комора имаат особено значење при процесот на лиценцирање и континуирана едукација на дипломираните магистри по фармација. Со објавувањето на научни трудови со оригинални научни резултати во меѓународни и стручни списанија кандидатката д-р Биљана Лазарова ќе придонесува и за развојот на науката на нашиот Универзитет.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката д-р Биљана Лазарова да биде избрана во звање насловен доцент во наставно-научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Зоран Стерјов, вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Бистра Ангеловска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Александра Грозданова, вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Научен труд објавен во меѓународно списание<br>Прв автор 53, 56, 57<br>Втор автор 54, 55 | | <br><br>3<br>2 | | <br><br>9<br>6 | <br><br>**39** |
| **2.** | Учество на научен собир со реферат (постер) 51, 52, 58 | | | 3 | 1.5 | **4.5** |
| **3.** | Одбранета докторска дисертација | | 8 | | | **8** |
| **4.** | Одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **57.5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 4 | 0.5 | | | **2** |
| **2.** | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | 4 | 2 | | | **8** |
| **3.** | Член на универзитетски или владини тела | | 5 | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **87.5** |

## РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „МУЛТИМЕДИЈА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА МИЛЕВА И ДОЦ. Д-Р ДОНЕ СТОЈАНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1502-130/6 од 172. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика, одржана на 16.10.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Наташа Коцеска, редовен професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- д-р Весна Димитрова, вонреден професор на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МУЛТИМЕДИЈА**” од **вон. проф. д-р Александра Милева и доц. д-р Доне Стојанов** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за информатика го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот е наменет за изборниот предмет Мултимедија за студентите од трета година, петти семестар на студиската програма Компјутерски науки, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) и за студентите од четврта година, седми семестар на студиската програма Бизнис информатика, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити), на Факултет за информатика при УГД во Штип. Учебникот е во целост усогласен со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиските програми Компјутерски науки и Бизнис информатика - прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за информатика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 168 страници во А4 формат, поделени во 12 тематски целини: Вовед, Дигитализација, Компјутерска графика, Бои, Компресија без загуба, Компресија со загуба, Компресија и формати на слики, Видео, Анимација, Аудио, Мултимедијална архитектура на интернет и текст. Ракописот содржи 168 слики и 35 табели. Користени се 45 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков учебник, со обем и содржина јшто одговараат на предвидената наставна програма по предметот Мултимедија на ФИ при УГД, не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Во *првото* поглавје се дава краток опис на тоа што е мултимедија, кои се основните медиумски елементи, како се дели мултимедијата, разликите меѓу старите и новите медиуми, основните принципи на новите медиуми, краток вовед во социјални медиуми и сл.

*Второто* поглавје е посветено на дигитализацијата, нејзините два основни чекори, семплирање и квантизација, теоремата на семплирање, како и проблемите кои се јавуваат кај медиумските елементи кога се семплира со недоволна рата на семплирање и кога се користат недоволно нивоа на квантизација.

Во *третото* поглавје се објаснети термините графика, пиксел, рендерирање, резолуција, како и основите на растерската и векторската графика.

*Четвртото* поглавје ги опфаќа основните модели на бои кои се користат во мултимедијата.

Во *петтото* поглавје се опфатени алгоритмите за компресија без загуба (Shannon-Fano алгоритамот, кодирање на Huffman, адаптивно кодирање на Huffman, компресија базирана на речник, аритметичко кодирање), додека во *шестото* поглавје објаснети се скаларните и векторските квантизатори и кодирачките трансформации (Дискретната косинусна трансформација и Karhunen–Loève трансформацијата).

Во *седмото* поглавје објаснета се JPEG и JPEG2000 компресиите на слики, и повеќето познати формати на слики.

Во *осмото* поглавје се објаснети основните стандарди на аналогно видео и основите за претставување и компресија на дигитално видео. Објаснети се просторната и временската компресија на видеото, а дадени се и стандардите за дигитално видео (H.261, H.263, MPEG-1, MPEG-2, MPEG-4, MPEG-7) и форматите на видео.

Во *деветтото* поглавје се претставени основите на анимацијата, поделбата на класична анимација, анимација со стопирање на движење и глинена анимација, анимацијата со клучни кадри во современите софтверски алатки, како и начините за нејзина испорака.

*Десеттото* поглавје ја опфаќа физичката природа на звукот, дигитализацијата на звукот, алгоритмите за компресија на говор (PCM, DPCM, ADPCM, Sub-band ADPCM, LPC), како и компресијата на музика со користење на перцептуално кодирање на аудио, а дадени се и процесирањето на аудиото и основите на MIDI.

Во *единаесеттото* поглавје се претставени мрежните протоколи вклучени во транспортот на мултимедијалните податоци (Real-Time Transport Protocol - RTP, RTP Control Protocol - RTCP, Real Time Streaming Protocol – RTSP, Session Initialisation Protocol - SIP), основите на сообраќајот во реално време, механизмите за обновување од загуба на пакети и сл.

Последното *дванаесетто* поглавје е посветено на текстот како медиумски елемент и ги опфаќа множествата на знаци и енкодирањата на знаци кои се користат денес. Објаснети се фонтовите и основните типографски термини за нив.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот овозможува запознавање со најчесто користените концепти за репрезентација и компресија на мултимедијалните елементи, стандардите кои се користат денес, како и основните мрежни протоколи вклучени во транспортот на мултимедијалните содржини. Наставните единици се елаборирани систематски и прегледно со многу примери, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримаат и да ја разберат суштината на овие содржини.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство **му препорачуваме ракописот „Мултимедија“ од авторите вонреден професор Александра Милева и доцент д-р Доне Стојанов да го прифати за печатење како УЧЕБНИК.**

**Рецензенти**
**Д-р Наташа Коцеска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Весна Димитрова, вонреден професор, с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА НА ПРАКТИКУМ СО НАСЛОВ „Е-БИЗНИС”**
**ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-80/13 од 7.6.2019 г. од 171. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 6.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Сашо Јосимовски, Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- д-р Зоран Јаневски, Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Е-БИЗНИС**” практикум од **доц. д-р Златко Бежовски,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Практикумот насловен како „Е-бизнис“ од авторот доц. д-р Златко Бежовски е изработен како учебно помагало по предметот Е-бизнис, кој се слуша на сите насоки на Економски факултет во Штип со неделен фонд од 6 часови (2+2+2).

Предметот Е-бизнис е задолжителен на насоките Менаџмент и претприемништво (III семестар), Финансии (III семестар) и Бизнис Економија (VIII семестар), а изборен на насоките Маркетинг и менаџмент (VI семестар), Сметководство и ревизија (V семестар) и Бизнис информатика (I семестар), (насоката Бизнис информатика е заедничка со Факултетот за информатика).

Практикумот е изработен во согласност со наставната програма и целта е да ја надополнува основната препорачана литература за предметот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебното помагало е напишано на 52 страници во А4 формат, со единичен пророед, со употреба на фонт Arial, со големина на буквите 12. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикумот „Е-бизнис“ како учебно помагало е креиран како дополнување на скриптата наловена „Е-бизнис“, исто така од авторот доц. д-р Бежовски и во тој контекст претставува оригинален труд. Според нашите сознанија нема труд којшто по содржина и формат е сличен на ова дело.

**Краток опис на содржината:** Практикумот „Е-бизнис“ од авторот Бежовски е конципиран во 3 дела.

*Прviот дел* на трудот е насловен „Студии на случај“ и содржи 12 примери од праксата кои говорат за различните аспекти за започнувањето и водењето на електронскиот бизнис. Примерите говорат за етаблирани компании кои започнале со примена на е-бизнис решенија, но и за мали интернет бизниси, како и за млади интернет претприемачи. Во овој дел се сместени и два примера за успешни бизниси и од нашата земја.

*Вториот дел* од практикумот содржи 12 практични вежби кои се предвидени да бидат изработени од студентите. Вежбите се изведуваат во реална е-околина и се очекува студентите со сериозен пристап да стекнат практични сознанија и вештини за работење во дигиталниот свет. Дел од вежбите се насочени кон запознавање со постоечки онлајн бизнис сервиси и нивно

искористување за креирање на сопствен онлајн бизнис, додека дел од вежбите ги учат студените да изработат едноставен веб сајт за бизнис потреби.

*Третиот дел* од практикумот претставува водич за изработка на проектна задача која подразбира концептуализација на онлајн бизнис идеја, изработка на веб сајт, онлајн промоција на истиот и поткрепа на проектот со пишан бизнис план.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало (практикум) со наслов „Е-бизнис" од доц. д-р Златко Бежовски претставува комплементарно учебно помагало наменето за студентите кои го изучуваат предметот Е-бизнис на Економскиот факултет – Штип и е креиран како дополнување на истоимената скрипта од истиот автор.

Целта на овој практикум е да ги доближи практичните аспекти на електронскиот бизнис до целната група на студенти, односно до студентите од додипломски студии. Преку студиите на случај наведени во делот 1 студентите ќе се запознаат со практичните аспекти на електронскиот бизнис, како на глобално ниво така и во рамки на нашата држава. Преку другите два дела, практичните вежби и проектната задача студентите се во можност да се стекнат и со релевантни практични знаења и вештини од оваа област.

Врз основа на горенаведеното, имаме особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип скриптата со наслов „Е-бизнис" од доц. д-р Златко Бежовски да ја одобри за издавање.

**Рецензенти**

Д-р Сашо Јосимовски, редовен професор, с.р.

Д-р Зоран Јаневски, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА НА СКРИПТА СО НАСЛОВ „Е-БИЗНИС”**
**ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-80/14 од 7.6.2019 година од 171. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 6.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Сашо Јосимовски, Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- д-р Зоран Јаневски, Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Е-БИЗНИС**” скрипта од **доц. д-р Златко Бежовски,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата насловена како „Е-бизнис“ од доц. д-р Златко Бежовски е изработена како учебно помагало по предметот Е-бизнис, кој се слуша на сите насоки на Економски факултет во Штип, со неделен фонд од 6 часови (2+2+2).

Предметот Е-бизнис е задолжителен на насоките Менаџмент и претприемништво (III семестар), Финансии (III семестар) и Бизнис економија (VIII семестар), а изборен на насоките Маркетинг менаџмент (VI семестар), Сметководство и ревизија (V семестар) и Бизнис информатика (I семестар), (насоката Бизнис информатика е заедничка со Факултетот за информатика).

Скриптата е изработена во согласност со наставната програма. Целта на ова учебно помагало е да ја надополнува основната препорачана литература за предметот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебното помагало е напишано на 219 страници во А4 формат, со единичен проред, со употреба на фонт Arial, со големина на буквите 12. Во трудот се инкорпорирани бројни слики и графикони, како и стотина библиографски единици распоредени на 7 страници.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Како основна литература по предметот Е-бизнис на Економски факултет - Штип е предвиден учебникот „Е-бизнис“ од проф. д-р Ристе Темјановски, издаден во 2017 година од УГД.

Потребата за издавање на скрипта под овој наслов од доц. д-р Златко Бежовски се огледа низ неколку аспекти. Првенствено, доц. д-р Бежовски докторира во областа на е-бизнисот и долги години работи на оваа проблематика. Во звање е избран токму во областа на е-бизнисот и согласно со барањата во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ од него се очекува да издаде скрипта по соодветниот предмет. Понатаму, пристапот на Бежовски се разликува од теоретско-концепцискиот пристап на проф. Темјановски. Бежовски е фокусиран на практичната примена на теоретските сознанија, при што материјата е исполнета со бројни примери и практично применливи знаења што се огледа и низ практикумот кој исто така е предмет на рецензија и претставува дополнување на оваа скрипта. Воедно, треба да се нагласи дека материјата во оваа област е динамична и токму ова учебно помагало ќе му ја даде потребната свежина на предметот Е-бизнис во следните неколку години.

**Краток опис на содржината:** Скриптата „Е-бизнис" од авторот Бежовски е концепирана во 6 поглавја и истите во продолжение ќе бидат накратко елаборирани.

*Првото поглавје* со наслов „Вовед во електронскиот бизнис" ги објаснува основните поими во е-бизнисот, како и историскиот контекст во кој настанува оваа дејност. Исто така се наведуваат ефектите од електронскиот бизнис во модерното општество, како и неговите предности и ограничувања.

*Второто поглавје* „Е-бизнис концепти и модели" детално ги разработува е-бизнис концептите и моделите со што се дава јасна слика за можностите за креирање на конкретен електронски бизнис, како и за начините на кои може да се остаруваат онлајн приходи, нешто што може значително да се разликува од традиционалните методи на водење на бизнис.

*Третото поглавје* „Изградба на е-бизнис" дава динамички и статички пристап при започнувањето и изградбата на е-бизнисот. Објаснети се 10 логички, последователни чекори врз основа на кои може да се започне и води е-бизнис, а исто така се објаснети и основните и дополнителните компоненти од кои се составени и врз основа на кои функционираат онлајн бизнисите. Исто така, во оваа поглавје се елаборирани и современите можности за финансирање на електронските бизниси, кои покрај традиционалните пристапи отвораат и нови инвентивни методи за прибирање на финансиски средства.

*Четвртото поглавје* „Веб-сајт - концептуализација, изработка и одржување" се фокусира на еден од значајните елементи на секој е-бизнис. Без креирањето на современ и функционален веб-сајт тешко може да се замисли функционирањето на кој било дигитален бизнис. Ова поглавје ги објаснува основните постулати за изработка на модерен веб-сајт од техничка гледна точка повеќе задржувајќи се на менаџерските аспекти. Значајно внимание се посветува и на содржинскиот аспект на сајтот кој е еден од клучните фактори за привлекување и задржување на посетителите.

*Петтото поглавје* „Интернет маркетинг" ја разработува проблематиката на маркетингот во современи услови, односно во е-опкружувањето во кое неминовно функционираат модерните бизниси без разлика дали се електронски или традиционални. Можеби основните концепти на маркетингот остануваат исти и во е-опкружувањето, но интернетот неминовно донесува нови маркетинг техники и концепти кои се образложени во ова поглавје. Во тој контекст ова поглавје ги обработува дефинирањето на е-маркетингот, е-потрошувачите, комуникацискиот микс на интернет, оптимизацијата за пребарувачи, маркетингот на привлекување итн.

*Шестото поглавје* „Прифаќање и имплементација на е-бизнисот" генерално говори за прифаќањето на е-бизнисот во земјите во развој со акцент на нашата држава. Авторот покрај описот на тековните состојби нуди и конкретни концепти и прелози за успешно прифаќање и примена на е-бизнис моделите и практиките и од страна на нашите компании и онлајн претприемачи.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало (скрипта) со наслов „Е-бизнис" од доц. д-р Златко Бежовски претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со изучувањето на електронскиот бизнис.

Трудот дава солидна теоретска основа за изучување на оваа проблематика надополнета со практични примери и актуелни теми од оваа динамична област.

Јазикот на којшто е напишана скриптата одговара на возраста и степенот на претходно образование на студентите каде што основните поими дополнително се објаснети и се надополнети со графикони, табели и соодветни примери од праксата. Воено материјата ги насочува студентите практично да ги применат научените сознанија во насока на креирање на сопствени електронски бизниси или полесно вклопување во постоечките.

Сметаме дека вака концепираниот труд соодветно ќе ја надополни предвидената наставна програма по предметот Е-бизнис во рамки на Економскиот факултет во Штип.

Врз основа на горенаведеното, имаме особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип скриптата со наслов „Е-бизнис" од доц. д-р Златко Бежовски да ја одобри за издавање.

**Рецензенти**

Д-р Сашо Јосимовски, редовен професор, с.р.

Д-р Зоран Јаневски, редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ НА СКРИПТА „ГЕОМЕХАНИКА“ ОД ДОЦ. Д-Р ЃОРГИ ДИМОВ И ПРОФ. Д-Р ВОЈО МИРЧОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-146/7 од 8.а седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 3.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Гоше Петров, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Ристо Поповски, вонреден професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на рецензија на приложениот ракопис за скрипта „Геомеханика” од доц. д-р Ѓорги Димов и проф. д-р Војо Мирчовски од Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за скриптата „Геомеханика” од доц. д-р Ѓорги Димов и проф. д-р Војо Мирчовски е конципиран и пишуван според Наставниот план и програмата за предметот Геомеханика, кој се изучува на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, во втора и во четврта година, на студиската програма Геологија. Предметот Геомеханика се слуша во III семестар на модулот Хидрогеологија и инженерска геологија и во VII семестар на модулот Геологија и геофизика, со фонд на часови 2+1+1. Ракописот претставува комплетен материјал по предметот Геомеханика, преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на скрипта по предметот Геомеханика, е претставен со текст од вкупно 140 страници, 104 слики, 24 табели и листа од 13 библиографски единици. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта што обработува иста содржина досега не е објавена на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Материјата од некои поглавја, помалку или повеќе, е застапена и во други учебници од сферата на геотехничката наука, како што се „Механика на карпи“ и „Механика на почви“, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата ракописот е автентичен.

**Краток опис на содржината:** Текстот во ракописот на скриптата „Геомеханика” е поделен во 8 поглавја:

- Основи на теоријата на еластичност и услови за рамнотежа кај еластична средина;
- Физичко-механички карактеристики на карпеста маса;
- Физичко-механички карактеристики на почвите;
- Пластичност и структура на почвата;
- Напонска состојба, смолкнување и лом;
- Стабилност на теренот и свлекување;
- Основни правила при санација на свлечишта;
- Инженерско-геолошки процеси и појави.

Во првото поглавје, како што кажува насловот, се дадени основните теориски постулати на теоријата на еластичност и условите за гранична рамнотежа, по форма и обем, приспособени за студенти на студиската програма Геологија, кои имаат за цел да ги осознаат основите на геомеханиката. Основите на теоријата на еластичност се дадени преку најбитните дефиниции и формулации на Хуков закон, Поасоновиот коефициент, Модулот на смолкнување, Волуменски модул, Ламеови константи. Во посебно потпоглавје се дадени условите за рамнотежа кај еластичните тела.

Во второто поглавје се дадени најбитните својства на карпите и начинот на нивно лабораториско испитување.

Во ова поглавје поголем простор е даден на физичките и механичките својства на карпите. Од физичките својства се опишани: специфичната тежина, волуменската тежина, порозноста, стисливоста, водопропусноста и влажноста, како и бабрењето. Од механичките својства, како поважни се издвоени: јакоста на карпите, тврдината, деформабилноста, жилавоста, абразивноста, абењето. За сите наведени механички својства на карпите е даден начинот на кој истите лабораториски се испитуваат, а исто така се дадени и инструментите со кои се одредуваат овие својства на карпите.

Во ова поглавје се третира и дисконтинуалноста на карпестите маси. Од механички и геотехнички аспект, испуканоста на карпестите маси има значајно влијание, на што авторите посветиле посебно внимание.

Во ова поглавје се дадени и класификации на пукнатините по различни параметри, како што се: генетски тип на пукнатините, положба во просторот, ориентација, морфологија (облик) на површините на пукнатинските ѕидови и нивна рапавост, димензии (должина и просечен отвор), вид и карактеристики на заполнителот и состојба на карпата околу пукнатините. Исто така, во ова поглавје се презентирани најзначајните показатели на испуканоста на карпестата маса и накратко е објаснет показателот на испуканоста на карпестите маси, т.е. параметарот на „квалитет на карпата“ - RQD (rock quality designation).

Во поглавјето *Физичко-механички карактеристики на почвите* авторите даваат краток концепт за постанокот на почвите и нивната генетска поврзаност за распаѓањето на магматските, метаморфните и седиментните карпи. Дадени се и основните групи на почви, во две категории: резидуална и транспотирана, во зависност од начинот на таложењето. Исто така се дадени и фазите на материјалот во почвите. Цврстата фаза ја претставуваат цврстите честици, течната фаза водата, а гасовитата фаза затворениот воздух или водената пареа во порите на почвата. Поединечните видови на почви може да се состојат од една, две или сите три фази, што значи дека почвата по својот состав може да биде еднофазен, двофазен или трифазен систем. Физичките особини на почвата зависат од одделните фази. На крајот од ова поглавје е даден начинот на класификација на почвите врз основа на нивниот гранулометриски состав.

Во четвртото поглавје се објаснети конзистентните состојби на почвата, каде што се дефинирани границите на конзистенција. Овие граници се доста произволно дефинирани врз база на емпирска техника, при што содржината на водата на кохерентната почва се менува и нејзината јакост на смолкнување се зема како граница помеѓу течното и пластичното однесување и се нарекува граница на течење ($W_L$). Ако содржината на водата е таква да почвата ги губи пластичните

карактеристики и поприма карактеристики на полутврда состојба, оваа содржина на водата се дефинира како граница на пластичност ($W_p$). Со прогресивно сушење на заситена глинеста почва, вкупниот волумен се намалува и настанува состојба кога почвата минува од полутврда до тврда конзистенција, наречена граница на собирање ($W_s$).

Во ова поглавје е даен опис и структура на поврзаната и неповрзаната почва, како и начин на определување на оптимална содржина на вода во почвата со помош на Прокторовиот опит. Овој опит ја определува оптималната влажност, т.е. влажноста при која кога почвата се збива дава максимална сува волуменска тежина за дадена енергија на збивање.

Во петтото поглавје се објаснети поимите притисок, напон и отпор. Во основа станува збор за слични поими, меѓутоа во механиката на карпи се прави разлика во нивното користење. Напон е притисокот со кој е оптоварено некое тело. Бидејќи станува збор за притисок и тој ќе се изразува во истите единици како и напонот. Под поимот отпор се подразбира реакција на напонот. Детално е опишан и принципот на општа триаксијална ќелија, преку кој се испитува влијанието на притисокот на порната вода, на односот помеѓу напоните, деформацијата и отпорот на смолкнување во врзаните почви. Во ова поглавје се објаснуваат и феномените на смолкнување и лом и критична деформација и лом, преку критериумите на Колумб и Мор.

Во шестото поглавје се презентирани основите на стабилноста на теренот. Постојат голем број локални геолошки процеси, кои често се нарекуваат локални нарушувања на теренот. Најчести и најзначајни, од инженерски аспект, се свлечиштата, одроните и сипариштата. Најголемо внимание е посветено на процесот на свлекување и свлечиштата како појава која настанува со овој процес. Дадени се елементите на свлечиштата согласно со Комисијата на Меѓународното друштво за инженерска геологија, градбата на свлечиштата и нивна класификација, како и основните причини за појава на истите. Дадени се и методите за проценка на состојбата на стабилност на теренот, а како најважни се издвоени емпириските или искуствени методи, примена на инженерско-геолошка аналогија, аналитичко-нумерички методи.

Санација на свлечиштата е обработена во седмото поглавје. Според времето на изведувањето на мерките, постојат два основни вида на санација: превентивни и акутни мерки за санација. Превентивните мерки се применуваат како претходни, за да се спречи појавата на свлекување на лабилните делови на теренот. Акутните санациони мерки се применуваат кога процесот на свлекување станал активен и кога објектите се веќе загрозени. По надминување на првичната опасност се преминува кон примена на трајни мерки на санација, кои се прават исклучиво врз основа на детални истражувања и проекти за санација на теренот. Примарните санациски мерки можат да се состојат од  затворање на појавените пукнатини со глина, зарамнување на површината на теренот, спречување на влажнењето на теренот од површински и подземни води со изработка на соодветни водозафати, канали и дренажи.

Во последното поглавје се дефинирани инженерско- геолошките процеси и појави кои се резултат на промени на геолошките услови или својствата на карпестите маси, поради изградба на објекти или изведувањето на инженерски работи.

При истражувањето, проектирањето, изведбата и еколоатацијата на инженерските објекти посебно внимание треба да се посвети на следните инженерско- геолошки процеси: деформации на темелната основа на објектите; слегнување на површината на теренот; тонење и проломи на карпестите маси над подземните отвори; деформации  на ископи за темелни јами и други ископи; подземни притисоци и удари; деформации на ископот кај подземните работи.

**ЗАКЛУЧОК**

Материјата обработена во ракописот за скрипта „Геомеханика“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Геомеханика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на презентирање на материјата, сметаме дека се исполнети сите стандарди за скрипта и дека ќе им биде од голема корист на студентите на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да ја прифати позитивната рецензија за ракописот за скрипта „Геомеханика” од доц. д-р Ѓорги Димов и проф. д-р Војо Мирчовски и истиот да биде издаден како скрипта во електронска форма.

Рецензенти

Д-р Гоше Петров, редовен професор, с.р.

Д-р Ристо Поповски, вонреден професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА НАУКА ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ И ТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО” ОД ПРОФ. Д-Р АЦО ЈАНЕВСКИ И ПРОФ. Д-Р ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-106/11 од 7.10.2019 г. на редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 7.10.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Димко Димески, редовен професор на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Светлана Ристеска, вонреден професор на Институт за современи композити и роботика во Прилеп и надворешен наставник на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ОСНОВИ НА НАУКА ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ И ТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО” од авторите проф. д-р Ацо Јаневски и проф. д-р Винета Сребренкоска, наменет за студентите на прв циклус студии наТехнолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Е-учебникот „**Основи на наука за материјалуте и технолошко инженерство“** е наменет за студентите на прв циклус на Технолошко-техничкиот факултет за предметите: *Основи на технолошко инженерство*, со фонд на часови 2+2+1 на студиските програми Технологија на текстил и облека, Дизајн на текстил и облека и Технологија на материјали и *Основи на наука за материјали 1 и 2*, со фонд на часови 2+2+1 на студиската програма Технологија на материјали.

**Податоци за обемот на ракописот:** Е-учебникот се состои од петнаесет целини: 1. Вовед; 2. Наука за материјалите; 3. Класификација на материјалите; 4. Структура на атомот и врски меѓу атомите; 5. Кристална структура на цврстите материјали; 6. Несовршености (дефекти) во материјалите ; 7. Дифузија; 8. Фазни дијаграми; 9. Керамички материјали; 10. Полимерни материјали; 11. Термички својства; 12. Електрични својства; 13. Магнетни својства; 14. Оптички својства; 15. Прилози.

Ракописот се состои од 284 страници, поделени на 80 тематски целини со 50 слики и 20 табели.

Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по

предметите Основи на наука за материјалите и Основи на технолошко инженерство на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Материјата која се обработува во е-учебникот е мултидисциплинарна и опфаќа поглавја кои ја даваат поделбата на материјалите, структурата на атомот, структурите на материјалите и поврзаноста со некои од својствата како што се дифузионите, термичките, електричните, магнетните и оптичките својства.

Исто така, во е-учебникот се обработени металите, особено легурите и е дадено посебно поглавје за дифузија и фазни дијаграми каде што се обработени основните поими поврзани со фазите, толкување и користење на фазните дијаграми.

Авторите ја обработуваат материјата со користење на позната литература и научноистражувачките трудови од наведените области. Решените задачи и одговорите на дадените проблеми го дополнуваат е-учебникот и ќе овозможат олесното разбирање и прифаќање на проблематиката која се обработува во рамките на посочените предмети.

Првата глава од овој учебник е посветена на воведни информации за материјалите, основни дефиниции, услови кои треба да ги исполнуваат за да нивна употреба, воведни информации за градба и позначајни својства. Во втората глава следат основни дефиниции и поими за материјали, структурата и својства, како и за технологиите. Во третата глава е дадена структурата на атомот и атомските врски, а во наредната глава е направено детално објаснување за структурата на материјалите, кристална и аморфна структура. Потоа во шестата глава се дадени дефектите на материјалите со кристална и аморфна структура. Седмата и осмата глава ги обработуваат темите за дифузија и фазните дијаграми, а потоа во следните глави се објаснети сите горенаведени својства и структури за керамички материјали, полимерни материјали и метални материјали. Од глава 11 до глава 15 се дадени некои од својствата на материјалите со кои истите се карактеризираат. На крај на учебникот има прилози и разработени задачи и прашања поврзани со горенаведените теми.

## ЗАКЛУЧОК

Е-учебникот е напишан на јасен и разбирлив јазик со технички прецизни дефиниции и јасни дефиниции и податоци за сите типови на инженерски материјали.

Сите ознаки и единици во текстот и задачите се во склад со меѓународниот систем на мерни единици.

Според нашите сознанија ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметите *Основи на технолошко инженерство* и *Основи на наука за материјалите* на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип не е објавен.

Квалитетот на е-учебникот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите од прв циклус.

Заради тоа е-учебникот го категоризираме како **рецензиран е-учебник.**

**Рецензенти**

Д-р Димко Димески, редовен професор, с.р.

Д-р Светлана Ристеска, вонреден професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ | | |
|---|---|---|
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Децата и медиумите |
| | ***Одлука бр.*** | 1602-148/29 од 23.8.2018 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Кирил Барбареев |
| | ***Кандидат*** | Николина Атанасова |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Примена на текстилот во ентериер |
| | ***Одлука бр.*** | 2302-90/5 од 25.6.2018 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Катерина Деспот |
| | ***Кандидат*** | Анкица Манасиева |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | | |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Организација на производството и набавките „ТАБ МАК” |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-247/20 од 4.12.2018 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Борис Крстев |
| | ***Кандидат*** | Сашо Додевски |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на докторски дисертации одобрени од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

| **Докторски студии – Кампус 2** | |
|---|---|
| ***Наслов на тема*** | Теоретски и експериментални истражувања на точноста на роботите применети во производството на производи од композитни материјали<br>Theoretical and Experimental Investigation of Accuracy of Robots Applied in Production of Composite Material Products |
| ***Одлука бр.*** | 0206-761/2 од 4.11.2019 г. |
| ***Ментор*** | Интерен ментор: проф. д-р Владимир Дуковски<br>Екстерен ментор: д-р Зоран Ивановски |
| ***Кандидат*** | Самоил Самак |
| **Докторски студии – Кампус 2** | |
| ***Наслов на тема*** | Одредување на некои биохемиско-физиолошки параметри кај луцерка (Medicago sativa L.)<br><br>Determination of some biochemical – physiological parameters in alfalta (Medicago sativa L.) |
| ***Одлука бр.*** | 0206-761/5 од 4.11.2019 г. |
| ***Ментор*** | Интерен ментор: проф. д-р Лилјана Колева Гудева<br>Екстерен ментор: проф. д-р Ленка Цветановска |
| ***Кандидат*** | Валентина Бутлеска Ѓороска |

**ИСПРАВКА НА**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА СО ПРИНЦИПИ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА (30506) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

**1.** Се врши исправка на Рефератот за избор на асистент за научната област физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, објавен во Универзитетски билтен број **240** од **15.10.2019 г**., така што во целиот текст на Рефератот **наместо** за избор на асистент во сите звања за наставно-научната област физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **треба да стои** за избор на асистент за научната област физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**2.** Во делот **Заклучок и предлог** се брише зборот **поле**, при што Заклучокот треба да гласи:

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, стручност, компетентност, учество на стручни состаноци, курсеви и семинари, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Тамара Аџиска ги исполнува условите за избор во соработничко звање асистент за научната област физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, кандидатката м-р Тамара Аџиска да биде избрана во соработничко звање асистент за научната област физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Ленче Николовска, доцент, претседател, с.р.

Д-р Тоше Крстев, доцент, член, с.р.

Д-р Јасмин Циривири, доцент, член, с.р.